УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА ПЛАТФОРМА ВО ТЕКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

-ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА-

МЕНТОР
Д-Р МЕТОДИЈА МАНОЈЛОВСКИ

КАНДИДАТ
М-Р АЛЕКСАНДАР ЛИТОВСКИ

СКОПЈЕ 2006

**Предговор**

Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ од 1941 до 1944 година претставува еден од најважните настани во долготрајниот процес за афирмација на македонската нација и за создавање на македонската држава. Втората светска војна, како настан кој од корен ја променил дотогашната светска геостратегиска конструкција, пред македонскиот народ и силите на македонското националноослободително движење, од една страна, продуцирала нови проблеми во контекстот на борбата за остварување на националните стремежи, а од друга страна, преку осојузувањето на македонските националноослободителни сили, по пат на вооружена антифашистичка борба, со земјите од големата антифашистичка коалиција, отворала перспективи за евентуално целосно решавање на македонското национално прашање.

Македонската националноослободителна платформа, и претходно, а и во време на Националноослободителната и антифашистичка војна, требало да претставува програма за решавање на македонското национално прашање, односно програма за решавање на основните национални проблеми со кои бил соочен македонскиот народ. Таа требало да претставува програма за оживотворување на културните, политичките, стопанските и други интереси на македонскиот народ во определената историска рамка. Згора на тоа, потребно било пронаоѓање и примена на соодветни средства и методи за реализација на зацртаните цели во македонската националноослободителна платформа.

Со оглед на поделеноста на Македонија, и пред и за време на Втората светска војна, во поедините делови на Македонија постоеле различни услови за водење на националноослободителна борба. Тоа, во текот на Втората светска војна, продуцирало различен степен на нивна организираност и различно учество во антифашистичката војна. Во контекст на таквите реални историски околности, Вардарскиот дел на Македонија ја имал водечката и решавачка улога во конципирањето на македонската националноослободителна платформа.

Во секој случај, потребно било македонската националноослободителна платформа во текот на Втората светска војна да биде втемелена врз антифашизмот

како глобална „идеологија", недвосмислено да ги манифестира одделната национална свест и стремежот на македонскиот народ за сопствена национална држава. Врз таа основа, потребно било да се изгради национално единство, да се спречи активноста на антимакедонските елементи и да се организира вооружена антифашистичка борба. Потребно било да се определи кој е начинот и рамката за целосно решавање на македонското национално прашање, пред сè, од аспект на усогласеност со интересите на балканските и меѓународните релевантни фактори за тоа да претставува реална можност.

Затоа, непрестано мора да се имаат предвид условите во кои се создавала платформата и во кои дејствувало македонското националноослободително движење во текот на Втората светска војна. Пред сè, да се има предвид дека меѓународните и балканските политички чинители следејќи ги своите интереси, кои пак, меѓусебно најчесто биле целосно спротиставени, имале различни проекции за иднината на Македонија и преземале различни воени и политички чекори за реализирање на своите планови. Во овој контекст, особено значајни се ставовите на балканските комунистички партии (КП), заради дејствувањето на македонските националноослободителни сили во нивни рамки.

Генерално погледнато, амбиентот за формулирање на македонската националноослободителна платформа бил неповолен. Ставовите на раководните структури на комунистичката организација во Вардарскиот дел на Македонија од пред окупацијата, иако укажувале на некои важни моменти од националниот развој, сепак, биле далеку од комплетна платформа во која ќе бидат регистрирани сите основни проблеми пред кои бил исправен македонскиот народ и патиштата за нивно решавање. Тоа значи дека претходните чекори за дефинирање на платформа биле корисни, меѓутоа, во новосоздадените услови требало да се дополнуваат и прилагодуваат.

Непостоењето на македонска националноослободителна платформа во првиот период на НОАВМ, не значело и непостоење на ставови кон определени клучни проблеми од борбата и развојот на македонскиот народ. Напротив, такви ставови во разни документи биле константно изнесувани од раководните структури во македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на

Македонија. Затоа, при обработката на темата, во деловите кои се однесуваат на првите две години на НОАВМ, се регистрираат и анализираат одделни ставови и определби, а не концизно формулирана националноослободителна платформа. Покрај тоа, се прави обид да се регистрираат конкретни обиди за реализација на зацртаните цели во платформата, со што настојуваме да ја покажеме нејзината реална втемеленост во конкретните историски услови, односно да го покажеме степенот на нејзиното оживотворување. Сето тоа, до максимум ја компилцира обработката на материјата и јасното изложување на проблемите и решенијата, бидејќи многукратно го сегментира проблемот кој треба да се обработува. Затоа, една сеопфатна анализа на тема која во себе содржи мноштво на одделни проблеми, ја наметнува потребата методолошкиот пристап на истражувањето и изложувањето да биде во неколку тематско-хронолошки круга. Тоа пак, условува, во определени моменти некои историски настани да се разгледуваат и анализираат во функција на различните тематско-хронолошки целини, што предизвикува иста документација неколкукратно да се разгледува и анализира во рамките на целата тема.

Најпрво, во воведниот дел се дава еден општ преглед на обидите да се формулираат основните националноослободителни цели на македонската борба во периодот до крајот на Првата светска војна. Тогашните концепции за начините на ослободување на македонскиот народ, несомнено ја претставуваат основата за сите понатамошни обиди за формулирање на ослободителна платформа.

Во директна меѓусебна врска со овие концепции, се наоѓа развојот на македонската политичка мисла и практика во периодот меѓу двете светски војни, што е предмет на анализа во почетниот тематско-хронолошки круг од нашата елаборација. Во него е проследена идејната и националноослободителната мисла на македонските политички чинители во однос на основните национални проблеми. Во тој контекст, со оглед на нејзината теоретска издржаност и влијание врз натамошните определби на македонското националноослободително движење, особено анализирана и акцентирана е национално-политичката мисла на Васил Ивановски–Бистришки. Во овој дел, заради нивното големо и важно влијание врз ставовите на македонското националноослободително движење, направен е преглед

и на ставовите во однос на македонското национално прашање на комунистичките движења на земјите во кои влегувале делови од Македонија.

Вториот тематско-хронолошки круг се однесува на општата положба на Македонија и македонското национално прашање во текот на Втората светска војна и всушност, ги дава условите во кои се формулирала македонската националноослободителна платформа, односно укажува на главните фактори кои ги детерминирале определбите во неа. Во неговиот прв дел се дава преглед на окупацијата и новата територијална поделба на Македонија, се укажува на односот на окупаторите кон населението и во кратки црти се илустрира антимакедонската политика на соработниците на окупаторите. Во вториот дел се дава преглед на развојот на антифашистичката вооружена борба во балканските земји во кои влегувале поедините делови на Македонија и во тие рамки се дава и краток преглед на развојот на вооружената борба на македонскиот народ. На крајот, се разгледуваат ставовите и практиката на балканските КП кон македонската ослободителна борба и националното прашање во текот на Втората светска војна. Сметаме дека, без целиот овој преглед, многу ставови кои раководството на македонското националноослободително движење ги заземало во текот на војната би биле целосно неразбирливи.

Натаму следува тематско-хронолошка анализа на основните национални и идејни позиции на македонското националноослободително движење од почетокот на окупацијата до Првото заседание на АСНОМ. Тука, најпрво, се разгледува присуството на македонската национална свест во документите и практичното дејствување на македонското националноослободително движење. Потоа, следува делот во кој се разгледуваат основните идејно-политичките позиции на македонското националноослободително движење и чекорите во насока на ширење на политичката основа на НОАВМ. На крајот, разгледана е националната и идејно-политичката диференцијација, која македонското националноослободително движење ја вршело во текот на целата НОАВМ. Всушност, се укажува на фактот дека таа диференцијација се темелела врз основа на позициите кои се анализирани во првите два дела од овој тематско-хронолошки круг и на фактот дека таа диференцијација претставува константа во дејствувањето на македонското

националноослободително движење. Сите овие активности биле во функција на остварување на македонските национални интереси, а како определби претставувале дел од македонската националноослободителна платформа.

Наредниот тематско-хронолошки круг ги опфаќа определбите и практиката во врска со прашањата за создавање на македонска држава и обединувањето на македонскиот народ од почетокот на окупацијата до Првото заседание на АСНОМ, кога голем дел од зацртаната македонска националноослободителна платформа била реализирана. Во првиот дел од овој тематски круг се опфатени определбите за решавање на македонското национално прашање во рамките на двете основни опции: „балканското" и „југословенското" решение. Анализирано е дефинитивното оформување на македонската националноослободителна платформа на Преспанскиот состанок на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија и нејзиното јавно прокламирање преку Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Во посебен дел се разгледани се чекорите за зацврстување на „југословенското решение" во рамките на македонското националноослободително движење и воопшто кај македонскиот народ.

Последниот тематско-хронолошки круг се однесува на реализацијата или обидите за реализација на определбите декларирани во македонската националноослободителна платформа и низ другите документи од македонското националноослободително движење. Во првиот дел се прави анализа на македонските национални позиции на националноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија во текот на 1944 г. Тоа е особено значајно како основа на евентуалните обиди за обединување на Македонија. Натаму се разгледани определбите и практичните чекори во Егејскиот дел на Македонија од страна на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија пред Првото заседание на АСНОМ во правец на создавање на услови за евентуално обединување. Потоа следува дел во кој се анализираат решенијата на АСНОМ од аспект на реализација на македонската националноослободителна платформа. Во последниот дел се разгледуваат ставовите и практиката на раководството на веќе конституираната македонска национална држава во однос на обединувањето и правата на Македонците во окупираните делови на Македонија,

бидејќи тоа претставува обид да се дозаокружи реализацијата на македонската националноослободителна платформа.

Согласно на ваквата поставеност на темата, не се обработуваат ставовите и дејствувањето на политичките сили од Македонија кои стојат на големобугарски и големоалбански идејно-национални позиции. Исто така, не се елаборирани ниту ставовите и односот на големите сили кон Македонија и македонската националноослободителна борба. И во двата случаи, обработката претставува одделна истражувачка целина, а поедините кратки навраќања во нашата елаборација се во функција на објаснување и допрецизирање на ставови од македонското националноослободително движење. Од друга страна, обработени се ставовите и практиката кон Македонија и македонското национално прашање на ослободителните движења и комунистичките партии од балканските земји. Но, тие се димензионирани во функција на разјаснување на поодделни ставови и определби на силите на македонското националноослободително движење.

Темата „Македонската националноослободителна платформа во текот на Втората светска војна", насочена кон ставовите и практиката на македонското националноослободително движење во однос на клучните проблеми на македонскиот национален развој и кон чекорите кои биле потребни да се преземат и се преземале за обезбедување на национална афирмација и слобода, го насочува истражувањето, пред сè, во насока на анализа на изворната објавена и необјавена документација која произлегува од македонското националноослободително движење во текот на антифашистичката војна. Во овој контекст, разните фондови од Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ присутни во Државниот архив на Република Македонија и Документационото одделение на Институтот за национална историја претставуваат основа врз која ја обработуваме вака формулираната тема. Секако, искористен е и најголемиот дел од објавената изворна документација од овој период.

Македонската историографија досега поопстојно не се занимавала со изградбата и содржината на македонската националноослободителна платформа. Меѓутоа, дел од прашањата кои се вклучени во темата, досега повеќепати и многустрано се елаборирани. Како целина, кон основните македонски национални

проблеми и определби на македонското националноослободително движење, во една кратка и општа форма, во неколку свои дела и прилози се осврнува Иван Катарџиев.[1] Во сите нив, во најопшти црти се опфатени условите во кои дејствува македонското националноослободително движење за време на окупацијата, организационата состојба во кое тоа се наоѓа, како и глобален преглед на програмско-политичките ставови во однос на некои од клучните прашања за развојот на НОАВМ. Регистрирани се и основните ставови и однос кон македонското национално прашање од балканските комунистички партии како најрелевантни вонмакедонски фактори за ставовите на македонското националноослободително движење. Во сите прилози на Иван Катарџиев централно место има проблемот на обединувањето на Македонија во текот на НОАВМ, додека останатите сегменти се повеќе „панорамски" третирани, а некои воопшто и не се забележани. Во врска со обединувањето и со прашањето за државно-правниот статус на Македонија, се укажува и на постоењето на различните можности преку „балканското" и „југословенското" решение, и сосема точно е лоциран клучниот проблем за македонското националноослободително движење и од него изградуваната платформа: „Како и со кого да се изврши ослободувањето и обединувањето на Македонија?" Тезите кои Иван Катарџиев ги развива во сите овие прилози околу суштинските определби на македонското националноослободително движење во текот на војната, глобално погледнато, иако некомплетни, сепак, се објективни и релевантни за нашата тема.

Најсеопфатната анализа на програмските определби на македонското националноослободително движење во врска со прашањето за обединувањето во македонската историографија е направена преку книгата на Миле Михајлов „Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна".[2] Во неа, меѓу другото, проследен е развојот на определбите околу обединувањето и пред

---

[1] Иван Катарџиев, Македонија сто години по Илинденското востание, Скопје, 2003, 432; Истиот, Соседите и Македонија, Скопје, 1998, 216.; Истиот, Шансите на македонскиот народ во текот на Втората светска војна да ги реализира своите историски идеали, Зборник: Благој Јанков–Мучето, живот и дело (1910-1944), Скопје, 1997, 65-73.; Истиот, Обединувањето на Македонија како програмско-политичка и акциона цел на национално-револуционерното движење на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ Педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 53-69.

[2] Миле Михајлов, Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна, Скопје, 2000, 259.

Втората светска војна, преку што се добива една комплетна слика околу тој проблем. За тоа придонесува и фактот дека со употреба на сета потребна научна методологија, анализирани се и факторите кои влијаеле врз заземањето на ставови во однос на обединувањето, односно презентирани се ставовите и односот кон тој проблем од сите релевантни политички сили во Македонија, Балканот и светот.

Две кратки, но исклучително добро фактографски издржани анализи на програмските определби на македонското националноослободително движење, пред сè, околу прашањето за обединувањето на Македонија извршил Евгени Димитров. Анализирано е и присуството во рамките на македонското националноослободително движење на „балканската" и „југословенската" опција во врска со државноста и обединувањето, и прецизно е укажано на периодите на доминација на едната и другата опција.[3] Прашањето за обединување, како дел од македонската националноослободителна платформа, е предмет на најнепосреден интерес и на еден научен прилог на Александар Христов.[4] Во него е сосема концизно укажано на третманот на обединувањето во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и неколку други наредни програмски документи од македонското националноослободително движење во 1944 г. Она што заслужува внимание во овој прилог е укажувањето на доследноста во третманот на прашањето за обединување на Македонија во Манифестот и документите на Првото заседание на АСНОМ.

Дел од прашањата сврзани со суштинските перспективи на македонскиот народ во време на НОАВМ, се предмет на елаборација во делото на Михајло Миноски „Авнојска Југославија и македонското национално прашање 1943-1946".[5] Иако е насочена, пред сè, кон прашањето на односот на раководството на југословенското ослободително движење кон прашањата за државноста и обединувањето на Македонија, книгата на моменти ги анализира ставовите и практиката околу тие прашања и на македонското раководство.

---

[3] Евгени Димитров, АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 179-198.; Истиот, Државно-правната определба на македонскиот народ и Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1986, 205-218.

[4] Александар Христов, Политичката платформа на македонската револуција за обединување на Македонија, Прилози на МАНУ XIII/1-2, Скопје, 1982, 129-136.

[5] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање 1943-1946, Скопје, 2000, 398.

Сметаме дека особено релевантна анализа на основните определби на македонското националноослободително движење во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ направил Славко Милосавлевски.[6] Таа анализа, иако огранична на документот кој ја претставува основната македонска националноослободителна платформа, анализата ги лоцира клучните елементи на политиката и дејствувањето во текот на целата НОАВМ. Тоа особено се однесува на укажувањето на македонската национална свест и определбата за рамноправност во меѓунационалните односи како основни поставки на дејствувањето и платформата на македонското националноослободително движење. Во овој контекст, свое место наоѓа и прилогот на Славка Фиданова насловен како „Националниот момент–фактор за покренување на масите во Македонија во текот на НОБ 1941-1945", во кој, заедно со социјално-класниот карактер на ослободителната борба, основно место му се дава на македонскиот национален идентитет.[7]

На крајот, би укажале на освртот врз основните определби и изградувањето на македонската националноослободителна платформа од страна на Цветко Узуновски.[8] Иако директен учесник во она што е предмет на неговата анализа, иако со голема доза на идеолошки предубедувања, сепак, авторот, во прилогот успева со релативно голема објективност и самокритичност да ги објасни некои моменти од настаните и процесите.

Особено корисни за изработка на темата беа многубројните зборници во кои се поместени научните прилози на македонската историографија од разни симпозиуми по одредени теми. Секако, користена беше и скоро целата монографска литература за НОАВМ продуцирана во македонската историографија. Покрај посочените автори, особено би го истакнале и научниот опус на Михајло Апостолски, Велимир Брезоски, Владо Ивановски, Новица Вељановски, Тодор Чепреганов, Васил Јотевски, Ристо Кирјазовски, Ташко Мамуровски, Ѓорѓи

---

[6] Славко Милосавлевски, Македонската национална свест–Манифестот на ГШМ 1943–„Приговорот" кон Манифестот, Зборник: Кузман Јосифовски–Питу, време-живот-дело, (1915-1944), Скопје-Прилеп, 1995, 131-146.

[7] Славка Фиданова, Националниот момент–фактор за покренување на масите во Македонија во текот на НОБ 1941-1945, Историја VIII/2, Скопје, 1972, 11-35.

[8] Цветко Узуновски, Белешки за националната и социјално-ослободителната борба на македонскиот народ, Историја XII/1 и 2, Скопје, 1977, 19-58.

Малковски, Тодор Симовски, Миле Тодоровски, Христо Андоновски, Вера Весковиќ–Вангели, Данчо Зографски, Орде Ивановски, Владо Картов и други.

Дел од проблемите кои се третирани во нашиот труд, во форма на интерес за „бугарскиот народ во Македонија", се предмет на обработка и на бугарската историографија. Бугарските автори, без исклучок, го негираат македонскиот национален развој и настаните и процесите ги толкуваат низ призмата на бугарската национална кауза во Македонија. Неповолните факти и тенденции за нив, или едноставно ги игнорираат или ги толкуваат преку етикетирања за „просрпство" или „пројугословенство". За нив скоро целокупната македонска историографија е карактеризирана како „идеологизирана, политизирана, полтронска и целосно необјективна". Дури и објавената документација во Македонија, за нив е „еднострана" и „резултат на политичка порачка" заради што сметаат дека од неа „не може да се открие историската вистина".[9] Заради таквиот тенденциозен начин на обработка на минатото, историографските дела од бугарски автори во нашиот труд се употребуваат крајно внимателно и ограничено.

Најнакрај, да укажеме дека нашиот труд нема претензии целосно да го затвори за истражување прашањето за македонската национаослободителна платформа во текот на Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ. Тоа е повеќе првичен обид комплетно да се набележат елементите кои ја сочинувале македонската националноослободителна платформа и да се укаже на нивната значајност за развојот и афирмацијата на македонската нација. Секако, во натамошните историографски истражувања и анализи сигурно ќе се дојде до нови научни сознанија и до нови толкувања на набележаните прашања и проблеми.

[9] Би ги посочиле само делата: Милчо Лалков, От надежда към разочарвание; Идеята за федерацията в Балканския югоизток (1944-1948), София, 1994, 304.; Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919-1945, София, 1985, 361.; Веселин Ангелов, Македонската кървава коледа; Създаване и утвърждаване на Вардарска Македония като република в югославската федерация (1943-1946), София, 2003, 346.

**Вовед**

Конституирањето и развојот на македонската нација претставувал природен и долготраен процес. Во нејзината етногенеза доминантно место зазема македонскиот народ, а се инкорпорирани и повеќе други етнокултурни елементи. Централната местоположба на југоистокот на Европа, Македонија ја направиле простор на кој се судираат политичките, економските и воените интереси на големите сили и останатите балкански земји.

Специфичниот геополитички простор на Македонија и специфичниот историски развој на македонската нација, го оформиле македонското национално прашање како збир од отворени прашања и барања за национална, политичка, територијална (државноправна), економска и културна самостојност на македонскиот народ. Тоа пак придонело, оформувањето на една македонска националноослободителна платформа втемелена врз најдлабоките стремежи на македонскиот народ, да претставува исклучително сложена и долготрајна задача.

За време на долготрајното турско владеење на Балканот, врз основа на македонскиот народ, се зародува и започнува процес на формирање на македонската нација, односно на македонско национално сознание. Тој македонски национален развиток е сосема природен процес, што во својот почеток речиси и не се разликува од таквите процеси кај останатите балкански народи.[10] Дури во втората половина на XIX век, како резултат на тогашната политика на големите светски сили кон Отоманската имеперија во чиј состав се наоѓала Македонија, започнале да се јавуваат компликации во природниот развој на македонската нација. Со нивното настојување да се одложи пропаѓањето на турската власт на Балканскиот Полуостров, всушност, биле испровоцирани аспирациите на Србија, Бугарија и Грција кон територијата на Македонија. Трите балкански држави својата експанзионистичка политика кон територијата на Македонија многу брзо ја оформиле како доктрина за целосно решавање на сопственото национално прашање, а територијата на Македонија ја претвориле во арена на судир на сопствените големодржавни интереси. Сите презеле агресивна политичка,

[10] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, Скопје, 1999, 119.

образовна, црковна, културна и на крајот и вооружена пропаганда која имала за цел македонската национална свест кај македонското население да биде заменета со нивна национална свест.

И во такви, крајно неповолни услови, македонскиот народ водел континуирани ослободителни борби. Паралелно со тие борби, се создавала автентична македонска културно-просветна историја, а тоа веќе значело почеток на конституирањето на македонска национална свест. Во овој период започнало и конкретното изградување на македонската ослободителна платформа.

Зачетоците на едно формулирање, барем на основните цели на македонската ослободителна борба, се наоѓаат во Правилата (Уставот) на Македонскиот востанички комитет на Македонското (Кресненско) востание од 1878 г.[11] Во тие Правила, ослободувањето на Македонија се гледало само како дело, пред сѐ, на самите Македонци, а потоа, на сите жители од Македонија без разлика на вера и народност. Како основна цел била набележана борбата за „ослободување на Македонија“ и создавање на „македонска држава како автономна, со политичка и културна автономија во Отоманската империја или надвор од неа, ако тоа го дозволат европските велики сили.“[12]

Чекор понатаму, во поглед на дефинирање на целите на борбата, направила Македонската лига во изготвениот „Устав за идното државно устројство на Македонија“ од 1880 г. Тука, прецизно биле набележани етнографските граници на Македонија и недвојбено била констатирана доминантната бројност на Македонците како одделен словенски народ. И тука, автономната македонска држава под врховен суверенитет на турскиот султан, била нотирана како основно политичко барање.[13] Територијалниот интегритет и барањето за конституирање на држава на македонскиот народ и малцинствата што живеат во Македонија забележани во овие два документи, претставуваат основни постулати во сите наредни обиди да се формулира македонска национоослободителна платформа.

---

[11] Индивидуални обиди за формулирање на македонска национално-културна програма имало и претходно од поедини македонски политички и културни дејци. Опширно за периодот до 1878 види: Б. Ристовски, Македонија и македонската нација, Скопје, 1995, 150-182.
[12] Билјана Поповска, Државно-правна историја на Македонија-извори, Скопје, 2005, 195-206.
[13] *Исто*, 214-215.

Наредниот период е исполнет и со други проекти и акции во кои се бележеле македонските ослободителни цели во духот на Гледстоновата максима „Македонија на Македонците".[14] Набрзо, освен „автономијата" во рамки на турската држава, како опција се појавила и изградувањето на Македонија како „самостојна федеративна република" или како државноправна единка во една поширока федерација на балканските народи.[15] Со сето тоа, македонската ослободителна платформа постепено се изградувала и збогатувала.

Во секој случај, од тој период на крајот на XIX и самиот почеток на XX век, национално-културната и револуционерно-политичката борба за решавање на македонското национално прашање, односно за реализација на македонските национални интереси, станале составен дел од конститутивниот процес на македонската нација. Меѓутоа, уште тогаш, во самиот зачеток на конституирањето на ослободителната платформа, под притисок на сè позасиленото дејствување на соседните пропаганди, постепено започнале да се јавуваат различни форми на деформација на македонската национална свест и да се создава длабока поделба на македонскиот народ врз духовна, црковна и „национална" основа. Македонското национално единство како свест за заеднички македонски интереси врз основа на заедничка етничка идентичност, било во голема мерка разбиено. Тоа соодветно, негативно се рефлектирало и врз дефинирањето на целите на македонската ослободителна борба. Имено, под притисокот на пропагандите во еден подолг временски период, револуционерно-политичкиот сегмент на македонското ослободително движење, започнал да доживува „мутации" во правец на национално обезличување, и во поглед на програмските определби, и во поглед на акционите чекори. Појавата и дејствувањето на Врховниот македонски комитет во Софија врз база на големобугарската идеја за Македонија и Македонците претставува

---

[14] Б. Ристовски, Македонија и. . ., 218-239.

[15] Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904-1908), Скопје, 1998, 253.; А. Христов, Создавање на македонската држава 1878-1978, Скопје, 1985, т. I, 393.; М. Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1919), Скопје, 1985, 371.; Данчо Зографски, Концепции, програми и проекти за државно конституирање на Македонија, Зб. АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, (натаму само: АСНОМ-педесет. . .) Скопје, 1995, 37-50.

најекспонираниот пример за таквите антимакедонски тенденции во македонското ослободително движење.[16]

Најзначајниот момент, кој ќе остави најдолготрајни последици во правците на конституирањето на македонската ослободителна платформа, претставува формулирањето на политичко-ослободителната програма на Македонската револуционерна организација во последната деценија на XIX век. Тука, како цел на борбата е поставено извојување на автономна македонска држава, со целосен интегритет на географско-етничката територија, а сето тоа преку независно македонско ослободително движење. Оттогаш, автономијата, односно идејата за извојување на македонска држава, долги години ќе биде доминантна опција во програмите и прокламациите на најголем дел од македонските револуционери. Меѓутоа, пропустот направен со дефинирањето само на политичко-државна програма, односно со изоставување на национална програма, иако бил само реален одраз на идејно-националната конфузија предизвикана со пропагандите од соседите, сепак, претставувал недостаток што ќе се провлекува долги години низ програмските документи на македонското революционерно движење со исклучително негативни последици по манифестирањето на македонскиот национален идентитет.[17] Тоа, во голема мерка се должи на фактот, дека ТМОРО ќе израсне во најзначајна организација на македонскиот народ во борбата против турско-османската власт. Организација под која ќе се одвива Илинденското востание и ќе се создаде Крушевската република, кои пак ќе бидат, преломниот момент во манифестирањето на стремежот на македонскиот народ за свое ослободување и државност. Оттаму, програмските определби на ТМОРО ќе имаат влијание врз сите натамошни идејни струи и револуционерни борби на македонскиот народ.

Во овој контекст, потребно е да се издвои како различна и затоа, нагласено, да се укаже на националната програма на Македонското научно-литературно другарство во Петроград. Програма во која јасно се прецизирани македонска

---

[16] Оттогаш па натаму, приврзаниците на големобугарската идеја во македонското ослободително движење ќе бидат именувани како „врховисти".
[17] Б. Ристовски, Македонија и. . ., 183-215.

национална свест и од неа произлезените национални интереси. Таквата програма, всушност, покажува дека културно-просветниот сегмент на македонското ослободително движење, и покрај сите негативни надворешни влијанија од страна на пропагандите, успеал да го сочува својот македонски национален идентитет. Тоа е од најголема важност за континуитетот во изградувањето на автентичната македонска националноослободителна платформа во наредниот период.

Негативните тенденции и услови за развојот на македонската нација, дополнително биле засилени со Балканските војни од 1912 и 1913 г., кога освен дотогашното пропагандно разбивање на националното единство на македонскиот народ, донеле и уривање на целоста на територијата на Македонија. Сето тоа било потврдено со Првата светска војна и од неа произлезената Версајска конференција, која во однос на Македонија расправала како за географски поим, како за „аморфна" територија врз која со разни „аргументи" претендираат соседните балкански држави.[18] Врз таква основа таа ја санкционирала поделбата на Македонија извршена со Балканските војни. Барањата до Конференцијата, за воспоставување на целоста на Македонија и конституирање на своја држава немале одглас, бидејќи ниту Франција, ниту Англија, немале интерес проблемот со Македонија да добие третман со кој би биле оштетени нивните сојузнички држави Грција и Србија.[19] Застапувањето на официјалната бугарска политика за идејата за автономија на Македонија само ја компромитирало и правело помалку реална за оживотворување.[20]

---

[18] Балканските војни завршиле со Мировниот договор од 10 август 1913 г. потпишан во Букурешт, Романија. Со него територијата на Македонија била поделена помеѓу Србија, Бугарија и Грција. Версајската мировна конференција го претставува правното завршување на Првата светска војна. Таа ја потврдила поделбата на Македонија извршена со мирот од Букурешт. Надежда Цветковска, Мировните договори од 1913 и 1919 година и Македонија, Зб. Македонија во дваесеттиот век, Скопје, 2003, 81-87

[19] Љубен Лапе, Придонесот на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбраната на македонскиот национален индивидуалитет, Историја VI/2, Скопје, 1970, 50-71.

[20] Од крајот на Првата светска војна, бугарската влада преку дипломатски канали, иако поразена страна, најпрво барала да се присоедини цела Македонија кон Бугарија. Пред потпишувањето на Нејскиот мировен договор, бугарската политика гледајќи дека нема ништо да добие по македонското прашање, се свртила кон идејата за „автономија на Македонија". Васил Василев, Правителството на БЗНС, ВМРО и Българо-югославските отношения, София, 1991, 16-18; Външната политика на правителството на БЗНС-ноември 1919–юни 1923, Александар Стамболийски–документално наследство, София, 1989, док. 1, 13-16.

Државите кои ја поделиле Македонија, иако секоја со различни методи, константно вршеле смислена, систематска и груба политика на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Настапил повеќегодишен период во кој сè што било македонска национална манифестација било прогонувано и жестоко казнувано. Под тој притисок, претходно започнатите процеси на прифаќање на бугарското, српското или грчкото национално чувство како своја национална самоидентификација кај дел од македонското население, ќе добие уште поголем интензитет. Сите тие трагични настани од историјата на македонскиот народ, во наредниот период негативно влијаеле врз развојот на македонската нација, врз развојот на македонското ослободително движење и врз изградувањето на македонската националноослободителна платформа.

# Глава прва: Македонското национално прашање меѓу двете светски војни

## 1. Македонската политичка и национална мисла меѓу двете светски војни

Со поделбата на територијата на Македонија со Балканските и Првата светска војна започнала нова фаза во развојот на македонската политичка мисла, во која, во македонското национално прашање како ново било внесено и прашањето за обединување на македонскиот народ и територијата на Македонија. Тоа било особено комплицирано за решавање, со оглед на силните позиции на државите кои ја поделиле Македонија. Сите тие, преку својот административен и воено-полициски апарат, вршеле директен притисок врз македонското ослободително движење, сè со цел да го спречат евентуалното самостојно дејствување, односно да го стават под своја контрола.[21] Всушност, настојувале македонското национално прашање да го трансформираат само во политичко прашање или во составен дел од нивното национално прашање.[22]

Под тој надворешен притисок, во македонската политичка мисла и акциони чекори во почетокот на дваесеттите години, централно место добиле прашањата поврзани со обединувањето на распокинатата територија и со методите средствата за постигнување на целите на ослободителната борба. Истовремено, прашањето за македонскиот национален идивидуалитет во атмосфера на скоро целосна општоприфатеност на бугарскиот национален карактер на мнозинството од

---

[21] Даринка Пачемска, Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета), Скопје, 1985, 7.

[22] Тоа било констатирано уште во периодот меѓу двете војни. Имено, во в. „Македонски вести" од 21 јули 1936 г. поместена е статија со наслов „Чие е македонското прашање?" на Коста Ламбрев, во кој пишувало дека „владите на балканските држави, кои по силата на една освојувачка политика и војни владеат делови од Македонија, не го признаваат постоењето на македонското прашање како одделно македонско национално прашање или чисто и просто го сметаат свое државно прашање." И. Катарџиев, Македонската национално-политичка мисла меѓу двете војни, Скопје, 1991, док. 110, 496-498. Во тие настојувања македонското национално прашање целосно национално да се обезличи и да се претвори во македонско прашање, најголем успех имала бугарската политика која со сите расположливи средства го презентирала како дел од бугарското национално прашање. Успехот во таквата политика, за неа бил особено значаен, не само заради територијални аспирации кон цела Македонија, туку и заради огромната македонска емиграција во Бугарија, која претставувала фактор во внатрешниот живот на Бугарија во секој поглед. Всушност, многубројното македонско население со посебна национална свест би претставувало огромна опасност за бугарските национални интереси и за самиот опстанок на бугарската држава како национална држава на бугарскиот народ.

македонското население, не нашло свое место во програмските документи на македонските политички сили. Борбата за македонска држава, често изразена преку синтагмата „борба за ослободување", претставувало прашање околу кое по Првата светска војна, најпрво се размислувало и се презеле активности на македонската политичка сцена. Недоразбирањата и разликите околу формата на државност, околу внатрешното уредување и околу методите за стигнување до македонска држава, предизвикувале жестоки политички судири, кои воделе кон натамошни делби во македонското ослободително движење.

Раководството на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО во кое влегувале противниците на идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија, без дилеми, стоело на позициите за самобитност и самостојност на македонското ослободително движење и негово целосно дистанцирање од бугарската државна политика. По прашањето за државноста стоело на позициите на одделна, обединета и автономна Македонија, до која требало да се стигне по пат на легално организирање и борба.[23]

Паралелно со Привременото претставништво, веднаш по завршувањето на Првата светска војна, дејствувале и приврзаниците на присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Тие биле организирани во две главни организации: Извршниот комитет (ИК) на Македонските добротворни братства во Бугарија како легална организација и во обновената ВМРО предводена од Тодор Александров и Александар Протогеров, како револуционерна нелегална организација. И двете организации уживале поддршка од бугарските ревизионистички кругови и ги ставиле своите активности во функција, македонското прашање да се „искористи за бугарските државни интереси".[24]

Во согласност со таквата нивна определба, ВМРО и ИК до Париската мировна конференција кон крајот на 1918 г. и почетокот на 1919 г. испратиле барања да ги претстават пред Конференцијата „аспирациите на македонското бугарско

---

[23] Димо Хаџидимов, Одбрани дела, Скопје, 1984, кн. втора, 243-249.; Љ. Лапе, Идејните основи на Привременото претставителство на бившата обединета Внатрешна Македонска Револуционерна Организација и неговата активност на Версајската мировна конференција во Париз 1919 година, Историја IX/2, Скопје, 1973, 53-96.

[24] И. Катарџиев, Борба до победа, кн. 2, Скопје, 1983, 156.

население“,[25] односно барањата за „неделивоста на Македонија“ и, „нејзино присоединување кон Бугарија“.[26]

По самораспаѓањето на Привременото претставништво, погледите за самостојност на македонското ослободително движење и за обединета и автономна Македонија ги застапувала Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО). Македонското прашање, МЕФО го сфаќал како „чисто македонско, како прашање за ослободување од туѓото владеење и создавање на една самостојна автономна држава со рамноправност на сите народности.“[27]

Набрзо, ВМРО и ИК извршиле идејни промени, со кои основите на својата политичка и револуционерна работа, барем декларативно, ги поставиле врз принципот: „извојување на слобода во форма на автономија или независност на Македонија во нејзините географски граници.“[28] Нешто подоцна, дури се сметало и на можноста за извојување на федеративна управа на Југославија со Македонија како рамноправен член во федерацијата.[29] Всушност, ова биле максималните цели во програмско-политичките определби на ВМРО. Минималната цел била спречување на денационализацијата и асимилацијата на „Бугарите во Македонија“, преку примена на меѓународните договори за заштита на малцинствата.[30]

Процесот на промени во идејниот развој на ВМРО продолжил летото-есента 1923 г. кога биле воспоставени контакти и разговори со претставници на Советскиот Сојуз и Коминтерната.[31] Најпрво, во декември 1923 г., од Тодор Александров бил изготвен еден „Проект за спогодба“ за соработка меѓу ВМРО и советската влада, и во него, меѓу другото, се велело дека „Внатрешната македонска револуционерна организација, која ги претставува Македонците што се борат за национално

---

[25] Сè за Македонија, документи,Тодор Александров 1919-1924, Скопје, 2005, док. 2, 33.
[26] Документи и материали за историята на българския народ, София, 1969, (понатаму: Документи и материјали. . .), док. 299, 408-410; В. Василев, н. д., 22.
[27] Н. Цветковска, Политичката активност на македонска емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје, 1990, 71-79.
[28] Исто, 101. Сè за Македонија, документи. . ., док. 7, 43.
[29] Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, 158-162.
[30] Д. Пачемска Петреска, Внатрешната македонска револуционерна организација 1918-1934, хронологија, Скопје, 2004, 31.
[31] Коминтерната (Комунистичка интернационала, КИ), ориентирајќи се кон изградување еден општ фронт на работничките и националноослободителните движења на Балканот, искажало заинтересираност за привлекување на ВМРО, како најмоќна вооружена револуционерна формација на Балканот. Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1953, 225-235.

самоопределување, политичка слобода, самоуправа и најголема можна социјална правда има за цел: Обединување на Македонија. . ., во една политичка единка која подоцна ќе биде рамноправен член на една југословенска федерација."[32] Формулацијата „Македонците што се борат за национално самоопределување. . .", претставува сосема нов елемент во програмско-политичките документи произлезени од ВМРО до 1924 г. и е своевиден никулец на сомнежот во „бугарската националност" на македонското население. Во документот тезата не е докрај развиена и останува недоречена, но, сепак, е новитет во национално-политичката определба на ВМРО.

Во завршните преговори во Виена, на крајот на април и почетокот на мај 1924 г., од страна на ЦК на ВМРО биле потпишани „Декларација",[33] „Протокол"[34] за обединување на македонското револуционерно ослободително движење и „Манифест до македонскиот народ, до организираното револуционерно население во Македонија и до македонските револуционери".[35] Како резултат на Виенските преговори и постигнатата спогодба, бил изготвен и документ под наслов „Декларација на Македонската парламентарна група".[36] Во сите документи, темелна определба била: обновување на целоста на Македонија, нејзино изградување како самостојна политичка единица на Балканот и вклучување во Балканска федерација. Во сите документи се барало обединување на силите на целото македонско население, односно се барало создавање на „единствен македонски револуционерен фронт".[37]

---

[32] Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Скопје, 1999, 1923-1925, т. I, дел 1, док. 24, 271.

[33] ВМРО (Обединета): документи и материјали, Скопје, 1991, (натаму ВМРО (Об.) документи и. . .) кн. I, док. 1, 55-57.; Сè за Македонија, документи. . ., док. 97, 302-305.

[34] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. I, док. 2, 57-59.; Сè за Македонија, документи. . ., док. 98, 306-326.

[35] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. I, док. 3, 59-66. Петар Чаулев и Димитар Влахов го публикувале Манифестот во првиот број на в. „Балканска федерација" од 15 јули 1924 г. Веднаш потоа бил публикуван и во органот на Илинденската организација–в. „Илинден".

[36] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. I, док. 4, 66-70. Овој документ напишан во духот на „новата ориентација" на ВМРО. Македонската парламентарна група требало да го прокламира пред јавноста и бугарското народно собрание.

[37] Темелните принципи на потпишаните документи биле разработени уште во Декларацијата на Д. Влахов и П. Чаулев од 9 април 1924 г. Архивите говорят, БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), София, 1998, (натаму само: БКП, Коминтернът и. . .,) т. първи, док. 69, 202-204.

Манифестот, попознат како Мајски манифест, претставува важен момент во развојот на македонската национална платформа. Минималната амбиција на потпишаните документи во Виена била да се постигне обединување на сите сили на македонското ослободително движење врз база на општоприфатената цел: ослободување и обединување на Македонија и нејзино конституирање во самостојна политичка единица на Балканот.[38]

Во сите документи од април-мај 1924 г. потпишани во Виена, на македонското прашање се гледало како на политичко прашање, а не како на одделно национално прашање. Иако се правело разлика меѓу македонски и бугарски народ, населението на Македонија било третирано како мешавина од повеќе народи, без јасна и одделна национална свест. Сепак, Мајскиот манифест бил еден од ретките документи во дваесеттите години, во кој трите балкански држави се третираат на потполно ист начин од аспект на Македонија.[39] Сфаќањата од Мајскиот манифест, во еден долг период ќе вршат силно влијание врз определбите на голем дел од македонските политички сили при нивните обиди да се изготви ослободителна платформа.

Откажувањето на Тодор Александров и Александар Протогеров од потпишаните документи под притисок на бугарските ревизионистички кругови и под притисок на противниците во самата ВМРО на новата ориентација набележана во тие документи, ја отвориле серијата на меѓумакедонски убиства и дефинитивниот идеен и идеолошки расцеп во македонското ослободително движење.[40]

Во наредниот период ВМРО се вратила на позициите за „ослободување и независност на цела Македонија", а на својот VII конгрес[41] декларирала дека борбата која ја води е за „извојување на автономија на Македонија како единствен услов за мирен развиток на балканските народи и за нивно поврзување во поширока државна заедница. . .", со што, всушност, се барало одделна држава во рамките на Балканска федерација.[42] Постепено, можноста за вклучување на обединета Македонија во

---

[38] И. Катарџиев, Борба. . ., кн. 2, 294.
[39] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. I, док. 3, 62.
[40] Д. Пачемска, ВМРО (об.), 51-66.
[41] Тоа бил Конгрес на приврзаниците на Ванчо Михајлов и бил одржан од 21 до 25 јули 1928 г. набрзо по убиството на Александар Протогеров, со кое ВМРО се поделила на две меѓусебно непомирливи организации именувани како „михајловистичка" и „протогеровистичка" ВМРО.
[42] Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, 178.

југословенска, јужнословенска или балканска федерација била потполно отфрлена од михајловистичката ВМРО. Согласно на тоа, VIII конгрес на ВМРО од април 1932 г., како цел ја истакнал единствено борбата за „автономија или самостојност на Македонија“.[43] Во официјалните документи на ВМРО на Иван Михајлов, никогаш не се оставало простор за сомневања во „бугарскиот карактер на Македонија и за заедничкото национално потекло на народот во Македонија со народот во Бугарија. Создавањето на ‚автономна‘ или ‚независна‘ Македонија било барано од бугарски политички и државни цели, а не заради посебните национални потреби на македонскиот народ.“[44]

Врз таквите идејни основи на ВМРО предводена од Михајлов, била до крајност нагласена идејата за одделна македонска држава. Тоа се манифестирало со „отфрлање“ на суверенитетот на Бугарија врз Пиринскиот дел на Македонија и негово претворање во еден вид полудржавна формација во која единствено важат „законите“ на Организацијата.[45] Се настојувало на сета активност на ВМРО, било да е вооружена или пак просветна, културна, политичка, пропагандна, религиозна, економска, социјална, финансиска, да ѝ се даде македонско обележје.[46]

Интересен е развојот на идеен план на „протогеровистите“. Основното начело кое го прифаќале било дека македонското прашање не е бугарско државно прашање, туку на населението во Македонија. „Автономна Македонија“ останала идејна цел на нивната организација, а бугарскиот национален карактер на словенското население во Македонија не бил доведуван во прашање. Еволуцијата на идеен план се движела во правец на „автономна Македонија во рамките Балканска

[43] Исто, 179.

[44] Исто, 180. Ванчо Михајлов тврди дека кога станува збор „за бугарската националност, нема поверни и порешителни заштитници од македонските борци“. И. Михйлов, Спомени, IV, 895.

[45] З. Тодоровски, н. д., 184.

[46] Опширно: И. Катарџиев, Македонија спроти Втората светска војна, Скопје, 1999, 152-223.; З. Тодоровски, н. д., 185-194. „Македонскиот сепаратизам“ на „михајловистичката“ ВМРО предизвикувал отворено незадоволство кај најголемиот дел од бугарските политички чинители и кај бугарското општествено мислење. Тоа влијаело и врз распуштањето на „михајловистичката“ организација по воениот преврат на „Звенарите“ во Бугарија на 19 мај 1934 г. Стефан Груев, Корона от тръни, царуването на Борис III 1918-1943, София, 1991, 260.; Александар Гребенаров, Поверителни документи за мерките на деветнадесетомайците срещу ВМРО, Македонски преглед XXVII/2, София, 2004, 125-143. Иван Михајлов за терминот „сепаратизам“ вели дека бил намерно смислен од противниците на бугарската кауза во Македонија, со цел да се обработи „бугарското општество во србофилски дух“. И. Михайлов, Спомени, IV, 898.

федерација",[47] преку „Македонија како автономна федеративна единица во федеративна Југославија", за на крајот да стигне до решавање на македонското прашање во една „јужнословенска федерација" составена од Југославија и Бугарија.[48]

Од забраната за дејствување во Бугарија во 1934 г. до почетокот на Втората светска војна, најголем дел од привrзаниците на ВМРО во Бугарија, биле директно вклучени во бугарската државна „машинерија", со целосно застапување на голeмобугарските претензии кон Македонија,[49] а сето тоа како крајна последица довело до нејзина целосна дискредитација меѓу македонскиот народ.

Припадниците на македонското ослободително движење со федералистички и комунистички идејни погледи, останале доследни на новата идејно-политичка ориентација набележана во Мајскиот манифест од 1924 г., но во прво време се нашле во политичка дефанзива и организациона конфузија. Дел од овие сили на македонското ослободително движење, со помош на Балканската комунистичка федерација (БКФ) и Коминтерната, на 1 октомври 1925 г. во Виена, ја одржале основачката конференција на ВМРО (Об.) на која било формирано раководство и биле донесени основните програмско-политички документи.[50]

ВМРО(Об.) непрестано декларирала дека е „национална организација" која ги влече своите корени од „старата ВМРО" од илинденскиот период. Анализата на програмските документи покажува дека нејзините погледи се насочени, пред сè, кон „државноста на Македонија", но не и кон македонскиот национален индивидуалитет.[51] Во документите на Основачката конференција и оние по неа, целосно била присутна „терминологијата со која се означува многунационалноста на

[47] Б. Ристовски, Македонскиот народ и. . ., кн. 2, 536-537.
[48] И. Катарџиев, Македонската. . ., док. 59, 303.
[49] Следејќи ја својата големобугарска идеологија и послушноста кон бугарската државна власт, на 14 јули 1940 г., Управните совети на Македонскиот научен институт, Илинденската организација, Македонско–одринското ополчение и на Македонскиот женски сојуз, излегле со Декларација во која стоело: „Денес. . . ние сметаме дека македонското прашање треба да се постави за разрешување пред меродавните фактори во Бугарија и во странство на следниот начин: Македонија, целокупна и неделива во нејзините географски граници, да се прибере кон мајката–татковина Бугарија, за да не се допушти никаква делба." З. Тодоровски, Документи за политичкото расположение на населението во Пиринскиот дел на Македонија пред и за време на Втората светска војна, ГИНИ 43/1, Скопје, 1999, 98.
[50] Опширно: И. Катарџиев, Борба. . ., кн. 3, 91-189.
[51] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. I, док. 13, 104.

македонскиот народ".[52] ВМРО(Об.) долго време во своите програмски определби поаѓала од ваквиот став и заради тоа стоела врз погрешни позиции за македонскиот национален идентитет, што пак се одразило како нејзина слабост и неспособност да се претвори во широко револуционерно движење на македонскиот народ.

Треба да се истакне дека во рамките на силите од македонската политичка сцена кои се спротиставувале на ВМРО и Исполнителниот комитет, егзистирале низа внатрешни идејни струења, кои често пати доведувале до отворени судири. Таканаречените „федералисти", и после 1924 г., прифаќале решавање на македонското национално прашање во рамките на Југославија, во која обединета Македонија требало да стане федерална единица како и Словенија и Хрватска.[53] ВМРО (Об.) се спротиставувала на концептот за создавање на „јужнословенска" федерација, односно „југословенска федерација со самоуправна Македонија", пред сè, заради исклучувањето на Егејскиот дел од тој концепт.[54]

Во почетокот на триесеттите години, членови и симпатизери на ВМРО (Об.) во Бугарија и Пиринскиот дел на Македонија, претежно од редовите на студентската интелигенција, отвориле еден процес на преиспитување на основните програмски определби на македонското ослободително движење. Во тој процес ќе се искристализираат многу од недореченостите и недоследностите кои произлегувале од заблудите и предубедувањата на постарата генерација македонски револуционери. Од овој период, правото на самоопределување е поврзано со степенот на афирмација на македонската нација. Всушност, изградбата на македонската националноослободителна платформа постепено започнала да ја добива потребната национална физиономија. Тоа било елемент кој недостигал во целиот дотогашен период помеѓу двете светски војни.

Секако, најтешко и најболно било отворањето на прашањето за посебниот македонски национален идентитет, односно процесот во кој „македонското

---

[52] Исто, 40.

[53] Документи за борбата . . ., т. II, док. 53, 99-103.

[54] Д. Пачемска, Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета) и државноста на македонскиот народ, Зб. АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, (понатаму само: АСНОМ во. . .,) Скопје, 1987, 67-68.; Спиридон Благоев, Идејните струења и разидувањата во раководството на ВМРО (Об) (1925-1931), Зб. 70 години ВМРО(Об.) 1925-1995, Скопје, 1998, 51-59

прашање“ започнало да се третира како „македонско национално прашање“. Како илузија потхранувана десетлетија наназад, тезата дека „Македонците се Бугари“ имала фатено длабоки корени. Во „Бугарија била официјална политика. Во нејзиното афирмирање и одбрана биле напишани книги, студии, статии, од сите жанрови на науката, литературата, публицистиката. . . Таа била школска вистина која ретко некој во Бугарија имал смелост да ја доведува во прашање. За таа идеја, Бугарија водела војни и дала многу жртви-материјални и човечки. Според тоа, нејзиното доведување во прашање, нејзиното отфрлање како неточна, откривањето на нови идеи и сознанија длабоко спротивни на претходните, морало да предизвика шок, недоразбирање и отпор во сите општествени слоеви на Бугарија. Тој се изразил и кај најдисциплираните кругови на бугарското комунистичко движење, независно од нивниот народносен карактер–Бугари или Македонци.“[55] Па дури и кај раководството и активистите на ВМРО(Об.) од постарата генерација, која го поминала големобугарскиот егзархиски третман.

Во контекст на отворање на прашањето за афирмација на посебниот македонски национален индивидуалитет и дефинирање на целите и стратегијата на македонската националноослободителна плаформа, особено значајна, па би рекле и најзначајна, била публицистичката активност на Васил Ивановски–Бистришки.

Во 1933 г., иако непотпишан од Васил Ивановски–Бистришки, како посебна брошура, излегол текстот насловен како „Идеите и задачите на македонското прогресивно движење во Бугарија“. Брошурата, македонскиот проблем го третирала првенствено како национален проблем. Бистришки го опфатил и прашањето за стратегијата за ослободување и обединување на Македонија.[56] И тука, околу ова прашање се среќава едно сосема ново видување, една нова стратегија за „етапното“ ослободување на еден по еден дел од Македонија, а обединувањето би се случило кога сите делови ќе се ослободат. Ставовите за стратегијата на ослободувањето и обединувањето, за првпат излегуваат од сфаќањето дека македонското национално прашање е „балканско прашање“. Оттаму, и решението

---

[55] Васил Ивановски, Зошто ние Македонците сме одделна нација, Скопје, 1995, 28.

[56] Исто, 72-91. ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. II, док. 232, 188-205. Со псевдонимот Бистришки печатена е наредната 1934 г. од МНС во Америка. Б. Ристовски, Македонскиот народ и. . ., кн. 2, 520.

не мора да биде само во „балкански рамки", односно со едновремено ослободување на сите поробени делови на Македонија во Србија, Бугарија и Грција, туку дел по дел во зависност од условите. Оваа стратегија е од исклучително голема важност за подоцнежното формулирање и практично реализирање на македонската националноослободителна платформа. Брошурата, фактички, има ненадминлив придонес во теоретското разработување на македонската националноослободителна борба и со тоа во процесот на изградување на македонската националноослободителна платформа. Всушност, таа стратегија ќе добие целосна практична афирмација во натамошната националноослободителна борба. Секако, во натамошниот период оваа стратегија ќе биде теоретски разработувана и доизградувана со цел да се прилагоди на условите кои константно се менувале.

Во ВМРО (Об.) од летото и есента 1933 г., веќе нашироко се расправало за афирмација на посебниот македонски национален индивидуалитет. Декларирањето на посебноста на македонската нација, во период по усвојувањето на Резолуцијата по македонското прашање во КИ во јануари 1934 г.,[57] во круговите на ВМРО(Об.) во „Македонија под бугарска власт" станува честа, дури вообичаена појава.

Во април 1934 г. била објавена нова статија на Васил Ивановски–Бистришки, насловена „Национално-колонијалното угнетување во Петричко".[58] Во неа, со една огромна смелост за тогашната политичка атмосфера, за првпат се изнесувале сосема отворено позициите за одделниот македонски национален идентитет. Тоа било фрапирачко за бугарските официјални и останати политички чинители, за македонските врховистички кругови, но и за најголем дел од припадниците и приврзаниците на ВМРО (Об.). Сите тие верувале дека „Македонците се Бугари" и дека во Македонија под Бугарија не се врши национално угнетување и асимилација.[59]

Потоа, истата 1934 г. во материјалите на Македонскиот народен сојуз (МНС) од Америка, се појавува уште една статија на Васил Ивановски–Бистришки со исклучително провокативен, но и недвосмислен наслов: „Зошто ние Македонците

---

[57] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. II, док. 253, 227-230.
[58] В. Ивановски, н. д., 69-71.
[59] И. Катарџиев, Македонија спроти . . ., док. 21, 153.

сме одделна нација". Во статијата се вели дека правото на самоопределување и одделување во самостојна држава произлегува од тоа што „ние Македонците. . . не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту Бугари, а сме одделна македонска нација. . ." До крајот на статијата, следува опширна и силна аргументација за посебноста на македонската нација темелена врз територијалната посебност, економска целост, посебниот јазик, одделната култура, специфичните историски корени и историски развиток, со инсистирање дека основниот национален елемент го сочинуваат „Македонските Словени".[60]

Ставовите на Васил Ивановски–Бистришки, во наредниот период ќе бидат доразвивани и јавно презентирани од ВМРО (Об.).[61] Со тоа во редовите на ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија и македонската емиграција во Бугарија, процесот на трансформација на македонското прашање во македонското национално прашање добил силен интензитет, а со тоа биле поставени основи за разработка на останатите сегменти на македонската национапноослободителна платформа. Всушност, силите со федералистички и комунистички идејни погледи во македонското ослободително движење, и покрај опасноста, не само да бидат политички маргинализирани, туку и физички ликвидирани во судирот со ВМРО и неговите приврзаници од почетокот на дваесеттите години, сепак, постепено успеале да се консолидираат и во последниот период од постоењето на ВМРО (Об.) да го започнат процесот на сопствено прераснување, односно конституирање како македонско националноослободително движење. Процес, кој во наредниот период, преку теоретска разработка на постоењето на македонскиот национален идентитет ќе ги формулира најзначајните определби од македонската националноослободителна платформа.

Затоа, укинувањето на ВМРО (Об.) оставило негативни последици во процесот на афирмација на македонската нација и изградувањето на македонската националноослободителна платформа.[62] Иако тој процес не бил прекинат, сигурно

---

[60] В. Ивановски, н. д., 92-95.

[61] ВМРО (Об.) документи и. . ., кн. II, док. 306, 293-295. Катарџиев, Македонската национално. . ., док. 102, 484-485.; Б. Ристовски, Појави и профили од македонската литературна историја, Скопје, 1982, кн. 1, 230-246

[62] За укинувањето види: БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 360, 989 док. 355, 966.

бил успорен и намален. Покрај тоа, единствената организација на Македонците на тлото на Македонија која макар и формално го претставувала единството на силите на македонското националноослободително движење, престанала да функционира, што значело дека Втората светска војна македонското националноослободително движење ја дочекува без единствена организација, односно ја дочекува разделено во три разнородни, и на моменти целосно спротиставени револуционерни движења какви што биле КП на Југославија, Грција и Бугарија.

Сепак, процесот на широко афирмирање на македонската нација и дефинирање на македонските национални интереси до почетокот на Втората светска војна продолжил со нагорна линија. Тоа било од особено значење за понатамошното изградување на македонската националноослободителна платформа. Во таа насока особено е значајна активноста на Македонскиот литературен кружок (МЛК) во Софија.[63] Таа активност исцело одела во правец на афирмација на посебната македонска национална литература, јазик и култура.[64] Со тоа се одржувал континуитет на македонската национална свест и на македонското националноослободително движење. Континуитет кој бил неопходен за изградувањето на македонската националноослободителна платформа во текот на националноослободителната војна и стекнувањето на државност.[65]

Значајни манифестации за македонска национална афирмација биле направени и во Вардарскиот дел на Македонија. Особено значајни политички и културни манифестации пројавиле студените Македонци на Загребскиот и Белградскиот универзитет.[66] Во овај период многубројни се национално-културните

---

[63] Македонскиот литературен кружок–Софија 1938-1941, документи, Скопје, 1995, 375.; М. Сматракалев, Македонскиот литературен кружок, Скопје, 1993, 21.; Б. Ристовски, Сознајби за јазикот, литературата и нацијата, Скопје, 2001, 388.

[64] Опширно: И. Катарџиев, Македонија спроти . . ., 75-152.

[65] Симо Младеновски, Врските на македонските студенти во Белград со македонската емиграција во Софија во годините спроти Втората светска војна, ГИНИ 42/1, Скопје, 1998, 45-67.

[66] И во Белград, и во Загреб, биле формирани студенски македонски друштва под името „Вардар". Види: Лазар Соколов, Прилог кон македонското студентско движење во Загреб, Историја XII/1-2, Скопје, 1976, 1-27.; Александар Апостолов. Од активноста на напредните студенти на белградскиот универзитет во 1936 година, Историја XII/1-2, Скопје, 1976, 28-32.; С. Младеновски, Културно-просветното друштво „Вардар" во Белград, ГИНИ 44/1, Скопје, 2000, 33-57.

појави на македонската национална свест.[67]

Посебно значење за изградувањето на националноослободителната платформа, има македонската комунистичка партиска организација во Вардарскиот дел на Македонија во периодот пред окупацијата на Македонија во Втората светска војна. Во јуни 1940 г. ПК на КП во Македонија целта на борбата ја поставил во насока на извојување на „слобода“ за македонскиот народ во рамките на Југославија како „една братска заедница“.[68] Набрзо потоа, Покраинската конференција на КП во Македонија од 8 септември 1940 г.[69] донела резолуција по која „една од осневните и најважни задачи на организациите от партиата во Македониа, е тактиката за создавајне на општ македонски национал-револуционен фронт, кој треба да биди како чест от општата борба на пролетериато во Југославија...[70] Со ваквите ставови, македонското националноослободително движење си поставило основи за свој развиток во натамошниот период врз национални и широки идејни основи.[71] На крајот, Проширениот пленум на ПК на КП во Македонија од јануари 1941 г. ги потврдил македонските национални позиции и констатирал дека КП во Македонија „ниту за момент не се откажала од својата крајна цел: целосно ослободување и рамноправност на Македонија–дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница.“[72] Тоа значело промена на дотогашните програмски определби, па паралелно со дотогашната определба за рамноправност во рамките на Југославија, сега се воведувала и опцијата за одделна македонска држава. Всушност, со ваквиот став, непосредно пред пренесувањето на воените дејствија на Балканот,

---

[67] Д. Петреска, Методија Андонов–Ченто и манифестацијата на македонската национална свест меѓу двете светски војни, Зб. Ченто и македонската државност, Скопје, 2004, 69-72.; Александар Алексиев, Развојните насоки на македонската драмска литература меѓу двете светски војни, Зб. Македонската драма XIX и XX век, Скопје, 1990, 129-143.; Б. Ристовски, Појави и профили. . ., кн. 2, 343-370.; Н. Цветковска, Македонската национална свест во кралска Југославија меѓу двете светски војни (1918-1941), ГИНИ, 45/2, Скопје, 2001, 7-19.

[68] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје, 1981, (понатаму: Документи за борбата. . .), т. II, док. 91. 169-174.

[69] Велимир Брезоски, Состојбата и дејноста на КПЈ во Македонија во текот на 1940 година, ГИНИ XV/2, Скопје, 1972, 89.

[70] Илегалниот печат. . ., т. II, книга 2, 162, 169.

[71] С. Фиданова, Поважни моменти од работата на КПЈ во Македонија пред одржувањето на Покраинската партиска конференција-8 септември 1940 година, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1986, 187.

[72] Документи за борбата. . , т. II, док. 104, 200.

македонското националноослободително движење ги оставило отворени сите можности за идниот државно-правен статус на Македонија.

## 2. Комунистичкото движење и македонското национално прашање

Политиката, ставовите и односот на балканските комунистички партии и воопшто на комунистичкото движење кон македонското национално прашање во периодот помеѓу двете светски војни биле исклучително релевантни за неговото решавање. Тоа се должи, прво, на фактот дека комунистичкото движење бил важен чинител на светската политичка сцена, а второ, на фактот дека дел од силите на македонското ослободително движење или имале комунистички идејни погледи или биле идеолошки блиски до комунистичкото движење. На крајот, постепено се одвивал процес на сè поголемо вклучување на тој дел силите од македонското националноослободително движење во организационите структури на комунистичките партии на Југославија, Бугарија и Грција со што тие воспоставувале контрола врз процесот на нивниот идеен и организационен развој и влијание во решавањето на македонското национално прашање.

Односот на КИ кон македонското национално прашање и македонското ослободително движење во периодот меѓу двете светски војни е детерминиран пред сè од нејзината стратегија и тактика за изведување на светска пролетерска револуција и стратегија кон националното прашање во светски рамки.[73] Во тој период, од КИ и БКФ која била нејзина секција за Балканот, македонското население се сметало за мешавина од различни етнички групи со доминација на бугарскиот елемент, но сепак, уште тогаш имало искажувања дека постои процес на конституирање на одделна македонска нација.[74]

Со оглед дека во 1923 г. македонското прашање станало многу актуелно во КИ и БКФ, пред се заради проценките дека во Македонија во скоро време претстои

[73] Комунистичката интернационала, попозната како Коминтерна, е замислена како „светска комунистичка партија" и „штаб на светската пролетерска револуција".
[74] БКП, Коминтернът и. . ., т. първи, док. 46, 151.

избувнување на востание под раководство на ВМРО,[75] од тој период во круговите на КИ започнуваат да кружат низа документи што се однесуваат на минатото, но пред сè, на иднината на македонското прашање и македонското ослободително движење. Од таа дискусија произлегол ставот дека „македонското прашање не може да се реши поинаку освен со обединување на сите делови на Македонија во една единствена држава. . . " која би била рамките на една Балканска федерација, но за да се стигне до тоа, „неопходно е да се однесе победа над буржоазијата во сите заинтересирани земји".[76] Оваа теза за „балканско решение" на македонското прашање, зачинета со ставот за истовремена победа на комунистичкото движење во сите земји кои ја поделиле Македонија, ќе фати длабоки корени маѓу комунистички определените кругови на македонското ослободително движење, но и кај припадниците на КП во балаканските држави. Кај сите нив, таа ќе се провлекува како единствено можно решение на македонското национално прашање сè до пред Втората светска војна, а во некои кругови и до крајот на истата.

Во секој случај, во дваесеттите години, државноста и обединувањето на Македонија, како основни определби на македонското ослободително движење биле прифатени и декларативно поддржани од светското комунистичко движење.[77]

Најзначајниот документ, односно документ кој најдецидно го нотира и афирмира постоењето на одделната македонска националност, во рамките на КИ е резолуцијата на ИК на КИ по македонското прашање и ВМРО (Об.) од 11 јануари 1934 г.[78] Резолуцијата дефинитивното, јасно, прецизно и недвосмислено го признавала постоењето на македонската нација, а македонското ослободително движење се признавало како национално-революционерно движење.

Во 1939 г. во рамките на КИ се констатирало и прифатило дека „македонското национално движење во секоја балканска земја се јавува како самостојно движење, со своја платформа, независна организација и раководство во

---

[75] В. Поповски, Л. Жила, Македонското прашање во. . ., т. I, док. 7, 39. Тоа е период на интензивни напори на КИ и БКФ за привлекување на „автономистичката" ВМРО во „единствен револуционерен фронт" на Балканот под контрола на комунистичкото движење, односно на Советскиот Сојуз.

[76] В. Поповски, Л. Жила, Македонското прашање во. . ., т. I, дел 1, док. 18, 155.

[77] Исто, док. 70, 603-605.

[78] Нешто подоцна, април 1934 г., со мали разлики таа е објавена како документ на ЦК на ВМРО (Об.). ВМРО (Об.) документи и. . ., док. 253, 227-230.

согласност со условите во секоја земја", но и тогаш децидно се признавало „неотуѓивото право на македонците за полно национално самоопределување" односно се признава борбата на македонското ослободително движење за „признавање на македонците како самостојна нација" и за „културна, јазична, економска и политичка рамноправност. . ."[79]

Ставовите на КИ биле од решавачка важност за ставовите и односот на КП на Југославија, Грција и Бугарија кон македонското прашање, односно кон македонското национално прашање. Така, ставовите на КИ и БКФ кон македонското прашање биле во целост преземани од КПЈ и оттаму, во дваесеттите години имале, пред сè, формален карактер. Дури од почетокот на триесеттите години во КПЈ започнува постепена промена на сфаќањата околу посебниот македонски национален индивидуалитет односно третирање на македонското прашање како македонското национално прашање.

На IV конференција на КПЈ од 1934 г. било решено да се основаат во рамките на КПЈ, национални „КП на Хрватска и Словенија и во најблиска иднина и КП на Македонија",[80] а веќе на Сплитскиот пленум на ЦК на КПЈ од 1935 г. бил усвоен ставот за одбрана и зачувување на Југославија, нејзино преуредување како федеративна држава, во која на македонскиот народ, како посебен национален индивидуалитет, му било признаено местото како посебна федерална единка. Овие решенија се особено значајни од аспект на идните решенија за македонското национално прашање во рамките на националноослободителната платформа во Вардарскиот дел на Македонија.

До почетокот на Втората светска војна, КПЈ неколкупати во свои значајни програмски документи ги потврдила своите позитивни ставови кон македонскиот национален идентитет.[81] На тој начин КПЈ пред окупацијата на Југославија, во однос на македонското национално прашање, застанала на позиции кои во голема мерка соодветствувале на целите на македонското националноослободително движење.

---

[79] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 374, 1028-1029.

[80] Историјски архив Комунистичке партије Југославије, (натаму ИА КПЈ) том II, 231, 251.

[81] Документи за борбата . . ., док. 85, 156.; Јосип Броз Тито, Собрани дела, (понатаму: Тито, Собрани дела,) Скопје, 1980, т. 6, 166-168, 358.; Peta zemaljska konferencija KPJ (19-23 oktobar 1940), Beograd, 1980, 238.

Тоа, со сите проблеми од недореченостите, пред сè, околу обединувањето на Македонија, сепак, овозможило вклучување на македонскиот народ во антифашистичката војна и до делумно поволно решавање на македонското национално прашање од аспект на македонските национални аспирации.

Под влијание на ставовите на КИ и БКФ во дваесеттите години КПГ го прифатила ставот за „обединета и независна Македонија“, но тоа константно предизвикувало внатрешнопартиски полемики и поделби. Покрај тоа, мнозина партиски раководители и активисти биле судени и осудувани од грчката власт врз основа на таквиот став за македонското прашање кој бил третиран како „антинационална“ и „антидржавна“ дејност.[82]

Иако македонското прашање многу се дискутирало, сепак практичната работа на КПГ во однос на македонското прашање била формална и минимална. Во 1931 г. КИ испратила отворено писмо до членството на КПГ во кое на критика бил подложен пасивниот однос кон „револуционерната националноослободителна борба на народите што се угнетувани од Грција“.[83] Оттогаш започнува еден нов период во кој КПГ ја отфрлила теоријата за етноплуралниот карактер на македонскиот народ и целосно ја прифатила посебноста на македонската нација односно период во кој македонското прашање добило третман на македонското национално прашање. Засилена била и практичната работа во насока на помагање на дејствувањето на ВМРО (Об.) за Егејскиот дел на Македонија.[84]

Ваквата политика продолжила сè до 1935 г. и VI конгрес на КПГ, кога официјално била прифатена политиката на „полна рамноправност на малцинствата“ во рамките на грчката држава.[85] Основниот аргумент за промената на политичката ориентација во однос на македонското национално прашање, бил формално пронајден во промената на етничкиот состав на населението во Егејскиот дел на Македонија настаната како резултат на големите грчки колонизации во дваесеттите

---

[82] КПГ и македонското национално прашање 1918-1974, Скопје, 1982, (натаму КПГ и. . .), док. 10, 27-31; док. 12, 33-35; док. 15, 37-43; док. 16, 43-60

[83] Македонското прашање на страниците од „Ризоспастис“ меѓу двете војни, Скопје, 1982, 103.

[84] „Глас на Егејците“, г. IV, број 31, Скопје, февруари 1953, 2.; Стојан Киселиновски, КПГ и македонското национално прашање (1918-1940), Скопје, 1985, 66-68.

[85] КПГ и. . .., док. 54, 159-160; Македонското прашање на страниците. . ., 269-270.

години.[86] Македонските национални аспирации во Егејскиот дел, биле ограничени во рамките на борбата за слободна употреба на македонскиот јазик, обичаи и сл. Грчкиот територијален интегритет повеќе не бил доведуван во прашање. Со таквиот став и таквата политика кон македонското национално прашање од страна на КПГ, била дочекана Втората светска војна и окупацијата на Македонија и Грција.

Ставовите и односот на Бугарската комунистичка партија (БКП) кон македонското национално прашање во меѓувоениот период претставувале важен фактор во заземањето на ставови кон тоа прашање од страна на комунистичкото движење и на Балканот и во меѓународни рамки.[87] Од своја страна и ставовите на Коминтерната вршеле свое влијание врз ставовите на БКП.

Со оглед на огромниот број на македонски емигранти во Бугарија, кои претставувале важен политички чинител, БКП едноставно била упатена активно да се занимава со македонското прашање и со практичната работа сред Македонците.[88] Во тој почетен период по Првата светска војна, БКП сметала дека во Македонија постои етнички плуралитет со апсолутно мнозинство на бугарскиот национален елемент.[89] Секако, и БКП под влијание на КИ и БКФ јавно објавувала дека „безрезервно го признава барањето за независна и обединета Македонија“.[90]

На својот V редовен пленум од јануари 1935 г. ПБ на ЦК на БКП донел резолуција во која прецизирал дека е нужно Партијата да ја поддржи борбата за национално ослободување на македонскиот народ и да ја истакне паролата „за правото на самоопределување на македонскиот народ до оделување“ во „обединета,

---

[86] Статистичките показатели користени од КПГ за да се „аргументира“ промената на политиката, како и воопшто грчките статистички показатели за националниот состав на населението во Егејскиот дел на Македонија, биле далеку од реалната состојба и биле наменети, пред сè, за оправдување на политичките потези во корист на големогрчката национална идеја.

[87] Бугарската комунистичката партија во својата историја го менувала неколкупати своето име. Во нашиот труд секаде ќе се употребува само ова име.

[88] За практичната работа бил формиран Емигрантскиот комунистички сојуз, но во него имало лица од целата емиграција во Бугарија, а не само од Македонија. Манол Пандевски, Македонската емиграција во периодот од 1918 до 1924 г. и победата на Октомвриската револуција, Гласник на ИНИ XI/1, Скопје, 1967, 45-54. Партијата во периодот 1922-1924 во врска со од неа подготвуваното т.н. Септемвриско востание и во врска со обидите за создавање на „единствениот революционерен фронт“ во Бугарија и Балканот, преговарала со Тодор Александров за добивање на поддршка од ВМРО за таквите активности. БКП, Коминтернът и. . ., т. първи, док. 32, 109; док. 39, 133-135; док. 43, 146-147; док. 45, 149-150.

[89] Л. Панайотов и др., Македонският въпрос и. . . 76.

[90] БКП, Коминтернът и. . ., т. първи, док. 208, 548-549.

слободна, независна Македонија“.[91] Со тоа БКП целосно и отворено застанала на ставот за постоење на посебен македонски национален идентитет. Дури, БКП истакнувала дека, доколку македонското население не сака да се оддели од Бугарија, тогаш таа предвидува за Пиринскиот дел на Македонија и „право на територијална автономија“.[92]

Во периодот до почетокот на Втората светска војна, интенција на БКП била, силите на македонското националноослободително движење во Бугарија и Пиринскиот дел на Македонија да се вклучат директно во БКП.[93] Затоа, кон крајот на 1936 г. ЦК на БКП донел решение за укинување на ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија и меѓу македонската емиграција во Бугарија.[94] На тој начин, пред самиот почеток на Втората светска војна, БКП го зачувала сфаќањето за постоење на посебен македонски национален идентитет, но го загубила својот позитивен однос кон македонското националноослободително движење. Од своја страна, македонското националноослободително движење од Пиринскиот дел на Македонија и Бугарија влегло во настаните што следувале без сопствена самостојна организација, принудено во целост да ги следи тактичките чекори на раководството на БКП.

***
*

Прашањето за обединување на македонскиот народ и територијата на Македонија заедно со прашањето за извојување на слобода на Македонија станале централни прашања во македонската политичка мисла, но и основна цел во македонската ослободителна борба во периодот меѓу двете светски војни. Под притисок на државите кои ја поделиле Македонија во насока да го негираат постоењето на македонската нација, прашањето за македонскиот национален идивидуалитет не нашло свое место во македонската ослободителната мисла. Во некои делови од македонското ослободително движење, воопшто и нема да биде

---

[91] Сталин и българският комунизъм. Из секретните руски и български архиви. Протоколи, стенограми, дневници, писма, София, 2002, док. 25, 102.
[92] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 330, 931.
[93] Заради што при ЦК на БКП била формирана „Малцинска комисија“. В. Картов, Односот на БКП спрема македонското прашање во периодот од 1935-1941, Зб. Прилози за Илинден 1979, Скопје, 1983, 465-475.
[94] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 360, 989.

отворено тоа прашање и тие ќе опстојат на ставот за непостоење на одделен македонски народ од бугарскиот народ. Во другиот дел од македонското ослободително движење, прашањето за одделниот македонски национален идентитет, целосно ќе се отвори и разгледува на македонската политичка сцена, дури во триесеттите години.

Во врска со прашањето за македонската државност, постоеле две сфаќања во рамките на македонското ослободително движење. Едното сфаќање околу државноста било автономна, самостојна или независна македонска држава. Врховистичките сили од ВМРО и ИК, тоа го сметале само како етапа на патот за присоединување на Македонија кон Бугарија. Второто сфаќање, било за автономна, самостојна Македонија во рамките на балканска, југословенска или јужнословенска држава. Заради сфаќањето по кое народносниот состав на Македонија е сочинет од различни етнички елементи, се дискутирало и околу внатрешното државно уредување односно, унитарна или федеративна држава. Централните позиции на МЕФО се наоѓале во ова сфаќање. Средствата кои се применувале за постигнување на македонските ослободителни цели, исто така, биле различни. Разликите неминовно предизвикувале судири, кои воделе кон натамошни делби во македонското ослободително движење.

Сето тоа, придонело македонското ослободително движење во периодот меѓу двете светски војни да не постигне позабележителни ефекти во реализација на некои од набележаните цели, а неговата зависност од вонмакедонските фактори постојано да се зголемува и на крајот, во некои негови сегменти да биде целосна.

Пробугарските сили од македонското ослободително движење скоро целосно се истрошиле во поделбите и меѓусебните пресметки. Почетокот на Втората светска војна го дочекале без способност за самостојно организационо движење кое би имало посериозно влијание на македонската, па и балканската политичка сцена. Но она што е најзначајно, упорното опстојување на ставот дека не постои македонска нација, односно дека Македонците се Бугари, ВМРО ја претворило во чиста бугарска националистичка организација, која освен географската определба за Македонија, немала ништо заедничко со интересите на македонскиот народ. Залагањето за независна македонска држава без македонска нација, односно како втора бугарска

држава на Балканот, во услови на јасно конституирана и манифестирана македонска национална свест во триесеттите години, претставувало анахронизам заради кој таа ќе се изроди во антимакедонска агентура во служба на туѓи интереси, а македонскиот народ, постепено целосно ќе се оддалечи од неа.[95] Сепак, ставовите за независна македонска држава и особено практичната „реализација" на македонска „држава во држава" во Пиринскиот дел на Македонија од страна на „михајловистичката" ВМРО, претставувале елементи кои го зацврстувале стремежот за сопствена држава кај македонскиот народ.

Наспроти тоа, во рамките на ВМРО (Об.), постепено се одвивал процес на консолидација на отпорано разнишаната македонска национална свест, а од триесеттите години имало силна и сосема јасна манифестација на посебниот македонски национален идентитет. Во периодот меѓу двете светски војни, заради сите предубедувања и заблуди, тоа прашање секако било најболно за отворање и најтешко за решавање. Сепак, од овој дел на македонското ослободително движење, во триесеттите години, низ активноста на ВМРО (Об.), постепено започнал процес на идејно-национално трансформирање на македонското ослободително движење во македонско националноослободително движење. Иако, Втората светска војна била дочекана без единствена организација, македонското националноослободително движење веќе било конституирано и ја развивало својата активност. Теоретското аргументирање и афирмацијата на македонската нација претставувале најзначајни чекори во борбата на македонскиот народ за самопределување и државност, и следствено, во понатамошното изградување на македонската националноослободителна платформа.

Од друга страна, сè поголемото вклучување на дел од македонското националноослободително движење во организационите структури на комунистичките партии на Југославија, Бугарија и Грција, имало и свои негативни последици. Со тоа, тие партии воспоставувале контрола врз процесот на развој на дел од националноослободителните сили на македонската политичка сцена и влијание во

[95] Оттаму, понатамошниот развој и позиции на „михајловистичката" ВМРО и на нејзините припадници и симпатизери нема да имаат и никакво влијание врз изградувањето на македонската националноослободителна платформа, па во нашиот труд нема да се разгледуваат.

решавањето на македонското национално прашање. На тој начин политиката, ставовите и односот на овие комунистички партии и воопшто на комунистичкото движење кон македонското национално прашање станале исклучително значајни за неговото решавање. Покрај тоа, таквиот развој значел и дополнително зацврстување на организационата поделеност на македонското националноослободително движење на три одделни движења, и слабеење на чувството за национално единство кај македонското население во поедините разделени делови на Македонија.

Значи, и покрај силниот процес на зацврстување на македонската национална свест и нејзините многубројни манифестации, сепак, територијалната поделеност на силите на македонското националноослободително движење не била надмината. Не била прецизно формулирана општомакедонска национална платформа, иако нејзините основни елементи во разни пригоди и за разни потреби биле разработени.

Во секој случај, македонската политичка и национална мисла во периодот меѓу двете светски војни за основните прашања од борбата на македонскиот народ, а особено за афирмацијата на одделниот национален идентитет на Македонците, претставува фактор кој во натамошниот период влијаел врз оформувањето на македонската националноослободителна платформа. Меѓувоениот период, во секој случај, претставува дел од континуираниот нагорен процес во борбата на македонскиот народ кон извојување на национална слобода и афирмација на македонската нација. Најголем дел од активните борци на македонското националноослободително движење од овој период, не само што активно се вклучиле во НОАВМ од 1941 до 1944 година, туку биле едни од нејзините организатори и раководители во сите делови на Македонија. Како такви тие извршиле најголемо влијание врз натамошното конципирање на целите и задачите во македонската националноослободителна платформа во согласност со објективните општествени услови. Тоа, формулирањето на реална и остварлива македонската националноослободителна платформа, било основниот предуслов да се поведе националноослободителна војна која ќе има победоносен краен резултат.

# Глава втора: Балканот и Македонија во Втората светска војна

## 1. Положбата во окупирана Македонија

### *а. Окупација и поделба на Македонија*

Пренесувањето на Втората светска војна на територијата на Балканот во април 1941 г. за Македонија значел нова геополитичка поделба, а за македонскиот народ преживување на уште една војна на негова територија. Всушност, уште во подготовките на Германија за освојување на Балканот, Македонија заземала значајно воено-стратегиско место. Тоа било уште повеќе потенцирано со откажувањето на Југославија од учеството во Тројниот пакт.[96] До крајот на април 1941 г. германските војски целосно ги разбиле своите противници, а Југославија и Грција престанале да егзистираат како држави. Нивните територии биле поделени помеѓу Германија, Италија и нивните балкански „сателити".[97]

Противречните претензии на Германија и Италија околу територијата на Македонија до најголем израз дошле на Виенската конференција помеѓу министрите за надворешни работи на Германија и Италија, одржана на 21 и 22 април 1941 г.[98] Со договорот постигнат на неа, на Бугарија требало да ѝ се отстапи Вардарскиот дел на Македонија без западните територии околу градовите Струга, Кичево, Гостивар, Дебар и Тетово кои биле окупирани од Италија. Прашањето за дефинитивна поделба на Егејскиот дел на Македонија не било решено и било оставено за подоцна.[99] Набрзо, поделбата на Егејскиот дел на Македонија била извршена на тој начин што Костурскиот, Кожанскиот и дел од Леринскиот реон во Егејскиот дел и

---

[96] Dušan Lukać, Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945, Beograd, 1987, kn. 3, 24.; Тодор Симовски, Априлската војна и окупацијата на Југославија и Грција според прегледот на Ернест Висхаупт, архивски воен советник на XII германска армија, Историја X/1, Скопје, 1974, 241-242

[97] Владо Ивановски, Ростислав Терзиоски, Априлската војна и окупацијата на Македонија 1941, Историја XVII/1, Скопје, 1981, 97.

[98] Д. Зоографски, Виенската спогодба Рибентроп–Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи), ГИНИ XXIV/3, Скопје, 1980, 35-38.; Д. Лукач, Подела Македоније према одлукама Бечке конференције априла 1941 године и њене последице на односе у осовинском блоку, Зб. Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875-1945), Делчево, 1988, 28.

[99] Димитър Гоцев, Из документалните записки на о.з. подполковник Вълко Антонов Яначков за териториалното разграничение между България и Италия във Вардарска Македония 1942-1943 г., Македонски преглед XXVII/3, София, 2004, 113-128

биле отстапени на Италија, а Солунско, Кукушко, Гуменџиско, Воденско, Берско и дел од Леринско, Германија ги задржала како своја окупациона зона во која власт воспоставиле германските воени структури и новоформираните квислиншки грчки власти на генерал Чолакоглу.[100] Источните предели на Егејскиот дел, до реката Вардар без Солун биле ставени под бугарска окупаторска власт.[101]

Со поделбата, најголемиот дел од територијата на Македонија бил вклучен во границите на Бугарија. Од своја страна, Германија ги обезбедила своите економски и политички приоритети, а бил задоволен и нејзиниот основен воено-стратегиски интерес за контролирање на брегот на Егејско Море и активностите во Медитеранот.

### *б. Политиката на окупаторите за денационализација и асимилација на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија*

Окупацијата од германските војски на Вардарскиот дел на Македонија за извесно, кратко време создал период на своевидно безвластие, односно меѓувластие, познат како „период на интеррегнум“. Тогаш, на целата територија на Македонија, започнале да се формираат разни националистички комитети кои имале за задача да дејствуваат во правец на присоединување на определени реони кон Бугарија или кон Италија односно Албанија. Пречекот на бугарските, односно на италијанските војски како „ослободители“, во најголема мерка, се должи токму на дејствувањето на овие комитети.[102] Секако, формирањето на ваквите комитети било поттикнувано и поддржувано од политичките и разузнавачките кругови во Бугарија и Италија.

Периодот на интеррегнумот завршува со воспоставувањето на воената, полициската и административната бугарска окупаторска власт на 26 април 1941 г. и

[100] Христо Андоновски, Форми на окупација во Егејска Македонија во текот на Втората светска војна, Зб. Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, (натаму само Ослободителната војна и. . .) 261-259.

[101] Димитър Йончев, България и беломорието (октомври 1940-9 септември 1944), София, 1993, 41-51.

[102] Галена Куцуловска, Окупацијата на Македонија и дејствувањето на Акциониот комитет (1941), Зб. Македонија во дваесеттиот век, 157-164. Формираниот во Скопје „Бугарски акционен централен комитет за Македонија“ бил во следниот состав: претседател Стефан Стефанов, потпретседател Спиро Китинчев, секретар-организатор Васил Хаџикомов, касиер Крум Органџиев и советници Благој Попанков, Иван Пиперков, Александар Георгиев и Илија Атанасов. Помеѓу останатото, овој комитет си поставил за задача да го претставува „бугарското население“ и од Егејскиот дел на Македонија.

со дефинитивното воспоставување на италијанско-албанската власт во Западна Македонија на 17 мај 1941 г.[103]

Воспоставувањето на бугарската окупаторска власт било проследено со административно-териториајална поделба на Вардарскиот дел на Македонија на две административни области, Скопска и Битолска, со воспоставување на целосно нова судска, полициска, воена, финансиска и црковна власт.[104] Бугарската држава донела низа закони и законски акти кои се однесувале на територијата на Македонија. Со нив бил воспоставен посебен правен режим кој во голема мерка се разликувал од оној во Бугарија. Целото население, во окупираните територии, веднаш добило бугарско државјанство, а декларирањето како Македонец било забрането.[105] Бугарија, спротивно на меѓународно правните норми, всушност, извршила анексија на окупираната територија во Вардарскиот дел на Македонија.[106]

Сите институции биле екипирани со одбрани лица дојдени од Бугарија и веднаш презеле опсежни активности, окупацијата да се претстави како преземање или ослободување на сопствени бугарски национални територии, а Македонците да се претставaт како Бугари. Силната пропаганда од бугарската држава, од фашистичките и колаборационистичките организации, создала една еуфорична атмосфера во која поединци од македонскиот народ окупацијата ја дочекале како „ослободување". Секако за појавата на ваквата илузија, голема улога имало постоењето на силно чувство на омраза кон предвоениот големосрпски режим во Југославија, како и постоењето на „броен и доста витален егзархиски контигент",[107] создаден со упорната континуирана големобугарска пропаганда во минатото. Меѓутоа, дека ситуацијата не била така поволна како што на прв поглед се чинело, најдобро сведочи фактот што набрзо, активностите за денационализација и асимилација на македонскиот народ биле до максимум зајакнати. Имено, сосема

---

[103] Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата (1941-1944), Скопје, 1998, 10.

[104] М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски, Положбата на окупирана Македонија во Втората светска војна (1941-1944), ГИНИ VII/1, Скопје, 1963, 14-15.

[105] Б. Митровски, Обидите на окупаторите и контрареволуционерните сили да го спречат создавањето на македонската државност, Зб. АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, (натаму само АСНОМ остварување. . .) 151.

[106] Ѓорги Чакарјаневски, Главниот штаб и државноста на Македонија, Скопје, 2001, 26.

[107] Димитар Митрев, Дискусија, Зб. Ослободителната војна. . ., 804.

брзо, и меѓу луѓето кои имале илузии за карактерот на бугарската власт, започнало да се манифестира незадоволство од она што се случувало. Како што одминувало времето, сѐ повеќе, „празно“ звучела бугарската пропаганда за „ослободувањето“, за „обединувањето“ и за остварувањето на вековните бугарски национални идеали.[108]

Во целиот, широко и добро организиран пропаганден систем, образовниот сегмент, составен од учители дојдени од Бугарија, го претставувал најважниот инструмент за денационализација и асимилација. Давањето на приоритетно место на предметите бугарски јазик и бугарска национална историја во наставната програма, најдобро сведочи за вистинските цели на бугарската држава во окупирана Македонија.

До максимум биле користени и останатите институционални средства. Дирекцијата за пропаганда во Скопје, в. „Целокупна Бугарија“ и други локални весници и „Радио Скопје“, кои дејствувале континуирано во текот на целиот период на окупацијата, непрестано ја имале улогата на обезбедување на масовна поддршка на спроведуваната големобугарска политика. Слична била улогата и на Бугарската црква која за цело време на окупацијата имала значајно место во денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ.[109]

На истиот план, биле активирани и вонинституционални средства. Биле формирани локални профашистички организации „Отец Пајсиј“, „Браник“, „Сојуз на бугарските легионери“, „Општествена сила“ и други. Сите тие имале изразито негативен однос кон постоењето на македонската нација и цврсто верувале дека Македонија е природен, составен дел на Бугарија.[110]

Покрај пропагандата, бугарската власт непрестано користела репресивни мерки спроведувани од војската и полицијата. Особено чести биле интернациите, присилната мобилизација, казнените експедиции и праќањето во концентрациони логори. Од цивилните и воени судски органи биле изрекувани голем број на судски

---

[108] Ванче Стојчев, Бугарскиот окупационен систем во Македонија (1941-1944), Скопје, 1996, 179.

[109] Р. Терзиоски, Бугарската православна црква во окупирана Македонија 1941-1944, ГИНИ, IX/2, Скопје, 1965, 48.

[110] Р. Терзиоски, Денационализаторската дејност. . ., 143-177.

пресуди на долгогодишен затвор или смртна казна.[111] Акциите на бугарскиот окупатор против партизанските единици станале позачестени од крајот на 1942 г., а особено биле зајакнати во 1943 и 1944 г. во контекст на меѓународните случувања.[112] Бугарската војска, неангажирана на никаква друга задача и целосно индоктринирана со големобугарската идеја, со особена упорност и систематичност настапувала против партизанските единици. Фактички, во Македонија се создала ситуација во која Бугарија се наоѓала во перманентна воена состојба.

Посебно место во одржувањето на бугарскиот окупационен систем и спроведување на денационализацијата и асимилацијата, имале македонските пробугарски групи и организации. Сите тие, помалку или повеќе, во зависност од потребите, биле ставени во директна или индиректна служба на големобугарската идеја и бугарската држава.

Приврзаниците на Ванчо Михајлов се обидувале навидум да се постават како некаква „опозиција" на бугарската власт и да манипулираат со паролата „независна Македонија", меѓутоа, во стварност воопшто не биле против бугарското „ослободување" и „обединување" на Македонија.[113] Врвот на тоа национално предавство на приврзаниците на ВМРО на Ванчо Михајлов, претставувало нивното активно учество во формирањето на контрачетите за дејствување против единиците на НОВ и ПОМ. Од тие елементи бил регрутиран скоро целиот раководен кадар на тие контрачети, што дополнително сведочи за вистинските карактеристики на оваа антимакедонска организација. Приврзаниците на ВМРО, во целосна координација со бугарската армија, особено голема активност пројавиле во формирањето на контрачети во Егејскиот дел на Македонија.[114]

---

[111] В. Ивановски, Прогони и процеси на бугарскиот окупатор во Македонија во 1941 година, Историја, V/1, Скопје, 1969, 135-139.; Г. Куцуловска, Судските процеси во Македонија под бугарска окупација (1941-1944), Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, кн. 2, Скопје, 1980, (натаму само Основањето и. . .) 1031-1042.

[112] В. Брезовски, Ослободителната војна во Македонија во 1943 (на територијата на СР Македонија), Скопје, 1971, 77-87, 99.

[113] Ванчо Михајлов во мај 1941 г. добил амнестија од бугарската држава и, веќе во јули 1941 г., на бугарскиот амбасадор во Хрватска му ја искажал својата „радост" за „ослободувањето" и му изјавил дека „паролите за автономија на Македонија", за „самостојност" и слично, биле „само коњуктурни т.е. привремени." Георги Даскалов, Участта на българите в Егейска Македония 1936-1946, София, 1999, 519-520.

[114] Опширно: Ташко Мамуровски, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944), Скопје, 1992, 187; Георги Даскалов, н.д., 517-560;

Од пробугарските групи, најголема активност на политички и пропаганден план во Вардарскиот дел на Македонија, имала т.н. група Чкартов–Ѓузелов. Голем дел од нејзините приврзаници биле вклучени во административниот и пропагандниот апарат на бугарската држава. Овие главни експоненти на големобугаризмот во Македонија, во разни јавни обраќања, го негирале постоењето на македонскиот национален идентитет и ја пропагирале тезата дека Македонците се припадници на бугарската нација. Согласно на тоа, сметале дека со окупацијата настапило „ослободување и обединување" на бугарскиот народ.[115] Особено агилни биле во предлагањето на мерки до бугарската власт за да го „придобие" македонското население и да се пресмета со македонското националноослободително движење.[116]

Сепак, константно, а особено во почетниот период на окупацијата, карактеристична е целосната недоверба на бугарската окупаторска власт кон македонските граѓански политички сили, па биле тие и со изразито пробугарска ориентација. Всушност, доследни на својата окупаторска улога, бугарските власти настојувале да оневозможат било какво учество на „претставници" од македонскиот народ во органите и телата на бугарската држава.[117]

Приврзаниците на групата Чкатров–Ѓузелов и оние од ВМРО на Ванчо Михајлов, пред капитулацијата на Бугарија, заедно со германските разузнувачки и дипломатски служби, направиле обид за формирање на некаква „независна" македонска држава на чело со Христо Татарчев или Ванчо Михајлов. Секако, во услови на веќе конституирана македонска национална држава со АСНОМ, ваквиот длабоко антимакедонски чин, немал никакви шанси ни за минимална реализација.[118]

---

[115] Види: Државен архив на Република Македонија (ДАРМ), фонд: ВМРО, к. 33, бр. 8135, бр. 8136, бр. 8139, бр. 8143, бр. 8150.

[116] Б. Митровски, Обидите на окупаторите. . ., Зб. АСНОМ остварување. . ., 158.

[117] Опширно за целото дејствување на пробугарските и профашистичките македонски политички сили види: Ѓорѓи Малковски, Политичките партии, организации и групи во Македонија во Втората светска војна 1941-1944 година, Скопје, 2002, 280; Истиот, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944, Скопје, 1995, 235; Георги Даскалов, н. д,, 517-560.

[118] За таа цел Ванчо Михајлов пристигнал во Скопје на 6 септември 1944 г. Опширно: Д. Зографски, Одбрани дела, Скопје, 1986, кн. 6, 418-423.; Марјан Димитријевски, Обидот на Ванчо Михајлов за создавање на „Независна Македонија" 1944 година, Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001, 309-330.; Штефан Требст, Наредбата на Адолф Хитлер за прогласување на независна Македонија (септември 1944), ГИНИ 46/2, Скопје, 2002, 25-37.

Територијата на Западна Македонија, по италијанската окупација, со декрет на кралскиот наместник во Албанија, Франческо Џакомини, била припоена кон т.н. Голема Албанија.

Во административен поглед, територијата на Западна Македонија ја сочинувала Дебарската префектура со седум потпрефектури, односно околиски началства. На просторот на Западна Македонија била стационирана италијанската 41. дивизија „Фиренце", со штаб во Дебар и командант генералот Арнолдо Аци. Оваа команда на воената управа ја имала најголемата власт на окупираната територија и на неа и биле потчинети сите италијански воено-полициски институции. Дури и цивилните комесари биле именувани од неа.

Главната квислиншка албанска организација била Бали комбетар (Националистичка организација) формирана во ноември 1942 г. Нејзината идеолошка основа била поставена врз база на идејата за Голема Албанија. Врз таа основа имала големо влијание сред албанското малцинство во Западна Македонија. Иако во почетниот период настојувала да се прикаже како антиокупаторска организација, многу брзо ја покажала својата вистинска улога на поддржувач на политиката на италијанските и подоцна, на германските окупатори. Нејзиното дејствување на теренот на Западна Македонија било изразито антимакедонско.[119]

За цело време на окупацијата бил вршен интензивен процес на албанизација во сите сегменти на живеењето. Употребата на македонскиот јазик во службените односи била забранета, презимињата на целото население албанизирани, во училиштата се учело исклучиво на албански јазик. Дејствувањето на албанските вооружени банди на оваа територија станало редовна и вообичаена појава. Македонското население било изложено на особено силен притисок, заради кој било приморано да се иселува од своите вековни огништа.[120]

Ваквата практика продолжила и по капитулацијата на Италија, па дури и добила уште поизразени форми на албанизација. Тоа било сосема нормално, со оглед на конституирањето на Голема Албанија под германски патронат.

[119] Опширно: Ѓ. Малковски, Балистичката организација во Македонија во Втората светска војна (1941-1944), Скопје, 2002, 244.
[120] Г. Тодоровски, Западна Македонија. . ., 10-37, 167-197.

Големоалбанските националистички организации до максимум ја засилиле својата активност.[121] Од нивните редови, а под надзор на германските воени команданти и инструктори, биле формирани поголем број квислиншки воени формации, со главна задача да се борат против македонското националноослободително движење.[122]

### *в. Положбата во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија*

Македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија со тројната поделба се нашол во една исклучителна тешка ситуација. И тука во прво време настапил период на меѓувластие, но и во трите дела набрзо бил формиран административен апарат од квислиншките елементи.[123]

И во трите окупациони подрачја, окупаторските власти настојувале да предизвикаат меѓунационална нетрпеливост и омраза.[124] Особено силна сред македонското население била големобугарската пропаганда. Таа од самиот почеток, настојувала да му наметне на македонскиот народ „бугарско национално чувство" и од неговите редови да формира вооружено т.н. „контрачетничко движење".[125] Свои националистички организации кои дејствувале во служба на некој од окупаторите, формирале и останатите етнички групи во Грција.[126] Тие поделби, заедно со острата идејна и идеолошка поделба, придонеле во Егејскиот дел на Македонија, а и во цела Грција, перманентно да се одвива една граѓанска војна, која, во крајна линија, само им одговарала на окупаторите за полесна контрола на територијата под нивна власт.

Со тоа, и онака исклучително лошата економската состојба во Егејскиот дел на Македонија, станувала уште потешка. Окупаторите, особено германските, настојувале до максимум да ги експлоатираат природните ресурси за своите воени потреби. Покрај тоа, Бугарија со цел да изврши менување на етничката слика, континуирано спроведувала колонизација на бугарско население од реоните под

---

[121] Ѓ. Малковски, н.д., 71-143.
[122] Б. Митровски, Обидите на окупаторите. . ., Зб. АСНОМ остварување. . ., 165-167.
[123] Опширно: Х. Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944), Скопје, 1968, 45-89.
[124] Т. Симовски, Некои моменти од национално-ослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија, Зб. Ослободителната војна и . . . , 217-218.
[125] Опширно: Т. Мамуровски, н.д., 7-26. Г. Даскалов, н.д., 409-560.
[126] Опширно: Т. Мамуровски, Квислиншки и националистички организации во Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2001, 169.

нејзина окупација, со истовремено протерување на населението со грчко национално чувство.[127]

Германските, бугарските и италијанските воено-полициски сили преземале константни репресивни мерки со цел да се држи населението во покорност и да се задуши отпорот на грчкото ослободително движење под контрола на КПГ. На моменти тие мерки, на одредени подрачја добивале карактер на геноцид.[128]

Во Пиринскиот дел на Македонија со новата прераспределба на територии на Балканот не се случило ништо ново во споредба со претходниот период. Дотогашната колонијална положба во однос на останатиот дел од Бугарија била и понатаму задржана. Единствена промена била во засилените активности на бугарските окупаторски воено-полициски сили, во правец на уништување на македонското националноослободително движење и партизанските единици од тој дел на Македонија.

На крајот, и за трите дела на Македонија, потребно е да се истакне дека и покрај силното дејствување на окупаторите и разните домашни квинслинзи во правец на поделба на македонскиот народ врз разни основи, сепак, не дошло до некое позначајно разбивање на неговото единство и тој активно или пасивно, во својот најголем дел го поддржувал македонското националноослободително движење.

## 2. Балканските ослободителни движења и македонското национално прашање

### А. Антифашистичката војна во Југославија и во Вардарскиот дел на Македонија и македонското национално прашање

*а. Антифашистичката војна во Југославија*

Воениот пораз од април 1941 г. за Југославија значел целосна дезинтеграција како држава. Биле извршени формални и фактички анексии на делови од југословенската територијата од страна на Германија, Италија, Бугарија и Унгарија, биле воспоставени квислиншки државни творби, а на некои делови биле формирани

[127] Х. Андоновски, Форми..., Зб. Ослободителната војна и..., 264-265.
[128] Лилјана Пановска, Теророт во егејскиот дел на Македонија 1941-1944, 1995, Скопје, 159.

окупациони подрачја.[129]

Окупацијата и поделбата на земјата предизвикале голема економско-социјална и политичка криза во земјата. Очајната состојба придонела да се зајакнат и онака присутните антигермански и антииталијански традиции, и да се создадат погодни услови за појава и развој на силно вооружено антиокупаторско движење.[130]

Основниот проблем во развојот на антиокупаторското движење во Југославија била појавата на две целосно разделени и идеолошки антагонизирани воено-политички организации. Од една страна се наоѓало четничкото движење, предводено од полковникот на предвоената југословенска армија, Дража Михајловиќ. Тоа било големосрпско националистичко движење на отпор, што ги застапувало интересите на југословенската кралска влада во бегалство и како такво во почетниот период ја имало поддршката на Велика Британија и САД.[131] Од другата страна се наоѓало комунистичко партизанско движење, односно југословенско ослободително движење на чело со Јосип Броз Тито, кое било под влијание на КИ. Меѓу двете движења, скоро од самиот почеток на окупацијата, се водела „необјавена" граѓанска војна, која, во секој случај, го намалувала степенот на антифашистичката борба.

Постепено врз основа на вооружената борба против фашизмот како темелен антифашистички императив, се вршела политичката диференцијација во Југославија. Четничкото движење со својата политика на исчекување, своите вооружени формации, претежно не ги ангажирало во борба против окупаторите, туку ги чувало за преземање на власта во земјата по евентуалното англо-американско истоварување на Балканот. Исчекувањето се претворило во целосна неактивност, во соработка со окупаторите и домашните квислинзи од српска провениенција, а сето тоа довело до губење на поддршката кај западните сојузници.[132] Наспроти тоа, партизанското движење со непрестана жестока

---

[129] Branko Petranović, Revolucije i pokreti otpora u Evropi 1939-1945, Skopje, 198553.

[130] D. Lukać, n.d., kn. 3, 86.

[131] Jozo Tomašević, Četnici u Drugom svetskom ratu 1941-1945, Zagreb, 1979, 345.

[132] B. Petranović, Revolucija i kontrarevolucija u Jugoslaviji (1941-1945), Beograd, 1983, kn. prva, 425. Соработката на четничкото движење со италијанските и германските окупатори не ја негира дури ни Винстон Черчил во своите мемоари. Винстон Черчил, Други светски рат, т.V, кн. I, гл. XXVI, 442-452.

вооружена антифашистичка борба се наметнало како единствен реален воено-политички фактор на речиси целиот простор на бившата југословенска територија.[133]

Формирањето на југословенското ослободително движење под контрола на КПЈ, започнало уште во времето на воените дејства од април 1941 г., кога вооружената борба била прифатена како основен метод за дејствување. Во глобала, основна цел била истерување на окупаторите и создавање на нова демократска и федеративна југословенска заедница. Како неопходни компоненти за остварување на целите биле прифатени: создавањето на моќна воена организација, втемелување на ослободителното движење врз широки политички основи, меѓународна афирмација на антифашистичката борба и обезбедување на власт и контрола на цела територија уште во текот на војната.

Воената организација на југословенското ослободително движење се темелела врз партизанските единици и партизанскиот начин на војување. Постепено се стигнало до формирање на регуларна воена сила именувана како Народноослободителна војска на Југославија (НОВЈ).[134] Останатите форми на вооружена и невооружена борба, иако биле успешно и ефикасно применувани, сепак, биле само помошни и споредни форми во антифашистичката борба.[135]

Политичката основа на југословенското ослободително движење, во прв ред, ја сочинувала КПЈ. Независно од намерите, југословенското ослободително движење да се темели врз широк антифашистички фронт, КПЈ имала доминантни позиции во воената, административната и политичката сфера на антифашистичката војна.[136] На политички план, двата најкрупни и најзначајни чекори за конституирање на новата федеративна Југославија биле направени со одржувањето на двете заседанија на АВНОЈ.[137] Сепак, за да се стигне до целосно меѓународно признавање на новата држава, требало да се преземат низа други воено-политички чекори кои ќе

---

[133] Piter Kalvokorezi, Gaj Vint, Totalni rat, Beograd, 1987, 242.
[134] Vlado Strugar, Rat i revolucija naroda Jugoslavije 1941-1945, Beograd, 1962, 76.
[135] М. Апостолски, За некои основни стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата во Југославија, ГИНИ XX/2, Скопје, 1976, 11-19.;.
[136] B. Petranović, Revolucija i . . . , 165-166.
[137] Првото заседание на АВНОЈ се одржало на 26 и 27 ноември 1942 г., а второто на 29 ноември 1943 г. Јован Марјановић, Перо Морача, Наш народноослободилачки рат и народна револуција 1941-1945, Београд, 1958, 273-274

бидат во согласност на интересите на големите сили од антифашистичката коалиција.[138]

Приближувањето на големите фронтови кон Балканот, го зголемило воено-стратегиското значење на просторот на Југославија, а реална станала можноста за англо-американско истоварување на Балканот.[139] Велика Британија, со цел да ги заштити своите интереси во Југославија, настојувала да обезбеди политичко влијание на кралот и емигрантските кругови под нејзина контрола во повоена Југославија.[140] Во таква ситуација, иако раководството на југословенското ослободително движење направило отстапки, сепак, со поддршката што ја имало кај населението и со респективната воена сила со кое располагало, фактички сè уште го контролирало развојот на општествено-политичките и воени процеси на територијата на Југославија.[141]

Од средината на 1944 г. започнала првата етапа на операциите на НОВЈ за ослободување на земјата. Основното тежиште било ставено на просторот на Србија и Македонија, кој биле од посебен интерес за глобалните стратегиски цели на раководството на југословенското ослободително движење. Со сите операции во оваа прва етапа, до крајот на 1944 г. биле ослободени териториите на Македонија, Србија, Војводина, Косово, Црна Гора и Далмација. Со тоа, пак, бил воспоставен единствен стратегиски фронт кој се протегал од реката Драва преку Срем, Босна, Јужна Лика до брегот на Јадранско Море.[142]

И сето тоа не довело до меѓународно признавање на нова Југославија. На западните сојузници, во доцната есен 1944 г., им станало сосема јасно дека КПЈ и раководството на југословенското ослободително движење нема да се откажат од стекнатите позиции, од решенијата на АВНОЈ и од воведување на „комунистички" систем на уредувањето на државата. Затоа, иако југословенското ослободително

---

[138] B. Petranović, Političke i pravne prilike za vreme privremene vlade DFJ, Beograd, 1964, 14.

[139] Dušan Plenča, Međunarodni odnosi Jugoslavije u toku drugog svetskog rata, Beograd, 1962, 218.

[140] Vladimir Dedijer, Interesne sfere, Beograd, 1980, 375.; Veselin Đuretić, Vlada na bespuću, internacionalizacija jugoslovenskih protivrječnosti na poloitičkoj pozornici Drugog svetskog rata, Beograd, 1982, 242-271.

[141] Британските проценки од крајот на 1943 г. биле дека само вооружена интервенција од големи размери може да ги тргне партизаните од воено-политичката сцена во Југославија. Во услови на војна, таквата опција била скоро целосно неизводлива. Ficroj Maklin, Rat na Balkanu, Beograd, 1980, 55; Slobodan Nešović, Diplomatska igra oko Jugoslavije, Zagrab, 1977, 59.

[142] Mladenko Colić, Pregled operacija na jugoslovenskom ratištu 1941-1945, Beograd, 1988, 11-12.

движење имало статус на сојузник, тие го комплицирале и одложувале меѓународното признавање на нова Југославија. На тој начин, освен со делумно ослободена територија и со опустошена економија, која под прашање ја ставала прехраната на населението, крајот на 1944 г., бил дочекан и без меѓународно признаена држава.

### *б. Комунистичката партија на Југославија и македонското национално прашање*

Развојот на македонското националноослободително движење и вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија се одвивал во рамките на југословенското ослободително движење и антифашистичката војна во Југославија. Затоа во најголема мерка тој развој бил детерминиран од ставовите и односот на КПЈ, кон стратегијата и тактиката за водење на борбата, и од ставовите и односот кон македонското национално прашање кое било фундаментално прашање за било каква политичка активност на теренот на Македонија.

Окупацијата и поделбата на Македонија, КПЈ ја дочекала со предвоениот став за признавање на посебниот македонски национален индивидуалитет и консеквентно на тоа, признавање на правото на македонскиот народ на самоопределување.[143] Во текот на војната, КПЈ во голема мерка ги зачувала и афирмирала ваквите ставови. Таквата политика на КПЈ, всушност, имала длабоки прагматични причини. Имено, без принципиелно поставување на националното прашање воопшто и одделните национални прашања посебно, во многунационална земја каква што била Југославија, КПЈ едноставно не можела да смета на било каков политички, а уште помалку на воен успех.

Меѓутоа, начелно исправната линија на КПЈ по македонското национално прашање, самата по себе во текот на Втората светска војна, не била доволна за успешен развој на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија.[144] Потребен бил став во однос на целокупното решавање на македонското национално

---

[143] С. Милосавлевски, Социологија на македонската. . ., 223.; В. Картов, За некои прашања на односот на КПЈ спрема македонското национално прашање, Зб. АСНОМ остварување. . ., 330.

[144] На Мајското советување на КПЈ во 1941 г. бил заземен став по кој „задача на македонските комунисти е да ги соберат народните маси во борбата против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за негова национална независност и слобода." Тито, Собрани дела, т. 7, 44.

прашање, а КПЈ, во согласност со својата „државотворна политика", го гледала решението на македонското национално прашање во рамките на идната југословенска федеративна заедница. Прашањето за македонскиот територијален интегритет, односно за обединувањето на македонскиот народ, КПЈ го третирала во функција на југословенската федерација.[145] Секогаш, во перспектива, се оставало простор да се „манипулира" со македонското национално прашање.

Всушност, се работело за тоа што приоритетните цели на југословенското ослободително движење и КПЈ за победа и доминација на просторот на Југославија и приоритетните цели на македонското националноослободително движење за целосно решавање на македонското национално прашање во текот на војната биле непрестано антагонизирани. Противречните приоритетни цели како своја логична последица, константно предизвикувале недоразбирања и конфронтации. Тој латентен судир, најексплицитно избил на површина во 1941 г., кога секретарот на ПК во Македонија, Методија Шаторов–Шарло и останатите членови на ПК биле обвинети и сменети, помеѓу другото, и заради „национален шовинизам".[146]

Неспоивоста на „државотворната политика" на КПЈ со македонскиот стремеж кон обединување, не била производ на немањето интерес на КПЈ за обединувањето на Македонија, туку, пред сè, на прагматичната политика во тогашните воено-политички констелации.[147] Имено, интенцијата на КПЈ за постепено создавање на нова југословенска федеративна заедница во текот на Националноослободителната и антифашистичка војна, подразбирала правење на воено-политички чекори со сите меѓународни обзири.[148] Во случајот со обединувањето на Македонија тоа било особено акцентирано. Македонското национално прашање и особено обединувањето како дел од него, предизвикувале многубројни и силни неповолни импликации кај меѓународните политички фактори кои раководството на КПЈ не можело и не сакало да ги игнорира. Напротив,

---

[145] С. Милосавлевски, Југословенските. . ., 136.
[146] ИА на КПЈ, т.VII, док. 12, 37; док. 17, 45; док. 18 , 46.
[147] Е. Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија за создавањето и организирањето на македонската држава, Зб. Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941-1945), (понатаму само ГШ на НОВ и ПОМ. . .) Скопје, 1997, 204.
[148] А. Христов, Создавање. . ., т. трети, 40-41.

настојувало големите сили од антифашистичката коалиција што е можно повеќе да не ги иритира со своите декларативни и практични чекори, бидејќи во перспектива од нив требало да се добие меѓународен легитимитет за федеративната заедница која била во фаза на конституирање во време на војната.[149]

Меѓу другите причини кои го детерминирале односот на КПЈ спрема македонското национално прашање биле, односите на КПЈ со КП на Грција и Бугарија, географската одалеченост од Македонија во текот на војната заради што не се имало увид за состојбите на теренот, ниту чувство за суштествените стремежи на македонскиот народ и на крајот немало кадри од Македонија во централните раководни тела на југословенското ослободително движење и КПЈ, кои би наметнале попринципиелен и посериозен третман на македонското национално прашање.

Заради сите овие причини, практичниот однос на КПЈ кон македонското национално прашање и Македонија во текот на војната, особено во првите две години од неа, бил површен и се сведувал на тоа преку своите прогласи за вооружена борба до сите југословенски народи да биди споменат и македонскиот народ.[150] Неприсуството на претставници од Македонија, па дури и неспоменувањето на македонскиот народ, неговото националноослободително движење и неговата антифашистичка борба, во официјалните документи на Првото заседание на АВНОЈ, за што највероjатно причина биле неповолните меѓународни импликации, е најдобар доказ за таквиот однос на раководството на југословенското ослободително движење.[151]

---

[149] Михајло Апостолски, НОВ и револуцијата на Југославија за правата на македонскиот народ во Југославија, Бугарија и Грција 1941-1945, Прилози МАНУ XVII/1, Скопје, 1986, 7; Миле Тодоровски, Перспективите на македонскиот народ за извојување на самоопределување, демократија и национална слобода во борбата против фашизмот за време на Втората светска војна, Зб. Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875-1945), Делчево, 1988, 17.

[150] ИА КПЈ , т. VII , док. 7, док. 11, док. 13, док. 28, док. 30, док. 42, док. 75. Но, и во тоа имало пропусти. Особено во 1941 г. Така, на пример, во прогласот за 1 мај 1941 г. Македонија и македонскиот народ не се споменати. Исто, док. 2, 14-15.

[151] Според Слободан Нешовиќ, тоа било направено под притисок на Москва, со цел таа да не ги влошува односите со Велика Британија и САД. С. Нешовић, Прво заседање АВНОЈ-а и Македонија, Зб. АСНОМ во создавањето. . ., 85-98.

Најчестиот предмет на интерес на КПЈ во Македонија биле организационите партиски прашања и прашањата сврзани со развојот на вооружената борба. За таа цел, придржувајќи се кон вообичаената практика, ЦК на КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија праќале свои „инструктори“ и „делегати“ кои требало да ги даваат основните насоки на работа.[152] Покрај тоа, КПЈ секогаш реагирала на обидите на БКП да се негира антифашистичката борбата на македонскиот народ како составен дел на општојугословенската борба. Случајот со поврзувањето на македонската партиска организација со БКП во 1941 г. е особено индикативен за тој однос. Тогаш, за да ја задржи македонската партиската организација во својот состав, КПЈ се ангажирала и со испраќање претставник во Македонија и со интервенции до КИ.[153]

Кон крајот на 1942 г., била публикувана статијата на Јосип Броз Тито „Националното прашање во Југославија во светлина на Народноослободителната борба“, која го истакнувала значењето на националната компонента во актуелната антифашистичка борба и која, всушност, ја претставува платформата на југословенското ослободително движење во однос на националното прашање воопшто.[154] Македонија и Македонците, рамноправно биле третирани со останатите нации во Југославија, со што „југословенското решение“ на македонското национално прашање станувало поконкретно и поприфатливо за македонското ослободително движење и македонскиот народ. Секако, било потребно и практично ангажирање за пропагирање и реализација на ваквата платформа на теренот во Македонија.

Во таа насока, како делегат со вонредни овластувања на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија, со задача да работи на разгорување на вооружената борба во Македонија, Јужна Србија и Косово и да воспостави координација и соработка помеѓу прокомунистичките ослободителни движења на Балканот, кон крајот на 1942 г. бил испратен Светозар Вукмановиќ–Темпо.[155]

---

[152] V. Dedijer, Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita, Rijeka, 1981, kn. 1, 276.
[153] Вељко Влаховиќ, Тези за македонското национално прашање, Скопје, 1977, 31.
[154] Тито, Собрани дела, т. 13, 111-119.
[155] Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945, (натаму само Извори. . .,) Скопје, 1968, т. I, кн. 2, док. 38, 189. Svetozar Vukmanović-Tempo, Sjećanja iz Narodnooslobodilačke borbe u Makedoniji, Zb. Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945, Beograd, 1987, 333.

Светозар Вукмановиќ–Темпо, по пристигањето во Македонија, веднаш го оживотворил предвоеното решение на ЦК на КПЈ за формирање на КПМ. Давањето на национални атрибути на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија со формалното и суштинското преименување од дотогашното „КПЈ за Македонија“ во „КПМ“, претставувал чекор со далекусежни последици за македонското национално прашање и за развојот на македонското ослободително движење.[156]

Светозар Вукмановиќ–Темпо, впрочем како и Добривое Радосављевиќ–Орце претходно, веднаш увидел дека прашањето за обединување на Македонија е „акутно“. Имено, обединувањето на Македонија било стремеж кај македонскиот народ кој едноставно не можел да се игнорира, доколку се сака да се преземе масовна военo-политичка активност. Затоа, со присуство и активно учество на Светозар Вукмановиќ–Темпо, од македонското националноослободително движење во македонската националноослободителна платформа било вклучено и обединувањето на Македонија. Раководството на југословенското ослободително движење, оддалечено од македонската стварност не можело да го увиди и да го разбере она што се случувало во Вардарскиот дел на Македонија, но сепак, со извесни ограничувања ги одобрило чекорите на својот „емисар“.[157]

Второто заседание на АВНОЈ во Јајце на 29 ноември 1943 г., ги формирало основните државно-правни и политички органи на новата југословенска федеративна заедница, а македонскиот народ и македонската држава биле вброени како рамноправни конститутивни елементи.[158] Македонскиот јазик бил прогласен за рамноправен со српскохрватскиот и словенечкиот на целата територија на

[156] Д. Зоографски, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и македонското национално прашање, Историја вонреден број, Скопје, 1980, 109.
[157] Тито, Собрани дела, т. 17, 216.
[158] М. Апостолски, Одлуките на АВНОЈ-реализација на целите на вековната борба на македонскиот народ, Историја XX/1, Скопје, 1984, 76; Новица Вељановски, АСНОМ-државотворни димензии, Скопје, 1994, 62-63. Секако, правото на „самоопределување до отцепување“ кое било дадено со одлуките на АВНОЈ за сите членки на југословенската федерација, од раководството на југословенското ослободително движење, било сфаќано само како формално право. Затоа, Јосип Броз Тито во писмото до Светозар Вукмановиќ–Темпо од 6 декември 1943 г., истакнал дека „би било премногу штетно да се истакнува тоа право“ и од македонскиот народ. Тито, Собрани дела, т. 18, 20.

Југославија.[159] Со тоа, уставноправно и политички биле санкционирани стремежите на македонскиот народ за самостоен национален живот во сопствена национална држава.[160]

Во секој случај, АВНОЈ не само што јавно го прокламирал „југословенското решение“ на македонското национално прашање за Вардарскиот дел на Македонија,[161] туку индиректно, со промовирањето на Димитар Влахов од Егејскиот дел и Владимир Поптомов од Пиринскиот дел на Македонија за членови на АВНОЈ, го проширувал и врз тие два дела на Македонија.[162]

Со тоа, практично, Вардарскиот дел ја добил улога на „пиемонт“, на „обединувачки центар“ за Македонците од Пиринскиот, Егејскиот и делот на Македонија под Албанија.[163] Декларативно тоа е дефинирано во паролата „обединета Македонија во рамките на Југославија“.[164] Со сето тоа, раководството на КПЈ кон крајот на 1943 г. дефинитивно застанало на позициите македонското национално прашање да се решава во полза на Југославија, без разлика дали решението ќе биде делумно, само за Вардарскиот дел или целосно, ќе ги опфати и Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија.[165]

Секако, чекорите на тој план биле крајно внимателни. Уште пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ, на 9 ноември 1943 г., Јосип Броз Тито во телеграма до Светозар Вукмановиќ–Темпо објаснил дека „неправилно е уште да го поствувате прашањето на обединувањето на Македонија туку само ослободувањето и самоопределувањето на народот по победата над Хитлер и квислинзите“ и упатил на придржување на Атлантската повелба. Истовремено, во

---

159 Документи за борбата. . ., т. II, док. 263, 542.

160 Според Новица Велјановски, донесувањето на решенија без претставници од Македонија, а само врз основа на декларативните заложби на раководството на македонското ослободително движење во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, всушност го намалува легитимитетот на АВНОЈ во однос на Македонија. Н. Велјановски, АВНОЈ и Македонија, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . ., 237.

161 С. Милосавлевски, Македонската национална свест–Манифестот. ., Зб. Кузман Јосифовски–Питу, време-живот-дело, (1915-1944), Скопје-Прилеп, 1995, 140.

162 В. Ангелов, Хроника на едно национално предателство, Благоевград, 1999, 4.

163 И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија како. . . Зб. АСНОМ-педесет. . ., 56, 59-60.

164 Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 38, 193.

165 Цола Драгойчева, На класови и интернационалистически позиции, сп. Септември XXX/1, София, 1979, 20-21.

тој контекст, укажал дека балканската федерација е само „агитациона парола“.[166] Во декември 1943 г., ги објаснил мотивите за таквиот став, според кое објаснување, југословенското ослободително движење мора „строго“ да води сметка „за Југославија како целина, како држава што постоеше и е уште призната во странство како таква“ заради што треба „формално, легално да не ги пречекоруваме тие рамки во нашите пароли. . .“[167] Ако внимателно се погледне, може да се забележи дека Јосип Броз Тито, иако децидно се искажал против акционо поставување на прашањето за обединување на Македонија во тој период, сепак, не ја исклучил можноста во погоден момент да се изврши обединување на Македонија во рамките на Југославија.

Нешто подоцна, во април 1944 г., Јосип Броз Тито преку генералот Корнеев го информирал советското раководство за односите со БКП и бугарското ослободително движење во светлина на македонското национално прашање.[168] Притоа, македонскиот народ со своите стремежи и национални права, како и неговата борба за нивно оживотворување биле целосно игнорирани. Целото прашање било ставено во контекст на геостратегиските интереси на Советскиот Сојуз и моќта, значењето и интересите на југословенското ослободително движење.[169]

Погледнато од аспект на тие југословенски интереси, сосема природен, логички и разбирлив бил интересот на југословенското раководство за обединување на македонскиот народ. Со евентуално реализирање на обединувањето на Македонија фактички се проширувала и територијата на Југославија и таа добивала доминантна улога на Балканот.[170] Меѓутоа, југословенските интереси во корелација со реалните геостратегиски интереси на големите сили биле во длабока

---

[166] Тито, Собрани дела, т. 17, 216.
[167] Исто, 20.
[168] Генералот Николај Корнеев бил раководител на советската воена мисија при ВШ на НОВЈ и НКОЈ. Околу 19 април 1944 г. советското раководство одговорило на информациите од Тито. Се истакнувало дека Советскиот Сојуз е заинтересиран да ја има Бугарија како сојузник доколку излезе од војната и дека македонското прашање ќе се решава во Москва, а притоа односот кон Југославија ќе биде најдобронамерен. Фактички, советското раководство му давало ингеренции и водечка улога на југословенското раководство околу решавањето на македонското национално прашање. БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 411, 1103.
[169] Исто, док. 409, 1100-1101.
[170] К. Палешутски, Югославската комунистическа партия. . ., 318.

спротивност. Впрочем, во 1944 г. гледано во контекст на поделбата на интересните сфери меѓу големите сили, не е сигурна ни самата положба на југословенското ослободително движење. Новата федеративна Југославија била далеку од своето меѓународно признавање и во постојните, версајски граници, а камоли во некаква проширена територијална форма. И покрај целата воена и политичка моќ на југословенското ослободително движење, сè уште фигурирала можноста од евентуално англоамериканско истоварување и нивен обид насилно да се врати предвоеното уредување.

Во овие координанти на „реална политика" се движел и односот на Тито кон македонското национално прашање, односно кон можноста за обединување. Прашањето никогаш целосно не било затворено, меѓутоа, чекорите кои можеле да се преземаат и биле преземани секогаш биле ограничени од евентуалните неповолни последици врз меѓународната положба на нова Југославија.[171] Токму во тие рамки биле и ставовите кои Тито ѝм ги изнел на македонската делегација во разговорите на 24 јуни 1944 г. на Вис. Во заклучоците од тој состанок сосема недвосмислено било забележано дека „обединувањето" останува „постојано барање" на македонскиот народ, но дека заради меѓународните импликации, во тогашните моменти нема да се поставува „акционо".[172]

На крајот, решавачката улога на КПЈ и југословенското ослободително движење во Македонија и околу македонското национално прашање била потврдена со решенијата на Првото заседание на АСНОМ, бидејќи со нив „југословенското решение", барем за Вардарскиот дел на Македонија, било и практично спроведено во дело. Сепак, делумното решавање на македонското национално прашање со оглед на тоа што останатите делови на македонскиот народ и Македонија биле надвор од ДФМ и нова Југославија, во наредниот период, пред

---

[171] Велика Британија цврсто стоела на ставот дека е против „на Грција да и биде одземен било кој дел од нејзините предвоени територии во корист на една словенска федерација под комунистичка доминација, чиешто евентуално создавање е и онака непривлечно за нас." Е. Баркер, Британците и АСНОМ во 1944-1945, Зб. АСНОМ во. . ., 310-311.

[172] Тито, Собрани дела, т. 20, 275-276. Сепак, официјалниот став бил дека предвоената граница со Грција не се доведува во прашање. Јосип Самодлака, претставникот за надворешни работи на југословенското ослободително движење, уште во април 1944 г. неофицијално изјавил дека „грчка Македонија природно ѝ припаѓа на Грција", и дека „Југославија и Грција можат да се согласат за нивните граници." Е. Баркер, н.с., Зб. АСНОМ во. . ., 309.

југословенското ослободително движење наметнувале потреба од понатамошно ангажирање и усогласување на реалните можности, сопствените интереси и интересите на македонското националноослободително движење и македонскиот народ. Секако, заради сложеноста на проблемот на обединување на Македонија, кој тангирал многубројни вонмакедонски и вонјугословенски фактори во наредниот период имало многу недоразбирања и проблеми во врска со тоа прашање.

### *в. Антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија како метод за реализирање на македонската националноослободителна платформа*

#### *-Дилемите околу условите за водење на вооружена борба и нејзиниот развој до крајот на 1942 година*

Антифашистичката и националноослободителна војна втемелена, пред сè, врз сопствени вооружени сили претставувала единствен ефикасен начин за остварување, најпрво на програмските определби, а подоцна на зацртаните цели во националнослободителната платформа. Покрај тоа, антифашистичка војна и вооружената сила создавана за нејзино изведување, не само што биле неопходни за извојувањето на набележаните цели во платформата, туку имале функција на гарант за зачувување на извојуваните придобивки На крајот, појавата на масовна вооружената борба како основно средство на водење на антифашистичката и националноослободителна војна на територијата на Македонија, дефинитивно на окупацијата ѝ давала карактер на привременост.

Вооружената борба во Македонија на некој начин била континуитет на револуционерните ослободителни борби на македонскиот народ во минатото. Оттаму, револуционерните традиции на македонскиот народ, пред сè оние од илинденскиот период, биле најчесто користениот елемент во документите на македонското националноослободително движење за мобилизација на нови борци и за подигање на борбениот морал во партизанските единици.

Секако, потребно е секогаш да се има предвид дека во услови на исклучително жестока големобугарска и големоалбанска пропаганда, проследено со дејствување на силен репресивен државен апарат, кој на секој начин, со сите

дозволени и недозволени средства бил насочен да го уништи македонското националноослободително движење, организирањето на антифашистичка и националноослободителна војна претставувало исклучително сложена задача за реализација. Згора на тоа, сложеноста била дополнително нагласена со фактот дека во почетниот период македонското националноослободително движење било малубројно и без искусен кадар, а требало да се изработи соодветна стратегија, тактика и организација за водење на вооружените акции.

Раководството на македонското националноослободително движење на чело со Методија Шаторов–Шарло, поаѓајќи од своите предвоени определби за борба против фашизмот, без двоумење го прифатил антифашизмот како идејна подлога на македонската националноослободителна борба. Меѓутоа, не ја прифатил вооружената борба како основно средство за реализација на македонските национални интереси. Прогласите од ПК на КП во Македонија на чело со Методија Шаторов–Шарло, ниту еднаш не го употребиле повикот за вооружен отпор против окупаторите.[173]

Проблемот со немање на позитивен став за вооружена борба како основен метод за водење на македонска националноослободителна војна, дополнително бил усложнет со поврзувањето на македонската партиска организација кон БКП.[174] Тоа значело дополнително зацврстување на стратегијата и тактиката за непостоење на услови за вооружена борба, бидејќи и БКП стоела на тие позиции.[175] Всушност, поврзувањето на партиската организација на Македонија со БКП од аспект на македонските национални интереси, се чини, најпроблематично е во оваа точка. Имено, немањето став да се води вооружена борба, значело губење на сите перспективи за сопствено извојување на слобода и самоопределување. Така сѐ се оставало на милост и немилост на победителите во Втората светска војна.

Без разлика на негативниот однос кон масовна вооружена борба, ПК во времето на Методија Шаторов–Шарло констатирал дека постои окупација на Македонија и тоа бил првиот предуслов подоцна да се организира вооружена

---

[173] В. Брезоски, Комунистичка партија на Македонија 1941-1944, Скопје, 2003, 41-42.
[174] Опширно: В. Брезоски, Комунистичка. . ., 46-78.
[175] ИА КПЈ, т. VII, док. 25, 56-61.

борба.[176] Покрај тоа, непрестано се работело и на создавање на антиокупаторска атмосфера сред македонскиот народ.[177] На крајот, по нападот на Германија на Советскиот Сојуз, кај ПК на чело со Методија Шаторов–Шарло се случила афирмативна промена во односот кон вооружен отпор.[178]

Новиот ПК формиран по интервенцијата на КИ за враќање на партиската организација од Македонија во состав на КПЈ, решително застанал на позиции за водење на вооружена борба и отпочнал подготовки за формирање на повеќе ПО.[179] Тоа претставува квалитативно нов момент во дејствувањето на македонското националноослободително движење, затоа што започнал процесот во кој дотогашната доминантна класно-политичка компонента на борбата, во која првенствено се применувале средства на класна борба карактеристични за мирновременски услови, како што биле бојкот, штрајк, саботажа и пропагандна работа, постепено се трансформирала во националноослободителна војна во која основно средство била широката и масовна вооружена борба.

Набрзо бил формиран Покраински воен штаб (ПВШ) на НОПОМ.[180] На 11 октомври 1941 г. со акциите на Прилепскиот ПО, започнало вооруженото антифашистичко востание на македонскиот народ. Меѓутоа, почетните проблеми и неуспеси околу вооружената борба, кај дел од раководните кадри предизвикало сомневање во можностите за водење на вооружена борба како основно средство на националноослободителната војна.[181] Тоа било причина за повеќемесечниот судир во партиската организација во Македонија.

Меѓутоа, со оглед дека партиската организација од Македонија била во организационен поглед во рамките на КПЈ и должна да ги спроведува нејзините директиви и насоки за работа, ставот за вооружена борба и не можел во целост да

---

[176] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 1, 14.
[177] Опширно: В. Брезоски, Комунистичка. . ., 29-82.
[178] Биле изведени саботажни и диверзантски акции, а во август 1941 бил формиран Скопскиот ПО. Ѓ. Чакарјаневски, н.д., 46-48.; В. Ивановски, За почетокот на востанието во Македонија во 1941, Зб. Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, 117-133.; Александар Спасовски, Скопски народно-ослободилачки партизански одред, Београд, 1971, 259.
[179] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 8, 41-42.
[180] М. Апостолски, Сеќавање на еден од првите состаноци на Покраинскиот штаб за Македонија, Зб. Скопје во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1945, т. I, кн. 1, Скопје, 1984, 7-10.
[181] В. Брезоски, Комунистичка. . ., 83-126.

биде напуштен. Тоа особено се гледа во противречните ставови на таканареченото Јануарско советување во почетокот на 1942 г. на КП во Македонија.[182] Во материјалот кој произлегол од тоа советување, од една страна се тврдело дека „илузиите“ кај населението не се „изживеани“ и дека ПО доживеале „еден пораз во секој поглед“ односно, дека поразот бил „не само от војничка ами и от политичка гледна точка“, а од друга страна декларативно се застапувала потребата од партизански начин на војување.[183]

Во наредниот период, повеќето МК на КПЈ за Македонија не ги прифатиле ставовите за непостоење на услови за вооружена борба и непрестано вршеле притисок врз ПК за формирање на партизански единици и продолжување со активната вооружена борба.[184] Откако во мај 1942 г. дошло до отворен судир во раководството на комунистичката организација на Македонија, околу мешањето на претставникот на БКП во работата и околу прашањето за условите за вооружена борба, кон средината на 1942 г. бил расформиран дотогашниот ПК и формиран нов Привремен ПК.[185]

За целиот период од сменувањето на ПК на чело со Шарло, па до формирањето на Привремениот ПК, може да се констатира дека постоеле големи осцилации во практичните чекори и декларираните ставови околу вооружената антифашистичка борба. Чекори и ставови кои се движеле од цврсто застапување и спроведување на линијата за вооружена борба, до сомневање во неа и расформирање на ПО.

Привремениот ПК цврсто застанал на ставот за водење непоколеблива антифашистичка вооружена борба која на „цел свет“ ќе му покаже дека „македонскиот народ сака и има право слободно да живее“.[186] Била интензивирана воената и политичката активност на ПО во летото и есента 1942 г., а ПВШ

---

[182] М. Михајлов, За бројот на учесниците на Јануарското советување на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година, ГИНИ, XVI/2, Скопје, 1972, 165-170.; В. Ацева, Писмо до Светозар Вукмановиќ–Темпо, Скопје, 1991, 140-190.
[183] Извори. . ., т. I, кн.1, док. 17, 97-99.
[184] Докумнтационо одделение на ИНИ, Перо Ивановски–Тиквар, За работата на Шарло и мешањето на БРП (к), Сл. IV 504, 7.
[185] В. Брезоски, Комунистичка. . ., 170-180.
[186] Извори. . . т. I, кн. 1, док. 35, 214.

прераснал во ГШ на НОПОМ.[187] Резултатите на Привремениот ПК се особено значајни, ако се има предвид дека работата се одвивал во услови на исклучително силен притисок од бугарската полиција и војска.

По доаѓањето на Добривое Радосављевиќ–Орце, во својство на инструктор на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВЈ во Македонија на 25 август 1942 г., уште повеќе било потенцирано значењето на ПО и биле засилени активностите во правец на понатамошен развој на вооружената борба.[188] Затоа, и покрај сериозните удари, од бугарскиот окупатор врз ПО во есента и зимата 1942 г., сепак политичката ориентација за вооружена борба не била доведена во прашање.[189] Некои ПО го продолжиле своето дејствување, а особено успешно било дејствувањето на членот на ПК и ГШ на НОПОМ, Кузман Јосифовски–Питу на теренот под италијанско-албанска окупација каде биле создадени сите предуслови за понатамошен успешен развој на вооружената борба.[190]

Целокупната работа на македонското националноослободително движење во втората половина на 1942 г., и покрај сите недостатоци и сериозни удари од окупаторските власти, сепак создала основни и добри предуслови за развој на вооружената борба во текот на 1943 г.

### *-Вооружената борба на македонскиот народ во 1943 година*

Насоченоста на македонското националноослободително движење врз проблемот на вооружената борба во зимата 1942-1943 г., до максимум била дополнително потенцирана со доаѓањето во Македонија на делегатот на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВЈ, Светозар Вукмановиќ–Темпо. Веднаш се пристапило кон активности за формирање на ЦК на КПМ, што индиректно во голема мерка во натамошниот период позитивно влијаело врз развојот на вооружената борба.[191] Се

---

[187] В. Брезоски, Комунистичка. . ., 183, 185.; М. Апостолски, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија, Зб. Ослободителната војна и . . . , 81-82.
[188] Види: Извори. . . т. I, кн. 1, док. 45, 293-303.; док. 46, 308-312.; док. 48, 322-323.; док. 51, 340-350.
[189] В. Брезоски, Комунистичка. . ., 237-238.
[190] В. Брезоски, Организационата и политичката состојба на КПЈ во Македонија во време на основањето на КПМ, Зб. Основањето и. . ., кн. 1, 536-540.; Петар Пепељуговски, Кузман Јосифовски–Питу и неговата активност на воен план, Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 240-241.
[191] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 26, 107-117. ЦК на КПМ бил формиран од страна на Светозар Вукмановиќ–Темпо во првата половина на март 1943 г., а својот прв состанок го одржал во

пристапило и кон активности за формирање на пет оперативни зони со свои штабови кои директно биле одговорни за организирањето на вооружената борба и омасовувањето на партизанското движење. Била извршена реорганизација на дотогашниот ГШ на НОПОМ и негово преименување во ГШ на НОВ и ПОМ.[192]

Значењето на вооружената борба како основно средство на НОАВМ биле целосно нагласени со решенијата на Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ одржан на 2 август 1943 г. во близина на селото Отешево.[193] Имено, било решено да се оди кон создавање на покрупни воени единици со што НОВ и ПОМ би добила карактер на регуларна војска. Со оглед на општата ситуација, било донесено и решение да се засили активноста во делот под италијанска окупација, а оттаму да се вршат акции и врз делот под бугарска окупација.

Набрзо, во периодот од август до декември 1943 г., е забележан особено голем растеж на ПО и формирање на покрупни регуларни воени единици со што се изградувала НОВ и ПОМ.[194] По капитулацијата на Италија на 8 септември 1943 г. единиците на НОВ и ПОМ извршиле делумно разоружување на италијанските војски во Западна Македонија и формирале голема слободна територија во која одреден период влегувале и градовите Кичево и Дебар.[195] На слободната територија

---

Тетово на 19-20 март 1943 г. И за формирањето и за првиот состанок не се сочувани пишани документи. В. Ивановски, Времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, Зб. Слободните територии во Македонија во 1943 година, Скопје, 1973, (натаму само Слободните територии. . .,) 69-78. Влијанието врз развојот на вооружената борба се темелело врз фактот дека членовите на ЦК кои не биле во затвор или интернација, во наредниот период вршеле не само партиски активности, туку и организациони, политички и воени задачи на теренот.

[192] На првиот и вториот состанок на ЦК на КПМ, во директивите на Светозар Вукмановиќ–Темпо од март 1943 г., во документите и практичната активност на сите раководни структури на македонското националноослободително движење во периодот март-јуни 1943 г. видлива е очигледна тенденција акцентот да се стави на мобилизација на нови борци и засилување на вооружената борба. Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 26, 107-117; док. 28, 120-125.; Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, т.VII, кн. 1, Београд, 1952, (натаму Зборник докумената. . .) док. 64, 201-206; док. 68, 217-222.; док. 70, 226-228.; ИА КПЈ, т. VII, док. 72, 214-217.

[193] Од работата на состанокот не се сочувани никакви документи. В. Ивановски, Преспанскиот состанок на ЦК КПМ, Скопје, 1983, 19. 146. За тоа што се разговарало и што е решено, индиректно говорат подоцнежни документи и сведочењата на учесниците на тој состанок.

[194] Поопширно види: М. Тодоровски, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944, Скопје, 1972, 77-80.; М. Димитријевски, Македонската војска (1944-1945), Скопје, 1999, 70-72.

[195] Опширно: В. Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, Скопје, 1973, 154-218.

се организирале военозаднински органи кои развиле забележителна активност.[196] На неа, сѐ повеќе се зацврстувале и НО комитети како органи на новата власт и како предвесници на идната македонска државност.[197] Тука бил формиран Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ, а се прифаќале оние лица кои биле планирани за делегати на АСНОМ. На неа, започнале со работа првите училишта во кои се зборувало на македонски јазик и биле преземени активности за обнова на самостојноста на Македонската православна црква. Пристигнале и првите две британски воени мисии при ГШ на НОВ и ПОМ кој ја имал задачата да ги организира врските и контактите во правец на добивање на воена помош од западните сојузници.[198] Во првата половина на октомври 1943 г. на слободната територија бил подготвен и издаден Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ кој бил најзначаен документ за дефинирање на целите на антифашистичката и националноослободителна војна на Македонија, односно ја претставувал основната македонска националноослободителна платформа.

Слободната територија во Западна Македонија во редовите на македонското националноослободително движење била сфаќана како оживотворување на паролата „слободна Македонија“ и зачеток на македонската држава.[199] Оттаму, слободната територија претставувала своевиден симбол на националната самобитност и стремеж кон национално ослободување и била од исклучително големо значење за понатамошниот развој на НОАВМ. Всушност, таа била очигледен практичен чекор кон реализирање на една од определбите од македонската националноослободителна платформа.

Слободната територија во Западна Македонија успеала да се одржи до почетокот на декември 1943 г. На 5 декември 1943 г. на состанок на ГШ на НОВ и ПОМ, под влијание на притисокот од голема германска офанзива и под влијание на

---

[196] М. Михајлов, Военозаднинските органи во Народноослободителната војна на Македонија (1941-1945), 101-142.

[197] А. Т. Христов, Слободните територии како конститутивен елемент во создавањето на македонската државност во Југословенската федерација, Зб. Слободните територии. . ., 61-68.

[198] Д. Зоографски, Британские мисии во Вардарска Македонија во 1943 и 1944 година, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1984, 277-291.; Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: британските воени мисии во Македонија (1942-1945), Скопје, 2001, 64.

[199] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 80, 377.; Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 2, док. 109, 316-317.

постоечката стратегиско-тактичка интенција за префрлување на друг терен, било донесено решение за префрлување на главнината на единиците на НОВ и ПОМ на територијата на Третата оперативна зона и Мегленско во Егејскиот дел на Македонија. До 18 декември 1943 г. главнината на силите на НОВ и ПОМ пристигнале на слободната територија во Мегленско.[200]

На теренот на Мегленско, раководството на македонското ослободително движење го задржало трендот на ефикасни воени и политички чекори.[201] Сето тоа претставувало заокружување на една успешна етапа во развојот на антифашистичката војна на македонскиот народ со која била завршена исклучително успешната 1943 г. Вооружената борба била ставена во функција на остварување на македонската националноослободителна платформа, а тоа особено ќе дојди до израз во наредната 1944 г.

*-Вооружнаūа борба во 1944 īодина (до АСНОМ)*

Од почетокот на 1944 г. воено-политичкото раководство на македонското ослободително движење донело решение да се преземат офанзивни акции со кои вооружената борба ќе се разгори на целиот терен од Вардарскиот дел на Македонија. Заради тоа единиците на НОВ и ПОМ го реализрале т.н. Февруарски поход со кој тежиштето на вооружената борба се пренело и во други региони на Вардарскиот дел на Македонија, а во наредниот период и приливот на нови борци во единиците на НОВ и ПОМ бил зголемен.[202] Особено значајно е создавањето на слободната територија во реонот на Куманово-Врање, со што била загрозена најважната собраќајна комуникација на германските единици на Балканот. Тоа било причина, од крајот на април 1944 г. германските и бугарските сили да преземат опсежна воена операција за уништување на партизанските единици на овој простор и

---

200 М. Апостолски, Од Кожуф до Богомила и Козјак, Скопје, 1959, 42.

201 До крајот на годината била формирана 2. македонска бригада и биле извршни неколку успешни акции со кои бил загрозен бугарскиот систем на погранични караули. На 21 декември 1943 г. ЦК на КПМ одржал советување познато како Фуштанско советување, на кое била направена анализа на дотогашната работа и биле утврдени насоките за натамошен развој на вооружената борба. На 22 декември 1943 г. во селото Фуштани се одржал и Првиот младински конгрес со присуство на 280 делегати. М. Димитријевски, н.д., 84-89.; П. Пепељуговски, Прилози за воената историја на македонскиот народ, Скопје, 1988, 434.; Томе Груевски, Марко Илковски, Конгресите на младината на Македонија, Скопје, 1983, 28.

202 Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 19, 59-60.

обезбедување на комуникацијата Солун-Белград. Бугарската Пролетна офанзива од мај 1944 г. завршила безуспешно и покрај максималното заострување на административните и пропагандни мерки на бугарската власт на територијата под нејзина контрола.[203]

Паралелно со воените активности, константно се одвивала агитационо-пропагандна активност за популаризација на НОВ и ПОМ како „Македонска војска". Настаните и на светските фронтови поволно се рефлектирале врз оваа активност на македонското националноослободително движење.[204] Во насока на укажување на релевантноста на вооружената борба за постигнување на целите набележани во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ како основна македонска националноослободителна платформа, особено значајна е статијата на Методија Андонов–Ченто „Пред свикување на Народното собрание" од април 1944 г., во која вооружената борба била нотирана како единствен метод „за да се спечали слободата", а „општо оружано народно востание" како единствено можна форма на борба. Таа борба во контекст на светските воено-политички констелации била претставена како „преломен момент за остварување на национална слобода и рамноправност."[205]

Од средината на јули 1944 г. започнала нова етапа во развојот на НОАВМ која се карактеризира со забрзано масовизирање на единиците на НОВ и ПОМ и нивни подготовки за операциите за ослободување на Вардарскиот дел на Македонија. Во овој период, антифашистичкото расположение кај македонскиот народ се зголемило, а симпатиите кон НОВ и ПОМ биле скоро општонародни. Во јуни и јули 1944 г. жестоки борби се воделе на целиот простор на Вардарскиот дел на Македонија. Успесите на НОВ и ПОМ овозможиле во тој период да се создадат поголем број нови слободни територии кои константно се ширеле.[206]

---

[203] М. Димитријевски, н.д., 84-86.

[204] Благоја Талевски-Иван во почетокот на мај 1944 г. пишувал дека „. . .со развивањето на догаѓајите имат одлични условија за масовна работа. Доброволци за во НОВ се јавува секидневно, не само од градојте, ами и од селата. . ." Извори. . ., т. I, кн. 4, док. 77, 328.

[205] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија; Статии од весници и списанија од периодот на народноослободителната борба 1941-1944, (натаму само ИА СКМ) т. I, кн. 2, док. 34, 102-111.

[206] М. Димитријевски, Македонија во антифашистичката војна (1944-1945), Скопје, 1995, 41-75.

Првото заседание на АСНОМ било овозможено, помеѓу останатото, и заради изградената воена организација и големите слободни територии.[207] Со тоа, не само што се создале безбедни услови неопходни за одржување на АСНОМ, туку АСНОМ ја имало потребната релевантност на домашната и меѓународната политичка сцена. Имено, Македонската војска, како дел од НОВЈ, претставувала најдобриот и најголемиот гарант дека решенијата кои се донесуваат на АСНОМ ќе бидат и оживотворени и сочувани. Всушност, основната функција на Македонската војска, била токму во тоа–да претставува средство за реализирање на определбите зацртани во македонската националноослободителна платформа во текот на НОАВМ.

### Б. Антифашистичката борба во Грција и Егејскиот дел на Македонија и македонското национално прашање

*а. Антифашистичката борба во Грција*

Воениот пораз на грчката држава во април 1941 г. истовремено значел окупација и поделба на нејзината територија.[208] Војната со Италија, потоа и со Германија, и на крајот, и издржувањето на околу 250 000 окупаторски војници, набрзо целосно ги исцрпило економските ресурси на Грција и таа била зафатена со „прехранбена криза" и глад.[209] Во таква ситуација, антифашистичкото и антиокупаторското расположение постоело не само кај широките народни маси, туку и кај сите политички сили на Грција.[210] Со сето тоа, условите за развој на вооружена борба против окупаторите биле поволни.

Но, острата идеолошка поделеност на политичките сили во земјата, во практиката се рефлектирала во појава и развој на повеќе идеолошки и политички спротиставени антиокупаторски вооружени движења со што интензитетот на борбата бил послаб отколку што овозможувале објективните услови. Покрај тоа,

---

[207] М. Апостолски, Воените успеси на НОВ и ПОМ-фактор за одржувањето на АСНОМ, Зб. АСНОМ во . . ., 113-122.
[208] Т. Симовски, Априлската војна и окупацијата. . ., Историја X/1, Скопје, 1974, 240-269.
[209] Во 1942 г., особено зимата 1941/1942 г. населението во Грција тешко обезбедувало физичка егзистенција, а стапката на смртност достигнала огромни размери. Dragan Kljakić, Izgubljena pobeda generala Markosa: građanski rat u Grčkoj 1946-1949 i KPJ, Beograd, 1987, 40.
[210] D. Lukač, n.d., 128.

спротиставените вооружени антиокупаторски сили често пати биле користени за меѓусебна пресметка. Политички партии со републикански и монархистички карактер иако биле антиокупаторски орентирани, во првиот период на војната не се ориентирале кон вооружен отпор, туку ја прифатиле „политиката на исчекување". Од друга страна, КПГ била единствена сила во Грција која од самиот почеток на окупацијата се ориентирала кон вооружен отпор против окупаторите, но поради лошата организациона состојба во која се наоѓала заради апсењата во предвоениот период, не била во состојба да организира масовна вооружена борба.[211]

Сето тоа било дополнително усложнето со фактот што Грција претставувала исклучително значајна стратегиска зона за Германија, Италија и Велика Британија. Во такви услови, за грчкото ослободително движење, раководено од КПГ, било особено тешко да ја сочува сопствената самостојност во однос на британската политика.[212]

КПГ од почетокот на окупацијата се ориентирала кон постигнување на „национално единство" на сите политички сили во Грција. Веќе на 27 септември 1941 г. официјално бил конституиран Националноослободителниот фронт на Грција-ЕАМ.[213] Во него, покрај КПГ која била доминантна политичка сила, партиципирале и Социјалистичката партија, Сојузот на народна демократија и Земјоделската партија. Како основни програмски цели на ЕАМ биле нотирани, ослободувањето на земјата и потоа спроведување на слободни и фер демократски избори.[214] Вака поставените цели, всушност, претставувале обид да се води помирлива политика кон британскиот фактор со цел да се добие неговата благонаклоност.[215]

---

[211] Затоа во првиот период на окупацијата, појавата на антиокупаторски отпор била во голема мерка спонтана. Како најтипичен пример за ваквата состојба се јавува т.н. Драмско востание. На 28 и 29 септември 1941 г. околу 3.000 луѓе од Драма и околината се побуниле, зазеле неколку села од околината на Драма и ја отстраниле бугарската власт. Бугарските власти со брза и енергична интервенција на силни воени и полициски сили го задушиле востанието, а притоа имало околу 2.500 загинати и егзекутирани лица и голем број кои побегнале во германската окупациона зона. Х. Андоновски, н.д., 51-60.

[212] B. Petranović, Revolucije i. . ., 76.

[213] Р. Киријазовски, Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија (1941-1945), Скопје, 1987, 25-27.

[214] Р. Киријазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949), Скопје, 1981, 23-24.

[215] Документационо одделение на ИНИ, фонд: Странски партии-КП на Грција, к. 39, бр. 289; бр. 290; Павле Раковски, КП на Грција и Македонците, Скопје, 1990, 43-44.

ЕАМ од своето формирање како своја вооружена сила ја изградувал Грчката националноослободителна војска-ЕЛАС. Како реакција на формирањето на ЕАМ и ЕЛАС, се активирале и останатите републикански политички партии, кои го формирале Национално демократскиот грчки сојуз-ЕДЕС на чело со Наполеон Зервас и Стилијанос Гонтас. Во 1943 г., повторно на републиканска политичка основа, била формирана воено-политичката организација Национално и социјално ослободување на Грција-ЕККА предводена од Георгиос Карталис и Димитриос Псарос.[216] Во услови на доминантно антимонархистичко политичко расположение кај грчкото население, политичка или воена организација врз монархистички идејни позиции не се формирала во текот на Втората светска војна. И покрај тоа, Велика Британија, наспроти целата реална ситуација и желбите на најголемиот дел од грчкиот народ, до крај инсистирала на враќање на кралот и монархистичкото државно уредување.

Велика Британија се ориентирала кон воено и материјално помагање на ЕДЕС и преку него настојувала да ги заштити своите интереси во Грција. Меѓутоа, територијата на која дејствувал ЕДЕС на воен план, била ограничена на Западна Грција и иако ЕДЕС бил замислен како конкурентска воено-политичка организација на ЕАМ, ниту по организираноста, ниту по територијалната распространетост, ниту по воената бројност и моќ, во ниту еден момент не се претворил во сериозен ривал на грчкото ослободително движење под контрола на КПГ. Затоа, по силниот подем на ЕАМ и ЕЛАС во текот на 1942 и 1943 г., Велика Британија започнала уште посилно да го поддржува ЕДЕС и упорно да инсистира да се обединат антиокупаторските вооружени сили и да се стават под нејзина врховна команда.[217]

Таквото британско настојување вродило со плод во јули 1943 г. кога бил формиран заеднички штаб на ЕЛАС, ЕДЕС и ЕККА, и тој бил официјално признат од британската Команда за среден исток. Меѓутоа, ваквиот договор бил краткотраен. Капитулацијата на Италија и неуспешните преговори во Каиро меѓу претставници на вооружените антиокупаторски движења и грчките емигрантски

---

[216] Т. Мамуровски, Квислиншки и. . ., 169.

[217] Документационо одделение на ИНИ, Стефанос Сарафис, ЕЛАС, Атина, 1946, Сл. IV 204/I, 156.; D. Lukać, n.d., 461-463.

кругови, биле причина односите меѓу ЕАМ, од една страна, и ЕДЕС и ЕККА, од друга страна, да се заострат. Сето тоа есента 1943 г. довело до отворен вооружен судир меѓу нив, односно паралелно со антифашистичката борба се водела и граѓанска војна. За време на судирот, ЕДЕС целосно се компромитирал од гледна точка на антифашизмот, бидејќи во настојувањета да го порази ЕЛАС започнал да соработува со грчките квислиншки сили и окупаторите.[218]

Судирот меѓу ЕЛАС и ЕДЕС со силно британско инсистирање и посредување завршил со компромисен договор потпишан во местото Плака на крајот на февруари 1944 г.[219] Меѓутоа, овој договор не бил почитуван од ниедна од потпишаните страни.[220] Згора на тоа, во април 1944 г., силите на ЕЛАС и покрај особено силниот притисок од германската офанзива на теренот на Егејскиот дел на Македонија, во целост ги разбиле воените единици на ЕККА, со што уште повеќе ја заостриле внатрешната ситуација во Грција. На сето тоа кон крајот на март и почетокот на април 1944 г., се надоврзал веоно-политичкиот бунт на грчките воени сили во Египет против грчката владата во бегалство. Бунтот бил задушен со директна воена интервенција на аглиските сили, а околу десет илјади офицери и војници биле испратени во затворенички логори.[221]

Во ваква атмосфера во „грчките работи", со силно ангажирање на британската политика, во мај 1944 г. повторно се пристапило кон преговори за постигнување на „национално единство". Од тие преговори произлегол т.н. Либански договор, потпишан на 20 мај 1944 г. со кој се регулирало прашањето за формирање влада на национално единство на чело со Георгиос Папандреу.[222]

---

[218] В. Черчил, н.д., т.V, кн. I, гл. XXX, 514-515. D. Lukać, n.d, 585-586.

[219] Тодор Чепреганов, Судирот на британските и германските интереси на Балканот 1939-1945, Скопје, 2000, 194.

[220] ЕДЕС на 3 март 1944 г. потпишал таен договор со германските окупатори за соработка. D. Lukać, n.d, 585-586. Од своја страна, на 10 март 1944 г. ЕАМ формирал Политички комитет на националното ослободување-ПЕЕА, што требало да претставува извршен орган со прерогативи на влада за време на окупацијата. Со таквиот чин јасно била изразена и јавно манифестирана намерата да се освои власта во Грција уште за време на окупацијата. Егејска Македонија во антифашистичката војна, 1 јануари-31 август 1944 година, Скопје, 1987, (понатаму само Егејска Македонија. . .,) т. VII, кн. 2, док. 16, 29-33.

[221] В. Черчил, н.д., т.V, кн. I, гл. XXVI, 518-528.

[222] Под нејзина команда биле ставени сите воени сили на разните грчки антиокупаторски движења. ЕАМ и КПГ добиле пет министерски места во таа влада. Комплетниот Либански договор во: Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 37, 78.

Раководството на ЕАМ одбило да ги прифати решенијата од Либан и ги обвинила сопствените претставници на преговорите за пречекорување на овластувањата. Затегнатите, па дури и непријателски односи на ЕАМ со останатите политички сили во Грција и со британската политика, како резултат на неприфаќањето на спогодбата во Либан, траеле до пристигнувањето на советската воена мисија при ГШ на ЕЛАС предводена од полковникот Григориј Попов кон крајот на јули 1944 г.[223] Набргу по пристигањето на оваа мисија, раководството на КПГ и ЕАМ го прифатиле Либанскиот договор. Претставниците на ЕАМ во август 1944 г. ги зазеле своите места во грчката влада на национално единство, а на 26 септември 1944 г. бил потпишан и договорот во Казерта, Италија, со кој ЕАЛС била ставена под команда на коалиционата влада, која своето право да командува со сите вооружени сили на грчките ослободителни движења го префрлила на британската команда за Среден Исток.

Во тоа време, ЕЛАС контролирал 90% од територијата на Грција и пред дефинитивното повлекување на германските окупациони трупи од Грција бил единствената реална воена сила. Со самото тоа, ЕАМ и КПГ биле доминантните политички сили во земјата.[224] Од тој аспект погледнато, сите преговори и договори во летото и есента 1944 г. биле на штета на ЕАМ.

Во октомври 1944 г., веднаш по напуштањето на Атина од германските трупи, британски падобрански единици се спуштиле во Атина и без отпор го зазеле градот, а набрзо таму пристигнала грчката бегалска влада на Папандреу. Откако преговорите на грчката влада и британските воено-политички претставници со раководителите на ЕАМ и КПГ за демобилизирање на единиците на ЕЛАС завршиле неуспешно, во почетокот на декември 1944 г. започнал вооружен судир во кој британските воени сили однеле победа и ЕАМ и ЕЛАС биле принудени да капитулираат.[225]

---

[223] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција, Скопје, 1998, 27.
[224] Г. Даскалов, н.д., 669.; D. Lukač, n.d., 593.
[225] Р. Кирјазовски, Народноослободителната војна во Грција и македонското национално прашање (1941-1945), ГИНИ XXVII/3, Скопје, 1983, 231-238.

*б. Комунистичката партија на Грција, македонското национално прашање и вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија 1941-1943 година*

Во текот на Втората светска војна, антифашистичката определба на македонските националноослободителни сили од Егејскиот дел на Македонија, претставувала континуитет на нивното предвоено дејствување. Војната и поделбата на Егејскиот дел, направиле нивното понатамошно дејствување да се одвива во тешки и комплицирани услови. Тоа било, во голема мерка, условено и од нејасните, недоречените и негативните ставови за македонското национално прашање и за стратегијата и тактиката на водење на борбата од КПГ и ЕАМ во чии рамки дејствувале тие сили.[226]

КПГ окупацијата ја дочекала со предвоениот став за „рамноправност на малцинствата“. Иако било јасно дека таквиот став не е доволна политичка основа за мобилизација на македонскиот народ во антифашистичката борба, КПГ, сепак, го задржала во текот на целата војна.[227] Односот на КПГ кон македонскиот народ и неговиот национален идентитет бил, најблаго речено, нерешителен и недоследен. Од една страна, третирајќи го македонскиот народ како малцинство и признавајќи му малцински права, КПГ го признавала македонскиот национален идивидуалитет. Од друга страна, не постои програмски документ на КПГ во текот на Втората светска војна, во кој директно се признава постоењето на македонската нација. Во секој случај, недвојбено, го негирала правото на самоопределување на македонскиот народ и останатите права што произлегуваат од тоа право, а пред сè, правото на отцепување и обединување со своите сонародници од Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија.

И покрај генералната политика на „игнорирање“ на македонското национално прашање, КПГ во одредени периоди, увидувајќи дека напорите за

[226] Ставовите на ЕАМ и КПГ за македонското национално прашање секогаш треба да се разгледуваат во корелација со целокупната политика на големите сили кон Грција и „македонскиот проблем“. Опширно: Р. Кирјазовски, Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија, Зб. АСНОМ-педесет. . ., 257-269.

[227] На VI Пленум на ЦК на КПГ одржан од 1-3 јули 1941 г. кога бил заземен став за вооружен отпор против окупаторите, стратегијата и тактиката за водење на борбата биле поставени исклучиво врз грчка национална основа и мобилизација само на населението со грчко национално чувство. Т. Симовски, Некои моменти од. . . , Зб. Ослободителната војна и . . . , 219.

постигнување на „национално единство“ со граѓанските политички сили не даваат резултати, повремено упатувала апели до Македонците да се вклучат во антифашистичката борба што ја води ЕАМ.[228]

Ваквите ставови на КПГ кон македонското национално прашање ги ставила силите на македонското националноослободително движење во ситуација да дејствуваат во ограничени околности, бидејќи Македонците биле резервирани кон ЕАМ и имало услови за развој на пробугарското контрачетничко движење. И покрај тоа, партиските организации во централните и западните подрачја на Егејскиот дел на Македонија, набрзо по окупацијата почнале да се консолидираат и да преземаат активности во правец на подготовки за вооружена борба.[229] Во април 1942 г. КПГ излегла во пресрет на барањата за формирање на посебна македонска националноослободителна организација. Со дозвола на раководството на КПГ, а во рамките и под контрола на ЕАМ, во Воденско, била формирана Македонска антифашистичка организација-МАО. Набрзо се изградила организационата структура и започнал да се издава весникот „Црвена ѕвезда“ на македонски јазик со грчки букви.[230]

Во пролетта и летото 1943 г. негативниот однос на ЕАМ и ЕЛАС кон Македонците целосно избил на површина со неколку сосема непотребни и неоправдани акции на силите на ЕЛАС против некои македонски села, лажно маркирани како контрачетнички и со пишувањето на нелегалните весници на КПГ за тоа дека воопшто не постои македонското национално прашање во Грција.[231] Резултатот од ваквите воено-политички аномалии на ЕЛАС, било губењето на довербата кај македонското население во ЕАМ и ЕЛАС и појава на можноста тие во целост да ја загубат политичката контрола врз териториите населени со македонско население. Затоа, есента 1943 г. раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС започнале со

---

[228] Р. Кирјазовски, Демократски и. . ., 90.

[229] Х. Андоновски, н.д., 65-66.; Вангел Ајановски–Оче, Егејски бури, Скопје, 1975, 85-87.

[230] Наум Пејов, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање, Скопје, 1953, 14-15.

[231] Бидејќи во Егејскиот дел „нема веќе национална испомешаност. . ., словенското и турското население се иселени согласно конвенциите“, односно дека „Македонија по размената на населенијата, е толку грчка колку што е Атинската област Атика.“ П. Раковски, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското народноослободително движење, ГИНИ XXVI/2-3, Скопје, 1982, 254-255.

еден „поеластичен" однос кон македонското националноослободително движење.[232] Тогаш бил формиран ПО „Лазо Трповски" составен само од Македонци и биле формирани одделни, Словеномакедонски народноослободителен фронт (СНОФ) за Костурско и Леринско, чии програмски определби во целост биле врз антифашистичка и македонска национална основа.[233] Фактички, со тоа бил отворен процес за институционализирање на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија

### *в. Комунистичката партија на Грција, македонското национално прашање и вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија во 1944 година*

Во контекст на германските активности за обезбедување на поширокиот простор на Балканот од евентуално англо-американско истоварување, територијата на Егејскиот дел играла првостепена улога. Заради тоа, од почетокот на 1944 г. против партизанските единици на тој терен биле преземени низа офанзивни воени операции со намера тие да бидат целосно уништени.[234] Притоа, дошло до целосна соработка и заедничко дејствување на германските и бугарските војски и воените формации на грчките националистички и квинслишки организации.[235]

КПГ не го променила својот однос кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија и нивното националноослободително движење.[236] И покрај тоа, македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, презело воено-политичка офанзива во Костурско против голембугарската пропаганда и контрачетничкото движење, а со одржувањето на Втората окружна

---

[232] Т. Симовски, Македонското национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ, ГИНИ XIV/2-3, Скопје, 1970, 35.; Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда во. . ., 52-56.

[233] На 20 октомври 1943 г. во селото Дембени бил формиран СНОФ за Костурско, а во ноември 1943 г. во селото Белкамен и СНОФ за Леринско. Т. Мамуровски, Паскал Митревски и неговото време (1912-1978), Скопје, 1992, 22.; Х. Андоновски, Организацијата СНОФ во Леринско, Костурско и македонскиот реонски комитет на КПГ во Воденско, ГИНИ X/2-3, Скопје, 1966, 5-12.; П. Раковски, За корените на злото, Историја, XIII/1, Скопје, 1977, 88.

[234] Документационо одделение на ИНИ, Георгиос Кикицас, Од дејноста на ЕЛАС во Македонија 1940-1945, Сл. IV 523, дел втори, 375.

[235] Р. Кирјазовски, Дејствата на бугарската армија во централна Егејска Македонија (1943-1944), ГИНИ 46/1, Скопје, 2002, 17-23.

[236] Така, на пример, на 16 мај 1944 г., Националниот совет на ПЕЕА прокламирал јавен Поздрав до народот во Македонија и Тракија, во кој зборува за „чистиот грчки бит" на овие територии, што ги прави „неразделни делови на Грција." Егејска Македонија. . ., т. I, док. 104, 117.

конференција на СНОФ за Костурско во април 1943 г. уште еднаш дополнително укажала на значењето од постоење на македонска национаноослободителна организација за развојот на вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија[237]

Но, грчкото ослободително движење под контрола на КПГ, настојувајќи да се спогоди со останатите политички сили за постигнување на „национално единство" и да ја добие благонаклоноста на британската политика, повторно започнало со редуцирање на македонските национални права. Правењето компромиси со политички сили надвор од ЕАМ, ја присилувале КПГ да биде особено внимателна по однос на националното прашање. Едноставно, не било можно да се создаде „национално единство" со антиокупаторските политички сили од земјата и во бегалство, и истовремено, да се остане и опстане и на минимална афирмација на посебноста на македонскиот народ во Егејскиот дел. Тие политички сили од Грција еднодушно и безрезервно биле не само против таквата солуција, туку и против физичкиот опстанок на македонскиот народ во грчката држава. Обвиненијата за тоа дека КПГ има антигрчки карактер од предвоениот период, стоеле како „дамоклов меч" врз политиката на Партијата.[238]

Од тие причини, раководствата на КПГ и ЕАМ кон крајот на април 1944 г. започнале да преземаат чекори за укинување на СНОФ, преку вклучување на неговите структури во ЕАМ. Тоа предизвикало одделување на група македонски борци од ЕЛАС и нивно преминување во Вардарскиот дел на Македонија.[239] Преземената антимакедонска пропагандна кампања и репресивни мерки врз активистите на македонското националноослободително движење во Костурско и Леринско, го одалечило македонското население од ЕАМ и го намалило неговото учество во вооружената борба.[240] Во Воденско, пак, особено видливо било засилувањето на пробугарското контрачетничко движење, па затоа со знаење, дозвола и поддршка на КПГ за Воденско и тамошниот инструктор на МБ на КПГ,

---

[237] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 17, 31-33; dok. 71, 81-83..

[238] Затоа, за одделените македонски борци кои „манифестираат и прокламираат автономистички тенденции", во рамките на КПГ се сметало дека им даваат аргументи на окупаторот и на неговите агенти за обвинувања „дека сакаме отцепување на Македонија од Грција." KPG i. . ., dok. 68, 187-189.

[239] Исто, док. 112, 127.; Н. Пејов, Прилози за. . ., 37.

[240] КПГ и. . ., док. 75, 201.

уште на 27 мај 1944 г. се формирала „Комунистичката антифашистичка воена организација на Македонците-Словени на Воденскиот округ“.[241]

За надминување на судирот меѓу ЕАМ и ЕЛАС, од една страна, и македонското национаноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија кон средината на јуни 1944 г., бил постигнат компромисен договор помеѓу делегација на 9. дивизија на ЕЛАС и Добривое Радосављевиќ–Орце како претставник на КПЈ и КПМ.[242] Со тој договор, одделените македонски борци се враќале во ЕЛАС, а таму требало да се формираат одделни македонски партизански единици. На 16 јуни 1944 г. бил формиран Воденскиот македонски баталјон во состав на 30. бригада на ЕЛАС,[243] а на 2 август 1944 г., во селото Поздивишта, Костурско, бил формиран Леринско–костурскиот македонски баталјон во состав на ЕЛАС.[244]

Со тоа, иако и понатаму имало заложби во редовите на ЕАМ и ЕЛАС да се редуцира учеството на Македонците во антифашистичката борба, сепак, започнал процес на константно зголемување на учеството на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во антиокупаторската вооружена борба.[245] Во текот на јуни, јули и август 1944 г. единиците на ЕЛАС бројно се зголемиле и на целата територија на Егејскиот дел на Македонија ги засилиле нападите против германските окупатори. Но, повторните преговори на КПГ и ЕАМ со политичките сили кои биле надвор од ЕАМ, со емигрантските грчки политички кругови и британската политика, набрзо се одразиле со ограничувања на националните права на Македониците, што пак, предизвикало повторно одделување на македонските партизански единици од составот во ЕЛАС, нивно преминување во Вардарскиот дел на Македонија.

---

[241] Исто, док. 71, 195-198. На 15 јуни 1944 г., во Воден под директна команда на германски офицери била формирана т.н. Трета македонска дружина-„Охрана“. Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда. . ., 120-121.; Д. Даскалов, н.д., 538-540.

[242] Составена од Ренос Михалеас и Ташос Кондурелис. КПГ и. . ., док. 75, док. 84, 215.

[243] П. Раковски, Формирање баталјон на Кајмакчалан, в. „Комунист“, Скопје, г. XXIX, бр. 738, 14 мај 1971.

[244] ДАРМ Подрачно одделение Битола (ПО-Битола), Збирка фотокопии од Архив Војноисториског института (АВИИ) бр.716, АК. 234, АЕ:11-28/1.; Р. Кирјазовски, Македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 1987, 75-76.

[245] На 26 август 1944 г. се одржал Вонредниот проширен пленум на Обласниот комитет на КПГ за Македонија на кој било одобрено прифаќањето на Либанскиот договор, а било решено да се прекине со регрутација на Македонците од Егејскиот дел и да не се дозволи формирање на нивни покрупни воени единици. Р. Кирјазовски, Демократски и. . ., 73-74.

## В. Антифашистичката борба во Бугарија и Пиринскиот дел на Македонија и македонското национално прашање

*а. Антифашистичката борба во Бугарија и Пиринскиот дел на Македонија*

Заради низа надворешни и внатрешни воено-политички причини, во Бугарија не постоеле благопријатни услови за развој на антифашистичко ослободително движење и вооружена борба. Пред сè, Бугарија не се нашла во позиција на окупирана земја. Административниот и воено-полицискиот државен апарат, бил не само зачуван, туку и зајакнат. Биле задржани и основите на парламентаризмот, но истовремено, биле донесени дополнителни закони против опозиционите политички сили. Задоволувањето на голем дел од големобугарските територијални аспирации со директно учество на Германија, придонело да зајакне политичката основа и позициите на домашните, фашистички и прогермански политички сили.[246]

Бугарската комунистичка партија во почетниот период зазела став за непостоење на услови за вооружена борба и се ориентирала кон „упорна, методична, најширока и најуверлива“ разјаснувачка работа и борба за економските и социјални права на населението.[247] Веднаш по нападот на Германија врз Советскиот Сојуз, ПБ на ЦК на БКП донел решение да се организира вооружена борба со цел да се собори монархофашистичката власт. Притоа, тргнувајќи од проценките дека не постојат поволни услови за подигање на општонародно востание, БКП не се ориентирала кон организирање на масовна вооружена борба, туку, пред сè, на саботажи и диверзии и другите форми на невооружен отпор.[248] Како една од најважните задачи кои биле поставени пред комунистите била политичката работа за „революционализирање на војничките маси“, со што во зготен момент бугарската армија би се претворила од сила на фашизмот во сила на револуцијата.[249] На крајот, ефектите од оваа работа на

---

[246] Н. Велјановски, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1941-1944, Скопје, 1996, 25.
[247] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 384, 1047-1051.; Българската комунистическа партия в резолюции и решения на конференциите и пленумите на ЦК, София, т. III, 1924-1944, 447-450.
[248] ДАРМ, фонд: ЦК на БРП(к), к. 34/а, бр. 221.; Борис Стойнов, Бойните групи, София, 1969, 15-21.
[249] ДАРМ, фонд: ЦК на БРП(к), к. 34/а, бр. 1380.

која ѝ се придавало исклучително големо внимание во БКП, биле минимални.[250] Во секој случај, сите тие форми не воделе кон активна политичка улога на БКП.

Со цел да се постави бугарското антифашистичко ослободително движење врз широка политичка основа, во 1942 г. од страна на ЦК на БКП бил формиран Татковинскиот фронт-ОФ. Тој, според програмата јавно изнесена преку радиостаницата „Христо Ботев“ на 17 јули 1942 г., како основна и непосредна задача си поставил соборување на профашистичката влада и создавање на „вистинска национална влада“, која ќе подготви услови за свикување на едно народно собрание кое ќе „ја определи идната форма на управување“. Во задачите, не само директно, туку ни индиректно, не била набележана вооружената борба.[251] И покрај тоа, како резултат на првите неуспеси на Германија на големите светски фронтови и првите знаци на слабеење на владеачкиот режим во Бугарија, партизанското движење во Бугарија во 1942 г. бележело подем.[252]

Во 1943 г. раководството на бугарското антифашистичко ослободително движење предводено од БКП, ставило поголем акцент врз активностите за развој на вооружената борба, односно врз формирањето и дејствувањето на партизанските единици и останатите сегменти од воената организација. Била проширена политичката основа на ОФ со вклучување во неговата Централна комисија, на претставници и од неколку други политички партии, групи и поединци и бил формиран Национален комитет на ОФ.[253]

Во пролетта 1944 г., кога веќе било сосема јасно дека се приближува целосниот воено-политички пораз на Германија и кога било видливо зголеменото антифашистичкото расположение на населението, се забележуваат и првите

---

[250] М. Апостолски, Погледи врз југословенско-бугарските односи во Втората светска војна, Скопје, 1980, 147.

[251] Българската комунистическа партия в резолюции и решения. . ., т. III, 451-453.

[252] Биле формирани 18 партизански чети, и првите два ПО, Средногорскиот „Христо Ботев“ и Родопскиот „Антон Иванов“. Никифор Горненски, Въоръжената борба на българския народ за освобождение от хитлеристката окупация и монархо-фашистката диктатура (1941-1944г.), Сборник, Социалистическата революция в България, (понатаму: Сб. Социалистическата. . .), София, 1965, 154-159.

[253] Во март 1943 г. било донесено решение за формирање на Народноослободителна востаничка армија (НОВА), а територијата на Бугарија била поделена на 12 востанички оперативни зони (ВОЗ). Пролетта и летото биле формирани 20 нови ПО и 12 нови партизански чети. Била зголемена и активноста на борбените групи во градовите Н. Горненски, н.с., Сб. Социалистическата. . ., 162-165.

сериозни знаци на подготовка на Бугарија да излезе од Војната.[254] Во согласност со таквите тенденции НОВА и ОФ во летото 1944 г., доживувала особен воен и политички подем.[255] По капитулацијата на Романија во август 1944 г., на 5 септември, СССР ѝ објавил војна на Бугарија, а советските војски на 8 септември 1944 г. влегле на бугарска територија, а бугарските владеачки кругови наредиле да не се дава отпор на советското навлегување. Бугарија била принудена да потпише безусловна капитулација, а истовремено ОФ ја презел власта во земјата.[256]

* *
*

Организирањето на антифашистичка борба во Пиринскиот дел на Македонија, било во рамките на политиката на БКП. Политичките и воените концепции на раководството на БКП и ОФ за методите и средствата на борба, не претставувале поволна рамка за развиток на македонското националноослободително движење и вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија. Единствено како погодност се јавувало постоењето на сопствени големи кадровски потенцијали со долготрајно револуционерно искуство.[257]

Нападот од фашистичка Германија врз Советскиот Сојуз на 22 јуни 1941 г. придонел за зголемување на антифашистичкото расположение кај Македонците во Пиринскиот дел, што претставувало дополнителна поволна околност за организирање на вооружена борба. Истиот ден, Обласниот комитет на БКП за Пиринскиот дел на Македонија одржал состанок во Горна Џумаја на кој било донесено решение за отпочнување на забрзани подготовки за вооружена борба.[258] Наредните денови, во повеќето околиски организации на БКП во Пиринскиот дел на Македонија биле преземени поинтензивни подготовки за вооружена борба, а во некои биле формирани посебни групи од партиски членови за работа во тој правец. Партиските организации во овој период биле особено активни во собирањето на

---

[254] Сталин и българският комунизъм. . ., док. 39, 135-137.; Мирослав Стојиљковић, Савезници и Бугарска у првој половини и лето 1944 године, Зб. АСНОМ во. . ., 329-342.
[255] Тогаш НОВА нараснала на една дивизија, девет бригади и 37 ПО и имало многубројни судири со војската и полицијата. Ф. Христов и други, Участието на България в разгрома на хитлериска Германия (септември 1944-май 1945), София, 1975, 17.
[256] История на антифашистката борба в България, т. II, София, 1976, 250-252. Б. Јелавич, Историја на Балканот, кн. 2, 303.
[257] Георги Мадолев, Въоръжената борба в Пиринския край 1841-1944, София, 1966, 72.
[258] Г. Мадолев, н.д., 42-45.

оружје и друг воен материјал.[259] На 27 јуни 1941 г. со престрелката на Иван Козарев кај с. Добриништа, Разлошко, со полициска патрола, не само што бил најавен почетокот на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија, туку тоа било првата вооружена акција во цела Бугарија.[260] Набрзо по овие настани била формирана првата партизанска чета во Разлошко, а нешто подоцна и во Горноџумајско.[261]

Особено значаен момент за понатамошниот развој на македонското националноослободително движење во Пиринскиот дел на Македонија, било поставувањето на Никола Парапунов за раководител на Обласниот комитет на БКП. Под негово раководство биле уште повеќе засилени активностите за развивање на вооружената борба. Кон крајот на септември 1941 г. била одржана и Партиска конференција за Пиринската област, со присуство на најактивните членови на македонското националноослободително движење и биле утврдени правците на активност за наредниот период.[262]

Дезактивирањето на партизанските чети во зимата 1941-1942 и репресивните мерки на власта, придонеле македонското националноослободително движење во почетокот на 1942 г. да претрпи сериозни загуби. Писмото на Никола Парапунов до целото партиско членство во Пиринскиот дел на Македонија од есента 1942 г. настојувало да ја надмине создадената дефетистичка атмосфера настаната поради загубите.[263]

Со формирањето на Народноослободителната востаничка армија-НОВА, Пиринскиот дел претставувал Четврта востаничка оперативна зона со центар во Горна Џумаја. Била засилена целата активност, а поголем акцент бил ставен врз

---

[259] Димитар Митрев, Пиринска Македонија, Скопје, 1986, 229.; Васил Јотевски, Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонја 1944-1948 година, Скопје, 1996, 28.
[260] Н. Горненски, н.с., Сб. Социалистическата. . . , 152-154.
[261] Г. Мадолев, н.д., 52-54.
[262] В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 29.
[263] Летото 1942 г. во Разлошко во реонот Блаца била формирана партизанската чета „Јаким Цоков", а била возобновена и партизанската чета која била расформирана на крајот од 1941 г. И. Катарџиев, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија. . ., Зб. Основањето и. . ., кн. 2, 757.; В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 30-31.

формирањето и активностите на партизанските единици и развојот на вооружената борба.[264]

На 4 мај 1943 г. пред борците од ПО „Јане Сандански", политичкиот комесар Георги Мадолев, одржал историско-политичко предавање по повод годишнината од смртта на Гоце Делчев, а два дена подоцна и по повод годишнината од Мајскиот манифест. До есента 1943 г., ПО „Јане Сандански" константно ја зголемувал својата бројна состојба, што било причина да биде поделен на три помали групи кои одделно дејствувале и до крајот на 1943 г. развиле голема воено-политичка активност што во голема мерка го подигнала степенот на развој на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија.[265]

Нагорниот развој, предизвикал контрареакција од бугарската власт која ги зајакнала репресивните мерки. На 9 декември 1943 г. во полициска заседа бил убиен Никола Парапунов со што македонското националноослободително движење во Пиринскиот дел на Македонија претрпело ненадоместлива загуба, а понатамошниот развој на вооружената борба во голема мерка бил успорен.[266] На ова, се надоврзало и убиството на група од 9 партизани од ПО „Никола Калапчиев", заедно со командирот Арсо Пандурски на 29 јануари 1944 г.

Сепак, во летото 1944 г. партизанското движење во Пиринскиот дел на Македонија имало нагорен развој.[267] Преземањето на власта од страна на ОФ, го означувало крајот на прогерманската власт во Бугарија. Во Пиринскиот дел на Македонија, на 8 и 9 септември 1944 г., без отпор од бугарската војска и полиција, паритизанските единици и организациите на БКП и ОФ во сите населени места ја презеле власта. Со тоа, народноослободителната борба на македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија завршила победоносно.

---

[264] Г. Мадолев, н.д., 114-116.

[265] В. Јотевски, Никола Парапунов, Скопје, 2004, 96-97.; Д. Митрев, Пиринска Македонија, 234.

[266] Документационо одделение на ИНИ, Биографија на Марика П. Георгиева–Меѓдуречка, Сл. IV 117, 93.; В. Јотевски, Никола Парапунов, 105-109.

[267] Тогаш биле формирани два нови ПО „Јане Сандански" и „Антон Попов". История на антифашистката борба в България, т. II, 107-122175.

*б. БКП и македонското национално прашање (април 1941-септември 1944)*

Предвоениот став на БКП за признавањето на македонскиот национален идентитет и „право на самоопределување на македонскиот народ“, со пренесувањето на Втората светска војна на Балканот и окупацијата на Македонија официјално не бил променет и напуштен, но не бил нуту премногу често и јасно подвлекуван и истакнуван. Тоа било израз на тактиката на чекање на поповолни можности за БКП во процесот на решавање на македонското национално прашање, односно за остварување на претензиите за доминација врз македонското националноослободително движење. Таквото тактизирање, на моменти, од поедини раководители на БКП се претворало во директно или индиректно негирање на самобитноста на македонската национална свест.

Окупацијата на територии на Југославија и Грција од страна на Бугарија и создавањето на национална еуфорија дека се извршило „обединување“ на бугарски национални територии, во првите моменти ја ставиле БКП, најблаго речено, во деликатна ситуација. Таа, едноставно, не можела да да го прифати ставот на бугарската фашистичка власт, а и не можела отворено да го нападне и осуди.[268] Сосема очигледно, политичкиот прагматизам бил основниот двигател во дејствувањето на БКП во однос на правото за „самоопределување“ на македонскиот народ. Дилемите и тактизирањето кои се јавиле во самиот почеток на окупацијата, ќе создаваат впечаток дека БКП не е против бугарското „национално единство“ постигнато со припојувањето на територии од Вардарскиот дел на Македонија, туку само против начинот и методите со кои тоа е постигнато.[269]

Во почетокот на мај 1941 г. во директивното писмо од секретарот на ЦК на БКП, Трајчо Костов „ослободувањето“ на новите територии имало третман на „окупација“.[270] Без разлика на таквиот став, до 10 мај 1941 г., БКП организационо ја поврзала партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија кон себе.

---

[268] БКП, Коминтернът и . . ., т. втори, док. 382, 1045-1046.

[269] Таков е примерот формирањето на посебна партиска комисија на БКП од три члена кои требало да ги подготват партиските организации од Македонија и Тракија организационо да се приклучат кон БРП. Л. Мојсов, БРП (к) и македонското национално прашање, Скопје, 1978, 83-85. Постоењето на комисијата, само по себе сугерирало дека БКП ја признава новонастанатата реалност и го почитува принципот „една држава–една партија“.

[270] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 384, 1047-1051.

Веднаш, за тоа и за фактичката ситуација во која постои изразито силна македонска национална свест во Вардарскиот дел на Македонија, бил информиран ИК на КИ.[271]

Меѓутоа, дека во рамките на БКП постоеле дилеми и неединство околу прифаќањето на одделната македонска национална индивидуалност, сведочи писмото на Трајчо Костов потпишано со псевдонимот „Григоров", кое претставува одговор на ставовите изнесени за македонското национално прашање и Македонија во „писмо" од непознат автор, но сигурно од високите кругови на БКП.[272] Во тоа писмо, непознатиот автор застапува големобугарски ставови во однос на македонското национално прашање, во „Писмото од Григоров" се брани ставот на БКП за признавањето на самобитноста на македонската национална свест.[273]

---

[271] Во телеграмата до ИК на КИ од 10 мај 1941 г. биле упатени и информации во врска со општата ситуација во Вардарскиот дел на Македонија кои заслужуваат посебно внимание од македонски национален аспект. Според тие информации, „една третина од од населението (претежно младината) имала јасно оформено македонско сознание. 1/3 (постарото поколение) со бугарско национално сознание, а останатото 1/3-неоформени наполно, но со симпатии кон македонското сознание". ЦК на БКП информирал дека се планирало да се помогне македонската партиска организација да „издава свој орган на македонски јазик". БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 385, 1051-1052.

[272] ДАРМ, фонд: ЦК на БРП (к), кутија 34/а, бр. 2395. Тоа е документ кој долги години во историографијата се сметало дека е од Тодор Павлов. Всушност, се работи за „писмо" кое уште во 1941 г. кружело низ партските организаци во Македонија и уште тогаш имало „уверување" дека е од Тодор Павлов. Боге Кузмановски, Борба за победа на ставовите на КПЈ во 1941 година, Зб. Скопје во. . ., т. I, кн. 1, 151. Самиот Тодор Павлов, по завршувањето на Втората светска војна го одрекувал авторството на тоа писмо, дури тврдел дека никогаш не напишал писмо во 1941 г. во кое го негира постоењето на македонската нација. С. Нешовиќ, Југословенско-бугарските односи во неодамнешното минато, Скопје, 1973, 176. Историографијата во Македонија, во Југославија и во Бугарија, немајќи подобро објаснување на кого е упатено „писмото од Григоров", со не баш цврсти аргументи, останале да сметаат дека тоа е писмо од Тодор Павлов. Од друга страна, редакцијата на „БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), София, 1998, т. втори", истото писмо, како документ бр. 386, на страна 1052-1055, го насловува „Писмо од Методи Шарло до ЦК на БРП(к) по прашања за линијата на партијата за решавање на македонското прашање, за карактерот на населението во Македонија. . ." Редакцијата укажува дека на крајот на документот со рака е забележано дека го примил на „20 VI 1941 г. П-в". Најверојатно, „П-в" е елемент кој дополнително влијаел врз поранешната констатација дека писмото е на Тодор Павлов. Но, вели „го примил", а не го пратил. Меѓутоа, нејасно од кои причини, како што се гледа од цитираниот наслов, редакцијата за автор на писмото го смета Методија Шаторов–Шарло. Не исклучувајќи ја во целост таквата можност, но со оглед на спротивните ставовите на Шарло, и пред ова писмо и после него, за прашањата кои се третираат, без некое дополнително објаснување, ќе го сметаме како писмо од непознат автор.

[273] Големобугарските и антимакедонски позиции во писмото од непознатиот автор, се особено видливи од констатацијата дека „прашањето дали македонците се одделна нација или се македонски бугари" треба да се затвори и дека „за ВИСТИНСКИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА СО ГОДИНИ СЕ БОРЕЛЕ НЕ САМО ТАКА НАРЕЧЕНИТЕ МАКЕДОНСКИ СЛОВЕНИ, ТУКУ И МАКЕДОНСКИ БУГАРИ. . ." (големите букви во оригиналот-б.м.). ДАРМ, фонд: ЦК на БРП (к), кутија 34/а, бр. 2395. Трајчо Костов нагласил

Организационото поврзување на партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија со БКП, предизвикал судир со КПЈ. Преку испраќањето на Петар Богданов како нејзин претставник, БКП безуспешно се обидела да го сочува Методија Шаторов–Шарло на чело на ПК за Вардарскиот дел на Македонија и да ја зачува партиската организација во своите рамки.[274] Сепак, врз основа на препораката од ИК на КИ да се воспостави „најтесна соработка“ меѓу БКП и КПЈ на теренот на Македонија, кон крајот на октомври 1941 г. во Скопје пристигнал Бојан Б'лгарјанов, како претставник на БКП при ПК за Македонија.[275]

Во декември 1941 г., ЦК на БКП објавил посебен проглас со наслов „За слобода, рамноправност и самоуправување на Македонија“ во кој бил изнесен јасен став за постоењето на одделна македонска национална свест, а ставовите сосема коректно, биле во согласност со линијата на КПЈ за вооружена борба и укажувањата на КИ.[276] Меѓутоа, контрадикторно на вака јавно презентираните ставови, се настојувало да се насочи ПК во Македонија кон откажување од вооружената борба.[277] Во февруари 1942 г., и ЦК на БКП преку каналите на КИ, направила обид да „истурка“ македонските партиски организации „да се обединат во самостојна македонска партија. . .“[278] Сето тоа сведочи дека БКП, или повторно настојувала да воспостави директна контрола или да го зголеми сопственото влијание врз партиската организација во Македонија. Секако, во функција на претензиите за доминантно влијание врз решавањето на македонското национално прашање во наредниот период.

---

дека БКП мора да се „сообразува со фактите“, кои говореле дека „еден голем дел од македонското население е веќе со македонско, а не со македонобугарско сознание“. БКП, Коминтернът и. . ., док. 387, 1056-1060.

[274] Со решение на КИ од 23 август 1941 г. партиската организација била вратена во состав на КПЈ. БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 388, 1060.

[275] Со решението на ИК на КИ за организационата припадност на КП од Вардарскиот дел на Македонија освен упатувањето на меѓусебна соработка, КПЈ и БКП се упатувале да „заземат став за самоопределување на македонскиот народ.“ ИА КПЈ, т. VII, док. 20, 50.

[276] Исто, док. 34, 82-86.

[277] Исто, док. 36, 89-93. Бојан Б'лгарјанов, на оваа линија, настојувал да врши влијание врз ставовите на ПК во правец на избегнување на вооружената борба. Подоцна, во 1943 г., таквата работа на Бојан Б'лгарјанов, била критикувана од високиот функционер на БКП, Штерју Атанасов. ДАРМ, фонд: ЦК на БРП(к), к. 34/а, бр. 298.

[278] Тито, Собрани дела, т. 9, 271.

Недоследноста на раководството на БКП кон македонското национално прашање се огледа и во обидот да ја задуши дискусијата во рамките на ОФ по македонското национално прашање во втората половина на 1943 г.[279] Меѓутоа, реалните случувања не ѝ дозволувале на БКП во целост да го држи затворено македонското национално прашање и да не се изјаснува за него.

Како резултат на дискусијата во ОФ, кон крајот на 1943 г. била публикувана Декларацијата на Националниот комитет на ОФ во која биле изнесени ставовите кон македонското национално прашање и кои во најголема мерка биле ставови на БКП како највлијателна политичка сила во рамките на ОФ.[280] Во Декларацијата со наслов „Отечествениот фронт за македонското прашање", фигурирал ставот за самоопределување на „населението" во Македонија, а Македонија била прогласена за „лулка на бугарската преродба." Според Декларацијата, БКП и ОФ се изјасниле за прифаќање на паролата „МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ", односно за „целосна, слободна и независна Македонија" која нема да се присоединува кон ниту една балканска држава.[281]

Најпрво, Декларацијата воопшто не прецизирала дали Македонците се одделна националност или нешто друго. Напротив, со инсистирање на историското значење на Македонија за бугарската нација, всушност, индиректно се сугерирало дека Македонците се Бугари. Особено чудно делувало неспоменувањето на Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ, иако во раководството на БКП биле сосема информирани за нејзиното одвивање. Натаму, ставовите во Декларацијата, во целост го оставале отворено македонското национално прашање, односно за државно правниот статус на Македонија допрва

---

[279] Со образложение дека таквата дискусија не кореспондира со „најблиските задачи на ОФ„ и „би го одвлекла вниманието" од непосредната цел на борбата „соборување на монархофашистичкиот режим". Ставот на ЦК на БКП во тие внатрешни преговори во ОФ, бил дека постои можност „самоопределена Македонија да посака да биде во заедница со Бугарија", но сметала дека тоа е „повоено прашање". Ц. Драгойчева, н.с., сп. Септември, XXX/1, София, 1979, 5-10.

[280] Претставникот на БКП во раководството на ОФ, Кирил Драмалиев кој е еден од авторите на Декларацијата, и тоа најверојатно највлијателниот, во октомври 1943 г. ја публикувал својата теза „дека Македонците се Бугари, а Македонија света бугарска земја". М. Михајлов, Погледите на Кузман Јосифовски–Питу за АСНОМ, Зб. АСНОМ-педесет. . ., 135-136.

[281] ДАРМ, фонд: ЦК на БРП(к), к. 34/а, бр. 283.; БКП, Коминтернът и. . ., док. 398, 1083-1085.

требало да се решава.[282] Имено, државноправното конституирање на Македонија се сместувало во некаква идна балканска или јужнословенска федерација. Тоа немало никаква реална подлога, бидејќи со решенијата на АВНОЈ, македонското национално прашање можеби еднострано и делумно, но веќе било во фаза на решавање во рамките на новата југословенска заедница која ја изградувало југословенското ослободително движење.[283] Всушност, во таквиот балкански воено-политички контекст, поставувањето на македонското национално прашање како општобалканско или бугарско национално прашање, за БКП значело директно конфронтирање со КПЈ која во тие моменти била посилна од секој аспект.[284] Дека таквото поставување претставувало грешка, сведочи искажувањето на Георги Димитров на 8 јануари 1944 г., по кое БКП во тие моменти не требала да го издига „лозгунот за самостојна, независна Македонија“.[285]

Затоа, на почетокот на 1944 г. на барање на Георги Димитров, односно ЗБ на ЦК на БКП, Димитар Влахов и Владимир Поптомов изготвиле детален, студиозен писмен приказ за македонското национално прашање. Во него, тие истакнале дека БКП нема јасен став во врска со македонското национално прашање и препорачувале да истапи со ставот „за самоопределување на македонскиот народ, за автономна Македонија, за обединување на македонскиот народ“. Решението на АВНОЈ било позитивно оценето, а „балканското решение“ се отфрлало, со констатиција дека „реалните услови за создавање на таква федерација засега не се гледаат“.[286]

На 15 април 1944 г., Георги Димитров во писмо до советските раководители Сталин и Вјечислав Молотов, изнел дека БКП „смета дека правилното решавање на

---

[282] А. Христов, Создавање. . ., т. трети, 52.; Георги В. Димитров, Становище и политика на БКП по македонския въпрос, Благоевград, 1971, 39.

[283] Л. Панајотов и други, н.д., 93.; Н. Велјановски, Македонија 1945-1991-државност и независност, Скопје, 2002, 34.

[284] Јосип Броз Тито остро реагирал за Декларацијата до Георги Димитров во Москва, на 24 јануари 1944 г. Тито, Собрани дела, т. 18, 220; Негативни реакции имало и кај македонското националноослободително движење, особено од Кузман Јосифовски–Питу, во неговото писмо од 3 јануари 1944 г. Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 13, 114-115.

[285] За решението на АВНОЈ во поглед на Македонија, Димитров констатирал дека се „голем чекор напред“, а во услови на соработка на „независна Бугарија и независна Југославија“ односно после војната, сметал дека „националното прашање може да се реши со арбитража на СССР“. БКП, Коминтернът и . . ., т. втори, док. 400, 1086-1087.

[286] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 30, 117.

прашањето за иднината на Македонија само врз основа на братската согласност меѓу Југославија и Бугарија, со почитување на волјата на самото македонско население и во содејство на Советскиот Сојуз...“[287]

Георги Димитров, за разлика од предвоениот период, во овие моменти стоел на позиции на негирање на македонскиот национален идентитет и се изјаснил дека Македонија може да ја добие својата слобода и државност, независно од „етнограф(скиот) конгломерат, којашто таа го претставува“.[288] Сосема очигледно, Димитров „заборавил“ на сопствените предвоени ставови за одделната македонска национална индивидуалност, ги изгубил од предвид фактите од Македонија за целосно зацврстената македонска национална свест кај македонскиот народ на кои укажал Трајчо Костов уште во мај 1941, а „заборавил“ и на фактот дека македонскиот народ предводен од македонското националноослободително движење веќе две години преку вооружена националноослободителна војна сосема јасно и недвосмислено го потврдил својот одделен македонски национален идентитет. Во светлина на ваквите ставови, залагањето на БКП и ОФ за лозгунот „Македонија на Македонците“ и за некаква „целосна, слободна и независна Македонија“ ја добиваат старата, веќе видена по Првата светска војна, големобугарска димензија, по која македонската државност е само етапа за присоединување кон Бугарија. Во тогаш актуелната ситуација, таквите ставови биле анахронични и кога би имале практична тежина во целост би го искомплицирале решавањето на македонското национално прашање. Сепак, југословенското ослободително движење веќе ја имало водечката улога околу „балканските работи“, па ставовите на Георги Димитров и БКП не можеле да бидат од решавачко значење.

А надмоќните позиции на југословенското ослободително движење и КПЈ во однос на македонското национално прашање се потврдуваат и во одговорот на Георги Димитров од 28 јули 1944 г. на писмото од Јосип Броз Тито.[289] Имено, критиката на Тито по сите прашања скоро без забелешки била прифатена, а се

---

[287] БКП, Коминтернът и..., т. втори, док. 410, 1102-1103.

[288] Исто, док. 414, 1107.

[289] Јосип Броз Тито во почетокот на јули 1944 г. напишал до Георги Димитров писмо кое содржело остра критика на БКП по однос на нивните ставови и практика кон југословенското ослободително движење, кон македонското национално прашање, но и воопшто кон пристапот за антифашистичка вооружена борба во Бугарија. Тито, Собрани дела, т. 21, 3-8.

потврдувала решавачката улога на југословенското ослободително движење во македонското национално прашање.[290] Меѓутоа, Георги Димитров и БКП биле далеку од тоа да се прифати „југословенското решение“ во целост, односно да се прифати обединувањето на Македонија во рамките на Југославија.[291] Нивното повикување на балканската федерација како интегрално решение за македонското национално прашање, со оглед на нејзината нереалност, претставувала само „купување време“ и спречување на процесот на обединување. Имено, сосема било јасно дека во тие балкански воено-политички констелации евентуалното обединување на Македонија секако би се случило во рамките на нова федеративна Југославија.

Дека влијанието на БКП врз решавањето на македонското национално прашање веќе било сосема ирелевантно, раководителите од БКП и бугарското ослободително движење можеле најубаво да се уверат и од решенијата на АСНОМ, во кои македонскиот национален идентитет бил недвојбено манифестиран, а македонската држава, како национална држава на македонскиот народ, конситуирана. И не само тоа. БКП и Бугарија набрзо биле исправени пред оправданите македонски национални барања во однос на присоединувањето на Пиринскиот дел на Македонија кон ДФМ, односно кон можноста Бугарија да ја загуби окупираната територија од балканските војни, за сметка на македонската држава респективно за сметка на Југославија. Притисокот во таа насока, до крајот на 1944 г. бил толку голем што раководителите на БКП морале сериозно да се ангажираат за да го сочуваат окупираниот дел од Македонија во границите на Бугарија.

**
*

Со пренесувањето на Втората светска војна на Балканскиот Полуостров, Македонија и македонското национално прашање се нашле во сосема нови услови на егзистирање. Тие нови геостратегиски услови ја претставувале рамката во која требало да се формулирала македонската националноослободителна платформа. Тоа значи дека решенијата и определбите во македонската

---

[290] БКП, Коминтернът и. . ., док. 417, 1109-1110.
[291] Л. Панайотов и други, н.д., 97.

националноослободителна платформа требало не само да ги забележат основните македонски национални стремежи и барања, не само да укажат на основните средства и методи за нивно задоволување, туку сето тоа да биде реално втемелено и изводливо во тогаш актуелните воено-политички констелации. Всушност, општата воено-политичка ситуација на Балканот, третманот на македонското национално прашање од балканските лево ориентирани антиокупаторски воено-политички движења и развојот на вооружената борба на македонскиот народ во сите делови на Македонија како основна претпоставка за НОАВМ, претставуваат фактори кои пресудно влијаеле, и за дефинирањето и за остварувањето на македонската националноослободителна платформа.

По воените дејства од април 1941 г. територијата на Македонија била поделена помеѓу Бугарија, Италија и Германија. Бугарскиот и италијанскиот окупатор од самиот почеток на своето владение на новите територии, со целиот свој административен и репресивен државен апарат, презеле интензивна политика на денационализација, асимилација и економска експлоатација. Во таа, во основа антимакедонска политика, окупаторите ја имале целосната поддршка и соработка на разните македонски и албански квислинзи.

Македонскиот народ од самиот почеток на окупацијата бил исправен пред потребата од водење на една антифашистичка националноослободителна војна. Таа војна втемелена, пред сè, врз сопствени вооружени сили, претставувала основен метод за остварување на националните стремежи, односно за остварување на зацртаните цели во националнослободителната платформа. Меѓутоа, организирањето на националноослободителна војна воопшто не било едноставна задача и било проследено со низа проблеми. И покрај тоа, може да се констатира дека НОАВМ во Вардарскиот дел константо имала нагорна линија. Особено, тоа е видливо по Преспанскиот состанок кога НОВ и ПОМ започнала забрзано бројно да се зголемува и добива карактеристики на регуларна воена сила.

Важноста на формирањето на Македонска војска во процесот на остварување на македонските национални стремежи, се сведочи и од фактот дека основните македонски национални и државотворни институции во текот на Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ во

Вардарскиот дел на Македонија биле формирани со создавање основни предуслови од НОВ и ПОМ или со директно нејзино учество. Во секој случај, ослободувањето на Вардарскиот дел на Македонија од окупаторите било извршено самостојно од единиците на НОВ и ПОМ, а Македонската војска во тој завршен период од воените дејства на југоистокот на Балканскиот Полуостров, претставувала респективна воена сила за балкански рамки.

Секако, НОАВМ не можела да се води без осојузување со антифашистичките сили на Балканот и пошироко. Во тој контекст, донекаде поволна околност за организирање на НОАВМ, претставувала организационата припадност на македонското комунистичко движење од Вардарскиот дел на Македонија кон КПЈ, која решително стоела на позициите за масовна антиокупаторска вооружена борба и била организатор и предводник на југословенското ослободително движење. Оттаму, развојот на вооружената антифашистичка борба на територијата на Југославија имал директно влијание на развојот на Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија. Следователно, и ставовите и односот на КПЈ и југословенското ослободително движење кон Македонија добивале решавачка важност за решавањето на македонското национално прашање.

Меѓутоа, државотворната политика на раководството на југословенското ослободително движење во насока на создавање на федеративна југословенска држава, претпоставувала водење на политика со сите меѓународни обзири кон големите сили од антифашистичката коалиција. Таквиот приоритет, во крајна линија, ограничувачки се одразувал на чекорите преземани во однос на обединувањето на Македонија, како едно од клучните македонски националноослободителни барања. И тоа не само кај чекорите преземани од југословенското ослободително движење, туку и кај чекорите преземани од македонското националноослободително движење. Оттаму, иако не било целосно отфрлено, сепак, обединувањето на Македонија никогаш не станало „акционо барање“.

За разлика од КПЈ која принципиелно стоела на позициите за признавање на македонскиот национален идентитет и од тоа произлезеното право на македонска државност, КП на Грција и Бугарија имале недоследни и променливи позиции.

КПГ го третирала македонското национално прашање како малцинско прашање, а само на моменти, прагматски, во функција на потребите на од неа организираната антиокупаторска вооружена борба, на Македонците им овозможувала реализирање на некои свои национални права. Тоа директно се рефлектирало со понизок степен на развој на вооружената борба кај Македонците од Егејскиот дел на Македонија. На моменти постоела и целосна недоверба кон ЕАМ, КПГ и ЕЛАС кај Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Сепак, нивната вклученост во антиокупаторската борба, во 1943 и 1944 г. им овозможила да создадат национални воено-политички институции, односно СНОФ и македонските единици во составот на ЕЛАС. Со оглед на целосно неповолните услови за дејствување, тоа биле национални придобивки што се од големо значење за вкупната македонска националноослободителна војна.

БКП во текот скоро на целата војна настојувала да го задржи, стекнатото меѓу двете војни, клучно влијание врз решавањето на македонското национално прашање. Но, со приближувањето на крајот на војната на Балканот, на раководните кругови на БКП сè повеќе им било јасно дека КПЈ го презела решавачкото влијание и повлекува еднострани потези за решавање на македонското национално прашање во своја полза. Нивните обиди да се спречи таквиот развој на настаните не дале резултати и само ги влошувале односите со раководството на југословенското ослободително движење. Покрај тоа, и покрај силните револуционерни традиции кај македонско население во Пиринскиот дел на Македонија, БКП со својата стратегија за антифашистичко дејствување, директно влијаела вооружената борба во тој дел на Македонија да нема голем интензитет.

Погледнато во целина, условите за развој на НОАВМ и формулирање на основна македонска националноослободителна платформа воопшто не биле поволни. Сепак, и во такви неповолни општи услови, силите на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија успешно

организирале националноослободителна војна и настојувале да изработат основна македонска националноослободителна платформа.

# Глава трета: Националните и идејните позиции на македонската националноослободителна платформа во Вардарскиот дел на Македонија (до Првото заседание на АСНОМ)

## 1. Македонскиот национален идентитет на македонското националноослободително движење

Одделната македонска национална свест претставувала основа врз која требало да се темели и се темелела македонската националноослободителна платформа. Без постоењето на одделна македонска национална свест, без нејзино декларирање и манифестирање, не било можно ниту спротиставување на окупацијата, ниту поставување на некакви барања за самоопределување, државност и обединување. Односно, без втемелување врз македонскиот национален идентитет, не можела да постои ниту автентична и реална ослободителна платформа. Оттаму, националното ослободување на македонскиот народ беше основната смисла и содржина на антифашистичката војна на просторот на Македонија.[292]

Прашањето за македонскиот национален идентитет имало и свои практични одрази во организирањето на антифашистичка војна. Имено, соседните пропаганди, преку жесток притисок, долги години се труделе да не дојде до зацврстување на посебната македонска национална свест, со истовремени обиди да накалемат своја национална свест. Сомневањата во сопствената македонска национална свест и одмакедончувањето, изразено преку длабоките поделби на србомани, гркомани и бугарофили, биле реалност кај дел од Македонците кои биле под влијание на една или друга пропаганда во минатото. Македонското националноослободително движење, за успех во политичката работа и организирањето на вооружена борба, морало, ако не целосно, тогаш што е можно повеќе да ги отстрани тие поделби, да ја

[292] Секако, социјалниот момент на борбата кој произлегувал од комунистичката идеологија на главната политичка сила во македонското националноослободително движење не треба да се превиди во ниту еден момент на НОАВМ. С. Фиданова, Националниот момент–фактор за покренување на масите во Македонија во текот на НОБ 1941-1945, Историја VIII/2, Скопје, 1972, 11-35.

зацврсти македонската национална свест и да изгради македонско национално единство.

Македонското националноослободително движење со својата насоченост на вниманието најнапред кон организационите прашања, а потоа и кон организирањето на вооружена борба, во почетниот период придавало премало значење на манифестирањето на одделниот македонски национален индивидуалитет. Тоа дополнително било нагласено со големото присуство на класно-пролетерскиот момент во неговата работа. Имено, скоро вообичаено за комунистичките кадри било сфаќањето за второстепеноста на националното прашање во работата на КП. Тоа придонело во почетниот период на окупацијата, да не дојде до решително спротиставување на негирањето на македонскиот национален идентитет од страна на окупаторите и нивните македонски соработници.[293] Надворешната манифестација на таа состојба била изразена преку нерешителното спротиставување на тезата за „постоење на илузии" кај дел од македонското население за карактерот на бугарското „присоединување" на Вардарскиот дел на Македонија. Во делови на македонското националноослободително движење, на моменти тоа се прифаќало како факт кон кој треба да се изврши прилагодување.[294] Тоа, од своја страна, се рефлектирало во негативна форма и во изградувањето на ослободителната програма.

Но, специфичноста на Македонија била токму во неодминливоста на македонското национално прашање во политичкиот живот. Сакале или не, македонските комунисти, под притисок на сѐ посилното изразување на одделната националната свест од македонското население, морале да ја втемелат својата декларативна и акциона програма врз одделниот македонски национален идентитет.

Во овој контекст, како средство за национална афирмација често се користело повеќекратното истакнување на илинденските традиции и одделниот македонски историски развој. Илинденското востание како преломен настан во македонската националноослободителна борба, бил елемент кој битно влијаел врз

---

[293] Иван Катарџиев, Македонија сто години. . ., 279-280.

[294] За таквите сфаќања, на пример, во партиските организации во Тиквешијата подоцна пишува Борко Темелковски–Лилјак. Види: Зборник документата. . ., т. VII, кн. 1, док. 86, 273-274.

процесот на изградување на свест за заедништво кај македонскиот народ, а со тоа, и во минатото, и во НОАВМ, фактички бил битен елемент во зацврстувањето на македонскиот национален идентитет. Пренесувана генерациски, најмногу преку усните преданија, илинденската традиција имала длабоки корени кај сиот македонскиот народ. За време на НОАВМ, македонското националноослободително движење само се надоврзало на извршениот спој на илинденските и револуционерни традиции со класната идеологија од претходниот предвоен период. Припадниците на македонското националноослободително движење беа самоуверени дека се наследници и продолжувачи на илинденските борци, а дека борбата што ја водат претставува „втор Илинден".[295] Затоа, може да се констатира дека илинденските традиции не само што имале мобилизаторски карактер во дејствувањето на македонското националноослободително движење, туку тие имале и карактер на потенцирање на различноста на македонскиот народ на национален план.

И уште еден елемент, кој бил суштински белег на нацијата, од самиот почеток на окупацијата, непрестано фигурирал во рамките на македонското националноослободително движење. Имено, скоро без исклучок, сета усна и писмена кореспонденција во македонското националноослободително движење се водела на македонски јазик. Скоро сите обраќања до населението, исто така биле на македонски јазик.[296] Иако ненормирано, македонскиот јазик имал улога на „службен" јазик во македонското националноослободително движење. Употребата

---

[295] В. Весковиќ–Вангели, Илинденската кауза за државност–еден од факторите за општонародно востание во Народноослободителната војна на Македонија, Зб. Македонската историска. ., 285. За силината на илинденските традиции во време на НОАВМ сведочи и масовната употреба на имиња на личности од илинденскиот период за именување на партизанските единици или како псевдоними на припадниците на македонското националноослободително движење. За застапеноста во текот на антифашистичката војна на Илинден и илинденските традиции е особено многу пишувано во македонската историографија. Види: голем дел од материјалите на научните собири за Илинденското востание одржани во периодот од 1976 до 1983 година во Крушево и печатени како „Прилози за Илинден".; М. Апостолски, Галена Куцуловска, Одгласот на револуционерните традиции во НОБ, Скопје, 1968, 32.; В. Ивановски, Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија 1941-1945, Историја XV/2, Скопје, 1979, 117-130 и др.

[296] Трајко Стаматовски, Македонскиот јазик во писмата на Кузман Јосифовски–Питу, Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 313-320.

на македонскиот јазик како недвојбен атрибут на одделниот национален идентитет во ниеден момент не била доведена во прашање.[297]

Уште од почетокот на окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија, одделниот македонски национален идентитет бил деклариран во контекст на илинденските борбени традиции со укажувањето дека „половина век сме се бореле како Македонци за национално и политическо ослобождение, како последователи на водачите и основателите на македонската натрешна организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Ѓорче Петрев, Пере Тошев и Димо Х. Димов".[298] Раководството на македонската комунистичка партиска организација предводена од Методија Шаторов–Шарло и во другите свои документи, укажувало на ограничувањата кои бугарскиот окупатор ги правел за јавно манифестирање на одделното македонско национално чувство, на постоењето на одделен македонски јазик и на присвојувањето и прикажувањето на македонското револуционерно минато како бугарско револуционерно минато.[299]

Оттаму, манифестирањето на одделната македонска национална самобитност станала основна, суштинска и неодбеглива определба на македонското националноослободително движење уште во самиот почеток на НОАВМ. Секако, таа определба можела да биде застапена и многу повеќе, и можела да биде манифестирана многу почесто и посилно, но во секој случај, од почетокот на окупацијата до крајот на НОАВМ, во ниеден момент нема да се става под сомневање одделната македонска национална свест. Документите на македонското националноослободително движење во наредниот период тоа константно го потврдуваат и илустрираат.

Уште во септември 1941 г., весникот на Кумановската партиска организација укажувал дека нормалниот развој на македонската нација бил попречен од пропагандите на Србија, Грција и Бугарија, дека тие вршеле вештачка поделба на

[297] Во услови на немање на кодифициран македонски правопис, се користела и српската и бугарската азбука. Но, тоа ништо не менува на фактот дека постоела јасна свест за јазичната различност од Србите и Бугарите.

[298] Извори. . . т. I, кн. 1, док. 1, 13-18.

[299] Исто, док. 2, 20; док. 5, 31. Сите овие документи од времето на Методија Шаторов–Шарло се пишувани во период кога партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија е веќе организационо поврзана со БКП. Ставовите во нив се на „линија" со ставовите и директивите на Трајчо Костов, односно на ЦК на БКП за признавање на македонската нација.

Македонците како „бугараши, србомани и гркомани", но дека, сепак, бил зачуван одделниот македонски национален идентитет.[300] Јасните и прецизни ставови за посебниот македонски национален индивидуалитет речито зборуваат дека всушност тоа прашање е расчистено и недискутабилно во рамките на македонското националноослободително движење и дека, можеби, тоа е една од причините за неговото не толку големо експонирање во услови на преокупираност со прашања од организационен и акционен карактер.

И новото раководство на ПК по сменувањето на Методија Шаторов–Шарло во своите документи од септември до крајот на 1941 г., ги користело илинденските традиции, укажувало на обидите на окупаторот да изврши „насилна бугаризација на македонскијот народ" и поставувало насоки за работа во правец на зацврстување на македонската национална свест, но се чини дека, во целост погледнато, приоритетот е поставен на класно-пролетерскиот момент, на организирањето ПО и изведување на вооружени акции, а националниот момент не е доволно акцентиран.[301]

Неодминливоста на националниот момент во активностите сред населението во Македонија, се потврдува со фактот дека практичната пропагандна работа сред селското население од страна на првите ПО, била втемелена и врз македонската национална свест. На првиот митинг на Прилепскиот ПО во селото Царевиќ, една од компонентите на агитацијата била различната македонска национална свест од Бугарите и Србите. Во тој контекст, особено биле користени илинденските традиции кај населението, па се истакнувало дека ПО и воопшто македонското националноослободително движење, ги продолжуваат тие автентични традиции на македонскиот народ.[302]

Од почетокот на 1942 г. во материјалите на македонското националноослободително движење зачестило дефинирањето на националното ослободување на македонскиот народ како основна цел на вооружената борба. Таквото дефинирање е употребено на Јануарското советување на КП во Македонија,[303] и во материјалите на ПК кои селедувале во наредниот период.[304]

---

[300] ИА на КПМ, том II, кн. прва, док. 1, 3-5.
[301] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 8, 42; док. 9, 43-52; док. 11, 66.
[302] Документационо одделение на ИНИ, Од дневникот на другарот Платник, Сл. IV 511, 12.
[303] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 17, 87.

Оттаму, Привремениот ПК, во своето прво писмо до партиските организации од 5 јуни 1942 г. не случајно, ја нагласил потребата „да се утврди политичка платформа" преку која ќе се стигне до „национално ослободување".[305] Сето тоа, упатува дека кон средината на 1942 г. сè повеќе се чувствувала потребата од дефинирање на целите на вооружената борба од македонски национален аспект, односно дека сосема било јасно дека вооружената борба не може да биде цел самата за себе, туку дека е неопходно дефинирање на македонски националноослободителните цели. Затоа, во овој период често било потенцирањето на одделниот македонски национален идентитет и од тоа произлезениот факт дека Македонија е окупирана.[306] Се укажувало и на поддршката од страна на БКП и КПЈ на вооружената борба на македонскиот народ како борба на одделна нација.[307] Националните атрибути на вооружената борба во летото 1942 г. биле дополнително зајакнати со преименувањето на дотогашниот ПВШ во ГШ на НОПОМ[308] и со именувањето на партизанските одреди како „НАЦИОНАЛНО–ОСЛОБОДИТЕЛНИ"[309](големите букви во оригиналот-б.м.)

Илинденскиот проглас на ПК за 1942 г. од аспект на дефинирање на националната индивидуалност на македонскиот народ претставуваат документи кои заслужуваат посебно внимание. Прогласот се обраќа до „МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! СЛАВЈАНИ, ТУРЦИ, АРНАУТИ, ВЛАСИ И ЕВРЕЈИ", со што во самиот старт правел отстапка, т.е. назадување во поглед на дотогаш јасното дефинирање на македонскиот национален индивидуалитет. Сосема очигледно, терминот „македонски народ" е употребен како синоним на „македонско население"

---

[304] Исто, док. 21, 123-124; док. 23, 129-134.

[305] ИА КПЈ, т. VII, док. 50, 128-129.

[306] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 17, 87; док. 21, 123-124; док. 23, 129-134; док. 36, 215-220. ИА КПЈ, т. VII, док. 51, 130.

[307] Исто, док. 21, 123-124.

[308] Ѓ. Чакарјаневски, Главниот штаб и државноста. . ., 53. Тоа преименување се темелело врз решението за создавање на главни штабови донесено на советувањето на раководни воено-политички структури на југословенското ослободително движење во Столице, одржано на крајот на септември 1941 г. Националните атрибути биле видливи и од именувањето на главните штабови, но и од фактот дека тие имале ингеренции во поодделните точно национално дефинирани територии во Југославија. Секако, тоа решение уште тогаш јасно покажувало дека од југословенското ослободително движење се оди кон уредување на националните односи врз база на федерални принципи. А. Христов, Создавање. . ., т. трети, 191.

[309] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 39, 230.

кое го сочинуваат различни етнички групи. Употребата на терминот „Славјани", како „неутрален" термин за означување на македонскиот народ, со истовремено избегнувањето да се употреби терминот „Македонци", го прави обраќањето непрецизно и двосмислено во национален поглед. Згора на тоа, ваквото двосмислено именување со терминот „Славјани" е во контрадикторност со јасно изразените ставови за посебниот македонски национален идентитет низ текстот на Илинденскиот проглас. Имено, откако опширно се зборувало за Илинденското востание како ден на „македонската национално-ослободителна револуција", се објаснувало дека „бугарските фашисти. . . сакаат да ја фалшифицираат македонската историја" со тоа што го присвојуваат Илинден, дека присилно го тераат македонскиот народ да го учи „нифниот бугарски јазик" и дека никој во Македонија не се борел „за да ви го забрануат мајчиниот јазик", туку за „полна национална, политичка и културна слобода и равноправност".[310]

Потврда на фактот дека македонското национално прашање е клучно за развојот на вооружената борба во Македонија многу јасно се глада од извештаите до ЦК на КПЈ кои есента 1942 г. ги упатил Добривое Радосављевиќ–Орце како инструктор на ЦК на КПЈ во Македонија.[311] Имено, тој особено нагласил дека македонското национално прашање е „неверојатно актуелно"[312] и дека платформата на македонското националноослободително движење е на македонска национална основа, односно дека КП во Македонија „мора наполно да се потпре на платформата на национално-ослободителната борба од 1903 г."[313] Сосема очигледно, Добривое Радосављевиќ–Орце јасно ја констатирал потребата од македонска националноослободителна платформа врз основа на посебноста на македонската нација.

Оттаму, воопшто не зачудува што во прогласот на ПК од 7 ноември 1942 г. сосема јасно и недвојбено била дефинирана посебната македонска нацисналнa индивидуалност, а националноослободителната компонента на вооружената борба

[310] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 41, 246.
[311] Исто, док. 51, 340-350; док. 56, 373-376; док. 60, 396-398.
[312] Исто, док. 56, 373-374.
[313] Исто, док. 60, 397.

била во целост потенцирана.[314] Не зачудува ниту фактот што во документите на македонското националноослободително движење од крајот на 1942 г., сè почесто се дефинирало дека окупаторите помеѓу останатите злодела, вршат и „денационализација“ на македонскиот народ.[315] Покрај тоа, повеќебројни биле примерите на индивидуално изразување на сопствениот македонски национален идентитет.[316]

Почетокот на 1943 г. со оглед на целата ситуација, која поволно се движела за антифашистичките сили, во редовите на македонското националноослободително движење била дочекана со оптимизам за можностите за реализација на македонските национални идеали. Во натамошниот период, сите чекори што биле преземани, освен своите основни и конкретни функции, биле и во функција на решавањето на македонското национално прашање. Во овој период, веќе било сосема очигледно, дека за нагорен развој на вооружената борба, помеѓу останатото, неопходно е зацврстување на македонската национална свест. Македонското население, кое претежно било земјоделско, многу малку ја познавало и прифаќало комунистичката идеологија на македонското националноослободително движење. Нивната активна поддршка на вооружената борба се темелела, пред сè и над сè, на чувството за сопствена македонска национална свест. Тоа го разбирале и врз таа основа работеле активистите на македонското националноослободително движење.[317] Затоа, националното ослободување како цел на борбата продолжило да биде непрестано присутно во документите на највисоките органи на македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија. Така, во февруари 1943 г., ГШ на НОВ и ПОМ истакнал дека „никогаш македонскиот народ немал такви непосредни шанси за победа, за национално ослободување и за

[314] Исто, док. 57, 377-382.
[315] Исто, кн. 2, док. 13, 62.
[316] Петар Чакар, Дваесет и пет години од трагичната смрт на Нико Нестор-„Јас не сум Бугарин“, в. „Нова Македонија“ г. XXIV, бр. 7893, Скопје, 29 септември 1968.; Стоилко Ивановски–Планински, Васил Антевски–Дрен, Скопје, 1981, 223.
[317] На пример, Страхил Бегинов си споменува дека македонското националноослободително движење добивало поддршка дури и од луѓе кои биле поставени за кметови на општини од бугарската власт врз база на тоа што „биле чесни патриоти“, односно „не како комунисти, но како Македонци. . .“ Документационо одделение на ИНИ, Страхил Бегинов, Сеќавања, СЛ IV 807, 111.

рамноправност какви што има денес".[318] Истовремено, и пониските органи го истакнувале, од една страна значењето на македонската национална афирмација за развојот на вооружената борба, а од друга страна, значењето на вооружената борба за слободен македонски национален развој на сите полиња. Особено потенцирање заслужува пишувањето на „Неделен весник", кој го издавала партиската организација од Тетово, со информацијата дека Сесловенскиот одбор во Москва издал проглас до југословенските народи и дека во него „поред свите словенски нации ја спомиње и Македонија ка нација. Со признавањето на Македонија ка нација од страна на Советскиот сојуз, Црвената армија и целото напредно словенство, гледаме оти борбата на македонскиот народ не је узалудна."[319]

Надоврзувајќи се на таа македонска националноослободителна линија, а во согласност и со политиката на КПЈ по националното прашање воопшто, Светозар Вукмановиќ–Темпо во обраќањето до членовите на КП во Македонија во преден план го ставил националниот момент во развојот на вооружената борба. Посебната национална индивидуалност на македонскиот народ, во целост била нагласена со најавата дека ЦК КПЈ реши да го оживотвори предвоеното решение за формирање на македонска национална КП.[320] Тоа претставувало недвојбено афирмирање на ставот на КПЈ за посебноста на македонската нација и правата што произлегуваат од тој факт, а со оглед на значењето на комунистичкото движење на глобално ниво, особено на КПЈ, тоа претставувало и чекор со далекусежни последици за националниот развој на македонскиот народ.[321]

Преокупираноста со развојот на вооружената борба, придонело ЦК на КПМ дури во јуни 1943 г. да излезе со првиот свој проглас до македонскиот народ. Јунскиот проглас на ЦК на КПМ недвосмислено го потенцирал и потврдувал одделниот македонски национален идентитет, а националното ослободување заземало најзначајно место во дефинирањето на целите на НОАВМ.[322] Таквата македонска национална насоченост на ЦК на КПМ е дополнително потврдена и во материјалот

---

[318] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 1, док.61, 198.
[319] ИА КПМ т. II, кн.1, док, 146, 293.
[320] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 26, 108.
[321] Д. Зоографски, Формирањето. . ., Историја вонреден број, Скопје, 1980, 73-116.
[322] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 31, 146-155.

по повод годишнината на Илинденското востание од јули 1943 г.[323] Придржувајќи се на вака зацртаните линии на национално-политичко дејствување и пониските органи на КПМ во своите прогласи по повод годишнината од Илинденското востание го потенцирале македонскиот национален идентитет и приврзаноста кон илинденските традиции како „македонска национално-ослободилачка народна револуција".[324]

Секако, раководството на југословенското ослободително движење било информирано за национално-политичката линија на македонското национаоослободително движење, а од него се барало „преку Слободна Југославија" да дава „специјални емисии за Македонија на македонски јазик".[325] Со тоа се настојувало, преку југословенското ослободително движење да се преземат чекори за афирмација на македонскиот национален идентитет на меѓународно ниво. Тоа било особено значајно од аспект на долгорочните цели на македонското национаоослободително движење во насока на конституирање на национална македонска држава.

Афирмацијата на македонскиот национален идентитет и зацврстувањето на македонската национална свест продолжиле да бидат константа и во политичкото дејствување на ПО сред селското население. Редовно, на организираните политички митинзи од страна на ПО, се објаснувале целите на вооружената борба, а некаде се повикувало населението да го брани „своето македонско национално знаме".[326] Всушност, основната поента во работата на планот на мобилизација за единиците на НОВ и ПОМ, есента и зимата 1943 г., редовно била ставена врз македонската национална свест и врз од неа произлезената потреба за национално ослободување.[327] Таму пак, во единиците на НОВ и ПОМ, во свечената заклетва што

[323] Исто, док. 37, 172, 178-179.

[324] ДАРМ, фонд: НОБ-Скопје, к. 19, 8894.

[325] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 38, 204. Радио „Слободна Југославија" и медиумите во земјите од антифашистичката коалиција долго време ќе ја игнорираат антифашистичката и националноослободителна борба на македонскиот народ. Види: С. Нешовић, Борба македонског народа и генерал Михајло Апостолски у страним изворима, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, 307-315.

[326] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 1, док. 92, 315.

[327] ДАРМ, фонд: Народен фронт, к. 9/а, бр. 2273.; Документи за воената организација во Македонија 1941-1945, Покраински и Главен штаб на Македонија 1941-1943, Скопје, 2001, (натаму само Документи за воената организација. . .) том I, кн. 1, док. 52, 188-189. ИА КПЈ, т. VII, док. 79, 248-253.

ја давал секој борец, сосема јасно стоело дека „верно и достојно ќе се борам во редовите на Народно-ослободителната војска и партизанските одреди на македонскиот народ, за национална слобода и рамноправност."[328] Згора на тоа, заклетвата била давана под „македонското знаме", а партизаните требало да бидат снабдени со „петокраки звезди и македонско знаменце кое ќе се носи на капата под звездата".[329] Јасната и одделна македонска национална свест на тој начин недвојбено се манифестирала, а националното ослободување се поставувало на приоритетно место во целите на македонското националноослободително движење и од него изградуваната националноослободителна платформа.

На слободната територија во Западна Македонија, преку започнувањето со работа на првите училишта на македонски јазик[330] и преку инструкциите на референтот за верски прашања при ГШ на НОВ и ПОМ со кои на свештенството му се наложувало „матичните и други книги да се водат на македонски јазик", сосема јасно практично се изразувал и афирмирал посебниот македонски национален идентитет.[331] Таквите чекори не оставаат никакво сомневање во фактот дека македонското национално сознание е затворена тема во македонското националноослободително движење и дека останува само практичната реализација на атрибутите кои го афирмираат таквото сознание. Присуството на британски воени мисии на оваа територија и нивната активност при ГШ на НОВ и ПОМ, претставувала можност и за своевидна меѓународна афирмација на македонскиот национален идентитет.

Најзначајниот документ на македонското националноослободително движење во 1943 г., документот што ја претставува македонската националноослободителна платформа–Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ е целиот пишуван во духот на националната самобитност на македонскиот народ.[332] Како документ кој имал за цел да направи широка популаризација на „целите и карактерот" на НОАВМ, посебноста на македонската нација ја сметал за прашање

---

[328] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 2, док. 21, 43.
[329] Исто, док. 20, 40; док. 79, 215.
[330] Боро Китановски, Првите македонски училишта во НОБ, Скопје, 1973, 135.
[331] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 14, 44.
[332] Исто, док. 11, 29-35.

кое е целосно затворено и недискутабилно. Затоа, всушност, Манифестот не теоретизира за постоењето на македонскиот национален идентитет, туку врши укажување на практичните чекори во правец на остварување на правата и обврските кои произлегуваат од неговото постоење во тогашните актуелни моменти. Оттаму, пред сè, е концентриран на македонската државност како суверено право на одделната македонска нација за самоопределување и независност.

Затоа, пак, во циркуларното писмо бр. 1 на ЦК на КПМ до сите организации на КП, што служело како пропратен документ на Манифестот, бил нагласен пред сè, националноослободителниот момент на борбата.[333] Со Манифестот и циркуларното писмо станува сосема очигледно дека борбата за слободен национален развој на македонскиот народ на сите полиња дефинитивно е набележана како основна цел на НОАВМ.

Приговорот на Манифестот, исто така, во целост бил пишуван во духот за посебната македонска национална индивидуалност. Таквата насоченост предизвикала една од забелешките да биде и онаа за српската форма на имињата на некои од потписниците или на некои термини, со што се иритирало и компромитирало македонското национално чувство.[334] Тоа претставувало јасен обид да се зачува „чиста" македонска национална свест и да се отстранат можностите за било какви приговори од противниците на македонското националноослободително движење во врска со неговата македонска национална определба.

На крајот на ноември 1943 г., решенијата на Второто заседание на АВНОЈ, дефинитивно го покажале и афирмативниот став на КПЈ и југословенското ослободително движење кон посебноста на македонската нација.[335] Напоредно со тоа, Кузман Јосифовски–Питу за материјалите од БКП во тој период, направил остри забелешки како антинационални од македонска гледна точка, бидејќи во нив „Македонци нема, како да не сме окупирани", па затоа решил тие материјали да не се дистрибуираат меѓу населението.[336] Всушност, во овој период, македонската

[333] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 75, 355-360.
[334] Документи за борбата. . ., т. II, док. 207, 415-425.
[335] Д. Зографски, АСНОМ во решавањето на македонското национално прашање, Зб. АСНОМ во. . ., 164-165.
[336] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 6, 45.

национална индивидуалност од македонското национalноослободително движење била претворена во основна карактеристика, основен белег на НОАВМ. Затоа, Кузман Јосифовски–Питу „бурно“ реагирал на обидите за негирање или премолчување на македонскиот национален идентитет. Тој, дури, некои места во Декларацијата на ОФ за македонското прашање ги окарактеризирал како „реакциони“, а прва забелешка му била дека „во целиот документ се збора само за Македонија нигде не се спомнува или признава макед(онски) народ ами само население“.[337]

Набрзо, на т.н. Фуштанско советување, македонското национално прашање во рефератот за политичката ситуација на Цветко Узуновски добило централно место. Всушност, тука била направена опсежна анализа за македонскиот национален развој во минатото, со потенцирање на големосрпската и големобугарската денационализаторска и асимилаторска политика, а се нагласувало дека со НОАВМ не само што се афирмирала посебноста на македонската нација, туку и се стекнувало правото за самоопределување и создавање на македонска национална држава.[338]

Во текот на 1944 г., многубројни биле манифестациите на посебната македонска национална свест и активностите за зацврстување и афирмирање на македонскиот национален идентитет. Во овој контекст, посебно внимание заслужуваат ставовите изнесени од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ во писмото до сите НОО од 14 март 1944 г. Во тоа писмо биле изнесени и разјаснети основните поставки на македонската национalноослободителна платформа од Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. Тука силно била нагласена македонската национална индивидуалност, а пак, националната слобода и афирмацијата на македонскиот национален идентитет биле јавно промовирани како основни цели на антифашистичката војна на македонскиот народ. Тврдењето дека соработниците на бугарскиот окупатор во Македонија „за една ноќ се откажаја од својот народ и од своето национално порекло како Македонци и станаја стопроцентни Бугари“ односно дека се „на брза рака побугарени Македонци“ и дека тие „го убедуваат нашиот народ. . . како Македонците не са Македонци, ами Бугари или македонски

---

[337] Исто, док. 13, 115.
[338] Исто, док. 11, 72-73.

Б'лгари, и оти Македонија под мудрото раководство на цар Борис се обединила со мајка Бугарија"[339] претставува од почетокот на окупацијата, изнесување на најпрецизни, најјасни и најдиректни јавно презентирани формулации за различната национална припадност на македонскиот од бугарскиот народ.[340] Ваквите ставови, изнесени од името на еден од највисоките органи на македонското националноослободително движење, не оставаат простор за било какви шпекулации околу македонската национална самоидентификација на учесниците во НОАВМ и транспарентно и недвосмислено ја потврдуваат тогаш присутната јасна македонска национална свест кај македонскиот народ.

Уште во април 1944 г. во рамките на македонското националноослободително движење бараната македонска државност била ставена пред сè, во функција на слободниот македонски национален развој. Методија Андонов–Ченто значењето на АСНОМ го согледал во тоа што со него ќе почне „епоха на слободен национален живот, епоха на творческа работа, епоха на напредок", па затоа, според него, „најважниот акт" на АСНОМ би бил „прокламацијата на полна национална слобода на Македонија".[341]

Целиот амбиент на НОАВМ во 1944 г. бил во знакот на афирмација и зацврстување на македонскиот национален идентитет. Неговото ставање за основа врз која се темели македонската националноослободителна платформа, односно основа од која произлегуваат сите останати барања и цели, го прави сосема разбирливо инситирањето на посебниот национален идентитет и стекнувањето на национална слобода и државност, во поздравните телеграми од Првото заседание на проширениот Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ одржано на 30 април 1944 г. до Јосип Броз Тито и Дитмитар Влахов.[342] Во таа светлина, разбирливи се дадените „инструкции" од Иницијативниот одбор и ГШ на членовите на од нив избраната делегација за средбата со највисокото југословенско раководство, во

[339] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 18, 55.
[340] Слични вакви јасни и прецизни ставови за одделната македонска национална свест и за денационализаторската политика на бугарскиот окупатор, се среќаваат и во статиите на Методија Андонов–Ченто „Пред свикување на Народното собрание" и Страхил Гигов објавени во в. „Илинденски пат" од април 1944 г. ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 20, 62-65; док. 34, 102-111.
[341] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 18, 55.
[342] Исто, док. 23, 72-73; док. 25, 75.

насока дека, помеѓу останатото, потребно е да бараат и преземање на конкретни чекори за афирмација на македонската нација на југословенската и светската политичка сцена.[343]

На крајот, пред одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, и заради нивната јасност и прецизност, но и заради нивната општоприфатеност во рамките на македонското националноослободително движење и кај македонскиот народ, посебно внимание заслужуваат ставовите во врска со посебниот македонски национален идентитет изнесени од Мито Хаџивасилев–Јасмин во јуни 1944 г.[344] Со една опсежна анализа и со остроумна аргументација, Мито Хаџивасилев ги подложува на критика негирањата на македонската нација и упатува на тоа дека главниот фактор за неможноста во минатото да се асимилираат Македонците е нивната национална осознаеност, односно поседувањето на јасна македонска национална свест.[345] Ставовите на Мито Хаџивасилев–Јасмин претставуваат дотогаш најостра критика од македонското националноослободително движење на тезите за непостоењето на посебниот македонски национален индивидуалитет. Истовремено, јасно може да се увиди дека ослободителната платформа во поглед на афирмација на националниот идентитет, проектирала приоритетно место на ослободувањето од окупацијата, а потоа посериозни чекори на просветно,

---

[343] Требало да се бара, „Радио Слободна Југославија“ еднаш неделно да зборува на македонски јазик, пропагандниот материјал на југословенското ослободително движење да се печати и на македонски јазик и како таков да се растура во Македонија и на крајот, да се укаже на потребата ВШ на НОВЈ и АВНОЈ да бараат од средствата за информирање во Велика Британија и САД во емисиите за Југославија кога ги споменуваат останатите југословенски народи да го споменуваат одделно и македонскиот народ. АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 28, 90-92.

[344] Ставовите на Мито Хаџивасилев се дадени во врска со некаков документ со наслов „Мнението. . .“, од непознати автори, но со програмско-политички цели за иднината на Македонија и со негирање на македонскиот национален идентитет. Мито Хаџивасилев смета дека документот е пишуван од пробугарските кругови во Македонија, односно како што тој вели од „наши маши“ на бугарската власт. Извори. . ., т. I, кн. 7, док. 61, 264-270. Не постои основа да се смета дека „Мнението. . .“ потекнувало од редовите на некаква „опонентска група“ во рамките на македонското националноослободително движење. М. Миноски, Авнојска Југославија. . ., 75. Слични ставови како во „Мнението. . .“, за негирање на македонската национална индивидуалност, постојат во зачуван документ на пробугарските кругови во Македонија од 1944 г. ДАРМ, фонд: ВМРО, к. 33, бр. 2347.

[345] Извори. . .т. I, кн. 7, док. 61, 264-270. Ваквите исклучително јасни национални позиции присутни во македонското националноослободително движење во тој период, Мито Хаџивасилев јавно ги прокламирал и преку критиката на позициите на негирање на македонската нација од антимакедонските елементи, во прогласот „Селото во денешната борба“ од јули 1944 г. Исто, док. 79, 374-329.

политичко и културно поле за зацврстување и афирмација на македонскиот национален идентитет.

Со вака јасно манифестирани македонски национални определби било дочекано Првото заседание на АСНОМ. Всушност, македонското ослободително движење до Првото заседание на АСНОМ ја поставило одделната македонска национална свест во основата на македонската платформа. Од посебниот национален идентитет произлегувале и правото на сопствена државност и правото на обединување на македонскиот народ односно, се темелеле сите државотворни решенија на АСНОМ.

## 2. Основните идејно-политички ставови на македонското национаслоободително движење

Македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, со окупацијата во април 1941 г., се нашло во ситуација политички да дејствува за привлекувањето во сопствените редови и во антифашистичка и националноослободителна борба на македонскиот народ и националните малцинства без подготвена македонска националноослободителна платформа. Окупацијата поставувала нови задачи и ја комплицирала ситуацијата во која требало да се дејствува. На планот на политичко дејствување, олеснителна околност претставувала предвоената определба за изградување на единствен антифашистички националноослободителен фронт преку кој ќе се постигне единство на сиот македонскиот народ во борбата за национално ослободување и конституирање на своја држава.

Една од главните карактеристики на политичката клима во Македонија во почетниот период на окупацијата била длабоко вкоренетата антипатија, па дури и отворено непријателско расположение на македонското население кон предвоена Југославија заради тогашната жестока политика на денационализација и асимилација спроведувана од големосрпските режими. Во овој контекст се и создадените илузии дека распадот на таа држава, навлегувањето на германските, италијанските и бугарските војски истовремено значи и некакво „ослободување“. И

покрај брзото „испарување“ на таквите илузии, „Југославија“ и „југословенството“ останале уште долго време да бидат примани со големи резерви и одбивност. Стравот од враќање на стара Југославија, непрестано бил засилуван преку големобугарската пропаганда. Од таа пропаганда македонското ослободително движење и партизанските единици редовно биле карактеризирани како борци за „српството“ и „српските интереси“. Сето тоа предизвикувало појава на проблем од национално-политички карактер, односно до ограничување на основата на НОАВМ. Проблемот воопшто не бил за потценување, со оглед на дејствувањето на силите на македонското националноослободително движење во рамките на ослободителното движење организирано од КПЈ. Пред македонското националноослободително движење се јавувал проблемот да се придобие македонскиот народ врз платформата за заедничка борба со останатите народи на Југославија. Во почетниот период, заради одбојноста на македонскиот народ кон „југословенството“, преовладувало мислењето дека тоа не е можно да се изведе.

Вториот проблем, претставувала основната прокомунистистичка ориентација на македонското националноослободително движење заради доминантното влијание на КП во него. Таа предизвикувала класно-идеолошки ограничувања во програмата и дејствувањето, односно создавала впечаток дека борбата се води за реализирање на тесно-партиски и класни цели. Таквиот впечаток до максимум бил засилуван преку пропагандата на окупаторите и нивните домашни соработници. Антифашистичка платформа поставена на тесно класни цели едноставно била политички неадекватна за водење на масовна антифашистичка војна. Затоа, за да може да изврши политички пробив во широките општествени средини, на македонското националноослободително движење му била потребна работа не со комунистички предубедувања, туку со ослободување од шаблонскиот приод во освојување на политичкиот простор и со залагање за што пошироки демократско-политички групирања под сопствена контрола.

Во секој случај, силите на македонското националноослободително движење било потребно да ги надминат политичко-националните и класно-социјалните ограничувања на сопственото дејствување и својата активност да ја постават врз широки, македонски национални и политички основи. Успехот на тој план значел

создавање на национално и политичко единство неопходно за реализирање на зацртаните цели на НОАВМ.

Уште на самиот почеток, на тој план била направена политичка грешка и ограничување на основата на македонското ослободително движење, бидејќи ПК на чело со Методија Шаторов–Шарло, ја исфрлил паролата за „советска Македонија".[346] Со таквата парола во политичката програма, на дејствувањето му се давало класен белег и карактер на борба за власт. Тоа, во почетниот период, од македонското националноослободително движење дистанцирало голем дел од антифашистичките елементи кај македонскиот народ кои не биле спремни да влегуваат во некакви класни судири.

Дека во целиот тој почетен период класно-социјалниот момент многу бил застапен, сведочи и фактот што редовно бил употребуван во пропагандното дејствување на ПО сред селското население. Секако, таквата агитација, со истовремено, ставање акцент врз улогата на Советскиот Сојуз, не давала позитивни резултати во насока на масовно вклучување на селското население во НОАВМ, бидејќи сето тоа на него малку му било разбирливо и прифатливо.[347]

Набрзо, во рамките на македонското националноослободително движење станало јасно дека е потребно да се поставaт основите на борбата врз широка македонска и антифашистичка основа. Затоа, во врска со стеснувањето на национално-политичката основа на НОАВМ, ПК во својот проглас од почетокот на ноември 1941 г. сосема јасно и недвојбено демантирал дека постои било каква основа за обвинувањата од бугарската власт и нејзините соработници дека силите на македонското националноослободително движење се борци за српските интереси во Македонија.[348] Секако, тоа само по себе не било доволно, па во наредниот период ќе има повеќе такви „деманти".

Што се однесува до отвореното отфрлање на идеолошките определби од класно-социјален карактер во пропагандното дејствување, тоа било направено дури во материјалот на ПК со наслов „Интернационалното положение и нашите задачи"

---

346 Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 2, 22.; док. 3, 25.
347 Документационо одделение на ИНИ, Од дневникот на другарот Платник, СЛ. IV 511, 11-13.
348 Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 57-61.

од крајот на декември 1941 г. Во него, децидно се упатувало членството на работа врз широка антифашистичка основа со објаснување дека „у борбата против фашизмот ние денеска не правиме прашање за формата на власта".[349] Тоа, бил првиот чекор во натамошниот период да се овозможи постепено вклучување на сите македонски патриотски сили во НОАВМ.

Во периодот што следувал, определбите за широка идејна основа на вооружената борба зачестено биле изразени во документите на македонското националноослободително движење. Сè почесто се настојувало да се отстрани стравот кој профашистичките сили го ширеле кај македонското население дека со победа на антифашистичката коалиција на глобално ниво, ќе се обнови старата Југославија со големосрпска доминација.[350] Од почетокот на 1942 г. започнало позасилено да се работи врз создавањето на „единственио народни фронт, во који ке бидат собрани сите, без разлика на вера и политичко убеѓење, сите чесни и родољубиви Македонци..."[351]

Карактеристично е формулирањето на широките национални и политички основи на НОАВМ во Илинденскот проглас од 1942 г., Таму се укажувало на потребата да се „прибере во едно цело сите недоволни елементи, без разлика на народност, вера, политичко убеждение и други разлики".[352] Сличноста со програмските определби од илинденскиот период во овој дел е повеќе од очигледна. Всушност, формулацијата сведочи дека идејната основа на македонското националноослободително движење влечела континуитет од борбите на македонскиот народ во минатото. Илинденската традиција во овој проглас била уште повеќе нагласена преку обраќањето, помеѓу останатите, и до бившите борци на Илинденското востание со барање да го поддржат македонското националноослободително движење.[353] Со сето тоа, вооружената борба сè повеќе добивала карактеристики на националноослободителна борба со интенција во неа да бидат вклучени сите антиокупаторски и патриотски сили од политичката сцена во

---

[349] Исто, док. 16, 82.
[350] Исто, док. 21, 120-121.
[351] ИА КПЈ, т. VII, док. 41, 99-104; док. 51, 130.
[352] Извори..., т. I, кн. 1, док. 40, 243.
[353] Исто, док. 41, 249.

Вардарскиот дел на Македонија. И во другите пишани материјали, особено во разни статии во весниците на партиските организации од август 1942 г., воочлива е зголемената присутност на илинденските традиции како основа за широка македонска ослободителна војна.[354]

Вака набележаните заложби се настојувало и практично да се реализираат. Акцијата на ПО „Даме Груев" во селото Смилево на 2 август 1942 г. претставува убав пример за тоа. Имено, самата акција со одбирање на тој ден и тоа место, праќала јасна политичка порака. Покрај тоа, во самото село партизаните биле пречекани и добиле отворена поддршка, пред сѐ, од старите илинденски борци.[355]

Широката идејна основа на НОАВМ била во согласност со определбите на југословенското ослободително движење, па инструкторот на ЦК на КПЈ во Македонија Добривое Радосављевиќ–Орце ги поддржал и поттикнал определбите на тој план на македонското националноослободително движење.[356] Биле засилени и практичните активности за привлекување на сите антиокупаторски елементи и особено се настојувало да се вклучат во вооружената борба офицерите на бившата југословенска војска, кои со своето воено-тактичко познавање биле потребни во ПО.[357] Бидејќи стравот од враќање на предвоена Југославија со големосрпска доминација сѐ уште бил присутен,[358] македонското националноослободително движење настојувало што поцврсто да ја поврзе вооружената борба со илинденските традиции, па во овој период започнало именување на ПО во документите наменети за населението и како „народни комитски чети" и „македонска народна војска".[359]

Ширењето на идејно-политичката основа на вооружената борба во почетокот на 1943 г. добило централно место во работата на партиската организација во

---

[354] ИА КПМ т. II, кн. 1, док. 76, 186-187; док. 79, 194-196; док. 80, 196-198; док. 81, 200; док. 85, 309-212.

[355] М. Тодоровски, н.д., 115-116.; Ѓорѓи Танковски–Лилин, Јован Д. Кочанковски, Битолско-преспански народноослободителен партизански одред „Даме Груев"(1942-1944), Битола, 1998, 46-58.

[356] Во прогласот од ПК од 7 ноември 1942 г. пишуван со учество на Добривое Радосављевиќ–Орце, потврдена била заложбата за широки политички основи на борбата, со повик за создавање на „цврст македонски народно-ослободителен фронт без обзир на политички гледајна, класна припадност и вера!" Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 57, 377-382.

[357] Исто, док. 47, 317; док. 61, 400.

[358] Исто, т. I, кн. 2, док.9, 34-35.

[359] Исто, док. 2, 14-16.; док. 11, 43-49.; ИА КПЈ, т. VII, док. 58, 152-155.

Македонија. Од ширината на идејно-политичката основа, всушност, зависела масовноста на партизанските единици. Затоа дури и дејствувањето на ПО во голема мерка било насочено кон политичка работа, најчесто преку митинзи, за привлекување на селското население кон националноослободителната борба.[360] Од овој период се засилиле активностите и за привлекување на низа истакнати дејци од македонската општествена, политичка и културна сфера во националноослободителната војна.[361]

Особено карактеристичен документ во кој до максимум била потенцирана широката идејно-политичка основа на НОВАМ во 1943 г. е Јунскиот проглас на ЦК на КПМ. Тука се повикувало целото македонско население без разлика на која национална, социјална или општествено-политичка категорија припаѓа или да стапи во вооружната борба или да го поддржи и помогне македонското националноослободително движење.[362] Слични заложби, за „полно единство на целио народ", се набележани и во материјалот за годишнината на Илинден во 1943 г. и во прогласите за него издадени од страна на македонското националноослободително движење.[363]

Дека декларативните заложби не биле само пропагандни фрази, најдобро сведочи фактот дека продолжиле настојувањата и практично да се привлекуваат луѓе кои биле популарни сред македонскиот народ, а не биле во КП и згора на тоа, се настојувало на нив да им се дадат одговорни места во воено-политичките органите на македонското националноослободително движење.[364] Во овој контекст, Кузман Јосифовски–Питу во септември 1943 г. го формирал Акциониот народноослободителен комитет (АНОК) во Скопје во кој биле опфатени оние лица

[360] Исто, док. 21, 90-97.
[361] Во мај 1943 г. во партизанската база Лопушник, пристигнал големиот македонски поет Коста Солев Рацин. Митре Инадески, Рацин на Лопушник и неговата смрт, Зб. Рацин во сеќавањата на современиците, Скопје, 1983, 106-110. Интензивно се настојувало да се вклучи во НОАВМ познатиот македонски политичар од меѓувоениот период Методија Андонов–Ченто. Извори. . . т. I, кн. 2, док. 27, 119; док. 30, 133; кн. 4, док. 5, 21. Документи за воената организација. . ., т. I, кн. 1, док. 37. 159.
[362] Извори. . . т. I, кн. 2, док. 31, 146-155.
[363] Исто, док. 37, 180; кн. 7, док. 8, 48-52.
[364] Веќе кон крајот на септември 1943 г. на слободната територија биле испратени Венко Марковски, Петре Богданов–Кочко и Методија Андонов–Ченто и сите веднаш по пристигањето биле вклучени во ГШ на НОВ и ПОМ. Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 32, 159; док. 52, 286; док. 57, 304.

што не биле спремни да излеат на слободната територија.[365] Фактички формирањето на АНОК бил еден од практичните политичките чекори за реализација на широката антиокупаторска идејна основа на македонската ослободителна платформа.

За практичното реализирање на заложбите за широка идејно-политичка основа на НОАВМ особено внимание било посветено во октомври 1943 г. на слободната територија. Така, декларираното почитување на религиозните убедувања и верската толеранција своја потврда добиле со назначувањето на свештеникот Вељо Т. Манчевски за верски референт во ГШ на НОВ и ПОМ. Покрај тоа, на слободната територија било организирано собрание на свештенството од слободната територија, на кое била изразена решеноста да се помага македонското националноослободително движење, а одделни свештеници активно биле вклучени во НОАВМ.[366] На слободната територија во Дебарца биле формирани чети од илинденци врз доброволна основа.[367] Со четите од илинденци и практично бил направен спојот помеѓу Илинденското востание и НОАВМ. Тоа, пред сè, претставувало значаен политички успех на македонското националноослободително движење во правец на разбивање на непријателската пропаганда која непресано ги претставувала партизаните како „српски четници". Всушност, сосема очигледно македонската националноослободителна платформа сè повеќе и сè пошироко била прифаќана сред македонскиот народ.

Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ кој ја претставувал македонската националноослободителна платформа, на дотогашните определби за широка основа на македонското националноослободително движење и од него водената вооружена борба, им отстапил забележително место. Пред сè, Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ се фокусирал на најтешкиот и најопасниот момент на македонските делби,

[365] Извори. . . т. I, кн. 2, док. 42, 221. Нема точни податоци кои лица влегувале во неговиот состав. Некои членови се познати посредно или преку сеќавања. Види: Љ. Арсов, Сведоштва, Скопје, 1984, 452.

[366] Документационо одделение на ИНИ, Материјали за свештенството во НОБ, Сл. IV 540. Документи за воената организација. . ., т. I, кн. 1, док. 67, 225. Документи за воената организација. . ., т. I, кн. 1, док. 83, 260.; Александар Трајановски, Црковно-народниот собор во Скопје од март 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов за возобнување на Охридската Архиепископија, Историја XXXI-XXXII/1-4, Скопје, 1995-1996, 44.

[367] В. Ивановски, За партизанските чети на илинденци во Народноослободителната борба во Македонија, Историја VI/1, Скопје, 1970, 209-212.

односно настојувал да ја отстрани фиктивната „национална" поделба на Македонците предизвикана од пропагандите на соседите во минатото.[368] Всушност, присуството на широките идејно-политички определби во Манифестот укажува дека тие се дел од македонската националноослободителна платформа во текот на НОАВМ.

Со издавањето на Манифестот, префрлањето луѓе на слободната територија за АСНОМ, добило уште поголем интензитет. Прашањето за практично ширење на политичката основа на македонското ослободително движење кое било во врска со подготовките за АСНОМ, било како задача поставена пред целата партиска организација.[369] Општата атмосфера на крајот на 1943 г. и почетокот на 1944 г. создадена со успесите на антифашистичките сили на глобално ниво создавала добри предуслови за таквата политичка работа. Населението во Македонија сѐ повеќе било незадоволно од бугарската окупаторска власт и сѐ повеќе со симпатии гледало на македонското националноослободително движење. Во една таква атмосфера, во почетокот на 1944 г., Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и ГШ на НОВ и ПОМ донеле решение да биде распуштен АНОК во Скопје, од кој потекнале забелешките на Манифестот. Луѓето што влегувале во АНОК се поканувале „веднаш нека излезат на терен" и да учествуваат во борбата и подготовките на АСНОМ. Покрај тоа, се препорачувало во „НО комитети да се вовлекуваат луѓе кои наполно се согласуваат со нашата линија, т.е. со линијата на КПЈ и КПМ, на АВНОЈ, со Иницијативниот одбор на АСНОМ и со Главниот штаб на Македонија". Иако се нагласувало дека „не смееме да секташиме во однос на чесните и влијателни антифашисти", сепак, се укажувало и дека „никако нема да дозволиме исто така многу да се дискутира за линијата на нашата Партија. . ."[370] Ова е прв случај да се заземе еден отворено строг политички курс со кој фактички се врши обид за своевидно идејно-политичко дисциплинирање на луѓе кои искажале спротивно мислење од раководството на КПМ. Но, потребно е да се истакне, дека истовремено

[368] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 31-33.
[369] Исто, кн. 4, док. 29, 132-134. Документационо одделение на ИНИ, Ацо Петровски, Сеќавања за неговата активност во КПЈ и Синдикатот од крајот на 1918 година, Сл. IV 632, 79-84.; Кузман Јосифовски–Питу преку Скопје редовно организирал и испраќал видни личности од македонскиот општествен и културен живот. АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 3, док. 6, 45.
[370] Исто, док. 18, 132-133.

продолжиле напорите за префрлање на слободната територија на низа видни личности од Македонија, без разлика на нивната идејна определба.[371] Недвојбено, постоела јасна свест дека АСНОМ требало да се конституира врз широка политичка основа и со тоа да има целосен легитимитет. Всушност, селекцијата на лицата кои се планирале за учество на Првото заседание на АСНОМ се вршела врз основа на прифаќање или неприфаќање на определбите и ставовите во македонската националноослободителна платформа.[372]

Од почетокот на 1944 г. биле преземени чекори, идејно-политичките основи на македонската националноослободителна платформа да станат поприфатливи и на меѓународен план. Се започнало со зголемено потенцирање на улогата на западните сојузници во Втората светска војна. Со тоа се настојувало да се избегне дотогашното скоро исклучиво пропагирање на улогата на Советскиот Сојуз и да се измени дотогашната слика за целосната прокомунистичката ориентација на македонското националноослободително движење.[373] Затоа, започнало редовно да се забележуваат сите изјави на западните сојузници кои биле во позитивна конотација за југословенското ослободително движење и за правата на народите за самоопределување и слободно политичко организирање[374]

Определбата за широка идејно-политичка основа на раководството на македонското националноослободително движење му овозможувало да разговара скоро со сите македонски политички сили за нивна поддршка или активно вклучување во НОАВМ. Во март 1944 г. биле воспоставени посредни контакти со претставници на федералистичкото крило на ВМРО.[375] Се изразувала спремност да

---

[371] Исто, док. 18, 131; док. 21, 140; док. 32, 186-189; кн. 7, док. 15, 80. На пример, во почетокот на 1944 г., и д-р Стерјо Боздов бил вклучен во НО комитет за Крушево, иако во почетниот период на окупацијата бил еден од најпознатите привrзаници на Димитар Чкатров во Крушево и Крушевско. Исто, кн. 4, док. 43, 182.

[372] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 18, 54-58; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 30, 175-182.

[373] Во македонското националноослободително движење, по барање на ЦК на КПЈ, во почетокот на февруари 1944 г. се пристапило кон подготовки за издавање на еден „централен весник“ кој ќе ја застапува генералната политика, а весниците на обласните партиски комитети требало да престанат да излегуваат. Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 23, 149-150.

[374] Исто, кн. 6, док. 18, 102.

[375] Извори. . ., т. I, кн. 6, док. 29, 130-132; док. 32, 142. Заради недоверба кон Славе Иванов кој бил еден од оние претставници кои барале контакт со ГШ на НОВ и ПОМ, но и воопшто заради премалата информираност во македонското националноослободително движење за идејните и политички ставови на федералистичката група на ВМРО, во тие моменти не им бил

се прифатат во НОВ и ПОМ и приврзаници на четничкото движење, но само откако „јавно" ќе се откажат од Дража Михајловиќ.[376] Сосема очигледно, антифашистичката определба и спремноста за поддршка на антиокупаторската борба биле достаточни елементи за прифаќање на оние кои сакале да се придружат во НОАВМ.

Во април 1944 г. на слободната територија пристигнала поголема група делегати за АСНОМ од Скопје. Во неа биле и поголем дел од оние што го пишувале Приговорот на Манифестот.[377] Набрзо, овие лица влегле во составот на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, што значи дека зазеле раководни функции, што, пак, сведочи за широката политичката основа на ослободителната платформа и демократичноста на македонското националноослободително движење.

Кон крајот на април 1944 г. на Првото заседание на проширениот Иницијативен одбор на АСНОМ биле потврдени широките идејни основи на националноослободителната платформа преку решението да се испрати и општ повик до македонската емиграција во Бугарија и писма до поединци од нејзините редови со цел да се активираат во македонското националноослободително движење и НОАВМ.[378] Сличен бил заклучокот и од заедничкиот состанок на ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, кога делегацијата избрана за разговори со раководството на југословенското ослободително движење, се овластувала да испрати повик за помош и до „македонската емиграција во цел свет".[379]

Организационото конституирање на НОФ на Македонија била една од главните задачи кои стоеле пред македонското националноослободително движење во летото 1944 г.[380] НОФ или ЕНОФ на Македонија, во која КПМ ќе биде само еден

---

овозможен директен контакт со раководството на македонското националноослободително движење.

[376] Исто, кн. 3, док. 41, 216-218.

[377] Исто, кн. 6, док. 48, 184. И во другите места низ Македонија партиските организации засилено работеле на испраќање на делегати за АСНОМ на слободната територија. Исто, кн. 4, док. 80, 337-339; док. 81, 357-358.

[378] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 22, 68-72.

[379] Исто, док. 28, 90-92.

[380] Тито, Собрани дела, т. 20, 276.

дел од политичките сили, во периодот на дефинитивно изградување на македонската држава, требало да ги опфати сите антифашистички политички струи на македонската политичка сцена. Имено, широката идејна основа на ослободителната платформа, во редовите на македонското националноослободително движење привлекла и вклучила голем број на луѓе кои по своите политички убедувања биле целосно различни. Всушност, кон крајот на НОАВМ, ако се изземат окупаторите и нивните соработници, на македонската политичка сцена не постоела друга организирана политичка сила освен македонското националноослободително движење.[381] КПМ како крајно лева партија не била во можност политички да ги апсорбира сите нив. Тоа биле луѓе кои биле спремни врз антифашистичка основа да се борат за остварување на македонските национални цели, но не биле спремни да учествуваат во борба за радикално преуредување на економско-социјалната сфера на живот.

Всушност, со НОФ на Македонија дотогашните декларирани широки антифашистички идејно-политички основи добивале и своја организациона форма. Покрај тоа, со НОФ на Македонија, дотогашниот прокомунистички лик на македонското ослободително движење и ослободителната војна, барем надворешно, се заменувал со антифашистички лик. Затоа во наредниот период бројни се активностите и ангажираноста на членовите на КПМ и на целото македонско националноослободително движење во насока на изградување на организационата структура на НОФ на Македонија. На крајот, изборот за делегати на АСНОМ врз најшироки идејно-политички основи, ќе овозможи во него да се најдат претставници на трите генерации во борбата за национална слобода на македонскиот народ и претставници од сите социјални слоеви. Со тоа, недвојбено се зајакнувала легитимноста на чинот на официјалното конституирање и прогласување на македонската национална држава.

[381] До таков заклучок дошол дури и капетанот Мекдоналд, член на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ, констатирал дека „надвор од партизанското движење не постои политичка активност во МАКЕДОНИЈА."(големите букви бо оригиналот-б.м.) Британските воени мисии во Македонија: документи 1942-1945, Скопје, 2000, (натаму само: Британските воени мисии. . .) док 352, 425.

### *-Рамноправноста во меѓunационалните односи како елемент од македонската националноослободителна платформа*

Постоењето на албанско, турско, еврејско, влашко и друго малцинско население на територијата на Македонија, пред македонското националноослободително движење ја наметнувала потребата за активирање на тоа население во вооружената антифашистичка војна. Затоа, во правец на изградувањето на широка политичка основа биле вклучени и ставовите за привлекување на сите национални малцинства во Македонија во заедничката антифашистичка борба. Вградувањето на меѓународната рамноправност во документите, и подоцна, во македонската националноослободителна платформа, не претставувал некој поголем проблем за македонското националноослободително движење, од проста причина што своите идејни основи ги имало во илинденските традиции и комунистичката идеологија со својот интернационализам. И двете компоненти, меѓународната рамноправност ја имале како свој составен дел.[382] Програмските документи скоро редовно, повикувањето на меѓународната рамноправност го темелеле на илинденското историско искуство, односно на позитивните примери во минатото.[383]

Проблем немало со формулирањето на документи и платформа која ќе ги опфати националните малцинства, туку во практичната реализација на таквата определба. Имено, националните малцинства, впрочем како и самиот македонски народ, со окупацијата не загубиле некакви национални права, бидејќи и дотогаш ги немале, ниту загубиле некаква привилегирана положба, па да постои погодна атмосфера, односно незадоволство кое ќе продуцира поволни услови за привлекување во македонското националноослободително движење. Старата југословенска држава што се распаднала и кај националните малцинства била

---

[382] М. Апостолски, Интернационализмот на Балканот во Втората светска војна, Прилози МАНУ, VIII/1, Скопје, 1977, 5-23.

[383] Опширно: Мустафа Карахасан, АСНОМ-општествено-политичка основа на македонската државност и народностите како нејзини конститутивни компоненти, Зб. АСНОМ остварување. . ., 270-281.

непопуларна, како и кај македонскиот народ.[384] Неповолните политички услови за дејствување на тој план уште повеќе доаѓаат до израз кога не тоа ќе се додадат меѓунационалните и меѓуконфесионалните предрасуди кои постоеле кај дел од населението во Македонија од сите националности. Меѓутоа, наспроти сите тие проблеми, македонското националноослободително движење со голема упорност опстојуваше на определбата за меѓунационална рамноправност во секој поглед.

Во текот на целата војна, проблемот на меѓунационалните односи бил дополнително изострен заради тоа што сите окупатори настојувале да ја поттикнуваат верската и националната нетрпеливост. На овој план, константно и интензивно дејствувале и големобугарската, големосрпската и големоалбанската пропаганда. Сето тоа, на моменти создавало исклучително неповолна атмосфера за дејствување на македонското националноослободително движење на поедини територии каде националните малцинства биле во поголем број. Со оглед на бројноста и позицијата стекната со формирање на „Голема Албанија", особено непријателски расположено кон македонското националноослободително движење било голем дел на албанското малцинство во Западна Македонија. Затоа, во правец на негово привлекување во НОАВМ, биле најголем број од декларативно-политичките ставови во документите на македонското националноослободително движење. Паралелно, не изостанале и практичните чекори да се подигне степенот на соработка и сожителство.

Уште во самиот почеток на окупацијата, проблемот со малцинствата во Македонија се јавил во една изострена форма, бидејќи тогаш окупаторите настојувале, не само да ги нагласат националните и верски разлики, туку и до максимум да ја разгорат меѓунационалната нетрпеливост и омраза.[385] Затоа Методија Шаторов–Шарло, уште во тој почетен период, ја разгледувал и појавата на меѓунационална омраза помеѓу „Арнаутите"[386] и Турците, од една страна, и

[384] Националните, културните и религиозните права во предвоена Југославија или воопшто не постоеја за одделни народи или систематски и константно беа редуцирани за оние кои постојеа. Види: Владимир Ортаковски, Малцинствата на Балканот, Скопје, 1998, 129-137.
[385] Кемал Сејфула, Активностите на една партиска ќелија во 1941 во Скопје, Зб. Скопје во Ослободителната. . ., 211-212.
[386] Арнаути е турски збор за Албанци. Во документацијата за Албанците се употребува уште и терминот Шиптари во согласност со официјалното именување на албанската држава и народ.

Македонците и Бугарите и укажувал дека предизвикувањето на истата е дело на самите окупатори. Истовремено и повикувал да се оди кон обединување на македонскиот народ и другите народности во барањата за слобода и рамноправност.[387]

Во наредниот период во документите на ПК и пониските органи на партиската организација, континуирано е присутна определбата за меѓунационална толеранција и соживот.[388] Окружниот комитет на КПЈ за Западна Македонија, дури го насловил својот пишан орган како „Братство", со очигледна алузија кон меѓунационалната толеранција, соживот и заедничка антифашистичка борба.[389] И органот на Тетовската партиска организација „Неделен весник", во 1942 г. објавувал статии со кои се повикувале Албанците за заедничка борба против фашизмот.[390]

Програмските заложби на македонското националноослободително движење во правец на меѓунационална рамноправност, особено биле потврдени со Илинденскиот проглас на ПК од јули 1942 г. Во него, преку децидното обраќање: „МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! СЛАВЈАНИ, ТУРЦИ, АРНАУТИ, ВЛАСИ И ЕВРЕЈИ" била потенцирана широката основа на НОАВМ во поглед на меѓунационалните односи.[391]

За реализација на програмската определба за градење на добри меѓунационални односи со албанското малцинство во Македонија, особено значајни биле воспоставените врски и соработка на македонското со албанското ослободително движење раководено од КПА. Имено, од крајот на 1941 г. започнала да функционира редовна врска помеѓу албанското и македонското ослободително движење од Вардарскиот дел, а целата таа активност на ПК на КПЈ за Македонија, реализирана, пред сѐ, преку Кузман Јосифовски–Питу, била насочена кон преминување на комунисти и партизани од Албанија на територијата на Западна

[387] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 1, 17.
[388] Исто, док. 9, 50-51; док. 21, 121.; ДАРМ, фонд: ЦК КПМ-ПК КПМ, к. 1/б, бр. 5345.; S. Fidanova, Albanska narodnost u Makedoniji u vreme Narodnooslobodilačkog rata i narodne revolucije Zb. Makedonija od ustanka do do slobode 1941-1945, Beograd, 1987, 244-247.
[389] В. Ивановски, Ослободителната војна. . ., 99.
[390] ИА КПМ т. II, кн.1, док. 73, 171; док. 80, 196-198.
[391] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 41, 245.

Македонија, со цел да се привлече албанското население кон вооружената борба на македонскиот народ.[392]

Од почетокот на 1943 г., во врска со пренесувањето на тежиштето на организирањето на вооружената борба во Западна Македонија, прашањето за изградување на добри меѓунационални односи добило поголемо значење за македонското националноослободително движење. Уште на 28 јануари 1943 г. бил публикуван проглас „Новите собитија и Македонија под италијанскиот окупатор" во кој се укажувало на политиката на окупаторите да предизвикаат меѓунационална омраза, нетрпеливост, а сите припадници на малцинствата се повикувале да влезат во македонското националноослободително движење.[393] Делегатот на ЦК на КПЈ, Светозар Вукмановиќ–Темпо, само се надоврзал на таквите заложби и барал од членовите на КП во Македонија поголема активност помеѓу националните малцинства.[394] Ваквите барања биле особено потенцирани на Вториот состанок на ЦК на КПМ одржан на 4 и 5 мај 1943 г.[395] Тогашното поставување како „најважна задача" на работата со албанското малцинство, сведочи дека не само што рамноправноста на сите национални малцинства била програмско-политичка определба, туку и дека потребата од стабилни меѓународни односи била неопходна за развивање на вооружената борба во западните краишта на Вардарскиот дел на Македонија.[396] Сите ПО на овој терен дејствувале врз основа на „единството и братството мегју албанското и православното македонско население".[397] Набрзо, биле добиени и првите позитивни практични резултати на планот на привлекување на албанското население во НОВ и ПОМ и во редовите на

---

[392] Документационо одделение на ИНИ, Реконструкција на Окружниот комитет–Тетово, Скопје, 2 октомври 1974, Р-35-1, 27-28.; Исто, Стенографски белешки од состанокот со учесниците во формирањето на партиската организација во Дебар и околијата на ден 9 , 10 и 11 март 1956 година во Скопје, Р-9-1, 88.; Руси Љутфи, Одрази на политиката на НОД на Албанија во Дебарско, Зб. Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975, 225-237.

[393] ДАРМ, фонд: Народен фронт, к. 9, бр. 623.

[394] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 26, 110, 115.

[395] Исто, док. 28, 123-124.

[396] М. Михајлов, Состанокот на ЦК на КПМ одржан на 4 и 5 мај 1943 година во Лопушник, Зб. Слободните територии. . ., 81.

[397] Документационо одделение на ИНИ, Од дневникот на другарот Платник, Сл. IV 511, 31.

партизанските единици, иако не во голем број, сепак биле привлечени лица од албанска националност.[398]

Во летото 1943 г., уште повеќе биле засилени и пропагандната и практичната работа сред албанското население во Западна Македонија.[399] Јунскиот проглас на ЦК на КПМ не ја заобиколил потребата од декларирање на меѓунационалната толеранција, а Првиот обласген комитет на КПМ добил инструкции во правец на создавање на „што по чврсто и појако единство со Албанците", бидејќи тоа е „едно од животните прашања за вашата работа".[400]

Со капитулацијата на Италија, за македонското националноослободително движење на површина во целост се појавило прашањето на меѓунационалните односи во Западна Македонија. Дејствувањето на партизанските единици на тој терен, односно резултатот што од тоа дејствување ќе произлезе, во услови на капитулација на Италија, во голема мерка зависело од поддршката и помошта на албанското население. Затоа уште пред официјалната капитулација на Италија, македонското националноослободително движење, во соработка на албанското ослободително движење раководено од КПА, направиле обиди за спогодување со некои албански националисти. На 25 август 1943 г. Елисие Поповски–Марко и Страхил Гигов од страна на НОВ и ПОМ потпишале договор за соработка со претставници на Бали Комбтар и националистичките сили во реонот на Дебар.[401] Сличен договор бил постигнат и на 6 септември 1943 г. Имено, тогаш меѓу претставници на НОВ и ПОМ и на албанските партизани, од една страна, и националистичките албански сили, од друга страна, бил постигнат договор за заеднички акции во правец на заземање на Дебар.[402] И покрај тоа, големоалбанските националисти, помогнати од германските окупатори, настојувале да ја разгорат

---

[398] Во средината на јули 1943 г. била исфрлена Прва албанска партизанска чета од 9 борци, која постепено бројно се зголемувала. Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 1, док. 91, 313.; В. Брезоски, Комунистичка. . ., 291, 305.; В. Ивановски, Ослободителната војна. . ., 138.

[399] Во тој период, особено зачестиле прогласите со кои се повикувало на заедничка борба и меѓунационална толеранција. ДАРМ, фонд: Прв обласген комитет, к. 10, бр. 608; фонд: Прва оперативна зона, к. 16/а, бр. 545.; Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 31, 152.

[400] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 31, 152; док. 32, 158.

[401] ДАРМ, фонд: Прва оперативна зона,, к. 16, бр. 288.

[402] Исто, бр. 275; бр. 276.

омразата кон Македонците и развиле силна вооружена борба против македонското националноослободително движење.[403]

Без разлика на таквиот однос на албанските националисти, од страна на македонското националноослободително движење се продолжило да се работи на планот на зближување на сето население и вклучување во вооружената борба.[404] Биле постигнати и одредени резултати, бидејќи во редовите на НОВ и ПОМ продолжиле да влегуваат лица од албанска националност.[405] И покрај таквата интенција, кон вооружените арамиски банди, составени од припадници на албанското население, кои во овој период особено ги тероризирале македонските села, НОВ и ПОМ презела вооружени акции. Манифестирање на меѓунационална соработка била особено забележана во ослободено Кичево[406] и преку заедничкото дејствување на единиците на НОВ и ПОМ и ПО на Хаџи Леш од албанската народноослободителна војска.[407]

Декларативното застапување на меѓунационалното разбирање и заедничка борба постоело и во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. Во него се повикувале припадниците на албанската, турската и влашката националност да не дозволат да бидат втурнати во „братоубиствена војна" и да се „придружат" на НОВ и ПОМ во антифашистичката и ослободителна борба.[408] Особено внимание се придавало на албанското малцинство.[409] Всушност, она што од почетокот на окупацијата, како програмска определба за заедништво и меѓунационално разбирање било на разни

---

[403] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 1, док. 28, 56-57.

[404] ИА КПЈ, т. VII, док. 87, 274-276; док. 89, 277-279.

[405] М. Кодра, Учеството на припадниците на албанската народност во проширувањето на слободните територии во Македонија, Зб. Слободните територии. . ., 137-154. Највпечатливо е преминувањето на 60 албански милиционери од Кичево на чело со Амди Дема кон македонското националноослободително движење. Овие лица влегле во состав на Првиот ПО на Првата оперативна зона. Лица од албанска националност во овој период имало и во ПО „Дримкол", во баталјонот на чело со Томо Целај-Шумски и во Дебарскиот младински баталјон. В. Ивановски, Ослободителната војна. . ., 145.

[406] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 58, 309.; Масар Кодра, н.с., 137-154.

[407] Исто, док. 63, 328-330; Љутфи Руси, Одразот на политиката на НОД на Албанија во Дебарско, Зб. Слободните територии. . ., 225-237. Врски, контакти и соработка помеѓу ослободителните движења на Македонија и Албанија биле воспоставени уште во 1941 г. Во текот на целата војна, соработката и заедничкото дејствување имале нагорна линија и се одвивале без поголеми проблеми и недоразбирања.

[408] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 33-34.

[409] Мустафа Карахасан, АСНОМ-општествено-политичка основа на македонската државност и народностите како нејзини конститутивни компоненти, Зб. АСНОМ остварување. . ., 270-281.

начини изнесувано, во Манифестот само било сублимирано и легитимирано од најрепрезентативниот орган на македонското националноослободително движење. Со тоа рамноправната положба на малцинствата била јасно зацртана како елемент на македонската националноослободителна платформа во текот на НОАВМ.

По повлекувањето на главнината на единиците на НОВ и ПОМ од теренот на Западна Македонија кон крајот на 1943 г., големоалбанските националисти во голема мерка ја засилиле својата активност и ги зацврстиле своите воено-политички позиции.[410] Германските окупатори во првата половина на 1944 г. презеле опсежна пропагандна кампања за продлабочување на разликите и нетрпеливоста меѓу македонското и албанското население. Балистичките формации, со германска помош во оружје, опрема и инструктори, зајакнале и по бројност и по квалитет.[411] Македонското националноослободително движење во првата половина на 1944 г. преку низа прогласи на ЦК на КПМ и Првиот обласген комитет настојувал да парира на непријателската пропаганда, со истакнување на потребата за меѓунационална толеранција.[412] И во практичната работа се преземале воени акции против балистичките вооружени формации и се правеле чекори да се стапи во контакт со видни албански личности, да им се објаснат целите на македонското ослободително движење и да се привлечат кон НОАВМ.[413]

Од страна на македонското националноослободително движење, непрестано, по разни поводи, се укажувало и на втемеленост на меѓунационалното разбирање во револуционерната традиција и во актуелната македонската националноослободителна платформа. Во оваа смисла, весникот на 1. македонска бригада „Народен војник" пишувал дека „како што Илинден 1903 и натака беше симбол на борбата и братството, исто така и оваја година тој беше симбол на братската заедничка борба меѓу македонскиот и албанскиот народ", односно дека

---

[410] Стојмир Ристески, Положбата во Дебарца по заминувањето на Првата македонско–косовска бригада, Зб. Слободните територии. . ., 329-330.

[411] Томе Батковски, Активноста на ГШ на НОВ и ПОМ во разбивањето на колаборационистичките групи во Македонија, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . ., 171-172.

[412] Зборник документата. . ., т. VII, кн. 3, док. 22, 67-69.; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 44, 229-233.; В. Ивановски, Ослободителната војна. . ., 221-233. Весникот на 1. македонско–косовска ударна бригада „Братство", објавил повеќе статии за потребата од добри меѓунационални односи воопшто, а пред сè меѓу Македонците и Албанците. ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 41, 139-143.

[413] Извори. . ., т. I, кн. 4, док. 81, 340-361.

„потомците на Скендер бега и следбениците на големиот Илинден дружно ке корачат кон својата иднина".[414] И покрај честите и јасни заложби на македонското националноослободително движење за меѓунационално разбирање, толеранција и заедништво леттото 1944 г., во Западна Македонија дошло до натамошно зајакнување на големоалбанските националисти.[415]

Вистинитоста на определбата во македонската националноослободителна платформа за целосна национална рамноправност во македонската држава на сите малцинства, на своевиден начин била потврдена со вклучувањето на нивни претставници во подготовките и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ.[416] Меѓунационалната толеранција и рамноправност, како трајна определба и дел од македонската националноослободителна платформа, ниту за момент не била напуштена или ограничена. Напротив, на Првото заседание на АСНОМ таквата определба била потврдена низ повеќе решенија и залегнала во државноправниот карактер на македонската држава.

## 3. Националната и идејната диференцијација во македонската националноослободителна платформа

Македонскиот национален индивидуалитет, антифашизмот и антиокупаторската определба биле главните поставки врз кои македонското националноослободително движење ја вршело идеолошката и идејната диференцијација на политичката сцена во Македонија. И покрај настојувањата за поставување на НОАВМ и македонската националноослободителна платформа врз широки идејни основи, сепак, во програмските документи и практичната активност редовно се правело сопствено остро разграничување од антимакедонските и проокупаторските елементи од било која провениненција.

---

[414] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 67, 202-203; док. 68, 207; Леттото 1944 г. и во други документи на македонското националноослободително движење често се декларирала определбата за рамноправни меѓунационални односи. Види: ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 49, 166; док. 50, 166-168.

[415] Тоа најочигледно се манифестирало со бројното зголемување на вооружените единици на Џемо и Мефаил кои биле најголеми експоненти на таа големоалбанска националистичка и профашистичка реакција. Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 55, 171-176.

[416] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 42, 221.

Веднаш по окупацијата, довоените граѓански политички партии или поединци во Вардарскиот дел на Македонија или се дезактивирале, или биле вклучени во новосоздадените профашистички и националистички организации во кои силно влијание имале големобугарската, големосрпската или големоалбанската пропаганда. Освен што го негирале македонскиот национален идентитет, сите тие на директен или индиректен начин ги помагале окупаторите. Со оглед на тоа што пробугарската пропаганда, дејствувала на најголем дел од територијата на Македонија, таа претставувала најголема закана за македонското национаноослободително движење. Сите приврзаници на големобугарската политика ја помагале бугарската власт во нејзиното дејствување во Македонија, а дел од нив и имале бугарска државна служба. Затоа тие политички сили биле непрестано критикувани и вербално карактеризирани од македонското национаноослободително движење, не само како соработници на окупаторите, туку и како предавници на македонските национални идеали. Ниту приврзаниците на големосрпската и големоалбанската политика не биле поштедени од остра критика и акциони мерки за нивно елиминирање од страна на македонското национаноослободително движење.

Разликите помеѓу политичките сили на македонската политичка сцена, од страна на македонското национаноослободително движење започнале да се истакнуваат уште од самиот почеток на окупацијата. Методија Шаторов–Шарло уште во тој период, преку разгледувањето на појавата и работата на пробугарските „македонски комитети", кои ги оценил како „база на окупаторите", констатирал дека биле формирани од „испечени врховисти".[417] Оттогаш идејната и национална диференцијација била поставена како константен елемент, најпрво во документите, а потоа и во активностите и национаноослободителната платформа на македонското национаноослободително движење.

Насоченоста кон организирање и развивање на вооружена борба придонела во есентта 1941 г. како основа на политичката диференцијација најпрво да биде поставен антифашизмот, со кој врховизираниот дел од македонските политички сили биле оквалификувани како соработници на германските и бугарските

[417] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 1, 16.

владеачки кругови.[418] Таквите позиции во документите од раководството на КП, сосема природно, нашле своја практична примена во политичко-пропагандното дејствување на партизанските единици, па Прилепскиот ПО уште на својот прв митинг во ноември 1941 г., поаѓајќи од позиции на антиокупаторската борба и националната посебност на македонскиот народ вршел остра осуда на македонските соработници на бугарскиот окупатор.[419]

Во текот на 1942 г. пропагандата, која соработниците на окупаторите ја вршеле против вооружената антифашистичка борба, во документите и весниците на македонското националноослободително движење, редовно била критикувана и осудувана како целосна антимакедонска позиција.[420]

Зголемувањето на активностите на приврзаниците на Ванчо Михајлов во летото 1942 г., со користење на идејата за „автономна Македонија", придонеле македонското националноослободително движење со сета сериозност, да ги смета за опасност за развојот на НОАВМ.[421] Затоа, ГШ на НОПОМ во делот на политичката работа на партизанските единици им поставил конкретни задачи во насока на разобличување на сите соработници на окупаторот. Активирањето во текот на 1942 г. на големосрпските политички сили преку дејствувањето на Војче Трбиќ во Азот и Порече во насока таму да создаде четничко движење под контрола на Дража Михајловиќ, било причина ГШ на НОПОМ особено да ја акцентира потребата ПО да дејствуваат и против таа антимакедонска опција.[422]

---

[418] Исто, док. 9, 52; док. 21, 124.
[419] Документационо одделение на ИНИ, Од дневникот на другарот Платник, Сл. 511, 11-13.
[420] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 41, 248-249.; ИА КПМ т. II, кн. 1, док. 84, 208.
[421] ДАРМ, фонд: ВМРО, к. 33, бр. 8144.; Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 51, 348.
[422] Документи за воената организација. . ., т. I, кн. 1, док. 10, 64-74.; Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 1, док. 43, 143-144. Во текот на Војната, Василие Трбиќ се јавувал како најголем експонент и персонификација на на четничкото движење во Македонија. Тој во ниеден момент не воспоставил некое позначајно воено или политичко влијание во Македонија. Реоните во кои дејствувал, пред сè, биле Азот, Порече и Прилепско. Во 1943 г. на овој простор била создадена „Вардарска четничка дивизија", на чело со потполковникот на бившата југословенска војска Стојан Марковски. Но, иако постоела скоро до крајот на Националноослободителната и антифашистичка војна на територијата на Македонија, не презела скоро никаква воена активност. Покрај оваа четничка формација, на теренот на Кумановско дејствувале вооружени четнички формации кои биле во рамките на четничките сили од Јужна Србија. Тамошниот „Вардарски четнички корпус", предводен од капетанот Стојан Крстиќ во почетокот на 1944 г. бил разбиен од единиците на НОВ и ПОМ, а нешто подоцна најголемиот дел од неговите припадници се предале и биле вклучени во единиците на НОВ на Србија. Младен Цолић, Четничке војне формације Драже Михаиловића и Македонији

Во овој период, во рамките на македонското националноослободително движење, сосема јасно биле согледувани антимакедонските позиции на големобугарските и големосрпските агенти.[423] Особено јасно и прецизно тие позиции во ноември 1942 г. ги образложил Мирче Ацев, кој укажал дека пропагандата на Ванчо Михајлов за „ујединејне на Македонија", всушност е насочена кон разбивање на НОАВМ и е во интерес на германските окупатори, дека македонските предавници од „типо на Чкартов, Гузелов и комп(анијата)", настојувале во интерес на бугарскиот окупатор, да ги одвојат партизаните од народот и да ги „прикажат како српски четници кој сакат да е вратат големо српската власт" и дека „југословенското правителство во Лондон", стои на антимакедонските позиции што наједноставно се гледа од фактот дека со ниеден збор не ги признава правата на македонскиот народ, туку преку четничкото движење ги помага окупаторите во борбата против НОАВМ.[424] Во овој период, за одбележување се и јасните и бескомпромисни позиции на Кузман Јосифовски–Питу кој укажувал дека македонското националноослободително движење ќе се спротистави на сите антимакедонски експоненти на туѓите интереси во Македонија.[425]

Идејно-политичката и национална диференцијација била сеопфатна и континуирана активност на целото македонско националноослободително движење во текот на 1943 г. Затоа, ЦК на КПМ во Јунскиот проглас, дејноста на пробугарските и просрпските експоненти во Македонија ја карактеризирал како „нечесна предателска противмакедонска рола" во полза на германските, големобугарските и големосрпските аспирации,[426] а пониските органи на македонското националноослободително движење ја следеле таквата политичка

1942-1944, Зб. Ослободителната војна. . ., 584-603.; Јордан Цеков–Дане, Кумановско во НОВ 1941-1945, Куманово, 1989, 242-249.

[423] ИА КПМ т. II, кн.1, док. 76, 187-189; док. 84, 213-215; док. 92, 224-227.

[424] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 1, 12-13.

[425] Исто, кн. 1, док. 61, 400.; Р. Терзиоски, Некои оценки на Кузман Јосифовски–Питу за колаборационистичките групи во Македонија, Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 301-304.

[426] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 31, 148.

линија и остро ги критикувале просрпските и пробугарските експоненти во Македонија.[427]

Сепак, иако се настојувало да се напрви остра политичка диференцијација на политичката сцена, се правело разлика меѓу раководителите и обичните приврзаници на ванчомихаловистичката и пробугарската политичка опција. Раководството на македонското националноослободително движење препорачувало „трпливо да се убедуваат" обичните приврзаници за да се привлечат кон ослободителното движење[428]

Идејната и национална диференцијација, согласно на дотогашните декларативни и акциони чекори да се направи дистанцирање на македонското националноослободително движење од антинационалните и проокупаторски сили на политичката сцена во Вардарскиот дел на Македонија, сосема очекувано нашла свое место, односно станала составен дел на македонската националноослободителна платформа. Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ опширно укажувал на предавничката и штетна улога за иднината на Македонија на сите соработници на окупаторите. Особено била нагласена улогата на „предателите на македонскиот народ, слугите на германските фашиски окупатори на чело со Ванчо Михајлов от една страна и Китинчев, Ѓузелов, Чкатров, Коста Ципушев и други, од друга страна", на „големосрпските хегемонисти, на чело со предателскиот генерал Дража Михајловиќ" и на „големоалбанските фашисти и големоалбанските хегемонистички елементи".[429] Сосема е очигледно дека раководството на македонското националноослободително движење сметало дека дејствувањето на големобугарските, големосрпските и големоалбанските сили претставува реална опасност за постигнување на македонско национално единство, а во крајна линија за остварување на македонските национални стремежи. Затоа, во Манифестот не било пропуштено да се укаже дека дотогашната политичко-пропагандна и воената пресметка со тие антимакедонски сили не е завршена и дека во наредниот период треба да продолжи.[430] И затоа, во пропратното писмо на ЦК на КПМ кон

---

[427] ДАРМ, фонд: НОБ-Скопје, к. 19, 8894.; АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 8, 17-23.
[428] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 20, 87-88.
[429] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 30-31.
[430] Исто.

Манифестот, диференцијацијата била ставена во исклучително остра форма, па се укажувало дека предавниците „ќе ги стаса одмаздителната рака на народот", а отворено била прокламирана одмазничката парола „КРВ ЗА КРВ–СМРТ ЗА СМРТ!"[431] (големите букви во оригиналот-б.м.).

Членовите на АНОК кои го напишале Приговорот на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, за разлика од раководството на македонското националноослободително движење кое било на слободната територија, сметале дека големобугарските, и особено големосрпските експоненти од Македонија не се реална политичка сила кои можат да му конкурираат на македонското националноослободително движење. Затоа, една од нивните забелешки на Манифестот била онаа дека „се оделује многу место. . . за разни политички мртовци, како Китинчев, Ѓузелов, Чкатров и други на кој им чиниме реклама и чес кога ги напајгјаме, а особено пак, кога се говори за Дража Михајловиќ, кој во Србија ништо и никого не претстављава а за Македонија и да не говориме. . ."[432] Ако се има предвид дотогашното прифаќање и политичко влијание на големобугарската и големосрпската идеја во Вардарскиот дел на Македонија, и уште повеќе минималното влијание кое тие сили го остварувале во наредниот период, се чини дека оваа забелешка од Приговорот била сосема на место.

Меѓутоа, опасноста од приврзаниците на големоалбанската идеја забележана во Манифестот, и во дотогашниот, и во наредниот период, била реална и силна пречка за развојот на вооружената борба во Западна Македонија, а со тоа и за реализацијата на сите останати цели на НОАВМ. Токму на тоа се укажувало и во рефератите на Фуштанското советување. Имено, сосема исправно се укажувало дека „заради стратиската важност на Македонија, Хитлер во случај на капитулација на Бугарија ќе го искористи Ванчо Михајлов", а од воена гледна точка, особено се окарактеризирани како опасност за НОВ и ПОМ единиците составени од соработници на окупаторите од албанска националност.[433]

---

[431] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 75, 358.
[432] Документи за борбата. . ., т. II, док. 207, 417-418.
[433] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 11, 90-91.

Публикувањето на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и пропратното писмо од ЦК на КПМ, придонеле кон крајот на 1943 г. да се засили активноста против разните домашни предавници и соработници на окупаторот од страна на пониските политички тела и воени единици на македонското националноослободително движење.[434] И во документите и пишаната пропаганда на македонското националноослободително движење од почетокот на 1944 г. забележливо е зголемено присуство на национална и политичка диференцијација. Сосема јасно се подвелкувало дека вооружената борба имала за цел извојување на „национална слобода на нашио народ", па се декларирало дека македонското националноослободително движење ќе води „отворена и непомирлива борба против овије" антимакедонски експоненти.[435] Зголемено било следењето на активностите на соработниците на окупаторите, а документите на македонското националноослободително движење сè почесто укажувале на тоа дека оние приврзаници на големобугарските, големосрпските и големоалбанските воени и политички сили кои нема да се откажат од својата дејност, ќе се третираат како „предавници" на сопствениот народ и ќе бидат земени на одговорност „како припадници на непријателски сили".[436]

Особено е потребно да се одбележи фактот дека идејно-политичката и националната диференцијација со која македонското националноослободително движење се разграничувало од спротиставените воени и политички сили, била водена со крајна принципиелност и доследност, во смисла дека скоро секогаш и истовремено во документите и написите во весници на раководните личности на македонското националноослободително движење биле критикувани и осудувани и пробугарските и просрпските елементи на македонската политичка сцена. Така, на пример, во централниот орган на НОФ на Македонија, весникот „Илинденски пат" од март 1944 г., биле поместени, една статија, во која се објаснувала и остро

---

[434] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 2, док. 92, 259-261; док. 93, 263; док. 95, 267-268; док. 103, 287-294; док. 106, 302-305; док. 109, 317.
[435] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 2, 14-16; док. 3, 16-19.
[436] Документационо одделение на ИНИ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 44, бр. 1537.; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 13, 109-112; кн. 4, док. 31, 95-99; док. 43, 179-181; док. 47, 203.

осудувала дејноста на пробугарските елементи, и една статија, во која се укажувало на опасностите од четничкото движење и истото се осудувало.[437]

Приближувањето на поразот на окупаторите во Македонија водел кон сè поостро поставување на националната и идејната диференцијација од македонското националноослободително движење. Сè почесто се објаснувало дека „не може и не смее да има неутрални" и дека „народот утре секого ќе праша каде бил" во текот на борбата. Се укажувало дека „од лицето на земјата" ќе бидат избришани сите предавници и крвници на македонскиот народ.[438] Дека сето тоа не било само закана се потврдува со фактот што единиците на НОВ и ПОМ настојувале преку преземање на повеќе вооружени операции и војнички да ги уништат носителите на антимакедонската политика, а пред сè четничките вооружени формации на тлото на Вардарскиот дел на Македонија.[439] Всушност, поставената широка идејно-политичка и национална основа на НОАВМ, сепак, имала своја граница и не можела бесконечно да се шири.

Во врска со подготовките за свикување и одржување на Првото заседание на АСНОМ, сè поочигледно било дека привrзаниците на ВМРО на Ванчо Михајлов отворено се ставаат во служба на бугарската власт и со сите сили настојуваат да ја поддржат и помогнат, а својата дејност и позиции настојуваат да ги засилат и големосрпските и големоалбанските воено-политички сили.[440] Како одговор на тоа, и македонското националноослободително движење ги засилило активностите против своите идејно-политички противници. И од таа пропагандна и воена активност на македонското националноослободително движење не биле поштедени привrзаниците ниту на големобугарската, ниту на големосрпската, ниту на големоалбанската политика. Во македонското националноослободително движење веќе постоела силна тенденција идејно-политички да се дискредитираат и целосно

---

[437] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 20, 59-66; док. 21, 66-72.
[438] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 46, 149.
[439] ДАРМ, фонд. НОБ, арх. бр. 1256.; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 41, 218; док. 42, 220; кн. 4, док. 78, 330-333; док. 81, 340-361; док. 84, 374-375; кн. 6, док. 48, 186.
[440] Исто. . ., т. I, кн. 3, док. 71, 346; кн. 5, док. 10, 40-45; кн. 6, док. 83, 321-322; док. 85, 329-330; док. 87, 337-339. док. 88, 342.; Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 56, 176-177.

воено да се уништат сите антимакедонски и квислиншки елементи.[441] До максимум заострената форма на идејно-политичка диференцијација можеби најдобро се илустрира со пишувањето на весникот на 2. македонска бригада, „Народна борба" во јуни 1944 г. каде било декларирано: „За шпионите и народните предатели-смрт, безмилосна смрт! Бесилка! Народната рака е долга и од неа не може да се куртулиса!"[442]

Сосема очигледно, со приближувањето на крајот на војната на тлото на Македонија, односно со скорешното конституирање на македонската национална држава се влегувало во фаза во која националната и политичка диференцијација спроведувана од македонското националноослободително движење добивала сè поостра форма и јасно ја покажувала спремноста за бескомпромисна пресметка со сите антимакедонски и проокупаторски групи и поединци. Со тоа, во крајна линија, се настојувало да се отстрани секоја шанса да се доведе во прашање реализацијата на македонската националноослободителна платформа и да се спречи остварувањето на македонските националноослободителни стремежи.

Со оглед на јачината на НОВ и ПОМ на воено поле и македонското националноослободително движење на политичко поле, дотогашниот успех на планот на национална и идејно-политичка диференцијација бил евидентен. Антимакедонските сили на воено-политичката сцена веќе во голема мерка биле целосно дискредитирани и скоро да немале поддршка сред македонскиот народ. Единствено, сè уште големоалбанската политика имала цврсти позиции и за нејзино политичко и воено уништување требало натамошни зголемени активности.

***
*

Недвојбеното декларирање и афирмирање на македонскиот национален идентитет од страна на македонското националноослободително движење било основниот предуслов за водење на вооружена антифашистичка војна и за поставување на македонските национални барања на балканската и светската политичка сцена. Од одделниот македонски национален идентитет произлегувале, и

[441] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 55, 182-184.; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 71, 346; кн. 5, док. 10, 40-45; кн. 6, док. 80, 311-313; док. 88, 342; док. 91, 360-363; док. 90, 351-355; док. 95, 370; док. 96, 377; док. 101, 402-407; док. 114, 449-454; док. 115, 456. кн. 7, док. 57, 250-253.

[442] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 58, 187-188.

врз него се темелеле, и двете основни македонски национални барања: правото на државност и правото на обединување на македонскиот народ и Македонија.

Масовна и победоносна НОАВМ не можела да се замисли без националниот момент. Најголем дел од населението во Македонија многу малку ја познавал и прифаќал комунистичката идеологија на македонското националноослободително движење. Неговата активна поддршка на вооружената борба се темелела, пред сè и над сè, на чувството за сопствена македонска национална свест. Тоа го разбирале и врз таа линија работеле активистите на македонското националноослободително движење.

Оттаму произлегувала и честата употреба на илинденските традиции. Тие недвојбено биле во функција на потенцирање на различноста на македонскиот народ на национален план од останатите народи. Сосема очигледно е дека во текот на НОАВМ на сите можни начини се настојувало да се афирмираат и потенцираат посебните македонски национални белези. Употребата на на македонскиот јазик во скоро целата усна и писмена комуникација во НОАВМ е најдобар пример за таквиот заклучок. Покрај тоа, „националното ослободување“ од почетокот на окупацијата, а особено од 1943 г. е најзастапената парола во документите на македонското националноослободително движење.

Сосема очигледно, до Првото заседание на АСНОМ, одделната македонска национална свест била поставена како основа на македонската националноослободителна платформа, а македонскиот национелен идентитет многукратно бил јасно и прецизно манифестиран од македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија.

Политичкото дејствување на силите на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во текот на НОАВМ, се соочувало со два основни проблеми кои, во крајна линија, го ограничувале развојот на антифашистичката вооружена борба и остварувањето на националните цели. Првиот проблем претставувала антијугословенската клима која објективно постоела во Македонија, а македонското националноослободително движење дејствувало во рамките на југословенското ослободително движење. Во почетниот период во политичката работа најчесто се настојувало да се избегне

секакво поврзување со „југословенството", па дури и партиските документи не се потпишувале со „Југославија" или само со буквата „Ј". Иако отстапувања од таквата практика имало и претходно, сепак, постепена промена започнала од почетокот на 1943 г. Од Преспанскиот состанок и од усвојувањето и прокламирањето на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, на кои била усвоена македонската националноослободителна платформа, во која дефинитивно била прифатена опцијата за заедничка борба со останатите народи на Југославија, започнала интензивна политичка работа на пропагирање на новата југословенска федеративна држава конституирана со АВНОЈ и на определбата за создавање на македонска федерална држава во нејзини рамки. На тој начин, до Првото заседание на АСНОМ таквите определби биле направени прифатливи за поголемиот дел од македонскиот народ, иако поедини реакции на неприфатливост на југословенската опција имало и во наредниот период.

Вториот проблем, претставувала основната прокомунистистичка ориентација на македонското националноослободително движење заради доминантното влијание на КП во него. Таа предизвикувала идеолошки ограничувања во програмата и дејствувањето, односно создавала впечаток дека борбата се води за реализирање на тесно-партиски и класни цели. Таквиот впечаток до максимум бил засилуван преку пропагандата на окупаторите и нивните домашни соработници. Антифашистичка платформа поставена на тесно класни цели едноставно била политички несоодветна за водење на масовна антифашистичка војна. Затоа, освен во почетниот период на НОАВМ кога класно-пролетерскиот момент бил пресилно нагласен, во наредниот период се настојувало НОАВМ да се постави врз широка идејно-политичка основа. Таквите определби се особено изразени во текот на 1944 г. во сите материјали на македонското националноослободително движење, а целосно дошле до израз во организирањето на Првото заседание на АСНОМ кога скоро единствен критериум претставувало антифашистичката определба и прифаќање на македонската националноослободителна платформа изразена во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ.

Во рамките на широката идејно-политичка основа, освен определбата во НОАВМ да се прифаќаат сете антиокупаторски елементи без разлика на вера, пол,

националност и политички убедувања, се наоѓа и определбата за заедничка антифашистичка вооружена борба со националните малцинства во Македонија. Практичните и декларативните чекори на овој план биле насочени кон албанското национално малцинство во Вардарскиот дел на Македонија како најбројно и значајно за воено-политичкото дејствување во Западна Македонија.

Во блиска врска со прашањата за одделниот македонски национален индивидуалитет и широката политичка основа на НОАВМ, се наоѓало и прашањето за идејната и национална диференцијација на македонската политичка сцена. Имено, со таа диференцијација македонското националноослободително движење настојувало да укаже на своите различни позиции од големобугарските, големосрпските и големоалбанските сили кои дејствувале на македонската политичка сцена. Двата основни елементи врз кои македонското националноослободително движење настојувало во текот на НОАВМ да го изврши тоа остро разграничување биле македонскиот национален идентитет и антифашизмот. Документите и практичното дејствување покажуваат континуирана работа на тој план во текот на целата НОАВМ.

На остра критика и осуда истовремено биле подложени македонските врховистички елементи од големобугарска и големосрпска провиниенција, како и големоалбанските елементи кај албанското национално малцинство. Иако на моменти на тој план се настапувало бескомпромисно, сепак, се настојувало да се прави разлика меѓу обичните приврзаници и раководните личности на антимакедонските политички сили. Но, во крајна линија, секогаш се настојувало политичките и воените противници целосно да се уништат и отстранат од политичката сцена. Во услови на водење на националноослободителна војна, политичката толеранција кон отворените и доследните соработници на окупаторот или кон оние кои вооружено настојувале да го уништат македонското националноослободително движење била минимална, па сосема очекувано, таквите настојувања се спроведувале со сите пропагандно-политички средства и со примена на вооружена сила.

Во секој случај, до пред одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, македонското националноослободително движење во голема мерка успеало како

свои основни карактеристики да ги постави македонскиот национален идентитет и демократичноста во која само антиокупаторската антифашистичка определба била доминантен елемент за учество во НОАВМ.

# Глава четврта: Националноослободителната платформа во Вардарскиот дел на Македонија по прашањата за создавање на македонска држава и обединување на македонскиот народ (до Првото заседание на АСНОМ)

## 1. „Балканското решение" на македонското национално прашање во националноослободителното движење од Вардарскиот дел на Македонија (1941-1942 година)

Поаѓајќи од фактот дека прашањето за државност и обединување на Македонија имало долгогодишна традиција на македонската политичка сцена, а како цел на македонското ослободително движење во минатото, во ниеден момент не било напуштено или доведено во прашање, најмногубројни се ставовите во разни документи и материјали од текот на НОАВМ за тоа прашање. Во текот на НОАВМ, определбата за формирање на македонска држава во нејзините географски и етнографски граници, како програмско-политичка цел, претставувало само континуитет на ставовите на македонското националноослободително движење од пред Втората светска војна, пред сè, на ставовите на Проширениот пленум на ПК на КП во Македонија од јануари 1941 г. Извојувањето на државност во било која форма и обединувањето на Македонија претставувале барања околу кои можел во целина да се мобилизира македонскиот народ. Всушност, раководството на македонското националноослободително движење било под константен притисок од свеста кај македонскиот народ за државност и обединување.[443]

Иако постоела можноста за здобивање само со национални права и рамноправност за Македонците во сите четири балкански држави или во некои од нив, без да се извојува сопствена национална држава, од македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел во време на НОАВМ воопшто не била разгледувана. Оттаму, создавањето на македонска национална држава била недвојбена и безалтернативна определба на македонското националноослободително движење. Не постоела двојба ниту дали е потребно

[443] Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . ., Зб. АСНОМ во создавањето на државата. . ., 180.

интегрално или парцијално решавање на македонското национално прашање, туку прашањето било која е реалната опција за постигнување максимум на планот на државност и обединување? Кој е начинот да се реализира целта–македонска држава во која македонскиот народ ќе биде обединет? Всушност, во услови на одвивање на Втората светска војна, таквата дилема, таквото прашање, честопати, посредно, било манифестирано и во форма на прашање „со кого" во балкански рамки е потребно да се поврзе македонското национално ослободително движење, за да дојде до посакуваната цел.

Имено, сосема било јасно дека е потребна сопствена антифашистичка и национално ослободителна војна за да се стекнат национални придобивки како државност и обединување на распокинатата територија. Слободата никој не ја подарувал. Но, истовремено, неможно било таа војна да биде победоносна без вклучување во една поширока балканска и светска антифашистичка коалиција. Затоа, во контекст на борбата за државност и обединување, непрестано било вклучено и прашањето за сојузниците во таа војна. Со оглед на објективните услови во кои се наоѓало македонското национално ослободително движење, прашањето за сојузници на балкански план било сведено на дејствување во рамките на КПЈ или БКП, односно дејствување во согласност со нивните основни воено-политички концепции.[444]

Со окупацијата на Македонија, во врска со начинот преку кој ќе се стигне до создавање на македонска национална држава и обединување на македонскиот народ во таа држава, за македонското национално ослободително движење постоеле две опции. Првата опција може да се нарече „балканско решение" на македонското

---

[444] Евентуалното подеднакво динстанцирање од КПЈ и БКП, односно некакво „независно" дејствување на македонската партиска организација во почетниот период на војната не било можно, а во рамките македонското национално ослободително движење таква можност и воопшто не се појавила. Посочувањето на Методија Шаторов–Шарло во правец дека се застапувал за „независност на македонското национално ослободително движење", сметаме дека е несоодветно. Имено, тој не ја осамостоил партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија, туку организационо ја поврзал со БКП. Тоа значи дека не бил направен ниту обид за организационо и политичко осамостојување. Не постои ниту обид да се формира единствена партиска организација на целата територија на Македонија, односно не постои ни најмала индикација дека бил направен обид да се прошират ингеренциите на покраинското раководство од Вардарскиот дел врз партиските организации во Пиринскиот и Егејскиот дел, што би сведочело за намерите на Шарло да формира самостојна или „независна" македонска партиска организација.

национално прашање. Таа ги опфаќала и можностите за евентуално конституирање на одделна и самостојна македонска држава, и можностите до државност и обединување да се стигне преку создавање на балканска федерација или конфедерација. И во двете варијанти како предуслов за реализација на „балканското решение“ се претпоставувала победа и преземање на власта од демократските и прокомунистичките сили на Југославија, Бугарија и Грција и нивна согласност Македонија да се конституира во државноправен субјект. „Балканското решение“ како опција имало длабоки корени во рамките на комунистичкото движење, односно основа во меѓувоените сфаќања и ставови за македонското национално прашање во рамките на КИ и БКФ. Меѓутоа, иако оваа опција нудела интегрално решавање на македонското национално прашање, сепак, ги апстрахирала реалните национални и големодржавни интереси на Балканот и се темелела врз „добрата волја“ на оние држави кои ја поделиле Македонија. Фактички, во реалните политички односи, детерминирани од геостратегиски интереси и на големите сили и на балканските државни и политички субјекти, „балканското решение“ претставувало нереална рамка за решавање на македонското национално прашање. Или кратко речено, таа опција теоретски убаво звучела, но практично била тешко остварлива. И покрај тоа, во текот на првите две години од НОАВМ таа била сметана за можно решение и имала доминантно место во програмско-политичките документи на македонското националноослободително движење.

Втората опција може да се нарече „југословенско решение“ на македонското национално прашање бидејќи се темели на сфаќањето дека тоа прашање може да се реши во рамките на една демократска и федеративна Југославија, односно македонската национална држава да добие рамноправен статус во Југославија. Во почетниот период на НОАВМ, со оглед на исклучително лошиот третман на македонскиот народ во Кралството Југославија и со оглед на скоро целосната бесперпективност на „југословенството“, оваа опција изгледала како целосно неприфатлива рамка. Или поточно речено, ваквата опција прифатена во 1940 г., само делумно преформулирана во јануари 1941 г., на почетокот на окупацијата била целосно напуштена. И покрај фактот дека во наредните две години (со исклучок на првите неколку месеци од окупацијата кога организационо е поврзана со БКП),

комунистичката организација на Македонија била во рамките на КПЈ, „југословенското решение" или го немало или имало секундарно место во документите на македонското национаноослободително движење. Меѓутоа, настаните кои следувале, а во кои југословенското ослободително движење се претворило во најмоќен воено-политички фактор на Балканот, ја направило реална рамка за решавање на македонското национално прашање. Имено, иако изгледало како делумно решение, „југословенското решение" не ја исклучувала можноста за целосно решавање на македонското национално прашање. Секогаш постоела можноста, обединета Македонија како национална држава на македонскиот народ да влезе во составот на една југословенска федерација. Прашањето било дали југословенското ослободително движење во текот на Втората светска војна имало доволно воена сила и меѓународно-политички авторитет тоа да го оствари.

Во секој случај, и двете опции проектирале македонска државност и во крајна линија, обединување на територијата на Македонија. Разликата била само во поглед на тоа на кој начин да се стигне до целта, во која рамка да се оствари создавањето на македонската национална држава во која македонскиот народ ќе биде обединет. Секако, одбирањето на најповолната опција во врска со државноста и обединувањето, во голема мерка била обусловена од општите воено-политички услови. Затоа тие услови секогаш мора да се имаат предвид при разгледувањето на прашањата сврзани со создавањето на македонска држава и обединување на македонскиот народ. Во овој контекст, непрестано мора да се има предвид, директното или индиректното влијание врз ставовите и чекорите кои биле преземани во текот на целата НОАВМ од страна на македонското национаноослободително движење од ставовите на КПЈ и БКП. Влијание, спроведувано по пат на писма, директиви или преку нивните претставници на теренот на Македонија, односно при ПК на КП за Македонија.

Согласно со предвоените ставови за македонска државност, од самиот почеток на окупацијата раководството на македонското национаноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија на чело со Методија Шаторов–Шарло ја

прокламирало определбата за „политическо ослобождение“ на Македонија.[445] Ваквата формулација е недоволно прецизна, но, сепак, може да се толкува како застапување на ставот за создавање на македонска држава. Слично можат да се толкуваат и повиците „да живеј слободна Советска Македонија“,[446] односно „да живеј слободна Македонија“ кои се среќаваат во наредните документи на ПК на чело со Методија Шаторов–Шарло[447]

Во секој случај, „слободна Македонија“ претставува незаобиколива определба и парола во сите документи на македонското националноослободително движење во текот на целата НОАВМ.[448] Всушност, како програмско-политичка цел таа е неизбежен елемент во сите документи и во македонската националноослободителна платформа. Но, таа формулација, самата по себе, е и премногу опширна, па оттаму и нејасна и непрецизна, што сè се подразбира под неа.[449] Недвојбено е дека означува определба за македонска држава. Нејасно го остава прашањето дали таквата држава е национална држава на македонскиот народ[450] и дали е тоа македонска држава во која влегуваат и раскинатите делови.[451] Всушност, недоволната прецизност во дефинирањето на целите на борбата, па и на прашањето за македонска држава, претставувало само реален одраз на програмската конфузија во која се наоѓало македонското националноослободително движење, односно на немањето во почетниот период на НОАВМ на политичка и националноослободителна платформа, од која јасно ќе се забележи и разграничи што значат паролите и ставовите кои биле јавно презентирани.

---

[445] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 1, 14-18.
[446] Исто, док. 2, 22.
[447] Исто, док. 5, 33.
[448] Паролата „слободна и независима Македонија“ единствено е употребена во прогласот на ПК од април 1942 г. Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 25, 141.
[449] Анализа на употребата на паролата „слободна Македонија“ види кај Е. Димитров, Државноправната определба. . ., Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, 205-207.
[450] Ако се има предвид дека независна, самостојна или автономна држава Македонија биле пароли кои во текот на Втората светска војна биле користени и од „михајловистичките“ политички сили, па сепак не значеле создавање македонска национална држава, тогаш станува јасно дека самата по себе паролата „Слободна Македонија“ не значи национална држава на македонскиот народ.
[451] Евгени Димитров смета дека „слободна Македонија. . . го опфаќаше целото национално подрачје на македонскиот народ.“ Но, и самиот посочува дека „во програмските документи. . . барањето за обединување на ослободена Македонија не беше изрично поставено сè до есента 1943 година. . .“ Е. Димитров, АСНОМ и. . ., Зб. АСНОМ во создавањето. . ., 180-181.

Барем за делумно разјаснување на третманот на прашањето за македонска држава во која ќе влезат сите распарчени делови на Македонија во рамките на македонското националноослободително движење во овој почетен период, потребно е да се посочи статијата со наслов „Денешња и утрешња Македонија" објавена во весникот на Кумановската партиска организација „Дедо Иван" во септември 1941 г. Зборувајќи за иднината, статијата проектира обединета Македонија, односно како цел на борбата поставува обединување на сите делови на Македонија во „слободну Македонску Републику".[452] Од аспект на јавно презентираните ставови на македонското националноослободително движење за обединувањето на Македонија како перспектива на борбата, во почетниот период ова е единствено место каде попрецизно се посочува дека се однесува на ослободување на цела Македонија. Во секој случај, ваквата констатација сведочи дека кај активните членови на македонското националноослободително движење, од почетокот на НОАВМ, била присутна свеста дека Македонија е една и неделива. Тоа не нашло одраз во документите на раководните структури во првиот период од окупацијата, најверојатно заради концентрираноста на проблемите од организационен карактер и организирањето на вооружената борба.

Во истиот број на „Дедо Иван" се наоѓа и став околу прашањето за сојузниците во борбата, кое пак, во крајна линија било и прашање за рамката преку која ќе се рашава прашањето на македонската државност и обединување. Таму се укажувало дека во услови на Втората светска војна „не може никој ни да помисли да се бори за слободну Македонију сам, само сас свој народ", па се констатирало дека борбата мора да биде заедничка со сите балкански народи. Од тоа јасно се гледа дека силите на македонското националноослободително движење, прво, имале јасна претстава дека во борбата им се потребни сојузници и, второ, дека постои ориентацијата кон силите спротиставени на фашизмот. Секако, таквата ориентација забележана во весникот, била логична и единствена со оглед на комунистичката политичка ориентација на раководната структура на македонското националноослободително движење. И на крајот, запишаната паролата „Да живи

[452] ИА на КПМ, т. II, кн. 1, док. 2, 3-5.

слободна Македонија у јужну–славјански заједницу на народи" во истата статија,[453] сосема очигледно укажува дека македонското национално прашање се сметало за балканско прашање, па се проектирало и негово „балканско решение".

Дилемите околу одбирањето на најдобра солуција за постигнување на македонската државност се забележуваат и кај новиот ПК на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија, предводен од Бане Андрев и Лазар Колишевски. Во документите од крајот на октомври и почетокот на ноември 1941 г., државноста била поставена како цел на борбата преку паролата за „слободна Македонија", но се избегнувало на било кој начин да се спомене поимот Југославија, па не постои ниту „КПЈ" во потписот, ниту дека таа е организатор на вооружената борба против окупаторите, ниту се повикувало на заедничка борба со останатите народи на Југославија. Наспроти тоа, се потенцирала потребата од заедничка борба со „бугарскио народ" и останатите „балкански народи".[454] Тоа, всушност, значело дека решение на македонското национално прашање и понатаму се бара и очекува во балкански рамки, а „југословенското решение" воопшто не е земано предвид како можност на која треба јавно да се укаже.

Доминантноста на „балканското решение", односно резервите кон „југословенското решение" се присутни и во наредните материјали на ПК, а одредена, барем декларативна промена на исклучивото игнорирање на „југословенството", е забележлива во материјалите од Јануарското советување, каде било негативно оценето раководство на чело со Методија Шаторов–Шарло, бидејќи извршило одделување од составот на КПЈ која е „гаранција за право на национално ослободуење на сите народи во Југославија, па и на македонскиот народ".[455] Всушност, на Јануарското советување во целост дошла до израз програмската конфузија која владеела во македонското националноослободително движење, а била предизвикана со, од една страна, прифаќање на ставовите на БКП и, од друга страна, застапување и на ставовите на КПЈ заради организационата припадност кон неа. Така, ставовите на Јануарското советување се претвориле во компилација на

---

[453] Исто, док. 7, 24-25.
[454] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 9, 51. док. 13, 68-71; док. 14, 72-74; док. 20, 110-113; док. 11, 57-61; док. 14, 72-74.
[455] Исто, док. 16, 90.

ставови по одделни прашања на БКП и КПЈ кои честопати меѓусебно биле целосно антагонизирани и како такви неспоиви. Ваквата конфузија постои и во документите што следуваат по Јануарското советување, каде „заедничката борба" со останатите југословенски народи и КПЈ, се позабележително присутни, но „балканското решение" сè уште има доминантни позиции.

Во овој период и КПЈ, со својата политика на следење на директивите на КИ, индиректно придонесувала „балканското решение" да остане актуелно во рамките на македонското националноослободително движење. Имено, не само што меѓусебните врски биле слаби, не само што ЦК на КПЈ искажувал своевидна „незаинтересираност", туку и во оние директиви што стигнувале до ПК во Македонија се барало да се „зацврсти" сфаќањето за заедничка борба „меѓу македонскиот, српскиот и бугарскиот народ".[456] Згора на тоа, во овој период, претставникот на ЦК на БКП, Бојан Б'лгарјанов особено нагласено влијаел за прифаќање на „балканското решение" во рамките на ПК и целата партиска организација во Вардарскиот дел на Македонија.[457] Оттаму, во пролетта 1942 г. вообичаено било „балканското решение" да биде редовно присутно во документите на македонското националноослободително движење.[458]

Пролетта и летото 1942 г. со надминувањето на конфликтите во раководството на македонското ослободително движење и со нагорниот развој на вооружената борба, се создавале предуслови за изработување на основна националноослободителна платформа. Привремениот ПК, формиран во мај 1942 г., токму како своја најприоритетна задача си поставил изработување на една „политичка платформа" која ќе ги опфати целите на вооружената борба и задачите кои треба да се спроведат за реализирање на таквата платформа.[459] Најверојатно, брзото апсење на поголем дел од членовите на привремениот ПК го спречил и одложил изработувањето на една таква „политичка платформа".[460]

---

[456] ИА КПЈ, т. VII, док. 41, 99-104.

[457] В. Брезоски, КПМ. . ., 163.; Вера Ацева, Писмо до Светозар Вукмановиќ-Темпо, Скопје, 1991, 400.; Ванчо Николовски, НОВ без догми 1941-1942, Скопје, 1997, 337.

[458] Извори. . . т. I, кн. 1, док. 23, 132; док. 25, 141; док. 27, 155.

[459] ИА КПЈ, т. VII, док. 50, 128-129.

[460] Според Цветко Узуновски, основната националноослободителна платформа на македонското ослободително движење била прифатена на состанокот на Привремениот ПК

Околу дилемата „балканско“ или „југословенско“ решение за македонската државност, интересен е „излезот“ кој го пронашол привремениот ПК. Тој во прогласот до македонскиот народ по повод првата годишнина од нападот на фашистичките сили на Советскиот Сојуз, истакнувал дека „македонските борци“ се дел „од борбените редој на братските народи од Југославија и братскио бугарски народ. . .“[461] Со тоа се оставал простор и за „југословенското“ и за „балканското“ решение на македонското национално прашање во натамошниот тек на борбата, односно се добивало време при појасни воено-политички услови да се заземе дефинитивен став. Во секој случај, тоа бил период на зацврстување на свеста кај раководните кадри на македонското националноослободително движење за тоа дека „југословенското решение“ е можна опција. Секако, процесот бил долготраен и со осцилации.

Од аспект на прашањето за македонската државност и обединувањето на Македонија, значаен е материјалот на привремениот ПК по повод годишнината од Илинденското востание во 1942 г. и самиот Илинденски проглас. Додека во материјалот се констатирало дека постои „еднакво тешкото положение на сите народности во трите дела на Македонија. . .“,[462] со што од почетокот на окупацијата, тоа е прв достапен документ на ПК на КП за Македонија во кој интегрално била третирана македонската територија и народ, во самиот Илинденски проглас таквиот третман е избегнат.[463] Таму била поставена само целта на борбата, преку формулација за „слободна македонска република како рамноправна членка меѓу

---

на КПЈ за Македонија од 28 јуни 1942 г. и јавно прокламирана во Илинденскиот проглас на Привремениот ПК од 2 август 1942 г. Ц. Узуновски, Белешки за националната и социјално-ослободителната борба на македонскиот народ, Историја XIII/1, Скопје, 1977, 65.; Ваквото гледиште во македонската историографија не е еднодушно прифатено. Миле Михајлов смета дека на состанокот „било разгледувано прашањето за поставување на одредена платформа на ослободителното движење“. М. Михајлов, Прашањето на обединувањето. . , 108.; Иван Катарџиев, не ја прифаќа констатацијата на Ц. Узуновски, и смета дека во прогласот „ништо не е речено“ за националноослободителната платформа. И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија. . ., Зб. АСНОМ-педесет. . ., 58. Слично и Евгени Димитров, укажува дека „анализата“ на прогласот и другите партиски документи од тој период не упатуваат на тоа дека била утврдена и целосно и јасно формулирана националнополитичка платформа на народноослободителното движење. Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . ., Зб. АСНОМ во создавањето . . ., 182.

[461] Извори. . . т. I, кн. 1, док. 35, 213.

[462] Исто, док. 40, 243.

[463] Исто, док. 41, 245-250.

сите комшиски балкански народи“, без притоа да се прецизира дали се работи за обединета Македонија. Очигледно, се сметало на „балканското решение“ како реална рамка за создавање на македонска држава, но сепак, за разлика од дотогашното, најчестото, избегнување на организационата припадност кон КПЈ и југословенското ослободително движење, тука тој факт јасно бил забележан, бидејќи прогласот е потпишан со ПК на „КП во Југославија за Македонија“.[464] Следејќи ја ваквата политичка линија на раководството, и во документите на пониските органи на македонското националноослободително движење и нивните весници од август 1942 г., забележителна е тенденцијата на нагласено присуство на илинденските традиции, со истовремено застапување на „балканското решение“.[465]

Пристигнувањето на инструкторот на ЦК на КПЈ Добривое Радосављевиќ–Орце во Македонија во август 1942 г. дополнително го актуелизирала македонското национално прашање и потребата од изработка на основна македонската националноослободителна платформа. Тој под влијание на општата политичка атмосфера, во која прашањата за државност и обединување биле услов за било какво дејствување на воено-политичката сцена во Македонија, веднаш пред ЦК на КПЈ тие прашања ги истакнал како најважни моменти за развојот на вооружената борба. Укажал на фактот дека целата работа на КП во Македонија била поставена „на македонска платформа“[466] која се надоврзува на илинденските традиции, со што, според него, КП во Македонија ќе станела единствен раководител „на македонскиот народ во неговата национално-ослободителна борба“, неколкукратно го отворил најгорливото прашање „во врска со деловите од Македонија надвор од Југославија“ и барал мислење од ЦК во врска со тоа прашање и опширно и често ја потенцирал политичката чувствителност на прашањето околу потписот „КПЈ“, бидејќи со тоа се добивало впечаток дека КП во Македонија однапред ја врзува „судбината на македонскиот народ за Југославија, а не тој самиот да се определи“, а пак тоа

[464] Извори... т. I, кн. 1, док. 41, 247-249.
[465] ИА КПМ т. II, кн. 1, док. 76, 186-187; док. 79, 194-196; док. 80, 196-198; док. 81, 200; док, 85, 309-212.
[466] Документ кој би содржел потребни елементи и би претставувал македонска националноослободителна платформа сметаме дека во тој период сѐ уште не постои. Најверојатно, Добривое Радосављевиќ–Орце употребувајќи го терминот „македонска платформа“ ги опфаќа ставовите по разни прашања јавно изнесувани од органите на македонското националноослободително движење.

претставувало пречка за прифаќање на општојугословенската антифашистичка борба во Македонија.[467] Добривое Радосављевиќ–Орце освен што посочил дека националното и државотворното прашање се главни прашања за политичка работа во Македонија, со своето инсистирање да добие одобрување од ЦК на КПЈ, да не се употребува „Југославија", односно „Ј" во потписот, всушност, укажал дека „југословенското решение" не уживало доверба кај македонскиот народ, и следствено, кај припадниците на македонското националноослободително движење. Таквиот однос на Добривое Радосављевиќ, во крајна линија, укажува на фактот дека во атмосфера на скоро целосна доминантност на „балканското решение" и самиот тој се „прилагодил" и го прифатил тоа решение како „природна" опција.[468]

Актуелизирањето во рамките на македонското ослободително движење на прашањата околу државноста и обединувањето, нашло своја рефлексија и во документите и пишаните материјали од овој период.[469] Во прогласот на ПК по повод годишнината од Октомвриската револуција на 7 ноември 1942 г., се повикувал македонскиот народ на борба за „ослободувајне на Македонија" и изградување на органи на „народно демократска власт", што недвојбено значи дека македонската државност е определена како цел на борбата, но не е јасно прецизирано дали се работи за држава која ќе ја опфати територијата на Вардарскиот дел на Македонија или цела Македонија. Сепак, преку укажувањето дека фашизмот не донел „ослободување" и „обединување" на Македонија и македонскиот народ, туку напротив нивна поделба, посредно се сугерирало дека во македонското националноослободително движење се стремат токму кон „обединување" на Македонија. Секако, во прогласот било застапено, пред сѐ, „балканското решение", бидејќи се повикувал македонскиот народ на заедничка борба со сите балкански народи, а потписот бил без употреба на Југославија.[470]

---

[467] Извори. . . т. I, кн. 1, док. 51, 344, 348; док. 56, 373-376; док. 60, 396-398.

[468] Добривое Радосављевиќ–Орце инструкции во врска со дел од отворените прашања добил во ноември 1942 г. од Благоја Нешковиќ кој бил секретар на ПК на КПЈ за Србија. ИА КПЈ, т. VII, док. 65, 176-180. Таа „општа политичка линија" по македонското национално прашање од Благоја Нешковиќ, ЦК на КПЈ ја одобрил со писмото до ПК во Македонија од 16 јануари 1943 г. Тито, Собрани дела, т. 13, 225-233.

[469] Документи за воената организација. . ., т. I, кн. 1, док. 10, 64.

[470] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 57, 377-382. Тој проглас, неоправдано, бидејќи не се засегнати низа основни национално-политички проблеми, во тогаш актуелните моменти во самото

Сето тоа покажува дека во тогашните актуелни околности опциите околу патиштата за реализирање на македонската државност и обединувањето воопшто не биле сосема јасно согледани. Сè уште, дури и со присуство на претставник на ЦК на КПЈ, „југословенското решение" тешко се прифаќало во редовите на македонското националноослободително движење. Одржувањето на Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ со своите половични решанија во однос на Македонија, само ги зголемувало и онака присутните резерви околу „југословенското решение".[471] Сличен ефект имало и неспоменувањето во емисиите на радиостаницата „Слободна Југославија" на Македонија и Македонците. Тоа предизвикувало сомневања за крајните решенија на македонското национално прашање и го зацврстувало „балканското решение" во документи до овој период.[472]

Сепак, и покрај таквите резерви кон „југословенското решение", на крајот на 1942 г. од страна на македонското националноослободително движење се пристапило кон поинтензивна активност за разбивање на пропагандата од окупаторите со која непрестано се ширела тезата дека победата на антифашистичките сили на глобално ниво ќе значи за Македонија враќање на предвоениот статус во рамките на Југославија. Кузман Јосифовски–Питу укажал дека таа пропаганда не само што е невистинита, туку и дека е спротивна на националните македонски интереси.[473] Неговите укажувања дека борбата на НОВЈ треба што повеќе да се популаризира и дека „едино слободна Македонија може да биди со слободна Југославија, слободен Балкан", сведочи дека во редовите на македонското националноослободително движење започнал процес на постепено

---

македонско националноослободително движење се претставувал како своевидна политичка и национална „платформа". Имено, Кузман Јосифовски–Питу во писмото до МК на Прилеп од 22 ноември 1942 г. пишувал: „нашата платформа изнесена во 7 новембарскио реферат ке ви послужи како полаз да одма прејдите на работа". Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 61, 400.

471 Имено, на Првото заседание на АВНОЈ, Македонија и македонската ослободителната борба воопшто ги немало, а претставници од Македонија ниту биле повикни, ниту присуствувале. С. Нешовић, Прво заседање. . ., Зб. АСНОМ во. . ., 85-98. Македонците и Македонија се споменуваат само во Прогласот на Првото заседание на АВНОЈ. Тито, Собрани дела, т. 13, 276. Сето тоа придонело, решенијата на Првото заседание на АВНОЈ да не бидат широко популаризирани во Вардарскиот дел на Македонија.

472 Добривое Радосављевиќ–Орце до ЦК на КПЈ укажувал дека радиостаницата на ОФ на Бугарија, „Христо Ботев" зборува за Македонија и дека сето тоа „некои другари ги заведе да прават заклучоци спротивни на одлуката на ,Дедо'", односно за идниот статус на Македонија. Извори. . . т. I, кн. 1, док. 45, 302; док. 51, 347.

473 Исто, док. 61, 399-400.

прифаќање на „југословенското решение“.[474] НОВЈ веќе тогаш била претставувана како „главна и сериозна вооружена сила денеска на Балканот“.[475] На крајот на 1942 г., ваквата политичка линија на постепено прифаќање на „југословенското решение“ се наоѓа и во весниците на македонското националноослободително движење.[476] Фактички, сето тоа покажува дека постоело сосема јасно сознание кај раководителите на македонското националноослободително движење, дека крајот на војната нужно треба да се дочека не само со сопствена „вооружена сила“, туку и со „сојузници“, за да се остварат македонските национални интереси и да се зачуваат стекнатите придобивки.

Сепак, може да се заклучи дека за целиот период од почетокот на окупацијата па до почетокот на 1943 г., очигледна е целосната конфузија во поглед на заземањето на одреден став за патиштата преку кои ќе се стигне до македонската државност. Конфузија, која произведувала осцилации, во кои „судбината“ на македонскиот народ се поврзувала некогаш со бугарскиот народ, некогаш со балканските народи, некогаш со југословенските народи, а некогаш со сите нив заедно. Со оглед на целосно неопределената воено-политичка ситуација создадена од војната со светски размери, со оглед на судирот на интересите на БКП и КПЈ на теренот на Македонија и со оглед на состојбата во која македонското националноослободително движење се наоѓало пред почетокот и веднаш по окупацијата, таквата неопределеност донекаде е природна и разбирлива. Притоа, сосема логично, „балканското решение“ изгледало како реална солуција и било доминантна опција застапувана низ програмските и декларативните документи на македонското националноослободително движење. Ако на тоа се додаде дека документите на македонското националноослободително движење или премолчувааат или, во најдобар случај, само индиректно навестуваат дека постои отворено прашање за обединување на македонскиот народ, програмско-политичката конфузија добива целосна слика. Таквата состојба, под прашање го ставал натамошниот подем на антифашистичката и националноослободителна

---

[474] Исто, кн. 2, док. 12, 54.
[475] Исто, док. 13, 60-61.
[476] „Народен глас“ орган на МК на прилепската партиска организација (1941-1943), Скопје, 1990, 260-262. ИА КПМ т. II, кн.1, док. 118, 278.

војна. Затоа во наредниот период, како најприоритетна задача, се поставувала потребата од изработување на основна македонска националноослободителна платформа врз која ќе продолжи мобилизацијата на македонскиот народ во антифашистичката и националноослободителна војна.

## 2. Оформување на македонската националноослободителна платформа во Вардарскиот дел на Македонија (1943 година)

### *а. Прифаќање на „југословенскоӣо решение" од македонскоӣо националноослободиӣелно движење*

Настаните во светот, на Балканот и во Македонија од почетокот на 1943 г. се случувале со забрзано темпо и не оставале повеќе простор за одложување на формулирањето на целите на националноослободителната војна. Секое одложување значело стагнација на вооружената борба и доведување под прашање на дотогашните резултати. Во прв ред, настапило време да се дефинира прифаќањето на „балканското" или „југословенското решение" како пат преку кој ќе се стигне до решавање на прашањата за македонска државност и обединување. И секако, и во оваа фаза се имало дилеми, несогласувања и идејни судири, но сепак се стигнало до одредени резултати.

Почетокот на оваа фаза се поклопува со доаѓањето на делегатот на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВЈ во Македонија Светозар Вукмановиќ–Темпо. Неговите ставови, со оглед на високото место што тој го имал во хиерархијата на КПЈ и југословенското ослободителното движење, со оглед на „неограничените овластувања" за дејствување во Македонија и со оглед на организационата поставеност на КП воопшто, во кои беспоговорно, дисциплинирано се прифаќале решенијата и ставовите на повисоките форуми, имале првостепено значење за ставовите по сите прашања и за практичното дејствување на македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија. Со доаѓањето на Светозар Вукмановиќ–Темпо, КПЈ стекнува решавачко влијание во Вардарскиот дел на Македонија. Тоа, истовремено, го означило почетокот на целосното маргинализирање на влијанието на БКП и нејзиниот претставник во

Вардарскиот дел на Македонија, и врз македонското националноослободително движење и врз македонското национално прашање. А, сето тоа, се одразувало врз карактерот на македонската националноослободителна платформа, односно врз прифатените решенија за клучните национални проблеми. Притоа, „балканското решение" и во наредниот период имало свои повремени појавувања во дискусиите и документите на македонското националноослободително движење.

Ако се има во предвид значењето на прашањата за државност и обединување на македонската политичка сцена, воопшто не зачудува што Светозар Вукмановиќ–Темпо, уште во своето прво писмо по доаѓањето во Македонија до партиското членство, како рамка за решавање на македонската државност недвојбено го поставува „југословенското решение", бидејќи таму „заедничката борба со останалите братски народи на Југославија" има централно и приоритетно место.[477] Во овој контекст, треба да се има предвид дека „југословенското решение" на ниво само на декларативен чин, без никакви видливи придобивки за македонските национални интереси, тешко би било прифатено, а уште потешко практично реализирано од страна на силите на македонското националноослободително движење и воопшто од македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија. Затоа Светозар Вукмановиќ–Темпо истовремено со инсистирањето на „југословенското решение", го обзнанил и решението за формирање на македонска национална КП во рамките на КПЈ. Со тоа, не само што се афирмирал посебниот македонски национален индивидуалитет, туку индиректно се укажувало дека постои спремност да се задоволат државотворните стремежи на Македонците. Со тоа, всушност, „југословенското решение" се правело поблиско и поприфатливо за македонското националноослободително движење и, во крајна линија, за македонскиот народ.[478]

Концентрираноста врз развојот на вооружената борба во пролетта-летото 1943 г., придонел константно и забележително да се чувствува недостаток од прецизирање и јавно прокламирање, на перспективите заради кои се води

---

[477] Извори. . ., т. I, кн. 1, док. 26, 108.
[478] Исто.

вооружената антифашистичка борба.[479] Продолжително, тоа негативно влијаело на мобилизацијата на нови борци и на самиот нагорен развиток на вооружената борба. Затоа ЦК на КПМ го издава својот Јунски проглас, кој утврдува и прокламира низа програмско-политички задачи и цели на НОАВМ. За државноста било декларирано дека борбата се води за извојување на одделна македонска држава.[480] Меѓутоа, дефинирањето само на „националното ослободување“ и „слободна Македонија“, и тоа во балкански рамки, без индикации за евентуално постоење и на „југословенското решение“, било причина, Светозар Вукмановиќ–Темпо, Јунскиот проглас негативно да го оцени.[481]

Слично на Јунскиот проглас, и материјалот за годишнината од Илинденското востание, подготвен од Кузман Јосифовски–Питу, ја содржел како основна компонента идејата за „национално ослободување“ и создавање на „слободна Македонија“, но скоро воопшто не ја потенцирал заедничката борба со југословенските народи.[482] За разлика од тоа, во материјалите од пониските партиски организации на КПМ по повод годишнината од Илинденското востание, присутно е „југословенското решение“ на македонското национално прашање.[483]

Јунскиот проглас и материјалот за годишнината на Илинден придонеле дефинитивно да се отворат прашањата сврзани со основните национални интереси на македонскиот народ. Затоа набрзо ќе следат низа чекори во рамките на македонското националноослободително движење во правец на попрецизно дефинирање на можностите за решавање на македонското национално прашање од државноправна гледна точка.

---

[479] Кузман Јосифовски–Питу во писмото до ЦК на КПМ обрнал внимание дека „владат необавештеност и лујгето сет вопште без перспективи“. Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 29, 129.

[480] Исто, док. 31, 150.

[481] Светозар Вукмановиќ–Темпо прво му припишал на Јунскиот проглас „политичка грешка“. Извори . . ., т. I, кн., док. 38, 193. Потоа и „автономистички тенденции“ и обид партиската организација во Македонија да се издели од составот на КПЈ, а борбата на македонскиот народ да се изолира од „борбата што ја водат другите народи на Југославија“. Исто, док. 45, 237; док. 39, 207. Оценките на Светозар Вукмановиќ–Темпо биле преостри и немале никаква реална подлога. Имено, од она што Темпо го изнесува до ЦК на КПЈ, како главен „виновник“ за Јунскиот проглас е посочен Добривое Радосављевиќ–Орце. Исто, док. 38, 193. Секако апсурдно е Добривое Радосављевиќ како коавтор на Јунскиот проглас да се обвинува за македонски „автономистички тенденции“, бидејќи тој како Србин по националност, не можел никако да ги поседува.

[482] Исто, док. 37, 178.

[483] ДАРМ, фонд: НОБ-Скопје, к. 19, 8894.

Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ е најзначајниот момент во правец на дефинирање на националноослободителната платформа во текот на НОАВМ. Со неговите решенија биле отстранети многу дилеми, биле зацврстени многу одпорано заземени определби и биле дефинирани практичните чекори за остварување на зацртаните цели со што започнува една нова фаза во македонската националноослободителна војна. На него, прашањата за самоопределување и обединување на македонскиот народ биле поставени како суштинска и незаобиколива цел на вооружената борба. Имено, по долга и опсежна дискусија на Преспанскиот состанок, било решено „бидејќи народноослободителното движење најсилно се разви во Македонија на територијата на Југославија и бидејќи ова движење е центар на собирањето на целиот македонски народ“ да се истапи со „паролата за ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи“.[484]

Со таквото решение, прво, дефинитивно била надмината дотогашната недоволно одредена формулација „слободна Македонија“. Второ, таквото решение значело дека на дотогашните истакнувани определби на македонското националноослободително движење по кои вооружената борба се води за ослободување, афирмација и државноправно конституирање на македонската нација, им се додава и „југословенското решение“, односно реализација на македонските националноослободителни цели се проектира и сврзува со југословенската држава што во тој период била во фаза на изградување. И трето, таквото решение значело дека обединувањето на Македонија и македонскиот народ се прифаќаат како елемент во политичко-ослободителната платформа, а евентуалната реализација се проектира во рамките на Југославија со едновремено доделување на улогата на „пиемонт“ на Вардарскиот дел на Македонија. Згора на тоа, тогаш донесеното решение да се засилат практичните подготовки за свикување

[484] Извори . . ., т. I, кн. 2, док. 38, 193.; док. 39, 207. Со оглед дека таквата парола отогаш непрестано егзистирала до крајот на НОАВМ односно долго време после пропаѓањето на обидите да се формира БШ, без било каква основа е тврдењето дека таа била исфрлена од Светозар Вукмановиќ-Темпо само како „маневар со цел да се изврши притисок на раководството на КПГ за прифаќање на создавањето на проектираниот Балкански штаб.“ М. Миноски, Авнојска. . ., 43. Имено, кога би било така, со пропаѓањето на идејата за БШ би престанала да функционира и паролата за самоопределување и обединување.

на АСНОМ, само дополнително го потцртува значењето на Преспанскиот состанок за изградувањето на македонската држава.[485]

Ваквото поставување на најсуштествените проблеми од македонскиот национален развој во македонската политичко-ослободителна платформа, всушност, ја правело таа платформа во поголема мерка согласна со интересите на југословенското ослободително движење и КПЈ и, во крајна линија, ги отстранувала главните причини за недоразбирањата кои дотогаш се јавувале во односите помеѓу раководствата на македонската комунистичка организација и КПЈ. Улогата на Светозар Вукмановиќ–Темпо и Добривое Радосављевиќ–Орце во донесувањето и прифаќањето на така концепираната македонска националноослободителна платформа на Преспанскиот состанок, е недвојбено присутна и недвојбено значајна. Меѓутоа, пресудни биле стремежите на македонскиот народ и свеста за тие стремежи кај раководството на македонското националноослободително движење. Кога не би било така, решенијата на Преспанскиот состанок би останале само „пусти желби“ на неговите учесници. Или, поинаку формулирано, усогласеноста на решенијата во усвоената македонска националноослободителна платформа на Преспанскиот состанок со македонските национални интереси, најдобро и неодрекливо ја потврди понатамошниот развој на настаните, во кои НОАВМ, како дел од општојугословенската антифашистичка војна, константно бележела подем и стигнала до победоносен крај.

Преспанскиот состанок, всушност, го претставува завршувањето на недефинираниот статус за идната рамка за македонската државност. Од него, па натаму, од раководството на македонското националноослободително движење, „југословенското решение“ ќе биди прифатено како единствена реална рамка за реализирање на националните интереси на македонскиот народ и како такво ќе биде присутно во сите документи. Појавувањето на „балканското решение“ во наредниот период е сосема ретко или маргинално.

По Преспанскиот состанок, обединувањето на Македонија, отпрво повремено, а потоа редовно, започнало да се употребува во документите на

[485] В. Брезоски, За некои дејности во врска со образувањето на антифашистичкото собрание на Македонија во 1943 година, Прилози на МАНУ VIII/2, Скопје, 1977, 6.

македонското националноослободително движење. Кузман Јосифовски–Питу уште на крајот на август 1943 г. како цел на НОАВМ ги забележал извојувањето македонска национална држава и обединување на македонскиот народ.[486] Слично може да се констатира и за употребата на „југословенското решение".[487]

Од своја страна, Светозар Вукмановиќ–Темпо набрзо го информирал ЦК на КПЈ за прифатените ставови од македонското националноослободително движење во однос на клучните проблеми на НОАВМ. Тој го потенцирал и фактот дека прашањето за обединување на Македонија е „акутно" прашање во политичкиот живот на Македонија и дека прифаќањето на „југословенското решение" се темели врз уверувањето дека македонскиот национален идентитет и Македонија ќе добијат полна рамноправност во рамките на југословенското ослободително движење и новата федеративна Југославија што била во фаза на конституирање.[488]

Во овој период пристигнало писмото од Тито од 16 јануари 1943 г. во кое се укажувало на низа организационо политички грешки на партиската организација на Македонија до ноември 1942 г.[489] „Грешки", кои воопшто повеќе не биле актуелни.[490] Со тоа биле предизвикани непотребни компликации во работата на македонското националноослободително движење.[491] И покрај сето тоа, процесот на реализирање на задачите и целите зацртани на Преспанскиот состанок, од септември 1943 г. продолжил со зголемен интензитет. Засилени биле, одпорано започнатите активности за создавање на органи на народна власт. Тие биле неопходен практичен елемент во правец на конституирање на македонската држава. Во таа активност биле ангажирани и ПО, кои низ селата каде поминувале и престојувале, формирале

[486] Тој тоа го формулирал со зборовите „национална слобода, самоопределувајне и соединувајне на сиот наш народ." Извори . . ., т. I, кн. 2, док, 46, 251.
[487] Особено внимание на „југословенското решение" му било дадено во прогласот на „Акциониот комитет на Народноослободителниот фронт на Македонија". АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 8, 17-23.
[488] Извори . . ., т. I, кн. 2, док. 38, 192-204.
[489] Тито, Собрани дела, т. 13, 225-233.
[490] А претежно биле и погрешни и за периодот кога се однесувале, бидејќи се темелеле врз нецелосни информации од теренот на Македонија, односно се темелеле врз извештаите на Добривое Радосављевиќ–Орце, кои содржеле низа погрешни оцени, а како најекспонирано прашање го посочувале прашањето околу употребата на „Ј" или „Југославија" во името на партиската организација на Македонија. Оттаму, ЦК на КПЈ ниту можел, ниту донел валидни оценки за ситуацијата во Македонија.
[491] Извори . . ., т. I, кн. 2, док. 45, 236-239; док. 39, 206-209.

и народноослободителни одбори.[492] Во овај контекст, есентта 1943 г. се засилиле и активностите за свикување на АСНОМ. Особено интензивно работел Кузман Јосифовски–Питу околу прифаќање на лицата кои би биле во АСНОМ и нивно испраќање на слободната територија.[493] АСНОМ, заедно со ГШ на НОВ и ПОМ, бил она тело кое требало да прогласи „слободна Македонија".[494] А, пак, создадената слободна територија во Западна Македонија, на која се извршувале низа државотоворни функции–власт, судство, просвета, религиозен живот и сл., во некои од документите на македонското националноослободително движење веќе тогаш се третирала како конституирана македонска држава именувана „Слободна Македонија".[495]

Но, определбата македонската држава да се наоѓа во рамките на федеративна Југославија како рамноправен член, предизвикувала сомневање и кај силите активно вклучени во македонското националноослободително движење, а уште повеќе неразбирање за таквото решение имало кај македонскиот народ. Затоа допрва требало да се работи за нејзино објаснување и прифаќање. Во натамошниот период, сè до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, голем дел од политичко-пропагандната работа бил насочен во правец токму на разјаснување на „југословенското решение" како најповолно решение во дадените услови за

[492] Зборник документата. . ., т. VII, кн. 1, док. 94, 320. Разните органи на борбата создавани во текот на целата окупација во услови на илегалност, иако немале државно-правен легитимитет, во секој случај го претставувале обидот да се изградат институции на власт и со тоа и стремежот да се изгради македонска држава. Опширно за воените и военозаднинските органи и органите на власт види: М. Михајлов, Военозаднинските органи. . ., 419.; Г. Чакарјаневски, Главниот штаб и. . ., 243.; Н. Велјановски, Народната власт во Македонија 1941-1944, Скопје, 1983, 371.

[493] Никола Вражалски, Автономистичкото кредо на Кузман Јосифовски–Питу, Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 229-231.

[494] И ако се имало намера за брзо свикување на АСНОМ, тогаш набргу се покажало дека во тогашните услови тоа не е остварливо. Пред сè, во услови на окупација и силна контрола од власта на циркулацијата на луѓе, преку илегални врски, било особено тешко да се организира испраќање на лица за АСНОМ на слободната територија. Згора на тоа, повеќето од лицата планирани за АСНОМ ниту веднаш можеле да ја разберат НОАВМ, ниту биле спремни веднаш да излезат на слободната територија.

[495] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 35/б, бр. 428. Кузман Јосифовски–Питу го изнел таквото тврдење во едно негово писмо до ЦК на КПМ од 15 октомври 1943 г. Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 80, 377. А весникот на штабот на Третата оперативна зона во декември 1943 г. јавно прокламирал дека слободната територија во Западна Македонија означува „ослободување на нашата татковина–Македонија" и тоа го поврзал со илинденскиот идеал за создавање на македонска држава. Зборник документата. . ., т. VII, кн. 2, док. 109, 316-317.

македонските национални интереси. Притоа, особено есента-зимата 1943 година, рефлексии сè уште имало и „балканското решение", па во некои документи се среќаваат паралелно заложби и за двете решенија.

*б. Македонската националноослободителна платформа за македонската државност и обединувањето на македонскиот народ*

Потребата од широко афирмирање на формулираните цели на НОАВМ, придонела да се појават Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ од октомври 1943 г.[496] и како негов придружен документ кој служел за објаснување на изнесените ставови, Циркуларното писмо бр. 1 од ЦК на КПМ.[497] Како реакција на Манифестот се појавил и Приговорот на членовите на АНОК од декември 1943 г.[498] И двата документи, Манифестот и Приговорот, претставуваат природен и логичен израз на константно присутната потреба во националноослободителната војна, од дефинирање „на еден јасен програм на народно освободителното движение во согласие со вековните исторически тежненија на нашиот народ".[499]

Она што од почетокот на окупацијата парцијално било забележувано како вековен стремеж и цели на борбата на македонскиот народ, веќе созреало да се стави во еден документ, донекаде да се систематизира, да се усогласи со реалноста и зад сето тоа да застане еден орган кој веќе имал неспорен авторитет и легитимитет на домашната, балканската и светската политичка сцена.[500] Затоа Манифестот на

---

[496] Исто, док. 11, 29-35.

[497] Извори. . ., т. II, кн. 2, док. 75, 355-360.

[498] Документи за борбата. . ., т. II, док. 207, 415-425. Приговорот бил напишан и покрај обидите на Кузман Јосифовски–Питу да ги убеди членовите на АНОК во исправноста на ставовите во Манифестот. Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 6, 47-48.

[499] Документи за борбата . . ., т. II, док. 207, 423. Фактички, Манифестот ја претставува основната македонска националноослободителна платформа во текот на НОАВМ, но Приговорот е документ што директно се однесува на решенијата содржани во Манифестот, па оттаму, тој претставува своевидно дополнување на платформата и е потребно негово паралелно разгледување со Манифестот.

[500] Постои тврдење дека Манифестот „беше составен и пуштен да се шири без согласноста на сите членови чиишто имиња се набележани под текстот". М. Миноски, Авнојска . . ., 52. Односно, тврдење дека Методија Андонов–Ченто не бил согласен со содржината на Манифестот, па дошол во судир со Светозар Вукмановиќ–Темпо околу тоа прашање. В. Стојчев, Некои аспекти од согледувањата на Методија Андонов–Ченто за македонската народноослободителна војска (1943-1945), Зб. Ченто и македонската државност, Скопје, 2004, 129. И двете тврдења немаат никаква потврда во изворната документација. Па, дури, нема индикации за таква можност ниту во подоцнежните искажувања на потписниците на Манифестот, кои во наредниот период преку разни свои постапки и искажувања го потврдиле

ГШ на НОВ и ПОМ, како политичка декларација на најрепрезентативното тело на македонското национаноослободително движење во тој период претставува најзначаен програмско-политички документ во текот на 1943 г., а неговите ставови и поставки ќе останат основата на македонската националноослободителна платформа сè до крајот на НОАВМ. Всушност, Манифестот е јавна прокламација на македонската националноослободителна платформа усвоена на Преспанскиот состанок.

Манифестот се темели врз одделниот македонски национален идентитет и од него произлезените македонски национални интереси. Поаѓајќи од таквата основа, решавањето на македонското национално прашање, во Манифестот се третира како исклучиво право на македонскиот народ. Извојувањето на национална афирмација и македонска национална држава се главните задачи кои ги поставува Манифестот.

Меѓутоа, на силите на македонското националноослободително движење кои застанале зад Манифестот, кон крајот на 1943 г. веќе им било сосема јасно дека национална афирмација на сите полиња може да се добие по пат на вооружена борба против фашизмот и осојузување со големите сили од антифашистичката коалиција кои јавно го прокламирале правото на самоопределување на народите. Тоа било содржано и во Манифестот и во циркуларното писмо на ЦК на КПМ.[501] Истовремено, сосема било јасно и тоа дека јавните прокламации имаат само декларативен и пропаганден карактер, односно дека извојуваното право на самоопределување и државност треба да се поткрепи со сопствена реална воена и политичка моќ.[502]

Поаѓајќи од таквите реалистички претпоставки, потписниците на Манифестот го прокламирале „југословенското решение“ на македонското национално прашање, односно во национално-политичката платформа ја определиле државно-правната иднината на Македонија во рамките на федеративна Југославија. Тоа значело внесување и потврдување во Манифестот на ставот усвоен

своето застапување на ставовите од Манифестот. Така, на пример, во светлина на изворната документација од наредниот период, Методија Андонов–Ченто без никакви двојби, се покажува како најголем поборник на политичката и државотворната линија зацртана во Манифестот.

[501] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 33.; Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 75, 355-356.

[502] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 75, 359.

на Преспанскиот состанок „за ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи".[503] Во Манифестот на ГШ сето тоа било формулирано како борба за „братски сојуз со сите југословенски народи, на базата на полна национална рамноправност. . .", а преку сето тоа ќе се постигне „ослободуењето" и „соединението на Македонија".[504] Од своја страна, преку формулите од типот на „федеративен сојуз на балканските народи" или „сојуз на јужнословенските народи" простор се давало и на „балканското решение", но во целиот контекст на документот тоа имало секундарен карактер и било, пред сè, во функција на перспективите за обединувањето на Македонија. Всушност, преку тоа се вршело „крајно внимателно поставување" на прашањето за обединување и тоа во зависност од „борбеното единство на балканските народи".[505] Со прифаќањето и внесувањето на „југословенското решение" во Манифестот, како прво, се обезбедувала потребната воено-политичка моќ за зачувување на, со борба освоените, придобивки на национален план и како второ, се овозможувало поставување на прашањето за обединувањето во ситуација на „една мошне сложена политичка дихотомија" изразена низ „од една страна остриот стремеж на македонскиот народ кон своето обединување. . ., а од друга страна, зависноста на обединувањето од другите меѓународни фактори. . ."[506]

Во циркуларното писмо на ЦК на КПМ, „југословенското решение" уште повеќе било фаворизирано. Пред сè, таму се давале инструкции дека треба да се објаснува и пропагира дека во „новата" Југославија која се изградува во антифашистичката војна „ќе биде исполнета полната национална слобода и равноправност" на сите југословенски народи и во тие рамки на македонскиот народ. Во писмото на ЦК на КПМ, иако како „нова парола" се давала „СОЕДИНЕНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА" (големите букви во оригиналот-б.м.), сепак, обединувањето тука било поставено во рамки на „балканското решение" на македонското национално прашање.[507] Во секој случај, постоењето на обединувањето на

---

[503] Исто, док. 38, 193.
[504] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 11, 32.
[505] Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . ., Зб. АСНОМ во. . ., 185.
[506] С. Милосавлевски, Македонската национална свест. . ., Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 136.
[507] Извори. . ., т. I, кн. 2, док. 75, 355-360.

Македонија и македонскиот народ како цел на борбата, и во Манифестот и во придружното писмо, кореспондирал со основниот стремеж на македонскиот народ и бил во функција Манифестот да биде широко прифатен во наредниот период.

Појавата на Приговорот на Манифестот претставува само реален одраз на резервите кои постоеле во Македонија околу бившата југословенска држава, и следствено кон „југословенското решение". Од тој аспект, Приговорот „морал" да се појави и да укаже на ограничувањата на „југословенското решение". Но, Приговорот не претставувал, ниту имал претензии да претставува одделна македонската националноослободителна платформа. Тој бил едноставно она што бил–забелешки на некои недоречености и „неправилности" во Манифестот. И како таков, корисно предупредување. Во секој случај, Приговорот не оставал ни најмало сомневање во постоењето на македонската национална свест и исцело стоел на македонски национални позиции.[508] Впрочем, целта на Приговорот, во крајна линија била македонските национални интереси да се остварат во што поголема мерка.

Авторите на Приговорот својата критика ја насочиле, пред сè, кон „југословенското решение" како претесно за решавање на македонското национално прашање и кон дезинтегративниот третман на вооружената борба на македонскиот народ.[509] Според тоа што во Приговорот го набележале неговите автори, „македонскиот вопрос надхврлуе, при правилното му разрешение, рамките на Југославија и можи истински да се разреши во една балканска комбинација".[510] Оттаму, иако во Манифестот се зборувало за „соединение", според авторите на Приговорот, тоа е непринципиелно, бидејќи се води борба „за слободата на една част од Македонија."[511]

---

[508] Произволно, па оттаму и неприфатливо е третирањето на Приговорот како „одблесок на сфаќањата" на БКП за македонското национално прашање. Л. Мојсов, БРП (к) и. . ., 157.

[509] Во овој контекст, да забележиме дека и во македонската историографија е изнесено мислење за „контрадикторно поставување на правото на обединување" во Манифестот, заради истовременото прифаќање на федеративна Југославија како рамка за македонската државност. За поткрепа се наведени ставовите од Приговорот. Н. Вељановски, АСНОМ-државотворни димензии, Скопје, 1994, 45-47. Сосема е јасно дека, југословенската опција сама по себе не го исклучувала обединувањето, односно не го затворала во целост тоа прашање. Реализацијата зависела од многу фактори, а пред сè од геостратегискот однос на силите на макро и микро план.

[510] Документи за борбата. . ., т. II, док. 207, 420.

[511] Исто, 420-422.

Значи, како главен недостаток на „југословенското решение“ било истакнато мислењето дека со него македонското национално прашање во делот за обединувањето, само делумно би се решило и тоа во една рамка кон која македонскиот народ имал доскорешно целосно негативно искуство. Натаму, јасно е дека на „југословенското решение“ од Манифестот, Приговорот му го спротиставил „балканското решение“.[512] Меѓутоа, тоа решение, во тие моменти, значело ставање на македонските национални аспирации во положба на натамошно „исчекување“ и целосна зависност од вонмакедонските фактори. Всушност, предноста и слабоста на двете решенија е токму во оваа точка. Ако за реализирање на македонските национални интереси во „југословенското решение“, пресудна била „волјата“ на југословенското ослободително движење, за која веќе имало низа конкретни докази дека се движи во правец на задоволување на дел од македонските национални аспирации, во „балканското решение“ било потребна „добра волја“ на низа вонмакедонски фактори, за кои, пак, се имало сознание дека се „негативно“ расположени за задоволување на било какви македонски национални барања.

За ваквите констатации важен момент претставува иницијативата за формирање на БШ во 1943 г.[513] Влијанието од неа било можеби најзначајно за различните позициите во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и Приговорот на членовите на АНОК. Тоа е видливо во врска со прашањата за поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ од сите делови на Македонија, во врска

---

[512] Во Приговорот е употребен терминот „балканска комбинација“. Фактички тој претставува реален термин, бидејќи обединувањето на Македонија во било која варијанта, пред сè, било прашање кое ги засегнувало интересите на сите соседи на Македонија. И тоа, без разлика кои политички сили се наоѓаат на власт во тие земји.

[513] Иницијативата за формирање на Балкански штаб спроведувана во 1943 г., потекнала од раководството на КПЈ и првенствено била насочена кон воспоставување на соработка и координација на лево ориентираните ослободителни движења на Балканот, но во нејзини рамки биле преземени низа практични мерки за создавање услови за поврзување на вооружената борба на македонскиот народ од разединетите делови и во крајна линија за обединување на Македонија. За неа, опстојно или попатно е многукратно пишувано. Види: М. Михајлов, Идејата на Светозар Вукмановиќ–Темпо за создавање на Балкански штаб во 1943 година, ГИНИ XLIII/2, Скопје, 1999, 49-60.; Р. Киријазовски, Штабот на народноослободителните војски на балканските земји, Историја XXVI-XXVII/1-4, Скопје, 1992, 59-70.; B. Petranović, Balkanska federacija 1943-1948, Beograd, 1991, 67-75.; С. Вукмановиќ–Темпо, Борба за Балканот, Скопје, 1982, 113-127.; S. Vukmanović–Tempo, Revolucija koja teče, Zagreb, 1982, kn. 3, 2-30.; М. Лалков, От надежда към разочарвание. Идеята за федерацията в Балканския югоизток (1944-1948), София, 1994, 81-85.; Драгойчева Цола, На класови и интернационалистически позиции, сп. Септември XXX/1, София, 1979, 5-72.; и други.

со соработката со грчкото и бугарското ослободително движење и во врска со нивните позиции кон македонското национално прашање. На потписниците на Манифестот преку иницијативата за формирање на БШ, им било познато дека и самото споменување на некои проблеми во врска со македонското национално прашање во дадениот историски момент, можат да предизвикаат несакани и остри импликации на меѓународен план. Имено, инсистирање врз обединувањето на Македонија, во тие моменти, би значело конфронтација на македонското националноослободително движење и со големите сили од антифашистичката коалиција, и со бугарското и грчкото ослободително движење и, во крајна линија, со југословенското ослободително движење.[514] Со сето тоа би се довело во прашање сѐ што било постигнато дотогаш, „за во една следна мошне неопределена, несигурна и недефинирана перспектива“ да се „добие повеќе“.[515] Приговорот немајќи ги сознанијата за ставовите и односот на балканските лево ориентирани ослободителни движења и меѓународните фактори во антифашистичката коалиција, фактички поставувал „нереални барања и тези“ за решавање на македонското национално прашање.[516] Ниту идејата, доколку таквата ја имало преку Приговорот, да не се зазема дефинитивна позиција околу „рамката“ за решавање на македонското национално прашање во тој период, не била политички издржана. Со оглед на сите настани на глобално ниво, оддолжувањето во носењето на платформа, можело да биде само на штета на македонското националноослободително движење, односно на штета на остварувањето на македонските национални идеали.

Набрзо бил одржан состанокот во Скопје помеѓу двете „групи“, организиран од Кузман Јосифовки–Питу. Поддржувачите на Манифестот, настојувале да им објаснат на дел од потписниците на Приговорот присутни на тој состанок, дека „нивните барања во дадениот момент се нереални. . .“, а како поткрепа на тоа посочувале на Атлантската повелба и други документи и изјави на големите сили во

[514] Во писмото–одговор до членовите на АНОК, децидно било укажано: „Важно је да се знаје да при поставувањето на овој проблем доваѓаме до мачнотии на меѓународен терен, за кој усмено ќе ве обавестиме, штом дојдете при нас.“ АСНОМ-документи . . ., т. I, кн. 1, 17, 53. Поставувањето на проблемот на обединувањето на Македонија на „меѓународен терен“ во периодот пред појавата на Манифестот, недвојбено било во рамките на преговорите и договорите за создавање на БШ.

[515] С. Милосавлевски, Македонската национална свест. . ., Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 145.

[516] Исто, 140.

кои се декларирало дека не се признаваат никакви територијални промени во текот на Втората светска војна.[517]

Особено значаен за согледување на позициите на раководството на македонското националноослободително движење во Манифестот, а пред сè за позициите околу „југословенското" и „балканското" решение е „одговорот" на забелешките од членовите на АНОК потпишан од Методија Андонов–Ченто и Михајло Апостолски. Од него се гледа дека потписниците на Манифестот биле сосема свесни дека „југословенското решение" го стеснувало просторот за интегрално решавање на македонското национално прашање во државно-правен поглед, односно дека ги сведувало на минимум реалните шанси за реализација на обединувањето. Меѓутоа, за нив пореално решение не постоело во тие историски услови. Затоа обединувањето на Македонија, кое во Манифестот било ставено во рамките на „балканското решение", во овој „одговор" исцело се ставало во рамките на „југословенското решение".[518] Одговорот, пак, зошто е заземен така отворено негативен став околу „балканската комбинација" понудена во Приговорот, се наоѓа во статијата на Бане Андреев по повод Приговорот, каде се укажува дека заради инволвираноста на многубројни вонмакедонски фактори во „балканското решение" тоа веќе се смета како „предмет" околу кој не може да се водат „реални и неутопистички дискусии".[519]

Реалноста на ваквите објаснувања за брзо време ја воочиле и авторите на Приговорот, па скоро сите се префрлиле на слободната територија под контрола на НОВ и ПОМ и учествувале во реализација на програмата од Манифестот, односно во реализирањето на „југословенското решение".[520] Сепак, треба да се нагласи дека

---

[517] Документационо одделение на ИНИ, Сеќавања на Бане А. Андреев–Ронката за периодот од пучот во Покраинскиот комитет во 1942 година до 31 декември 1944 година-до заминување во Белград, Сл. IV 888/IV, 28.

[518] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 17, 52.

[519] Исто, кн. 6, док. 7, 48-54.

[520] Секако, во наредниот период постоеле разлики и несогласувања, па дури и конфронтации меѓу раководните кадри на македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел, по одредени прашања. Но, основните програмски определби зацртани во Манифестот не биле доведени под прашање во ниеден момент до крајот на 1944 г. Оттаму, не постои основа да се прави поделба по која потписниците на Приговорот во наредниот период претставуваат некаква неформална „македонска национална група" наспроти останатиот раководен дел кој е „ројугословенска група".

забелешките од Приговорот имале свое влијание врз натамошното дефинирање на целите на македонската антифашистичка војна и врз практичните чекори преземани од македонското националноослободително движење. Така, на пример, формирањето на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ кон крајот на 1943 г., како тело кое добива, пред сѐ, прерогативи на власт и задачи во правец на побрзо свикување на АСНОМ секако е извршено и под влијание на појавата на Приговорот.[521]

Всушност, со Приговорот станало сосема очигледно дека „југословенското решение" сфатено како опција за парцијално решавање на македонското национално прашање, воопшто не е прифатена и прифатлива опција во Македонија. Затоа започнала една фаза на засилена пропагандна работа за прифаќање на „југословенското решение" во редовите на македонското националноослободително движење и сред македонскиот народ, со едновремено засилено истакнување и на неговите можности за целокупно решавање на македонското национално прашање. Во овој почетен период по Манифестот, особено ангажиран на тоа поле бил Кузман Јосифовски–Питу, кој работел со членовите на АНОК. Притоа, тој особено инсистирал дека „југословенското решение" во дадените историски околности е единственото исправно и можно решение на македонското национално прашање во сите негови сегменти.[522]

Прашањата за државноста и обединувањето, есента и зимата 1943 г. имале и широк меѓународен контекст, бидејќи тоа е време на објавување на решенијата на АВНОЈ,[523] на декларацијата на ОФ за македонското прашање и на решенијата на

---

[521] Опширно за Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ види: М. Тодоровски, Иницијативниот одбор во подготовките за свикување на АСНОМ, Зб. Развиток на државноста на македонскиот народ, Скопје, 1966, 333-352.; В. Картов, Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ во улога на привремено највисоко претставничко и политичко тело на народноослободителното движење на Македонија, Зб. АСНОМ во. . ., 123-134.

[522] Кузман Јосифовски–Питу иако бил еден од најострите критичари на Приговорот и неговите автори, сепак, вложил големи напори да ги увери истите во исправноста на „југословенското решение". Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 10, 62-68.; М. Михајлов, Погледите на Кузман . . ., Зб. АСНОМ-педесет. . ., 129-130.

[523] Второто заседание на АВНОЈ, пред сѐ, со донесеното решение „За изградување на Југославија на федеративен принцип" дефинитивно ја покажало интенцијата на југословенското ослободително движење, идната држава да ја изградува врз национален принцип, односно нациите да претставуваат основни конституенти. Тоа фактички ги зацврстило позициите на „југословенското решение" во редовите на македонското

Московската и Техеранската конференција.[524] Јосип Броз Тито како одговор на информациите од Светозар Вукмановиќ–Темпо од 4 ноември 1943 г. за ставовите во Манифестот околу обединувањето и балканската федерација, на 9 ноември 1943 г. испратил телеграма во која децидно се искажал против акционо поставување на прашањето за обединување и за потенцирање на било какви варијанти на „балканска федерација" во тој период.[525] Сосема е јасно дека ваквите ставови произлегувале од можноста прашањата за обединување на Македонија и балканска федерација, од страна на меѓународните фактори да бидат сфатени како територијални аспирации на југословенското ослободително движење, а Јосип Броз Тито настојувал тоа да го избегне.

На Фуштанското партиско советување на КПМ, непосредните цели биле поставени во доизградување на македонската војска, организирање на АСНОМ и пропагирање на НОВЈ и КПЈ сред борците на НОВ и ПОМ.[526] Меѓутоа, од тој период македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија веќе се наоѓало во улога на „пиемонт" и морало да се соочи и да ги решава прашањата и проблемите сврзани со македонскиот народ во раскинатите делови на Македонија. Веќе не било можно сопствено изземање од тие проблеми.[527] Но, потребно е да се нагласи дека постоеле две нивоа на импликации во целиот тој третман на македонското национално прашање. Прво, тоа инволвирање значело своевиден судир со интересите на сите балкански политички сили, па и со лево ориентираните ослободителни движења. Истовремено, значело и судир со интересите на големите сили од антифашистичката коалиција, а особено со интересите на Велика Британија на Балканот. Второ, за евентуално да можат да се

---

националноослободително движење. Сосема убаво тоа може да се види од документите во декември 1943-јануари 1944 на Кузман Јосифовски–Питу, каде непрестано се повикува на решенијата на АВНОЈ. Опширно за импликациите на АВНОЈ врз македонското национално прашање види: А. Христов, Создавање . . ., т. 3, 15-161.; Н. Велјановски, АВНОЈ и Македонија, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . ., 227-243.

[524] Во рамките на македонското националноослободително движење биле целосно свесни за поврзаноста на антифашистичката борба во Југославија и Македонија со настаните и политиката на светски план. ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 25, 82-86.

[525] Тито, Собрани дела, т. 17, 216.

[526] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 11, 69-93.

[527] Раководството на македонското националноослободително движење и главнината на силите на НОВ и ПОМ во тој период веќе се на теренот на Егленско и директно се соочени со македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија.

остварат македонските национални интереси во сите делови на Македонија, несомнено, потребно било ангажирање и концентрираност на дејствувањето во тој правец на целото македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија. Тоа било оневозможувано од приоритетните цели на раководството на југословенското ослободително движење кои биле поставени пред сè, кон позабрзан развој на вооружената борба и кон сопствена меѓународна афирмација. Македонските национални интереси имале споредно, второстепено значење за југословенското раководство, и згора на тоа, предизвикувале негативна реакција на меѓународно ниво. Македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел, преку дејствувањето на претставниците на КПЈ и југословенското ослободително движење Светозар Вукмановиќ–Темпо и Добривое Радосављевиќ, на крајот на 1943 г. и почетокот на 1944 г. било насочувано пред сè, кон развој на борбата и кон зацврстување на „југословенското решение", а тоа посредно, ги намалувало можностите за ангажирање околу прашањата за македонските национални права во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија и за обединување на Македонија.

Сепак, она што е значајно е фактот дека македонското националноослободително движење успеало во текот на 1943 година да формулира македонска националноослободителна платформа во согласност со основните национални интереси и реалната воено-политичка ситуација. Секако, треба да се забележи и тоа дека формулираната платформа можела да се надополнува и допрецизира, а допрва требало да се работи врз нејзино широко прифаќање.

## 3. Спроведување на „југословенското решение" во Вардарскиот дел на Македонија (јануари-август 1944 година)

Во текот на 1944 година пред македонското националноослободително движење за практична реализација биле отворени сите сегменти на националноослободителната платформа. Тоа барало максимална ангажираност на силите на македонското националноослободително движење и фактичко

вклучување во реализација на националноослободителната платформа на најголемиот дел од македонскиот народ од сите делови на Македонија.

Во првата половина на 1944 г. пропагандната активност на македонското националноослободително движење, главно, била насочена кон афирмација на решенијата на Второто заседание на АВНОЈ и создадената нова Југославија, односно кон пропагандна работа сред македонското население да го прифати „југословенското решение“ за државноста и обединувањето на Македонија. И централниот орган на НОФ на Македонија, весникот „Илинденски пат“, но и весниците кои ги издавале и останатите воени и политички органи содржеле мноштво на статии и материјали со кои се популаризирала борбата на останатите југословенски народи, АВНОЈ и Јосип Броз Тито.[528]

Во почетокот на 1944 г. македонското националноослободително движење ја добило „Декларацијата на ОФ на Бугарија по македонското прашање“, а Кузман Јосифовски–Питу веднаш набележал исклучително негативни оценки за неа од аспект на македонската самобитност, национални интереси и државност. Се сметало дека фактички Декларацијата на ОФ значи непризнавање на правото на самоопределување на македонскиот народ и формирање на сопствена национална држава.[529]

Второто заседание на АВНОЈ и Декларацијата на ОФ за македонското прашање претставувале причина за актуелизација на прашањата за македонската државност и обединување и во Москва. Имено, на барање на Георги Димитров,

---

[528] ИА СКМ, т. II, кн. 2, 5, 21.; док. 6, 22; док. 18, 46-53; док. 29, 90. Потребно да се нагласи и дека, низа статии во сите печатени весници на македонското националноослободително движење во овој период, се посветенени на определени настани или личности од општојугословенски карактер кои немаат директна врска со Македонија. Сите тие биле наменети за приближување кон македонскиот народ на федерална Југославија како рамка за македонската држава. Како типичен пример може да послужи статијата за настаните од 27 март 1941 г. пишувана од Киро Миљовски. Самите по себе тие настани немаат голема врска со одделниот македонски национален идентитет, македонската државност и воопшто Македонија, туку се насочени, пред сè, кон зачувување на Југославија. Објавувањето во „Илинденски пат“ фактички покажува дека приоритетното место во работата на македонското националноослободително движење има пропагирањето на „југословенската опција“. Исто, док. 8, 24; док. 9, 25-26; док. 32, 97-99; док. 36, 116-120; док. 37, 121-127; док. 39, 133-136; док. 43, 145-148; док. 44, 148-150 и други.

[529] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 13, 114-116. Сосема брзо ваквите ставови на Кузман Јосифовски-Питу биле потврдени од ЦК на КПМ. Исто, док. 18, 133. Од своја страна, Кузман Јосифовски-Питу веднаш го известил ЦК на БКП за негативните оценки од македонското националноослободително движење за Декларацијата. Исто, док. 21, 140.

Димитар Влахов и Владимир Поптомов кон крајот на јануари 1944 г. изготвиле опширен елаборат за македонското национално прашање. Во него третманот на Македонија бил интегрален, со констатација дека „македонското прашање не може да се реши со делби на Македонија меѓу балканските држави". Во тогашните актуелни состојби во кои југословенското ослободително движење практично го реализирало ставот за „рамноправна национална политичка единица на Македонија во федеративна демократска Југославија", тие сугерирале дека обединувањето на Македонија ќе треба да се случи во рамките на Југославија. Тоа може да се заклучи и од нивниот осврт врз прашањето за „балканска федерација", каде констатирале дека „реалните услови за создавање на таква федерација засега не се гледаат", со што „балканското решение" скоро целосно се отфрлало.[530] Ваквите ставови на Влахов и Поптомов во голема мерка кореспондирале со веќе усвоената националноослободителна платформа од македонското националноослободително движење и потврдувале дека таа била втемелена врз реалната воено-политичка ситуација на Балканот и во светот.

Во контекст на зацврстување на прифатливоста на „југословенското решение" во редовите на македонското националноослободително движење и сред македонскиот народ, на почетокот на годината, во печатената и усна пропаганда, непрестано присутна била паролата „слободна Македонија во слободна демократска федеративна Југославија".[531] Едновремено со тоа, создавањето на новата македонска национална држава непрестано било поврзувано и со традициите на „илинденската епопеја".[532] Се правеле и обиди да се популаризира и афирмира влегувањето на Македонија во федеративна Југославија од аспект на придобивките за Македонија и македонскиот народ на меѓународен план.[533]

Обединувањето на Македонија, согласно со усвоената платформа, недвојбено се гледало во идната југословенска федерација, но од првата половина на 1944 г. тоа отворено и јавно се декларирало. Имено, многу често се објаснувало дека борбата се води за постигнување на „слобода и обединување на целиот македонски народ во

[530] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 30, 107-118.
[531] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 10, 33-36.; ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 2, 16.
[532] Исто, док. 43, 145-148; док. 45, 151-154.; Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 9, 32.
[533] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 47, 147-150.

една слободна и демократска Македонија, равноправен член во новата демократска и федеративна Југославија".[534] На моменти се користела и идејата за јужнословенска федерација, но сега таа била ставена во контекст на проширување на новата федеративна Југославија.[535] Идеите за формирање на една „голема" Југославија, на моменти дури биле и отворено декларирани.[536] Во тие рамки, сосема разбирливо станува дека раководството на југословенското ослободително движење било заинтересирано за обединувањето на Македонија. Тој чекор, всушност, несомнено одел во правец на остварување на нивниот интерес за воспоставување на доминација на Балканскиот Полуостров.

Засилената активност за создавање на легални и илегални НО одбори, како органи на новата власт и фактичко изградување на македонската држава, биле приоритетни задачи на политичките и воените структури на македонското националноослободително движење.[537] Оттаму, голем број активисти на КПМ биле директно задолжени во работата на создавањето на органи на власт, а единиците на НОВ и ПОМ континуирано работеле во тој правец на теренот каде се движеле и престојувале. Засилено се работело и на создавање на услови за свикување на АСНОМ.[538]

Влегувањето на македонската држава во составот на југословенската федерација, од страна и на пониските раководни тела на македонското националноослободително движење се претставувало во јавните прокламации како гаранција за национална и државна слобода и како гаранција за стекнување на меѓународното признавање.[539]

Сепак, и покрај силните пропагандни активности, прифаќањето на „југословенското решение" од македонскиот народ било далеку од потребното ниво.[540] Тоа воопшто и не зачудува ако се има предвид стравот кај македонскиот народ од враќање на предвоена Југославија со нејзиниот антимакедонски режим.

---

[534] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 9, 32.
[535] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 2, 16.
[536] Исто, док. 22, 77.
[537] Извори. . ., т. I, кн. 4, док. 36, 154-157.
[538] Исто, кн. 3, док. 30, 177-179; АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 18, 54-58.Опширно: А. Христов, Создавање. . ., т. 3, 173-219.
[539] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 20, 66.
[540] Извори. . ., т. I, кн. 7, док. 18, 107; док. 19, 110; док. 28, 136-153.

Очигледно тој страв бил и понатаму релно присутен кај македонското население и вршел влијание врз политичката клима во Македонија. Покрај тоа, идејата за обединета Македонија била особено силна сред македонското население, „југословенското решение“ сè уште се сметало за тесна рамка на решавање на македонското национално прашање, а македонското националноослободително движење имало врз себе константен притисок таа идеја да биде реализирана.[541] Недовербата и неразбирањето на „југословенското решение“ како рамка во која може да се реши македонското национално прашање, односно да се реализира стремежот за обединување на Македонија, во пролетта 1944 г. постоеле и кај активните припадници на македонското националноослободително движење.[542]

Сосема очигледно, прашањата сврзани со можностите за создавање на македонска држава и нејзината територијална рамка, во тој период имале силно влијание на политичката сцена во Македонија. Македонското националноослободително движење сè уште морало активно да се занимава со објаснување и реализирање на сопствената националноослободителна платформа во делот околу државноста и обединувањето. Во насока на разјаснување во кои воено-политички кординанти било ставено решавањето на најкомплицираниот дел од македонското национално прашање–обединувањето на Македонија од страна на раководството на македонското националноослободително движење, значајни се искажувањата на командантот на ГШ на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски и претседателот на Иницијативниот одбор за свикување на АНОМ, Методија Андонов–Ченто во пролетта 1944 г.

Искажувањето на Михајло Апостолски е значајно заради укажувањата на средствата и методите кои реално можат да се искористат од македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија за практична реализација на обединувањето на Македонија. Апостолски во писмото до Емануел Чучков укажува најпрво дека прашањето за обединување на Македонија

---

[541] Исто, док. 28, 136-153.

[542] Исто, кн. 3, док. 34, 192-196. Во април 1944 г. на Перо Ивановски–Тиквар, во тие моменти секретар на комитетот на КПМ во Скопскиот затвор, по повод неговата статијата „Македонија на Македонците“ што ја испратил за објавување, му се укажувало дека недостига југословенската димензија. Исто, кн. 6, док. 51, 193-196.

им лежи на срце на сите „чесни Македонци", а потоа изразувал уверување дека со националноослободителната војна која е во тек "ќе се изврши обединението". Но, клучното прашање, според Апостолски, било „по кој пат тоа да се постигни". Овие ставови на Апостолски сосема сигурно покажуваат дека обединувањето на Македонија не само штое е прифатена цел во македонската националноослободителна платформа, туку таа е цел која не се доведува во прашање. Може да се дискутира само за начинот како тоа ќе биде постигнато. И токму во таа точка, било главното неразбирање на поставките од македонската националноослободителна платформа. Во оваа точка, усвоеното „југословенско решение" на многумина им изгледало како погрешна, претесна рамка за целосно решавање на македонското национално прашање. Затоа во натамошниот дел од писмото на Апостолски се објаснувало дека дејствувањето на единиците на НОВ и ПОМ во „другите делови на Македонија" било токму во прилог на обединувањето, и дека е потребно не само масовно учество во вооружената антифашистичка војна на Македонците од останатите делови на Македонија, туку и јасно изразување на нивниот стремеж за обединување. Во овој контекст се декларирала спремноста на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел да ја помага антифашистичката борба на Македонците во останатите делови. Тоа преставувало ставање на дејствувањето на НОВ и ПОМ во Егејскиот дел на Македонија во функција на поврзување на силите на македонското националноослободително движење и водење на општомакедонска ослободителна војна, односно во функција на реализација на македонската националноослободителна платформа. Секако, и во ова писмо на Апостолски било нагласено дека не само акционите чекори на планот на обединувањето на Македонија, туку и јавните истапувања во врска со тоа се зависни од „општата меѓународна ситуација".[543]

Искажувањето на Методија Андонов–Ченто во април 1944 г ја покажуваат идејно-политичката основа на македонската националноослободителна платформа

[543] АСНОМ-документи. . ., том I, кн. 1, док. 20, 63-66. Во април 1944 г. слично циркуларно писмо од Михајло Апостолски како командант на ГШ на НОВ и ПОМ било испраќано и до други познати јавни личности во Македонија. Документационо одделение на ИНИ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 44, бр. 1537. Постои слично и заедничко писмо со Методија Андонов–Ченто како претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. АСНОМ-документи. . ., том I, кн. 1, док. 26, 76-79.

во однос на македонската државност и во тие рамки и во однос на обединувањето на Македонија. Ставовите на Методија Андонов–Ченто биле јавно промовирани во в. „Илинденски пат“ и во рамките на македонското националноослободително движење, биле сфаќани како своевидна јавна прокламација на политичка и државотворна платформа на македонското националноослободително движење.[544]

Во статијата Методија Андонов–Ченто, определбата за извојување на македонска држава недвојбено е потврдена. Претстојното свикување на Народното собрание било прикажано како резултат на долготраен процес исполнет со борби на македонското националноослободително движење, односно како „жив симбол на идејната поврзаност на три генерации“. НОАВМ со тоа била „тесно поврзана со принципите на Илинденското востание и Крушевската Република“ и директно карактеризирана како „нивно продолжување“. За тоа да се поткрепи, направен бил опширен историскиот преглед на македонските националноослободителни борби, кој започнувал од 1890 година и биле набележани сите поважни настани од македонската револуционерна историја. Акцентот бил ставен врз големосрпското владеење меѓу двете светски војни и на тогашниот обид за денационализација на македонскиот народ. Тоа сведочи дека и овде, се сакало да се направи остро негирање на можностите за враќање на предвоената состојба и со тоа да се отстрани секакво сомневање во карактерот и целите на НОАВМ. Потоа се правело осврт на големобугарската окупација од 1941 г. и нејзиниот денационализаторски карактер. Легитимитет на АСНОМ се извлекувал од дотогашната НОАВМ, а „југословенското решение“ како рамка за македонската државност било претставено не само како потреба заради реалните околности, туку и како „желание“ на македонскиот народ.[545]

Статијата го опфаќала и најкомплицираниот елемент на македонското национално прашање–обединувањето. Во неа се велело дека со учеството на претставници на АСНОМ од „трите делови на Македонија“ ќе биде симболизирана „вољата на целиот македонски народ да се најди цел, слободен и обединен“. И

[544] Во упатство од Првиот областен комитет на КПМ од 29 мај 1944 г. децидно стои дека за „политичките прашања строго да се придржавате на нашиот централен печат“. АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 30, 95.
[545] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 34, 102-111.

веднаш потоа, обединувањето било сместено во рамките на „југословенското решение“ со истакнување дека „АВНОЈ на дело даде класичен пример за решавањето на националните прашања“. Македонците од останатите делови на Македонија, биле упатени на фактот дека „борбата против фашизмот си останува најважното услови за стекнувајне правото за национална слобода“. Всушност, со ова се упатувале Македонците од останатите делови на Македонија на засилена антифашистичка борба како пат за национална слобода и обединување. Со тоа Методија Андонов–Ченто, уште еднаш решително застанал зад „југословенското решение“ и на некој начин, индиректно, преку укажувањата на меѓународната условеност на реализацијата на македонската националноослободителна платформа, ги отфрлал сите евентуални можности за поинакво решавање на македонското национално прашање. Имено, во врска со прашањето за обединување, во статијата се прокламирало дека АСНОМ ќе донесе такви решенија кои се реални од „гледиште на решителните военополитички сили и тенденции во меѓународни размери“, односно дека ќе се води сметка за меѓународните можности во решавањето на прашањето за обединување.[546]

Ваквите идејни основи на македонското националноослободително движење на планот на државноста, особено во врска со прифаќањето на „југословенското решение“, биле потврдени и од ГШ на НОВ и ПОМ како највисок воен орган, со прогласот од април 1944 г.[547] и од проширениот состав на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, како највисоко политичко тело, на 30 април 1944 г.[548]

Меѓутоа, настрана од јавните прокламации и самоубедувањето, околу можностите за обединување на Македонија воопшто се немало јасна претстава каков е ставот на врвното југословенско раководство, пред сè, на Јосип Броз Тито. А,

[546] Исто. Со слична содржина и наслов, Методија Андонов–Ченто објавува статија во списанието „Нова Југославија“ бр. 7-10 од јуни-јули 1944 г. За разликите на двете статии, односно за отстапувањето од некои ставови во статијата во „Илинденски пат“, види М. Михајлов, Прашањето на обединувањето. . ., 174-178.

[547] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 46, 147-151.

[548] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 22, 68-72. Ставовите околу прифаќањето на новата југословенска држава како рамка за решавање на македонското национално прашање се потврдуваат и со самиот чин на испраќање на поздравни телеграми од Првото заседание на проширениот Иницијативен одбор до Јосип Броз Тито и АВНОЈ, а уште повеќе со содржината на двете телеграми во која недвојбено се изразува пројугословенската ориентација. Исто, док. 23, 72-73; док. 24, 74.

прашањето за територијалниот интегритет на Македонија било најважното национално-политичко прашање кое не трпело никакви импровизации. Токму заради ваквите дилеми, на заедничкиот состанок на ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, одржан на 6 мај 1944 г., било решено да се испрати при АВНОЈ и ВШ на НОВЈ трочлена делегација, во состав Методија Андонов–Ченто, Мане Чучков и Кирил Петрушев, со инструкции таму да го постави „главниот проблем на македонската борба–прашањето за целостна обединена Македонија“.[549] Заклучок кој се наметнува од ваквото дефинирање на „главниот проблем“ на НОАВМ, води кон фактот дека другите клучни прашања како националната индивидуалност и државност, се веќе затворени за дискусија не само за македонското националноослободително движење, туку и за југословенското ослободително движење. Но, заслужува внимание наредниот став по кој избраната делегација се овластува да се обрати до „македонскиот народ во Грција и Бугарија“ и да го повика во борба против окупаторите, а ако постојат меѓународни услови тој народ да се повика „да се придружи на борбата што е води македонскиот народ под бивша Југославија“.[550] Ваквиот став прво, значи, дека сериозно се сметало дека е дојдено време да се реализира општомакедонска националноослободителна војна, второ, дека таа и таква војна е пат кон обединувањето, и третто, дека прашањето за обединување е целосно сместено во рамките на „југословенското решение“ односно во рамките на Југославија.

Ваквото акционо поставување на прашањето за обединување, без притоа да се има позитивен став од југословенското раководство, набрзо се покажало како сè уште неостварлива опција. Веќе на заедничкиот состанок од 24 јуни 1944 г. на делегацијата од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и НКОЈ, односно највисокото југословенско раководство, каде била договорена и прифатена „општата политичка линија“ за дејствување на македонското

---

[549] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 28, 90-91. Набрзо, во списанието „Нова Југославија“ бр. 6 од 15 мај 1944 г., Моша Пијаде објавил статија „Слободна Македонија во братска демократска заедница на јужнословенските народи“ во која биле изнесени некои ставови на југословенското раководство по однос на решавањето на македонското национално прашање, но не и за обединувањето на Македонија. Моша Пијаде, Одбрани трудови, Скопје, 1987, 232-240.

[550] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 28, 90-92.

националноослободително движење, иако обединувањето на Македонија се признавало како траен стремеж на македонскиот народ, сепак, неговото акционо поставување било отстрането. Единствено, бил потврден ставот дека Македонците од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија преку „развивање на широко ослободително народно движење против фашистичките окупатори“, можат да постават „барање за национално самоопределување и за демократски права“. Во овој контекст било решено, македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел да може да ги помага Македонците и нивнте антифашистички движења во одделените делови.[551]

Фактички, со вака конципираната политичка линија, обединувањето на Македонија не било дефинитивно отфрлено, туку реализацијата била перспективно поставена во некои поповолни околности. Во секој случај, обединувањето на Македонија добило третман на општојугословенски проблем. Ваквите ставови во голема мерка ќе ги предодредат натамошните активности на македонското националноослободително движење во врска со државното конституирање и особено, со обединувањето на Македонија.

Согласно на ваквите заклучоци, во правец на дефинитвно конституирање на македонската држава во јуни и јули 1944 г. до максимум биле засилени подготовките за одржување на Првото заседание на АСНОМ. И невооружениот и вооружениот дел на македонското националноослободително движење биле ангажирани околу оваа активност. На слободната територија во Кумановско секојдневно пристигнувале делегати за Заседанието од сите краишта на Вардарскиот дел на Македонија.

Но, и покрај сите напори, и покрај интензивната агитационо-пропагандна работа, летото 1944 г. сè уште постоеле дилеми околу можностите на „југословенското решение“ да го реши македонското национално прашање.[552] Ваквите сомневања во можностите преку државноправното конституирање на Македонија како федерална единица во Југославија да бидат задоволени македонските национални интереси уште повеќе биле засилени со потпишаниот

---

[551] Тито, Собрани дела, т. 20, 275-276.

[552] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 64, 316; кн. 6, док. 92, 365-366; кн. 7, док. 61, 271-274.

договор „Тито-Шубашиќ“.[553] Тој отворал простор за разни шпекулации и ги подгревал дилемите околу исправноста на прифатеното „југословенско решение“ на македонското национално прашање.[554]

Сепак, кон крајот на јули 1944 г., било обезбедено доволно национално и политичко единство на македонскиот народ околу платформата зацртана во Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. Биле создадени македонска војска, слободни територии и државно-правни органи, односно мрежа на НОО и Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ. На крајот, со пристигање на доволен број од избраните делегати на слободната територија во Кумановско, биле подготвени и сите неопходни услови за свикување и одржување на Првото заседание на АСНОМ и прокламирањето на македонската национална држава.

***
*

Во 1941 и 1942 г. ставовите на раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во однос на прашањата за државноста и обединувањето на македонскиот народ се карактеризираат со голем број недоречености и контрадикторности. Не постоел одговор на прашањето како и со кого ќе се стигне до „слободна Македонија“ која непрестано во документите била бележена како цел на НОАВМ. Покрај тоа, во почетниот период и покрај тоа што постоела свест за целоста на Македонија, воопшто не се одбележувало обединувањето на Македонија, па тешко може да се стекне јасна претстава дали под „слободна Македонија“ се опфатени сите делови на Македонија или само се мисли на македонска држава на териотријата од Вардарскиот дел на Македонија.

Во секој случај, патиштата преку кои можат да се решат прашањата за државноста и обединувањето на Македонија, во објективните околности, се

---

[553] Тито, Собрани дела, т. 20, 273-274. Спогодбата е постигната на 16 јуни 1944 г. и се регулирале односите и натамошната соработка меѓу југословенското ослободително движење и кралската бегалска влада во Лондон.

[554] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 73, 354; кн. 6, док. 90, 351. НКОЈ до сите антифашистички собранија ја испратил спогодбата „Тито-Шубашиќ“ и придружното писмо со која се објаснувале и причините и потребите заради кои таа била прифатена. Тито, Собрани дела, т. 20, 180-182. Врз основа на тие објаснувања и во Македонија се одвивала разјаснителната пропагандна акција. Извори. . ., т. I, кн. 6, док. 95, 370; док. 96, 377.

сведувале на прифаќање на едно од двете решенија: „балканско“ или „југословенско“. И во двете решенија недвојбено се проектирале создавањето на македонска национална држава и обединувањето во неа на македонскиот народ од сите делови на Македонија. Од тој аспект, и двете решенија биле македонски решенија. Разликата била на кој начин да се стигне до максимални резултати во остварувањето на целта.

Доминантоста во рамките на македонското националноослободително движење во почетниот период на НОАВМ, на „балканското решение“ кое ги опфаќало и самостојна обединета Македонија и обединета Македонија во балканска федерација или конфедерација, се должела на неколку причини. Прво, на одбивноста кај македонскиот народ кон идејата на „југословенството“. Второ, на форсирањето на такво решавање на македонското национално прашање од страна на светското комунистичко движење уште во меѓувоениот период. Трето, на оддалеченоста на раководството на југословенското ослободително движење од територијата на Македонија, заради што во рамките на македонското националноослободително движење се немало доволно јасни сознанија за ставовите на југословенското раководство во новонастанатите околности околу македонското национално прашање .

Постепено, реалните односи на силите во Македонија, на Балканот и пошироко, укажувале на нужна промена на определбата за „балканско решение“. Сѐ појасно било дека, колку и да е тоа решение во согласност со македонските стремежи, сепак е неостварливо. Иницијативата за создавање на Балкански штаб на лево ориентираните ослободителни движења овозможила да се добијат сознанија по кои, јасно било дека повеќето од вонмакедонските фактори се противат на создавањето на македонска држава и обединување на Македонија.

Согледувањето на таквата реална ситуација упатувала на прифаќање на „југословенското решение“. Дополнително, за прифаќање на тоа решение придонесувал фактот дека македонското националноослободително движење дејствувало во рамките на југословенското ослободително движење, а делегатот на КПЈ и ВШ на НОВЈ Светозар Вукмановиќ–Темпо од почетокот на 1943 г. веќе се наоѓал во Македонија и настојувал практично да го спроведе. Заради сето тоа, на

Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ бил усвоен ставот за „ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи". Со ваквото решение, создавањето на македонска држава се проектирало во рамките на југословенската федерација. Паралелно со тоа, и обединувањето на Македонија се сместувало во тие државноправни рамки, со што македонското националноослободително движење и идната македонска национална држава добивале улога на „пиемонт".

Но, во тогашните актуелни околности, би рекле, сосема природно и очекувано, со оглед на дотогашната доминантност на „балканското решение" и непопуларноста на бившата големосрпска Југославија сред македонското население, се појавило сомневање во можностите преку „југословенското решение" да се стигне до обединета Македонија. Затоа, по обнародувањето на прифаќањето на „југословенското решение" преку Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ како основна македонска националноослободителна платформа во текот на НОАВМ, веднаш како логична реакција се појавил Приговорот од припадниците на АНОК. И затоа, во натамошниот период од македонското националноослободително движење засилено се работело, од една страна, на широко пропагирање и усвојување на платформата од Манифестот сред македонскиот народ, а од друга страна, доизградување и усогласување на решенијата од македонската националноослободителна платформа со раководството на југословенското ослободително движење.

До одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, во Вардарскиот дел на Македонија не само што била формулирана, усвоена и прокламирана основната македонска националноослободителна платформа преку Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, туку било постигнато прифаќање на набележаните решенија во неа од мнозинството на македонското население. Биле обезбедени и неопходните практични предуслови, потребни за дефинитивното формално-правно конституирање на македонската државност. Ни малку случајно, туку сосема во духот на македонската националноослободителна платформа, во која НОАВМ претставувал континуитет на националноослободителните борби на македонскиот

народ од минатото, датумот на свечениот чин за прогласување на македонската држава бил определен на 2 август 1944 г.

# *Глава петта:* Создавање на ДФМ и прашањето за обединување на Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија во 1944 година

## 1. Македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на Македонија (јануари-август 1944 година)

Македонското национално прашање и во текот на 1944 г. имало големо влијание врз интензитетот на антиокупаторската борба во Егејскиот дел на Македонија. Раководството на КПГ и понатаму опстојувало на дотогашните ставови во однос на македонското национално прашање и во намерите да го користи само во интерес на развојот на грчкото ослободително движење под своја контрола. Меѓутоа, тоа веќе не било така едноставно, со оглед на активното вклучување на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во третманот на македонското национално прашање во Егејскиот дел и со оглед на веќе институционилизираното македонско националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија преку СНОФ.

Од почетокот на 1944 г., на теренот на Леринско и Костурско големобугарската пропаганда повторно засилено дејствувала и преку паролата „независна Македонија" добивала привrзаници меѓу македонското население. Во такви услови, активистите на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија секојдневно имале големи проблеми за организирањето на македонскиот народ во рамките на ЕАМ и ЕЛАС. Недовербата, создавана со погрешниот однос на КПГ кон македонското национално прашање, не можела едноставно да се отстрани. Формирањето на СНОФ иако бил позитивен чекор, самиот по себе, не бил и доволен за целосно и безрезервно застанување на македонскиот народ на страната на антиокупаторските сили во Грција и активно вклучување во вооружената борба.[555] Покрај тоа, само делумно остварување на национални придобивки веќе не го задоволувало раководството на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, бидејќи во овој период тоа било под силно влијание на усвоената и прокламирана македонска

---

[555] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 3, 8; док. 6, 11.

националноослободителна платформа во Вардарскиот дел на Македонија, во која пак, обединувањето на Македонија било составен елемент.[556]

Тоа сосема добро може да се согледа уште во почетокот на 1944 г., кога прашањето за македонскиот национален развој во Егејскиот дел на Македонија било отворено и прецизно поставено пред ЕАМ и КПГ од страна на Лазо Дамовски–Ошенски кој бил еден од раководителите на тамошното македонско националноослободително движење. Всушност, Лазо Дамовски–Ошенски ја презентирал националноослободителната платформа на Македонците од тој дел на Македонија и сосема јасно предупредил на последиците од продолжување на негативниот однос на КПГ кон македонското национално прашање и кон Македонците. Дури, точно предвидел дека во тогашната ситуација, ако КПГ продолжи со дотогашното ограничување на националниот развој на Македонците од Егејскиот дел, тие сè повеќе ќе се ориентираат кон ослободителната борба на своите сонародници од Вардарскиот дел на Македонија.

Затоа, Лазо Дамовски–Ошенски најпрво укажал на фактот дека е потребно македонскиот народ да го ужива своето основно право на самоопределување и од него произлезеното право за создавање на своја македонска национална држава. Оттаму, ја извлекол забелешката дека КПГ со својата политика кон Македонците изразена преку ставот за „полна рамноправност во услови на народна република“, т.е. во една демократска повоена Грција, не ги задоволува стремежите и идеалите на Македонците. Со тоа, фактички, пред КПГ било поставено она што за неа било најпроблематично: македонската државност и обединувањето на македонскиот народ. Секако, раководството на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, било свесно дека КПГ не може едноставно да излезе од атмосферата за грчкиот карактер на Македонија која преовладувала на грчката политичка сцена и било целосно свесено за промените на етнографската карта на Егејскиот дел на Македонија, па затоа прецизирало дека кога се зборува за обединување на Македонија, од Егејскиот дел тоа ги опфаќа само териториите на

[556] Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ веднаш бил дистрибуиран и во Егејскиот дел на Македонија. В. Ивановски, Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Кузман Јосифовски–Питу, Зб. Кузман Јосифовски–Питу. . ., 128.

кои Македонците се во тој момент во мнозинство.[557] Со тоа се настојувало да се сведат македонските национални аспирации во Егејскиот дел во некои рамки прифатливи и за КПГ. Меѓутоа, КПГ била, пред сè, грчка партија, а ЕАМ грчко антиокупаторско ослободително движење, па сосема разбирливо за правата кои следувале од одделниот македонски национален идентитет се немало разбирање. Затоа сите вакви или слични понудени компромисни решенија не наидувале на позитивен одговор. Во секој случај, поставувањето на најгорливите отворени прашања од македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на Македонија на еден прецизен и отворен начин, претставувало можност КПГ да ја конципира својата програма за работа сред македонскиот народ и успешно да ги организира своите практични активности за разгорување на борбата против окупаторите. Неискористувањето на ефикасен начин на борбените потенцијали на Македонците се должело на политиката на КПГ и ЕАМ за спогодување со останатите антиокупаторски воено-политички сили во Грција и во бегалство, и во крајна линија било не само на штета на македонските национални интереси, туку и на самата КПГ.

Едновремено, врз основа на ваквата македонска националноослободителна платформа, бил направен обид организациите на СНОФ за Костурско и Леринско да се спојат да формираат единствена организација на Македонците.[558] И покрај неуспешноста на тој обид, сепак, јасно може да се увиди дека постои зацврстување на македонските национални позиции во насока на отворено поставување на барањата за поголеми национални права за Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Всушност, при разгледувањето на политичко-пропагандното дејствување на СНОФ може сосема јасно да се забележат две доминантни насоки на дејствување. Прво, дејствување во насока на привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ, и второ, дејствување во насока на зацврстување на одделниот македонски национален идентитет во Егејскиот дел на Македонија.[559] Притоа, реализирањето на

---

[557] Исто, док. 8, 17-19.
[558] Состанокот на кој бил направен неуспешен обид да се обединат организациите на СНОФ за Костурско и Леринско се одржал на 28 јануари 1944 г. во село Црновиште. Исто, т. VII, кн. 2, док. 9, 20.
[559] Исто, т. I, док. 32, 45-48.

ставот за заедничка вооружена борба со грчкиот народ, на теренот наидувало на големи тешкотии, пред сè, заради вкоренетата недоверба кај македонското население кон Грците. Честопати, заради таквото дејствување, македонскиот народ на СНОФ гледал како на „лажна стапица со која Грците сакаат да го измамат и поробат".[560]

Како своевидно прилагодување на македонската националноослободителна платформа за Егејскиот дел на Македонија во насока таа да биде во поголема согласност со програмата на КПГ и ЕАМ, Втората редовна конференција на СНОФ за Костурско ја дефинирала како цел само „рамноправноста" на Македонците во рамките на Грција. Инаку, и во задачите од оваа Конференција, што пред СНОФ се поставувале во наредниот период, сосема јасно биле набележани и низа активности за потенцирање на одделниот македонски национален идентитет, пред сè преку користење на илинденските тредиции, redovno izdavawe na vesnici na makedonski jazik i otvorawe na makedonski u~ili{ta.[561]

Веднаш по Конференцијата, Паскал Митревски концизно ги формулирал позициите од македонската националноослободителна платформа за Егејскиот дел на Македонија, во форма на „две централни прашања" за СНОФ: „националното единство" на македонскиот народ и „будењето на неговата национална свест". Се сметало дека СНОФ двете прашања треба да ги третира за „многу сериозни" и значајни „затоа што народ без национално единство и без разбудена национална свест не претставува решавачака и доследна сила за една тешка народноослободителна борба".[562] Практично, со тоа непосредните задачи на СНОФ биле ставени, пред сè, во функција на зацврстување на македонскиот национален идентитет, а организираната антиокупаторска вооружена борба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија била само инструмент за остварување на македонските национални аспирации.

Некаде во ова време, од кон крајот на април 1944 г., КПГ повторно започнала со политика на ограничување на националните права на Македонците и спречување

---

[560] Исто, док. 23, 38.
[561] Исто, док. 71, 8183; док. 72, 83; док. 73, 84-85; док. 74, 85-87; док. 76, 88; док 77, 88-89.
[562] Исто, док. 79, 91-94.

на развојот на нивната националноослободителна вооружена борба. СНОФ бил распуштен, а неговите организациони и воени структури биле приклучени кон ЕАМ и ЕЛАС.

Секако, раководството на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел, не ги примило рамнодушно и беспоговорно таквите чекори на грчкото ослободително движење под контрола на КПГ. Околиските комитети на ЕАМ и СНОФ во Костурско се обединиле и ја откажале послушноста.[563] Одделувањето на група македонски раководители и партизани од 16 мај 1944 г. придонело ЕАМ и КПГ да започнат остра пропагандна борба против македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија.[564] Истовремено биле зајакнати и репресивните мерки. Македонците, активисти на СНОФ, ЕАМ и КПГ, биле принудувани да докажуваат дека не се симпатизери и приврзаници на одделените Македонци.[565]

Во секој случај, раководителите на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел опстојале на македонски национални позиции и настојувале, пред сѐ, преку пропагирање на позициите од македонската националноослободителна платформа за Егејскиот дел на Македонија, но и со директно користење на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и понатаму да работат сред македонското население во Егејскиот дел.[566]

Опширно и детално, македонските национални позиции на одделените борци и раководители биле дадени кон крајот на мај 1944 г. од страна на Наум Пејов. Според тие ставови, македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија и натаму опстојувало на правото на македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија за самоопределување и обединувањето на Македонија, кое право произлегувало од одделниот македонски национален идентитет. Сепак, се укажувало дека во тие моменти македонското националноослободително движење од Егејскиот дел се бори „ЗА НАРОДНА ВЛАСТ И ПРАВАТА НА НАРОДИТЕ ЗА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ“ и не го поставува прашањето за границите.

---

563 Исто, док. 87, 99-100.
564 КПГ. . ., док. 66, 183-185.
565 Исто, док. 72, 198.
566 Егејска Македонија. . ., т. I, док. 117, 133-135.

(големите букви во оригиналот-б.м.) Натаму, евидентно е дека македонското националноослободително движење стоело на ставот дека ја поддржува потребата од заедничка борба во рамките на ЕАМ и ЕЛАС, но барало таа борба да биде организирана врз рамноправни начела, односно ЕАМ и КПГ да дозволат да се формираат одделна македонска националноослободителна организација која би се раководела од ЕАМ и одделни македонски партизански единици со своја команда кои ќе бидат потчинети директно на ГШ на ЕЛАС.[567] Ваквите македонски национални барања започнале постепено да се реализираат, најнапред со формирањето на две македонски партизански единици во составот на ЕЛАС во летото 1944 г.[568] Но, недоразбирањата продолжиле, бидејќи, од една страна КПГ и ЕАМ настојувале да ги ограничат националните придобивки на Македонците на тоа ниво, а од друга страна, македонските раководители и натаму барале признавање на правата на македонскиот народ како одделна нација и натамошни практични чекори за формирање на одделни македонски политички и воени институции во рамките на ЕАМ и ЕЛАС.

## 2. Македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија и македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во 1944 година (до Првото заседание на АСНОМ)

Усвојувањето и прокламирањето на македонската националноослободителна платформа со Манифестот на ГШ и преминувањето на теренот на Мегленско на главнината на НОВ и ПОМ, пред раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во целост ги отвориле проблемите со третманот на Македонците и нивната антифашистичка борба во Егејскиот дел на Македонија. Имено, уште на Фуштанското советување кон крајот на декември 1944 г., Светозар Вукмановиќ–Темпо се искажал против влегувањето во редовите на НОВ и ПОМ на Македонците од Егејскиот дел на

[567] Исто, док. 116, 130-133.
[568] Наум Пејов, Прилози за односот. . ., 1953, 41.

Македонија и нив ги упатил на заедничка борба со грчкиот народ.[569] Ваквиот став, со оглед на политиката на КПГ кон македонското национално прашање, претставувал директно загрозување на македонските национални интереси. Ставот, едноставно, не можел да претставува функционално и долготрајно решение, со оглед на реалните состојби на самиот терен. Всушност, таквиот став само практично ги покажувал ограничувањата на можностите за обединување на Македонија од меѓународните и балканските политички сили и, во крајна линија, ограничените можности на тој план на „југословенското решение“ на македонското национално прашање.

Во секој случај, кога при крајот на јануари 1944 г., во рамките на македонското ослободително движење од Вардарскиот дел се изготвувале стратегиските насоки за дејствување во наредниот период, биле разгледани можностите за дејствувањето во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија. И додека за Егејскиот дел било прифатено да се дејствува врз основа на дотогаш усвоените ставови, за Пиринскиот дел, заради избегнување на судир со БКП, не се донело решение да се направи некој посериозен чекор.[570]

На теренот на Егејскиот дел на Македонија, фактички, постоела една деликатна ситуација, во која, од една страна, заради неправилниот став на КПГ кон македонското национално прашање, Македонците од Егејскиот дел и понатаму настојувале да се приклучат кон единиците на НОВ и ПОМ, а од друга страна, македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел било под силен притисок на раководството на КПГ во никој случај да не го дозволи тоа.[571]

---

[569] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 11, 80. Уште во летото и есента 1943 г. Македонците од Егејскиот дел барале организационо и воено да се спојат со македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија. Исто, кн. 2, 61, 322. На Фуштанското советување, присуствувале секретарот на МБ на КПГ Леонидас Стрингос–Алекос, членот на истото биро, Ташос Кондурелис, како и воени раководители на ЕЛАС. Egejska Makedonija. . ., t. I, dok. 112, 126-128.

[570] Ц. Узуновски, Белешки. . ., Историја XIII/1, Скопје, 1977, 77. Ваквите информации немаат соодветна потврда во изворната документација. Меѓутоа, практичното дејствување на македонското националноослободително движење во наредниот период, ги потврдува тие искажувања на Цветко Узуновски.

[571] Документационо одделение на ИНИ, Цветко Узуновски, Сеќавања, Сл. IV 613, 55: Исто, Добривое Радосављевиќ, Сеќавања од НО борба, СЛ. IV 501, 20.

Раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија било свесно за неправилниот однос на КПГ и ЕАМ кон македонското национално прашање и за недовербата помеѓу Македонците и Грците. Во таква атмосфера, на Македонците од Егејскиот дел им се сугерирало да ја развијат својата вооружена борба со што би добиле воена сила за сериозно поставување на барања за задоволување на своите национални интереси, а на еден индиректен начин им се укажувало и дека можат да очекуваат помош и поддршка од македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија.[572]

Поаѓајќи од македонската националноослободителна платформа и свеста за единство на македонскиот народ, во редовите на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел, многу тешко се прифаќала политиката на КПГ кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Најчесто, таквата политика била изложена на остра критика. За тоа на каков начин се гледала и оценувала политиката на ЕАМ и КПГ кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија јасно покажува опширната анализа и критика што Пенко Здравковски ја направил во март 1944 г. Во неа ставовите на КПГ кон македонскиот народ во Егејскиот дел биле оквалификувани како „голема слепотија" и недоволни за отворање на перспективи за вклучување на Македонците во вооружената борба. Оправдувањето дека со давање на полни национални права на Македонците, ќе се одбиеле Грците од ЕАМ го нарекол „смешно правдање". Според него, таквите ставови на КПГ се должеле, пред сѐ, на „многу голем страф" од „помислата да можат Македонците да се одделат од Елада". Како практични реперкусии произлезени од таквата политика, Пенко Здравковски ги наведува деградирањето на македонските борци и раководители во рамките на ЕАМ и ЕЛАС, терор и закани кон Македонците, со краен резултат пасивизирање на македонскиот народ и прифаќање од еден негов мал дел на големобугарската пропаганда и вклучување во, од неа организираното, контрачетничко движење. На крајот, укажал и на постојаните

[572] Извори. . ., т. I, кн. 4, док. 58, 245-246.; В. Ајановски–Оче, Комунистичката партија на Македонија-борец и организатор на националните интереси на македонскиот народ, Зб. Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, книга 1, 337.

барања на Македонците за вклучување во НОВ и ПОМ и на тоа дека тој и Киро Георгиевски–Дејан кои дејствувале на теренот на Леринско и Костурско делумно излегле во пресрет на таквите барања.[573] Сепак, интенцијата била доследно да се спроведува ставот од Фуштанското советување, па најчесто во овој период Македонците од Егејскиот дел на Македонија не се прифаќале во НОВ и ПОМ.[574]

Видлива промена на таквиот однос околу прифаќањето на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во НОВ и ПОМ настапил во втората половина на април 1944 г. кога две бригади на НОВ и ПОМ престојувале на теренот во Леринско и Костурско. Самото нивно присуство, кај Македонците од тој терен го засилувал македонското национално чувство, но и недовербата кон КПГ и ЕАМ, а оттаму ја засилувал потребата да се вклучат во единиците на НОВ и ПОМ.[575] Веќе тогаш, ставот за неприфаќање на Македонците од Егејскиот дел во редовите на НОВ и ПОМ бил прекршен. Најпрво на декларативно ниво, кога зборувајќи на митингот во селото Бапчор, Ѓоре Велковски, политички комесар на 1. македонско–косовска ударна бригада, истакнал дека Македонците од Егејскиот дел можат да стапуваат во редовите на НОВ и ПОМ.[576] Потоа и практично, кога пред заминувањето за Вардарскиот дел, во редовите на 1 македонско–косовска бригада биле прифатени осум македонски партизани од селото Турје, Леринско, кои доброволно изразиле желба да се вклучат во НОВ и ПОМ.[577] Секако, ваквата постапка предизвикала реакција на ЕЛАС, кој преку штабот на ПО „Вичо“ побарал од НОВ и ПОМ да ги врати  Македонците од Леринско, а единиците на НОВ и ПОМ кои престојувале на

---

[573] Извори. . ., т. I, кн. 4, док. 65, 281-284. Всушност, било договорено со грчкото ослободително движење и КПГ да може да се примаат борци во НОВ и ПОМ само од реонот на Преспа и селата Буф-Раково и Света Петка. Исто, док. 61, 263.

[574] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 3, док. 36, 119-120.

[575] За време на движењето низ Воденско, Костурско и Леринско, единиците на НОВ и ПОМ исклучително срдечно биле пречекувани во македонските села во кои влегувале. Документационо одделение на ИНИ, Од дневникот на другарот Платник, СЛ. IV 511, 39-40.; Културните манифестации во организација на штабовите на единиците на НОВ и ПОМ во селата на Егејскиот дел, биле врз македонска национална основа и ја подигале македонската национална свест. Фани Буцкова, Културни врски меѓу НОД на Југославија и Грција во текот на Народноослободителната војна, „Дело 74“, г. XI, бр. 5-6, Штип, 1984, 283-295.

[576] Документационо одделение на ИНИ, Наум Пејов, Костурскиот батаљон во составот на I македонска народно ослободителна бригада, Сл. IV 1134, 21.

[577] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 87, 99-100.

теренот од Егејскиот дел, биле обвинети за ширење на „непријателска“ пропаганда против ЕАМ и КПГ.[578]

Политика на ограничување на националните права на Македонците и спречување на развојот на нивната националноослободителна вооружена борба, што КПГ и ЕАМ ја презеле од крајот на април 1944 г., го ставило македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел во позиција да ги заштитува македонските национални права во Егејскиот дел на Македонија. Притоа, Киро Георгиевски–Дејан, како претставник на ГШ на НОВ и ПОМ во Преспанско-Битолско, ја имал клучната улога. Раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во овој период сè повеќе инсистирало врз зголемено учество во антифашистичката борба на Македонците од разединетите делови, како предуслов за водење на општомакедонска војна што, во крајна линија, било предуслов за обединувањето на Македонија.[579] Таквите ставови на највисоките раководители на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел биле јавно презентирани преку в. „Илинденски пат“.[580]

Кон крајот на април или почетокот на мај 1944 г., група македонски раководители од Егејскиот дел пристигнале во селото Шулин, Мала Преспа во делот на Македонија под Албанија, каде бил стациониран Киро Георгиевски–Дејан. Поаѓајќи од македонската националноослободителна платформа во која обединувањето на македонскиот народ било една од основните определби, како и од веќе јавно изнесените ставови на високи македонски раководители, тој им го изнел начелниот став за да се прифатат во НОВ и ПОМ сите оние од Егејскиот дел кои ќе изразат таква желба, но сепак, со оглед на сè уште важечкиот став од Фуштанското советување, нагласил дека е потребно да добие инструкции од повисоките форуми на македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија и претставниците на југословенското ослободително движење во

---

[578] Исто, док. 91, 102-103.

[579] Постоела начелна подготвеност таквата линија и практично да се помага. Најилустративно таа политичка линија е изнесена во веќе спомenатото писмо на Михајло Апостолски до Мане Чучков од 19 март 1944 г. АСНОМ-документи. . ., том I, кн. 1, док. 20, 63-66; док. 26, 76-79.

[580] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 34, 102-111.

Македонија.[581] Сепак, побарал од раководството на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија припадници на контрачетничкото движење кои сакаат да преминат во НОВ и ПОМ, како и сите оние Македонци што ќе се пријават за во ЕЛАС и немаат оружје организирано да ги праќаат во Вардарскиот дел на Македонија.[582] Со тоа, Киро Георгиевски–Дејан скоро целосно го заобиколил и прекршил ставот на Светозар Вукмановиќ–Темпо од Фуштанското советување.

Бидејќи тоа е време во која група македонски борци на ЕЛАС, по решението за распуштање на СНОФ се одделиле од ЕЛАС, Киро Георгиевски–Дејан го информирал Добривое Радосављевиќ–Орце дека ги советувал тие борци предводени од Наум Пејов, да се повлечат во Вардарскиот дел, а потоа да влезат во составот на 1. македонско–косовска бригада.[583] Дел од одделените македонски раководители од Егејскиот дел на Македонија добил задача да дејствува во Костурско и Леринско на привлекување на нови борци за НОВ и ПОМ, но со инструкции да не се направи ништо „шо не би било во интерес на нашио народ, нити пак во интерес на денешнава борба“ односно „во никој случај да не дојди до борба меѓу вас и Грците“.[584]

Раководителите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС во Костурско и Леринско направиле обид одделените македонски борци да бидат вратени од НОВ и ПОМ како дезертери, а и да се спречи натамошната регрутација на Македонци од Егејскиот дел на Македонија во НОВ и ПОМ. Киро Георгиевски–Дејан не ги прифатил нивните барања, туку ги упатил да разговараат со Добривое Радосављевиќ–Орце или Цветко Узуновски–Абас.[585] Истовремено, реакцијата на ЕАМ и КПГ на теренот на Егејскиот дел на Македонија била особено остра. Таму, не само што се настојувало пропагандно да се дискредитираат одделените македонски партизани и

---

[581] Исто, т. VII, кн. 2, док. 45, 95. За таквиот став, Киро Георгиевски–Дејан имал одобрување и поддршка од членот на ЦК на КПМ и политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ, Цветко Узуновски–Абас и членот на ЦК на КПМ Борко Темелкоски Лилјак. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1173; Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 50, 260.
[582] Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 45, 95.
[583] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1164; бр. 1165.
[584] Исто, бр. 1173.
[585] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 108, 122-123. На 25 мај 1944 г. за целата ситуација го известил и Светозар Вукмановиќ–Темпо. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1173.

раководители, не само што биле преземени репресивни мерки спрема Македонците од Егејскиот дел, туку жестоко било обвинувано македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел како инспиратор и поддржувач на непријателите на ЕАМ и КПГ.[586] За целосно нормализирање на состојбата во Костурско и Леринско, во редовите на ЕАМ се сметало дека е потребна интервенција на КПГ кај КПЈ, односно КПМ.[587] Затоа, МБ на КПГ испратило опширно писмо до Цветко Узуновски–Абас во кое се укажувало на ставот од Фуштанското советување изнесен од Светозар Вукмановиќ–Темпо за упатување на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во единиците на ЕЛАС и неприфаќање во НОВ и ПОМ."[588]

Настрана што таквиот пребрзан, „интернационалистички" став на Светозар Вукмановиќ–Темпо е погрешен и апсурден, бидејќи е во спротивност со основните македонски национални интереси и не одговара на реалната ситуација, МБ на КПГ всушност, апсолутизирало определен политички став и се обидувало зад тоа да ја сокрие политиката на КПГ по однос на националното прашање која не давала за неа поволни резултати на планот на привлекување на нови борци во ЕЛАС од Македонците во Егејскиот дел на Македонија. Таквото поставување на работите директно води кон тоа дека КПГ може да ја води и најпогрешната политика, а македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел, заради погоре наведениот став, не треба и нема да преземе никаква активност за заштита на своите сонародници во Егејскиот дел на Македонија. Секако, таквото апсолутизирање немало никакво практично значење, бидејќи Македонците од Егејскиот дел на Македонија до крајот на НОАВМ, во поголема или помала мерка, ја уживале поддршката од македонското националноослободително движење на Вардарскиот дел на Македонија.

Во секој случај, ситуацијата на теренот на Леринско и Костурско од ден на ден се усложнувала. Односите меѓу македонското националноослободително

---

[586] KPG i. . ., dok. 68, 187-189. Za toa, duri bil izgotven i poseben op{iren izve{taj od strana na Хараламбос Хараламбидис–Атанатос, политички комесар на одредот на ЕЛАС „Вич". Egejska Makedonija. . ., t. I, dok. 118, 135-139.

[587] КПГ и. . ., док. 73, 199-200.

[588] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 112, 126-128.

движење од Вардарскиот и Егејскиот дел, од една страна, и ЕАМ и КПГ, од друга страна, сè повеќе и повеќе се заострувале. Киро Георгиевски–Дејан и понатаму ги поддржувал активностите на одделените македонски раководители во Костурско и Леринско. Но, немањето на одобрение и прецизни инструкции од раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија влијаело пропагандната и акциона работа сред македонското население во Егејскиот дел да нема полн интензитет, а иако се примале македонски борци од редовите на ЕЛАС во НОВ и ПОМ, сепак, тоа било ограничено, пред сè, на оние кои немале оружје.[589] На крајот, ситуацијата се заострила до крајни граници со двата вооружени судири на ПО формиран од одделените Македонци и испратен од Киро Георгиевски–Дејан за агитациона работа во Костурско со единици на ЕЛАС.[590]

Веднаш, и покрај немањето подетални инструкции за однесување кон ситуацијата во Егејскиот дел, Киро Георгиевски–Дејан му наредил на Наум Пејов со своите борци да се повлече во селото Шулин.[591] Оттаму, тие биле испратени во составот на 1. македонска бригада, каде со, од порано пристигнатите македонски партизани од Егејскиот дел, се конституирале како Костурски македонски баталјон и до враќањето во Костурско, кон крајот на јули 1944 г., дејствувале на теренот на Дебарца.[592]

Заострувањето на односите помеѓу македонското и грчкото ослободително движење под контрола на КПГ се поклопило со заедничкото пристигнување на македонската делегација, Светозар Вукмановиќ–Темпо и Андреас Цимас во седиштето на ВШ на НОВЈ и ЦК на КПЈ на островот Вис. Затоа, сосема природно, таму веднаш излегле на површина разликите околу македонското национално прашање и настаните во Егејскиот дел на Македонија. Македонската делегација и

---

[589] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1168; бр. 1167. КПГ и. . ., док. 75, 201. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 91, 188-189.

[590] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1167. Во вториот судир, кој се случил кај селото Смрдеш, еден македонски партизан бил ранет, а еден заробен. Документационо одделение на ИНИ, Наум Пејов, Костурскиот батаљон. . ., Сл. IV 1134, 38. Егејска Македонија. . ., т. I, док. 121, 142-143.

[591] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 122, 143.

[592] Документационо одделение на ИНИ, Наум Пејов, Костурскиот батаљон . . ., Сл. IV 1134, 38.; Р. Кирјазовски, Костурскиот македонски баталјон на Караорман, Зб. Охридско-струшко во народноослободителната војна 1941-1945, Скопје, 1990, кн. втора, 181-191.

Темпо остро го обвиниле грчкото ослободително движење раководено од КПГ за неправилен однос кон македонското население, неговата национална самобитност и неговото национaлноослободително движење, а Цимас ги обвинувал за прифаќањето на одделените македонски борци. Јосип Броз Тито настојувал да се смират односите и да се избегнуваат инциденти.[593]

На самиот терен ситуацијата започнала да се движи кон смирување, дури по постигнатиот договор на Добривое Радосављевиќ–Орце со делегација на 9. дивизија на ЕЛАС. Тој договор, всушност претставува компромис, бидејќи ЕАМ и КПГ требало да го корегираат својот однос кон македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија и кон македонското национално прашање, а одделените македонски борци требало да се вратат во ЕЛАС каде ќе се формираат одделни македонски единици.[594] После тоа, на 17 јуни 1944 г., Добривое Радосављевиќ–Орце издал упатството „До сите политички работници во единиците на НОВ на Македонија, кои поминуваат преку грчка територија", во кое се давале инструкции за надминување на недоразбирањата со грчкото ослободително движење под контрола на КПГ. Таму, повторен бил ставот по кој македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија требало да се упатува на антифашистичка вооружена борба во ЕАМ и ЕЛАС. Попатно се обвинувале одделените македонски борци од ЕЛАС за нанесување на „штета и пакост на заедничката борба, и на сојузничките односи на ЕЛАС и Народноослободителната војска на Југославија".[595] Секако, ваквите обвинувања биле сосема непотребни и невистинити. Прво, бидејќи тие македонски борци само ги заштитувале своите основни човечки и национални права, и второ, бидејќи непрестано работеле со консултации и по инструкции на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија. Во секој случај, ваквите ставови во еден краток период, негативно влијаеле врз поддршката од македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на вооружената борба на Македонците во Егејскиот дел, и го

---

[593] Сите пристигнале на 18 јуни 1944 г. Тито , Собрани дела, т. 21, 6-8, 305.

[594] Делегацијата ја сочинувале Ренос Михалеас, член на партискиот комитет на 9. дивизија на ЕЛАС одговорен за работа за прашањето на Македонците од Егејскиот дел и Ташос Кондурелис, член на МБ на КПГ. КПГ и. . ., док. 84, 215.

[595] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1520.

стеснувала теренот за дејствување во насока на обединувањето.[596] Набрзо, како и претходно, овие ставови ќе се покажат како сосема неодржливи во реалната ситуација.

Улогата на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел за развојот на борбата во Егејскиот дел, секако, била многу голема и релевантна. Раководството на КПГ, тоа сосема добро го разбирало, па настојувало да ја обезбеди соработка со него и преку раководството на КПЈ и југословеньското ослободително движење.[597]

На теренот Мегленско-Воденско, партизани од единиците на НОВ и ПОМ кои дејствувале на тој терен, вклучени биле во „екипи за пропаганда" кои ги посетувале македонските села во Воденско и воделе агитација на македонски јазик против контрачетничкото движење.[598] На теренот на Костурско, заедно со Ренос Михалеас, пристигнал и Петар Богданов–Кочко, а на тој терен се префрлил и Киро Георгиевски–Дејан како претставници на НОВ и ПОМ. Тие одржале низа на митинзи по македонските села, на кои се зборувало, пред сѐ, во насока за придобивање на контрачетничките села на страната на ЕАМ.[599] Сепак, треба да се истакне дека пониските структури на КПГ и ЕАМ на самиот терен не гледале благонаклоно кон таквата разврска на ситуацијата и кон дејствувањето на претставниците од македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија на теренот на Костурско.[600]

Во рамките на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел, во овој период постоело уверување дека подобрувањето на односите со ЕАМ и КПГ поволно ќе се одрази врз развојот на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел ма Македонија и врз решавањето на македонското национално прашање во согласност со македонската ослободителна платформа. Непосредно пред своето заминување од Костурско, по

---

[596] ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 233, АЕ: 22-1.

[597] КПГ и. . ., док. 83, 214. Во почетокот на јули 1944 г., пред големиот германски притисок врз ЕЛАС, организациониот секретар на КПГ, Јанис Јоанидис апелирал до Јосип Броз Тито единиците на НОВ и ПОМ воено да го помогнат ЕЛАС на правците Лерин-Вичо и Кајмакчелан-Острово-Соботско. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 136, 263.

[598] КПГ и. . ., док. 82, 213-214.

[599] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 1169.; КПГ и. . ., док. 84, 215-216.

[600] КПГ и . . ., док. 84, 215-216.

поминат скоро еден месец на тој терен, Киро Георгиевски–Дејан во писмо до Благоја Талески со задоволство заклучува дека односите со ЕАМ и КПГ се многу подобрени.[601] Таквото уверување придонело и Цветко Узуновски–Абас во јули 1944 г. на британскиот офицер за врска во ГШ на НОВ и ПОМ, капетанот Мекдоналд самоуверено да му изјави дека проблемот со обединувањето на Егејскиот дел на Македонија ќе се реши преку „слободно гласање на народот".[602]

Во секој случај, периодот во 1944 г. до АСНОМ е период во кој македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, следејќи ги директивите и политиката на југословенското раководство, од една страна, настојувало да соработува и да го помага грчкото ослободително движење под контрола на КПГ, а од друга страна, поаѓајќи од македонските национални интереси да ги поддржува Македонците во Егејскиот дел на Македонија, кои пак, настојувале да се приклучат кон НОВ и ПОМ, пред сѐ, заради обезбедување на националните права во рамките на југословенското ослободително движење. Во крајна линија, од страна на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија се подготвувале услови и терен, доколку се создадат поволни меѓународни услолови, да се пристапи кон обединување на Егејскиот дел на Македонија. Оттаму следувал и оптимизмот дека подобрувањето на односите со грчкото ослободително движење и придобивките со формирање на одделните македонски единици во составот на ЕАЛС, во текот на јули 1944 г., ќе придонесе за поволен развој на македонското национално прашање од аспект на македонските национални интереси.

### 3. Делумно остварување на македонската националноослободителна платформа преку АСНОМ

Свикувањето и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 г. во манастирот „Св. Отец Прохор Пчински", претставува настан од епохално

[601] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36, бр. 2713.
[602] Заради што, капетанот Мекдоналд забележал дека Цветко Узуновски-Абас „многу буквално ја сфатил Атлантската повелба". Британските воени мисии. . ., док. 352, 410.

значење за македонскиот народ и Македонија.[603] АСНОМ претставува точка во која се спојуваат и реализираат долгогодишниот национален и државноправен стремеж на македонскиот народ. Со свикувањето на Првото заседание на АСНОМ се создадоа реални услови до полн јавен израз да дојдат македонските национални стремежи и да се потврдат најголем дел од придобивките на дотогашната националноослободителна и антифашистичка војна.[604]

До АСНОМ, македонското националноослободително движење од претежно, ако не и исклучиво, движење со комунистичка ориентација во почетниот период на НОАВМ, во својата основа постепено е трансформирано во претежно национално движење со доминатно присуство на селанството и со насоченост кон реализација на македонските националните цели. Сосема природно, присутни се и комунистичката идеологија и класни цели, но во однос на првите две години од НОАВМ, веќе во помала мерка. Ближењето на крајот на Втората светска војна јасно покажувал дека е постигнат успех и во делот на постигнување на политичко единство на македонскиот народ околу македонската националноослободителна платформа. Пред АСНОМ, освен изразито пробугарските и големоалбанските, веќе сите останати политички сили во Македонија биле, или вклучени во македонското националноослободително движење, или ја поддржувале неговата националноослободителна платформа.

Затоа, во голема мерка, АСНОМ претставува реализирање на македонската националноослободителна платформа изградувана во текот на целата НОАВМ. Оттаму, дури и постоењето на македонската држава е факт кој му претходи на формалното прокламирање на нејзиното конституирање.[605] Всушност, може да се констатира дека со решенијата на АСНОМ само уште еднаш, овој пат на едно повисоко, законодавно-правно ниво, биле афирмирани основните поставки од

---

[603] За Првото заседане на АСНОМ, во македонската историографија пишувано е исклучително многу и од најразлични аспекти. Во оваа прилика ги посочуваме низата зборници на трудови произлезени од научните собири на оваа тема организирани од Македонската академија на науките и уметностите, како и серијата Документи од заседанијата, органите и телата на АСНОМ во издание на ДАРМ.

[604] М. Тодоровски, Првото заседание на АСНОМ во емисиите на „Слободна Југославија", Зб. АСНОМ остварување. . ., 249-256.

[605] Н. Вељановски, Државно-правниот развој на Македонија, Скопје, 1992, 17.

Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ.[606] Во документите од АСНОМ не постои нешто што претходно, на овој или оној начин, од овој или оној орган на македонското националноослободително движење, не било декларирано во текот на НОАВМ. Во најголем дел, освен оние формално-правни решенија, сите решенија на Првото заседание на АСНОМ, фактички претставуваат реализација на целите зацртани во македонската националноослободителна платформа. Анализата на документите тоа го покажува на еден недвосмислен начин.

Најпрво, извештајот на Иницијативниот одбор за АСНОМ, кој бил всушност експозе на дотогаш највисокото политичко тело, давал преглед на дотогашната работа на Иницијативниот одвор и особено преглед на преземените активности за подготвување на Првото заседание на АСНОМ.

Тука се истакнувало дека одржувањето на Првото заседание на АСНОМ било овозможено како резултат на нагорниот развој на НОАВМ и решенијата на АВНОЈ со кои Југославија е организирана на федеративен принцип, а „македонскиот народ за првпат во неговата историја" е признат „за рамноправен народ, со право да организира своја сопствена македонска држава". Потоа, извештајот давал податоци за формирањето на Иницијативниот одбор и за задачите што стоеле пред него. Се информирало и за средбата на делегацијата на Иницијативниот одбор со раководството на југословенското ослободително движење и дека по заедничко разгледување на македонското национално прашање, се определила политичката линија по која ќе продолжи борбата. Фактички, се информирало дека во македонската националноослободителна платформа било прифатено „југословенското решение" како рамка за решавање на македонското национално прашање и дека натамошните чекори на македонското националноослободително движење се во согласност со политиката на југословенското раководство. Извештајот завршувал со барање да се одобри дотогашната работа на Иницијативниот одбор, што едновремено значело и

[606] В. Ивановски, Манифестот на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија и Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, Зб. АСНОМ-педесет. . ., 101-108.

одобрување, зацртаните и дотогаш спроведуваните политички насоки, да продолжат и во наредниот период.[607]

Натаму, рефератот на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, насловен како „Борба против окупаторот", имал карактер на политичка декларација. Тој бил колективно составуван, а поднесен бил од Бане Андреев–Ронката. Во него, со ретроспективен пристап, изнесени се историските етапи на развојот на националноослободителните борби на македонскиот народ и условите за создавање на органите на власта во текот на НОАВМ. Поаѓајќи од недвојбената присутност на Илинден и неговите традиции во дотогашниот тек на НОАВМ, и во овој документ, сосема логично и природно, повторно се потенцира континуитетот на НОАВМ со илинденските традиции. Затоа во рефератот, во самиот неговиот почеток, се правело симбиоза меѓу НОАВМ и Илинден, а нешто понатаму, преку широка елаборација, се правел осврт врз македонските ослободителни борби во минатото. Всушност, овој реферат е одраз на континуираната присутност на илинденските традиции во текот на Втората светска војна во свеста на македонскиот народ и во работата на македонското националноослободително движење. Впрочем, скоро да не постои програмско-политички документ во текот на целата војна во кој не е присутна традицијата на Илинден. Интересно е дека во рефератот, во контекст на илинденските традиции било промовирано и „југословенското решение", бидејќи уште во почетниот дел се укажувало дека „новиот ИЛИНДЕН не е плод и резултат само на македонскиот народ, ами е плод и резултат на заедничката борба на сите братски народи на Југославија". (големите букви во оригиналот-б.м.)

Потоа, во рефератот „Борба против окупаторот" следувал преглед на развојот на вооружената борба и подготовките за свикување на АСНОМ. И тука била потенцирана македонската национална индивидуалност преку опширна критика на бугарскиот окупатор заради неговиот обид да ја оживотвори тезата дека македонската нација не постои, односно заради неговиот обид да изврши денационализација на македонскиот народ. Рефератот ги акцентирал најзначајните моменти при подготвувањето на македонската националноослободителна платформа и најзначајните моменти за нагорниот развој на НОАВМ. Во тој

[607] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 36, 127-129.

контекст, најпрво се укажувало на големото значење на Преспанскиот состанок. Но, особено внимание му било посветено на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, со што било потврдено неговото значење како основен програмски документ, односно како основна национална платформа на македонското ослободително движење во текот на војната. Во овој реферат на Иницијативниот одбор е искажана констатацијата дека Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ по своето значење ги надминува сличните документи од времето на Илинденското востание и Крушевската република, па дури дека се работи за „еден идеален програм за разрешение на македонското прашане во денешната етапа на народно-ослободителната борба. . ." Потоа се укажувало и на конкретните воени операции на НОВ и ПОМ со што НОАВМ имала константен нагорен развој. Со тоа НОВ и ПОМ се претворила во вооружена сила способна да ги оживотвори зацртаните национални цели и истите во иднина да ги гарантира, односно се овозможило прокламирањето на полната национална слобода и државаноста на македонскиот народ. Рефератот ги истакнувал легитимитетот на АСНОМ кој произлегува од фактот дека е резултат на НОАВМ, а се истакнувало и дека АСНОМ е единствениот носител на „народниот суверенитет на првата македонска држава".[608]

Секако, во рефератот не било пропуштено ниту обединувањето на Македонија како еден од основните проблеми и поставки на македонската националноослободителна платформа.[609] Имено, при крајот на рефератот, како своевидно пледоаје, се истакнувало дека АСНОМ претставува „символ на националната слобода и прокламатор на првата во историјата после Самуила македонска држава. . .", а потоа се поканувале „останалите два дела на македонскиот народ да влезат во големиот антифашиски фронт" како единствен пат „за спечалување на правото на самоопределение" и „единствениот начин за обединение на целиот македонскиот народ во слободната заедница на слободните народи на Југославија". Сосема јасно е дека со ова само се потврдувала непроменетоста на ставот „ослободување и обединување на македонскиот народ во

[608] Исто, док. 37, 130-143.

[609] А. Христов, Политичката платформа на македонската револуција за обединување на Македонија, Прилози на МАНУ XIII/1-2, Скопје, 1982, 134.

братска заедница на сите југословенски народи“ внесен во македонската националноослободителна платформа уште на Преспанскиот состанок. Се изразувала и спремноста на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија да ја понесе улогата на „пиемонт“ при остварување на обединувањето.[610]

Рефератот „Народно демократската власт во Македонија“ бил поднесен во името на Иницијативниот одбор на АСНОМ од Емануел Чучков. Во него, во една збиена форма, повторно биле изнесени основните постулати на македонската националноослободителна платформа. Имено, најпрво бил направен краток осврт врз дотогашната борба во Македонија и нејзино поврзување со илинденските традиции и била извршена прокламација на македонската државност. Меѓутоа, во овој документ нешто поголем простор му било посветено на „југословенското решение“ на македонското национално прашање како дел од македонската националноослободителна платформа. Се истакнувало дека раководството на македонското националноослободително движење „смеатајќи оти това е во интерес на нашата национална слобода и сигурност и со идеите на нашите првоборци од миналото: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, го предпочетавме обединението со други народи во Југославија, отколку идејата за една самостојателна и независна Македонија“. Ваквиот став се настојувало да се оправда со историското искуство, кое според Иницијативниот одбор, односно раководството на македонското националноослободително движење, покажувало дека „на словенскиот југ не можат да се одржат малки народи како национални слободни и да имат одделна држава, ами ќе бидат сигурен плен на некоја голема завојевателна сила“. Се истакнувало и дека една поголема и помоќна држава, како што веќе се отцртувала нова Југославија, претставува „најдобра залога за остварението на вековниот идеал на македонскиот народ–обединена Македонија“. Со ваквата констатација раководните структури на македонското националноослободително движење цврсто останале на реалистички политички и стратешки позиции

[610] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 37, 130-143.

околу единственото нерешено круцијално прашање од македонската националноослободителна платформа.

Потоа, во рефератот се зборувало за карактерот на АСНОМ и хиерархиската поставеност на органите на власта под контрола на АСНОМ. Според рефератот, АСНОМ бил „врховен представител на суверенитетот на македонскиот народ и македонската држава“ и „врховна законодателна и исполнителна власт“. Тоа значело остварување на многупати во текот на војната прокламираната цел: правото на македонскиот народ „сам да одлучува за својата судбина“. Околу легитимитетот на Првото заседание на АСНОМ со оглед на неговото конституирање без спроведување на општи избори, се истакнувало дека ништо не е загубено, бидејќи делегатите испратени од НОО и од НОВ и ПОМ се докажале низ вооружената борба и како такви „са највистинските негови (на македонскиот народ-б.м.) претставители. . .“ Покрај тоа, како резултат на широката идејно-политичка основа на македонската националноослободителна платформа спроведувана во текот на целата НОАВМ, сега, во овој реферат, можело со полно право да се истакне дека АСНОМ има „длабоко народен и демократски“ карактер, бидејќи е составен од „луѓе со разни политички убежденија, различни политички проблеми, различни по вера и националност“, односно дека ги има обединето „сите демократски снаги во Македонија“. Рефератот, на крајот, се осврнувал врз задачите кои стојат пред АСНОМ и останатите органи на власт во правец на изградување и зацврстување на новата македонска држава.[611]

Решението за прогласување на АСНОМ како врховно, законодавно и извршно тело и највисок орган на државната власт во Македонија претставува уставноправен акт врз кој се создава и изградува македонската национална држава. Решението прокламирало дека врз основа на „суверената волја и правото на самоопределение на народот на Македонија“ и во согласност со решенијата на АВНОЈ се прогласува создавањето на „македонската држава, како рамноправна федерална единица во демократска федеративна Југославија“.[612] Со тоа, реализацијата на една од основните цели на македонската

[611] Исто, док. 38, 143-153.
[612] Исто, док. 40, 154-157.

националноослободителна платформа била и официјално потврдена од страна на најлегитимниот претставнички орган на македонскиот народ. Со самото конституирање на македонска национална држава, се создавала меѓународно правна основа за поставување на барањето за обединување на македонската нација. Но, исто така, конституирањето на државата само на дел од целокупната територија на Македонија, не било во согласност со македонската националноослободителна платформа и укажува на делумното решение на македонското национално прашање, барем во тие моменти.

Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија претставувал акт со кој се потврдувала широката идејна оснсва на НОАВМ и акт со кој новата македонска држава се поставувала врз демократски темели. Во оваа Декларација се прокламирала еднаквоста и рамноправноста пред законите без разлика на националноста, полот, расата и вероисповедта. Покрај тоа се гарантирало изборното право, правото на жалба на решенијата на органите на власта и правото на бесплатно образование.[613] На националните малцинства им се гарантирале и личните и националните права, со што заложбата декларирана во текот на НОАВМ за соживот и меѓунационално разбирање била потврдена и од највисокиот законодавен и извршен орган на македонската држава.[614] Со тоа била означена највисоката фаза во процесот на целосна еманципација и афирмација на националните малцинства во секој поглед.

Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик на македонската држава,[615] претставува недвојбено манифестирање на одделниот македонски национален индивидуалитет. Како такво, ова решение, иако сосема кратко по содржина, било резултат на константно присутната македонска национална свест низ целата НОАВМ и претставувало практичнен чекор на планот на зацврстување на суштинскиот темел на македонската националноослободителна платформа–македонскиот национален идентитет. Слично на ова решение, со основа во македонскиот национален идентитет, било и решението за прогласување на

---

613 Исто, док. 41, 157-158.

614 М. Карахасан, АСНОМ-општествено-политичка основа. . ., Зб. АСНОМ остварување. . ., 270-281.

615 АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 42, 159.

Илинден за државен празник.[616] Со ова решение незаобиколивиот елемент на македонската националноослободителна платформа–илинденските традиции како симбол на македонскиот национален идентитет, декларирани скоро низ сите програмско-политички документи на македонското националноослободително движење во текот на НОАВМ, добиле свој официјален израз. И двете решенија, за македонскиот јазик и за прогласување на Илинден за државен празник, биле надворешен одраз на фактот дека новата држава е национална држава на македонскиот народ, односно ги претставувале највидливите македонски национални атрибути на штотуку формираната македонска држава во рамките на федеративна Југославија.

Преку решението за формирање на Државна комисија за утврдување на престапите на окупаторите и нивните соработници,[617] уште една константно присутна компонента на македонската националноослободителна платформа во текот на целата НОАВМ била потврдена од највисокото државно тело. Имено, со ова решение национално-политичката диференцијација вршена врз база македонските национални интереси, и учеството или неучеството во НОАВМ, добила своја институционализирана форма.

Манифестот на Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ, народностите во Македонија и македонската емиграција, веднаш започнувал со основната премиса на македонската националноослободителна платформа–одделниот македонски национален идентитет и декларирал дека АСНОМ ја прокламира „полната национална слобода“ на македонскиот народ. Веднаш потоа, повторно во согласност со платформата, извојуваните придобивки биле сврзани со револуционерното минато, а пред сѐ, со илинденската традиција. Во духот на одделниот македонски национален идентитет и заложбите за подеднакво дистанцирање од големосрпската и големобугарската пропаганда, се разјаснувале и осудувале и големосрпската денационализација во годините меѓу двете војни, и денационализаторската политика на бугарскиот окупатор втемелена во негирањето на постоењето на македонската нација. Во тој контекст се потврдувала и

[616] Исто, док. 48, 166.
[617] Исто, док. 45, 163.

политичката диференцијација на македонската политичка сцена вршена во текот на војната и се укажувало на тоа кои се македонските предавници и како дејствуваат. Но, повторно во духот на широката политичка основа прифатена во платформата и безбројно пати декларирана преку разни документи во текот на НОАВМ, се повикувале учесниците од Илинденското востание да се вклучат во борбата и изградувањето на македонската држава, се повикувала во борба и помош во изградувањето на македонската држава и македонската емиграција во Бугарија, а таквиот повик бил упатен и до разни социјални и општествени слоеви од македонското население. Доследно на дотогашните заложби се прокламирало и „правото на полна слобода и равноправност на сите народности во Македонија". Во обраќањето до народностите се објаснувало дека „поробувачите на Македонија од везден сакале да не разделат и скараат за полесно да ја владеат нашата татковина" и се повикувале да учествуваат во борбата за извојување на слободна Македонија.[618] Се декларирала недвојбено прифатената од почетокот на окупацијата антифашистичката определба и се укажувало на втемеленоста на сите решенија на АСНОМ врз таквата определба и врз меѓународните принципи прокламирани од антифашистичката коалиција. Било прокламирано и прогласувањето на „првата слободна македонска држава" во рамките на нова Југославија, со што се остварувала една од основните цели на антифашистичката и националноослободителна војна на македонскиот народ. Во Манифестот, систематски, врз основа на решенијата на Првото заседание на АСНОМ, била изнесена државноправната положба на Македонија во ДФЈ, како и основите за изградување на ДФЈ. Во тој контекст, се декларирало како „неотстапно сакање... обединение на целиот македонски народ". Затоа Манифестот на АСНОМ се обраќал до Македонците во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија, со констатација дека „обединението на целиот македонски народ зависи од вашето участие во гигантскиот антифашистички фронт" и тоа „под покровот на Титова Југославија". И ваквиот став произлегувал од прифатената платформа уште на Преспанскиот состанок и не бил ништо ново и невообичаено. Сосема очигледно е дека Манифестот на Првото заседание на

---

[618] В. Весковиќ–Вангели, Асномските начела за човекови права-фактор за меѓунационално сожителство во Македонија (1944-1994), Зб. АСНОМ-педесет..., 291-302.

АСНОМ за разлика од Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ отворено го поставува прашањето за обединување и ги посочува „патиштата за негово остварување".[619]

Првото заседание на АСНОМ упатило и проглас до македонскиот народ, насловен со „Удрени се темелите на македонската федерална држава во нова демократска и федерална Југославија". Прогласот, пред сè, служел да информира за новонастанатата македонска држава во рамките на југословенската федерација, односно за одржаното Заседание и за решенијата донесени на него. И во него постоел повик за масовно вклучување во борбата до конечно ослободување, вклучување во НОФ и во активностите за изградување на власта, а сè заради сочувување на веќе стекнатите национални придобивки. Всушност, Прогласот ги проектирал задачите кои претстојат во рамките на изградувањето на новата македонска национална држава.[620]

Решението на Првото заседание на АСНОМ за одобрување на дотогашните решенија и задолженија на ГШ и Иницијативниот одбор на АСНОМ[621] и Решението за признание и благодарност на НОВ и ПОМ,[622] со оглед на клучната улога на овие органи во НОАВМ, претставуваат документи со кои фактички се одобрувало концепирањето и дотогашното реализирање на македонската националноослободителна платформа. Се отстранувале и шпекулациите за евентуални несогласувања во македонското националноослободително движење околу стратешките национални цели. Со двете решенија, и највисокото тело на новата македонска држава, не само што застанало зад клучните заложби од македонската националноослободителна платформа, туку врз основа на тие заложби ја определило линијата на понатамошното дејствување на сите органи и тела на македонската држава во наредниот период.

Првото заседание на АСНОМ со сите свои решенија што имаат уставотворен карактер, дефинитивно државноправно ја конституира македонската национална

---

619 АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 53, 172-183. Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . ., Зб. АСНОМ во. . ., 193.
620 АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 54, 184-191.
621 Исто, док. 46, 164.
622 Исто, док. 47, 165-166.

држава како федерална единка на новата југословенска федерација.[623] Во долгогодишната националноослободителна борба на македонскиот народ, тоа е достигнување од епохално значење.

Сепак, на крајот треба да се истакне дека обединувањето на Македонија, иако на Првото заседание на АСНОМ повеќепати, почнувајќи од воведното излагање на Павел Шатев па низ повеќе други документи, било декларирано како желба и право на македонскиот народ, сепак, се оставало за реализација во понатамошниот период. Самото присуство на неколкуте делегати од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија е само симболично и сведочи за волјата и понатаму да се прават ангажмани за реализација на обединувањето на Македонија. Заради тоа решенијата на АСНОМ можат да се сметаат само како делумно остварување на македонската националноослободителна платформа.

Постигнувањето на државноста како една од основните цели на македонската националноослободителна платформа, заедно со, во голема мерка постигнатото национално единство, врз основа на таа платформа и очигледно блиското протерување на окупаторите од земјата, во периодот по АСНОМ, овозможувало скоро целосна насоченост на македонското ослободително движење, односно на веќе конституираната ДФМ кон обединувањето на Македонија.[624]

Сосема илустративно тоа го покажува статијата на Васил Иавановски во централниот орган „Илинденски пат", а со наслов „За соединуване на македонскиот народ" од август 1944 г. Васил Ивановски, откако јавно ги промовира „природните граници" на Македонија во кои таа претставува природна и географска целина, а македонската нација има свои „општи интереси и идеали", го поставува обединувањето на македонскиот народ во „една Македонска национална држава" како нужност не само за полно остварување на националните идеали, ами и за „разрешение на македонското прашање". Истакнато било дека на АСНОМ со присуството на делегати од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија симболично

[623] Ѓорѓи Ј. Цаца, Уставоправниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, Зб. АСНОМ-педесет. . ., 149-160.

[624] Секако, обиди од антимакедонските сили за да се спречи ослободувањето и целосното конституирање на македонската национална држава имало и во наредниот период. В. Стојчев, Обидите да се спречи создавањето на македонската држава по АСНОМ 1944 година, Зб. Македонската историска наука. . ., 331-344.

се манифестирала желбата на целиот македонски народ за обединување, а и понатаму се опстојувало на ставот дека е потребно Македонците од останатите два дела најактивно да се вклучат во борбата против фашизмот со цел да го извојуваат правото на самоопределување и да стигнат до обединување. Притоа, се сугерирало во рамките на грчкото и бугарското ослободително движење да бидат создавани македонски националноослободителни институции, односно „македонски народноослободителни одбори, македонски партизански одреди. . ." Притоа, се предупредувало дека секакво забранување на таквите чекори на Македонците во Бугарија и Грција ќе биде само од корист за „окупаторот и реакцијата", односно „открито предателство на народните интереси". До антифашистичките движења во Грција и Бугарија се препорачува да го применат југословенското искуство на планот на разрешување на националните прашања и неодложно да ја признаат македонската нација и правата што ѝ следуваат на национален план. Потоа, статијата ја објаснувала идејата за „независна Македонија", во тогаш актуелните моменти како великобугарска игра за зачувување на Македонија во бугарската интересна сфера. И додека застапувањето на таквата идеја од страна на големобугарските политички сили за Васил Ивановски е сосема природно и разбирливо, сосема неразбирливо е нејзиното застапување од страна на БКП и ОФ. Статијата доста опширно ја разгледува зависноста на прашањето на обединување од меѓународната ситуација и фактори. Понатаму се истакнува дека околу македонското национално прашање и обединувањето неодбегливо е инволвирана и новата југословенска држава, која со „извонредно голем престиж" ќе излезе од Втората светска војна и со него ќе учествува на „конференцијата за мир", па таму ќе го застапува македонскиот стремеж за обединување. На крајот, статијата прокламира дека при евентуално обединување, во таквата Македонија, националните малцински права на немакедонското население ќе бидат целосно гарантирани. Особено е посочен грчкиот народ во Егејскиот дел на Македонија, за кој се вели дека нема да биде протеран и дека ќе ужива полна рамноправност.[625]

Статијата, всушност, збиено ги изнесува погледите на раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на

[625] ИА на СКМ т. II, кн. 2, док. 73, 228-235.

Македонија кон прашањето за обединување, кое за нив не било затворено. Практичниот однос и чекорите што следувале на планот за обединувањето на македонскиот народ, исцело биле на линија на изнесените ставови во статијата на Васил Ивановски–Бистришки.

### 4. Прашањето за обединување на Македонија меѓу Првото и Второто заседание на АСНОМ

#### *а. Демократска федерална Македонија и македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија*

Во периодот по Првото заседание на АСНОМ, веќе видливиот пораз на Германија, со себе носел неизвесност околу прашањето за повоената политичка карта на Европа и Балканскиот Полуостров. Победоносниот од на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, целосно дефинираната национална платформа во која немало дилеми околу националниот идентитет, а обединувањето веќе одамна во текот на НОАВМ било прифатена цел, АСНОМ и прогласената македонска државност биле елементи кои само уште повеќе го потхранувале и поддржувале чувството дека националното обединување е сосема реално, остварливо и блиско.[626]

Во таква атмосфера повторно се јавиле проблеми со развојот на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија и третманот на македонското национално прашање од страна на КПГ и ЕАМ. Односите на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел со КПГ и ЕАМ, од почетокот на август 1944 г. повторно започнувале да се влошуваат.[627]

---

[626] Британскиот капетан Мекдоналд присутен во ГШ на НОВ и ПОМ, во август 1944 г. го информирал своето Министерство дека кога е во прашање обединувањето на Македонија, македонските раководители „ја имаат изгубено целата смисла за пропорција, а нивните идеи се смешно големи“. Според него тоа е така, бидејќи македонските раководители „сериозно сметаат дека Грција и Бугарија ќе отстапат територии на нова Македонија“, па границите на таквата Македонија „би се протегале од реката МЕСТА до ОХРИД и од СОЛУН до КУМАНОВО“. (големите букви во оригиналот-б.м.) Британските воени мисии. . ., док. 3, 33.

[627] Откако на 3 август 1944 г. КПГ донела решение за прифаќање на Либанскиот договор и сопствено учество во владата на Папандреу, македонското националноослободително

Раководството на македонското национаноослободително движење од Вардарскиот дел, било незадоволно од третманот на македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија. Особено незадоволство предизвикувал ставот на КПГ и ЕАМ да се примат само ограничен број на Македонци во посебните две македонски единици на ЕЛАС со што тие би останале само во големина од баталјон и да не се формираат други такви единици.[628] Со тоа, недвојбено, се редуцирала македонската ослободителна борба и перспективите за целосно поволно решавање на македонското национално прашање. Соодветна негативна реакција имало и од претставниците на југословенското ослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија.[629]

Скоро целиот август 1944 г. постоела една ситуација на меѓусебна недоверба, но без некое нарушување на практичната соработка меѓу грчкото ослободително движење под контрола на КПГ и македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија. Во рамките на ЕАМ, ЕЛАС и КПГ, особено во пониските раководни структури во Егејскиот дел на Македонија, постоел негативен однос кон македонското националноослободително движење и кон поволниот третман на македонското национално прашање.[630]

Неповолните последици од политиката на ЕАМ и КПГ за ограничување на македонската националноослободителна борба, во услови кога се извлекувале германските сили и имало можности за нејзино брзо и силно развивање, најмногу ги чувствувале, раководителите на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија. Тие сè повеќе започнале да се ориентираат кон барање заштита во Вардарскиот дел на Македонија и кај југословенското ослободително движење.[631] ГШ на НОВ и ПОМ веднаш реагирал и настојувал да го

---

движење од Егејскиот дел започнало да претставува пречка и се започнало со чекори за ограничување на неговиот развој.

[628] ДАРМ ПО-Битола, Збирка: АВИИ, бр.716, АК. 233, АЕ: 22-2.

[629] ИА КПЈ, т. VII, док. 114, 330-331.

[630] КПГ и. . ., док. 84, 215-216. Велика Британија и Македонија 1941-1945, документи, Скопје, 1998, 169-171.; Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 203, 429-430.

[631] Михаил Керамитчиев во писмо до Киро Георгиевски–Дејан и Петре Богданов–Кочко пишувано во август 1944 г. објаснува дека тамошното раководство на македонското националноослободително движење заради „тешкотиите и пречките“ на кои се изложени „со нетрпение“ чекаат „покровителство“ од македонското националноослободително движење на Вардарскиот дел. Егејска Македонија. . ., т. I, док. 139, 180.

помогне и поддржи македонското националноослободително движење со испраќање на Петар Богданов–Кочко и Киро Георгиевски–Дејан во реонот на Корештата, Костурско.[632] Покрај тоа, единици на НОВ и ПОМ од Втората оперативна зона континуирано престојувале на теренот на Леринско кој служел како логистичка база во операциите врз бугарските погранични караули.[633]

Во септември 1944 г. односите на македонското националноослободително движење и ЕАМ од фазата на „контролирана" недоверба преминале во фазата на остри обвинувања. По потпишувањето на таканаречениот договор од Казерта на 26 септември 1944 г., очигледно било дека КПГ и ЕАМ имаат намера да ги ограничат македонските национални права во Егејскиот дел на Македонија.[634] Тоа, уште во септември 1944 г. предизвикало реакција на тамошното македонско раководството. Штабот на македонскиот Леринско-костурски баталјон го информирал ГШ на НОВ и ПОМ за негативниот однос на раководството ЕАМ кон македонските борци и за тоа дека КПГ води политика против афирмацијата на македонската национална свест.[635]

Од почетокот на октомври 1944 г. судирот околу македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија ја достигнал својата кулминација. Органите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС решиле да ги преземат сите можни мерки за уништување на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија. Се обиделе и да уапсат некои од тамошните македонски раководители, а како подготовка за растурање на Леринско-

---

[632] ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 234, АЕ:11-19/1. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 2, док. 206, 432-433.

[633] ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 1316, АЕ:10-3/5.

[634] Документационо одделение на ИНИ, Стефанос Сарафис, ЕЛАС, Атина 1946, Сл. IV. 204, 412-413.

[635] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 150, 195-197. Дополнтелно Михаил Керамитчиев укажал дека според него пречките за развојот на македонските единици се должи на стравувањето на раководството на КПГ да не биде истакната „паролата за слободна Македонија". Исто, док. 151, 198-199. Инаку, ГШ на НОВ и ПОМ одржувал редовна врска со штабот на Леринско-костурскиот баталјон, а кон крајот на септември 1944 г. во Мегленско го испраќа Начо Ангелковски–Рочко со задача да одржува врска и да дава инструкции на тамашниот Воденски македонски баталјон. ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 234, АЕ:11-28/1; АК. 233, АЕ: 47-4; АК. 654, АЕ:1-6.

костурскиот баталјон била издадена наредба за негово дислоцирање на теренот на Кожанско.[636]

Во почетокот на октомври 1944 г., Наум Пејов разговарал со Борко Темелкоски–Лилјак, член на ЦК на КПМ за заострувањето на ситуацијата и добил инструкции да се собираат докази за негативниот однос на КПГ кон македонското национално прашање, а доколку Леринско–костурскиот македонски баталјон се најде во ситуација на вооружен судир со единици на ЕЛАС тоа да го избегне и да премине во Вардарскиот дел на Македонија.[637]

Согласно со вакните инструкции, раководството на македонското ослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, на 2 октомври 1944 г. во с. Статица, Леринско одржало состанок и решило: Штабот на Леринско-костурскиот баталјон да ја одбие наредбата за дислокација, да се продолжи доброволната регрутација низ македонските села, да се продолжи со изведување на напади врз германските колони на патот Корча–Лерин и на патот Сорович–Лерин–Битола и да се обезбеди сопствената заднина со цел да не се случи опколување од единици на ЕЛАС. Истовремено, се разговарало и со претставници на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС за изнајдување излезно решение, но откако не можело да се најди заедничко решение, било решено Ренос Михалеас и Михаил Керамитчиев да заминат за ГШ на НОВ и ПОМ, со чие посредство требало да се направи обид да се изнајде решение прифатливо за двете страни.[638]

Додека се воделе преговорите во Вардарскиот дел на Македонија, ЕАМ и ЕЛАС настојувале преку притисок и заплашување да го присилат штабот на Леринско-костурскиот баталјон да ја прифати наредбата за дислокација.[639] Истовремено штабот на 9. дивизија на ЕЛАС започнал со операција за опколување и насилно обезоружување на македонскиот баталјон. До смирување на ситуацијата не дошло и покрај обидот на штабот на 49. дивизија на НОВ и ПОМ преку испраќањето на Пецо Божиновски–Кочо, заменик политички комесар на 7.

[636] КПГ и. . ., док. 103, 247.; Егејска Македонија. . ., т. I, док. 160, 214-215; док. 161, 215.; Британските воени мисии. . ., док. 313, 334-336.
[637] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 85, 393-397.
[638] Наум Пејов, Прилози за односот. . ., 49-50.
[639] КПГ и. . ., док. 105, 248-250.

битолска бригада на НОВ и ПОМ на разговори со раководители на грчкото ослободително движење во Леринско и Костурско.[640]

Во услови на сеопшта победничка атмосфера, со голема верба во скорешното обединување на Македонија, реакцијата во Вардарскиот дел на обидот да се уништат македонските партизански единици, била на граница на отворена вооружена интервенција во заштита на македонските национални интереси. Започнала да се разгледува и можноста за испраќање на единици на НОВ и ПОМ во Егејскиот дел на Македонија „со цел да се борат против Германците и заради заштита на нашето население“.[641]

Пред опасноста од вооружен судир со единиците на ЕЛАС, во согласност со инструкциите добиени од ГШ на НОВ и ПОМ за избегнување на таков судир, Леринско-костурскиот баталјон на 12 октомври 1944 г. кај с. Љубојно се префрлил на територијата на Вардарскиот дел на Македонија и се ставил на располагање на ГШ на НОВ и ПОМ.[642] Слично на она што се случувало во Костурско и Леринско, се случувало и во Воденско со тамошниот македонски баталјон, кој се префрлил во Вардарскиот дел на Македонија на 13 октомври 1944 г.[643]

На тој начин, под непосредно директно влијание и контрола на раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, односно индиректно, на југословенското ослободително движење, македонските единици од Егејскиот дел се префрлиле на теренот на Вардарскиот дел на Македонија.

---

640 ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 233, АЕ: 6-6.
641 Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 3, док. 56, 180; док. 54, 174. Како добар пример за илустрација на атмосферата во Вардарскиот дел, претставува опширното директивно писмо од Вториот областен комитет на КПМ-Битола од 10 октомври 1944 г., каде се вели: „И натака стоиме чврсто за соединувајнето на Македонија. За судбата на македонскио народ под Бугарија и Грција, директно се заинтересувани сите народи на Југославија преку АВНОЈ и Националнио комитет“. Извори. . ., т. I, кн. 5, док. 73, 254-266.
642 Документационо одделение на ИНИ, фонд: Странски партии, к. 40/а, бр. 2295. В. Ивановски Ѓорги Танковски–Лилин, Кице Јанкуловски, Хронологија на настаните во Преспа, 1912-1944, Битола, 1995, 342. Р. Кирјазовски, Врските и соработката меѓу антифашистичките движења во Битолско и Леринско–костурско 1943-1944 година, Зб. Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944, кн. прва, 151.
643 П. Раковски, Формирање на баталјон на Кајмакчалан, в. „Комунист“, година XXIX, бр. 738, Скопје, 14 мај 1971.

По префрлањето во Вардарскиот дел на Македонија, штабот на Леринско-костурскиот баталјон испратил писма до разни структури на ЕАМ и КПГ со цел да се надминат недоразбирањата и да се продолжи со заедничката борба која била од обостран интерес.[644] Обидите на македонското националноослободително движење да се надминат разликите не наишле на позитивен одговор, бидејќи во круговите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС имало малку спремност за признавање на сопствените грешки, а се настојувало настанатата ситуација со одделените македонски единици да се припише на дејствувањето и поддршката на на НОВ и ПОМ односно на НОВЈ.[645]

Во октомври 1944 г. македонските раководители и борци од Костурско, Леринско и Воденско кои преминале во Вардарскиот дел на Македонија до ГШ на НОВ и ПОМ поднеле документи со кои конкретно се укажувало на лошиот однос на КПГ и ЕАМ кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија и кон нивните национални права.[646] Истовремено со тоа, една делегација на одделените Македонци, под сугестија и со поддршка од воено-политичкото раководство на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, се подготвувала да оди кај Јосип Броз Тито со цел да ја изнесе состојбата со македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија.[647]

Раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во ситуација на конституирана македонска држава со АСНОМ, во која поседувало „релативна самостојност и суверенитет"[648] и со НОВ и ПОМ како воено-политичка сила од респективни размери за балкански услови, имало самодоверба за порешително застанување во одбрана на македонските национални интереси во Егејскиот дел на Македонија. Оттаму, не изненадуваат наредбите од крајот на октомври и почетокот на ноември 1944 г. на ГШ на НОВ и ПОМ до своите единици во насока на дејствување без оглед на предвоената граница со Грција.[649] Тоа пак сведочи за сериозните намери активно да се влијае врз ситуацијата во Егејскиот дел на Македонија и да се искористи периодот на воено-

644 Егејска Македонија . . ., т. I, док. 168, 225-231; док. 171, 232-233; док. 172, 233-235..
645 КПГ и. . ., док. 122, 276-280. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 3, док. 87, 248-252.
646 Исто, док. 85, 243-246.
647 Егејска Македонија. . ., т. I, док. 175, 239.
648 Ѓ. Чакарјаневски, н.д., 199-214.
649 ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ бр.716, АК. 323, АЕ: 39-2/1; АК. 234, АЕ: 7-13/ 1.

политички „вакум" што се случувал со повлекувањето на германските сили. Меѓутоа, спроведувањето на една таква операција, би значело директна воена интервенција во Егејскиот дел на Македонија, односно чекор со несогледливи крајни последици за вкупното решавање на македонското национално прашање.[650] Главниот штаб на НОВ и ПОМ со отворањето на пунктови за снабдување со оружје и друг потребен материјал кај селата Мрежичко, Кавадаречко и Љубојно, Преспанско ја потврдил својата решеност за поддршка на одделените Македонци од ЕЛАС.[651]

Поддршка на активностите на македонските раководители околу настаните во Егејскиот дел на Македонија постоела и од југословенското ослободително движење. Според документи на КПГ, Светозар Вукмановиќ–Темпо во втората половина на октомври 1944 г. до КПГ и ЕАМ упатил барање за давање на големи национални права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија и се заканил дека југословенското ослободително движење ќе изврши вооружена интервенција доколку не се прифатат таквите барања.[652]

Леринско–костурскиот баталјон во тоа време, по наредба на ГШ на НОВ и ПОМ, во соработка со Битолско–преспанскиот ПО, изведувал константни и успешни акции на патот Битола–Лерин против германските сили кои забрзано се повлекувале на север. Притоа, официјалната предвоена граница воопшто не била пречка, Баталјонот да добие наредба од штабот на 49. дивизија на НОВ и ПО на Македонија и да дејствува против германските сили и во Леринско. Во рамките на тие дејства, на 28 октомври 1944 г., Леринско–костурската бригада се судрила со

---

[650] Во овој контекст, да укажеме дека и ВШ на НОВЈ до ГШ на НОВ и ПОМ испратил наредба во која се велело „Гонете ги и разбијте ги Германците на југ се додека не ги уништите и се состанете со англиската војска. . ." Исто, АК. 653, АЕ: 3-2/3. Оваа телеграма е интересна од аспект на односот на југословенското раководство кон прашањето за обединување на Македонија. Содржината на телеграмата сведочи дека навлегувањето на македонски воени единици во Егејскит дел воопшто не било „несфатливо" и „неможно" за највисокото југословенско раководство. Меѓутоа, на 3 ноември 1944 г., англиски воени единици пристигнале до самата предвоена граница меѓу Југославија и Грција, па наредбата на ВШ на НОВЈ немала практични последици. Исто, АК. 233, АЕ: 12-7.

[651] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 4, док. 110, 197. В. Ивановски и др. , Хронологија. . ., 342.

[652] ДАРМ ПО-Битола, ф.бр.716-Збирка АВИИ, АК. 233, АЕ: 6-6. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн.3, док. 90, 257; док. 93, 261-262.

единиците на ЕЛАС кај манастирот „Св. Петка", во близина на с. Драгош, Битолско.[653]

Македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија започнало да се оформува и политички преку „Привремена политичка комисија на Македонија под Грција" на чело со Паскал Митревски формирана во Битола кон крајот на октомври или почетокот на ноември 1944 г.[654] Секако, тоа било под сугестија и со активна поддршка на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија, која била остварувана преку Диме Бојановски–Дизе, кој бил присутен во работата на Комисијата во Битола.[655] Привремената комисија, на 4 ноември 1944 г., испратила проглас до македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија во кој како главен мотив за преминувањето на македонските партизани во Вардарскиот дел се наведувало дека ЕАМ и ЕЛАС не ги „признават за народност" Македонците, туку ги „есапат како малцинство" и не им даваат „истинска слобода за самоопределение".[656]

Инсистирањето од раководителите на македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел на Македонија и Светозар Вукмановиќ–Темпо дека Македонците имаат право на обединување во македонската национална држава во рамките на Југославија, продолжило и во првата половина на ноември 1944 г.[657] Изјавите на високите воени и политички претставници од Македонија и Југославија сосема природно се рефлектирале во политичкото секојдневие на Македонија. Вербата дека обединувањето на Македонија скоро ќе се случи, во тој период била сосема вообичаена појава во политичките кругови на Вардарскиот дел на Македонија.[658]

---

[653] ДАРМ ПО-Битола, ф.бр. 716-Збирка АВИИ, АК. 1373, 33-2.; АК. 233, АЕ: 8-7; АК. 234, АЕ: 7-6/12. Егејска Македонија. . ., т. VII, кн. 3, док. 92, 259-260; док. 95, 264-265.;

[654] Т. Мамуровски, Паскал Митревски. . ., 48.; Според Вангел Ајановски била формирана на 4 ноември 1944 г. на состанокот одржан во Битола. В. Ајановски–Оче, н.д., 139-140.

[655] П. Раковски, Автобиографија или моите страдања, Скопје, 2000, 77.

[656] Егејска Македонија во. . ., т. I, док. 187, 266.

[657] „Нова Македонија" г. I, бр. 2, Скопје, 14 ноември 1944, 4. Александар Крстевски–Кошка, Богоја Фотев, Скопје, 1998, 143.

[658] ДАРМ ПО-Битола, фонд Местен комитет на КПМ-Битола, 2.642.1. 124/1; фонд: Битолски Обпастен Народноослободителен одбор, 2.538.1.103/223-230

Чекорите на НОВ и ПО на Македонија на отворена поддршка на одделените македонски партизани, заканите од Светозар Вукмановиќ–Темпо и дејствувањето на Леринско–костурската бригада во пограничниот регион, предизвикале вистинска загриженост и паника кај раководството на ЕАМ и КПГ. Се очекувало премин на единици од Вардарскиот дел на Македонија во реоните на Леринско и Костурско, а се шпекулирало со заземање на сиот Егејски дел на Македонија со Солун од страна на Југославија.[659] Всушност, ваквите сознанија и стравувања и не биле далеку од реалноста. Диме Бојановски–Дизе во известувањето за настаните при судирот кај Драгош, побарал Леринско–Костурската бригада „да го нападни Лерин и по можнос да го превземи од Германците“.[660] ЕЛАС презел чекори да ја затвори предвоената граница, а КПГ и ЕАМ засилена пропагандна активност за да го оневозможат ширењето на политичката база на одделените македонски борци на теренот во Леринско, Костурско и Воденско.[661]

Сепак, од средината на ноември 1944 г. во и околу Грција започнале да се случуваат настани кои воделе кон заострување на внатрешнополитичката ситуација, со очигледни индикации дека на повидок е вооружена пресметка на спротиставените политички сили. Во борбата за освојување на власта во земјата, раководството на КПГ презело чекори за добивање на морална и материјална поддрашка од Југославија.[662] Тоа значело и сигнал за можна промена на политиката кон македонското националноослободително движење и влијаело врз решението на македонското воено-политичко раководство да пристапи кон формирање на крупна воена единица на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во составот на НОВ и ПО на Македонија, која би се вратила во Егејскиот дел и би учествувала, во веќе целосно извесната, вооружена разврска на грчката воено-политичка сцена. Во таква

---

[659] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 185, 264; т. VII, кн. 3, док. 93, 262. КПГ и. . ., док. 126, 284. Бригадата и во ноември 1944 г. дејствувала на теренот на Леринско. ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ, ф.бр.716, АК. 233, АЕ: 13-7.

[660] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 37/а2, бр. 5645.

[661] КПГ и. . ., док. 136, 315-317.

[662] За таа цел на 15 ноември 1944 г. во Белград се одржала средба помеѓу Јосип Броз Тито и пратеникот на Централниот комитет на КПГ, Стериос Анастасијадис. На неа Тито ветил поддршка за КПГ и грчкото ослободително движење под нејзина контрола. Izvori za istoriju SKJ. Dokumenti centralnih organa KPJ i NOR-a i Revolucije, 1941-1945, Beograd, 1987, (natamu samo Dokumenti centralnih organa. . .,) kn. 21, dok. 21, 125. Р. Кирјазовски, Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција, 53-56.

атмосфера, на 18 ноември 1944 г. во Битола, била формирана „Првата ударна бригада на Македонија под Грчко“.[663]

Формирањето на Бригадата имало големо политичко значење и во прв ред ги означувало легитимните стремежи на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија за сопствено национално ослободување, а потоа ја манифестирало и политичката волја на македонското национлноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија и на југословенското ослободително движење да ги поддржат таквите стремежи.[664]

Кон крајот на ноември 1944 г. поддршката на Македонците од Егејскиот дел и стремежот за обединување на Македонија, раководството од Вардарскиот дел на Македонија го манифестирало на Првата конференција на НОФ на Македонија.[665] Веднаш потоа, на 29 ноември 1944 г., Политичката комисија на Македонците под Грција до Обласниот комитет на КПГ за Македонија испратил писмо со кое повторно се укажувало на погрешната политика кон македонското национално прашање и кон македонското ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија. Истовремено се давало до знаење дека, доколку КПГ ја „исполни барем рамноправноста“ што ја прокламира, отцепените македонски борци се спремни да се вратат и заеднички да продолжат да се борат.[666] Очигледна била тенденцијата да се дејствува во согласност со ветувањето на Јосип Броз Тито за поддршка на грчкото ослободително движење под контрола на КПГ.

На денот на почетокот на крвопролевањата во Грција, 3 декември 1944 г., во Битола се одржала Конференција на бегалците од Егејскиот дел на Македонија со присуство на 200 делегати, на Димитар Влахов и други претставници од воено-политичкото раководство ДФМ. Била изразена подготвеноста на Македонците од

[663] „Нова Македонија“ г. I, бр. 6, Скопје, 3 декември 1944, 2. Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, Документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско (1944-1945), Битола, 1985, т. I, кн. 2, док. 53, 213.Благоја Талески–Иван, Првата народноослободителна ударна бригада на НОВ и ПОМ од Егејска Македонија, Скопје,1984, 42.

[664] Секако, Бригадата претставувала и своевиден „инструмент“ за индиректно мешање на југословенското народноослободително движење во планираната воено-политичка разврска во Грција.

[665] „Нова Македонија“ г. I, бр. 5, Скопје, 30 ноември 1944, 2.

[666] Егејска Македонија. . ., т. VII, кн.3, док. 121, 315-317.

Егејскиот дел да се борат на страната на ЕЛАС и за „признаване на националните права на македонскиот народ и неговото право за самоопределение".[667] Истиот ден, в. „Нова Македонија" објавил статија на Димитар Влахов во која се инсистирало на „обединението на сите Македонци во федерална Македонија" и тоа со помош на „своите браќа од Југославија".[668] Сето тоа претставувал своевиден притисок врз КПГ за прифаќање на барањата за национални права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

На 6 декември 1944 г. новоформираната Политичката комисија на Македонците под Грција до ЦК на КПМ испратила писмо, во кое се изразувала спремност, без разлика на ставовите на ЕАМ и КПГ, да се вратат во Егејскиот дел на Македонија и да учествуваат заеднички во борбата што ја водел ЕЛАС.[669] Меѓутоа, таквите стремежи на Македонците од Егејскиот дел на Македонија не биле поддржани од никого. КПГ и ЕАМ останале „глуви", а Јосип Броз Тито, под притисок на Велика Британија, дал гаранции дека „нема амбиции" кон Егејскиот дел на Македонија.[670] Истовремено го забранил префрлањето на бригадата составена од борци од Егејскиот дел на Македонија на теренот на Леринско и Костурско.[671]

За целиот овој период, меѓу двете заседанија на АСНОМ, односот на раководството на ДФМ кон настаните сврзани со македонското национално прашање во Егејскиот дел се движел помеѓу, од една страна, силниот стремеж на македонскиот народ кон сопствено обединување, а од друга страна, реалната военo-политичка ситуација, која не го дозволувала тоа. Во секој случај, во овој период не се успеало во реализација и на последното нереализирано прашање од македонската националноослободителна платформа–обединувањето на Македонија. Сè повеќе станувало очигледно дека интегралното решавање на македонското национално

[667] „Нова Македонија" г. I, бр. 11 и 12, Скопје, 9 и 10 декември 1944.
[668] „Нова Македонија" г. I, бр. 6, Скопје, 3 декември 1944, 1.
[669] Егејска Македонија. . ., т. I, док. 196, 284-286.
[670] Британските воени мисии. . ., док. 354, 428-429.; Тито, Собрани дела, т. 25, 107. Т. Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија (1932-1945), Скопје, 2001, 174. Поддршката дадена на претставникот на КПГ на 15 ноември 1944 г. била „заборавена" од Јосип Броз Тито.
[671] Наредбата на 13 декември 1944 г. од ГШ на НОВ и ПОМ била скоро дословно проследена до штабот на Битолската воена област. ДАРМ ПО-Битола, Збирка АВИИ, ф.бр.716, АК. 234, АЕ: 7-25/1.

прашање не зависи само од стремежот на македонскиот народ за сопствено обединување, туку и од целиот сплет на воено-политички односи и интереси на заинтересираните балкански народи и држави, но и од политиката и интересите на големите сили од антифашистичката коалиција.

## *б. Прашањето за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија меѓу Првото и Второто заседание на АСНОМ*

Прашањето за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија станало особено актуелно во периодот по Првото заседание на АСНОМ. Македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел, во една еуфорична победничка атмосфера, во која како дел од југословенското ослободително движење имало неспорно голем и признаен авторитет во општата антифашистичка војна, а во согласност со усвоената националноослободителна платформа, настојувало да ја искористи настанатата ситуација со претстојната капитулација на Бугарија во правец на присоединување на Пиринскиот дел на Македонија кон македонската национална држава. Дејствувањето на дел од единиците на бугарското ослободително движење со помош и поддршка на НОВЈ и НОВ и ПОМ, дополнително ја правела исклучително поволна ситуацијата за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија.[672]

Раководството на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија уште во август 1944 г. јавно ја прокламирало својата решеност да се оди кон присоединување на Пиринскиот кон Вардарскиот дел на Македонија. Имено, в. „Илинденски пат", кој ги изразувал ставовите на раководните македонски структури, пишувал дека претстои „безусловна капитулација" на Бугарија и дека таа, не само што ќе мора да се откаже од завладеаните територии на Македонија во 1941 г., туку „и од оној дел што се најдува под незина окупација. . ." од времето на балканските војни. Дури фигурирала и заканата дека, доколку

[672] Голем дел од вооружените сили на бугарското ослободително движење дејствувале на теренот на Кумановско-Јужна Србија под непосредна контрола на ГШ на НОВ и ПОМ и Светозар Вукмановиќ Темпо. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 36/б, бр. 38. Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 4, док. 2, 14.; ИА КПЈ, т. VII, док. 116, 335.

бугарскиот народ не презе́ме чекори за соборување на прогерманската влада, тогаш НОВЈ „заедно со сојузничките војски“ ќе оди „за да си ја ослободи својата земја“.[673]

Очигледниот пораз кој претстоел не бил доволна причина бугарските владеачки кругови да се откажат од поддршката на Германија и да ги повлечат своите сили од Македонија. Бугарската армија во Македонија до капитулацијата на Бугарија и во деновите по неа, го задржала целосно непријателскиот став кон НОВ и ПОМ.[674] ГШ на НОВ и ПОМ морал да нареди или разоружување или уништување на бугарската окупаторска Петта армија во Македонија.[675]

Бугарија, по капитулацијата, и тоа без разлика што власта била конституирана од ОФ, веќе не била во можност отворено да го негира македонскиот национален идентитет и да изразува претензии кон Македонија. Напротив, сега се наоѓала во една дефанзивна позиција како поразен сојузник на Германија во Втората светска војна. Формирањето на влада на ОФ, всушност, само дополнително го зајакнало уверувањето во рамките на македонското националноослободително движење дека настапило време за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија. Југословенското и македонското ослободително движење во текот на септември и октомври 1944 г. вршеле силен притисок врз новата бугарска власт да преземе реални чекори во правец на признавање на македонскиот национален идентитет и присоединување на Пиринскиот кон Вардарскиот дел.

На линија на поддршка на македонската држава и војска, во Бугарија се активирала и македонската емиграција. Во септември 1944 г., Илинденската организација и Сојузот на македонско-одринските ополченци решиле да пристапат кон ОФ и да подготват „младо македонско ополчение“ кое ќе влезе во „составот на

[673] ИА СКМ, т. II, кн. 2, док. 74, 240. Згора на тоа, Президиумот на АСНОМ на својата седница од почетокот на септември 1944 г., донел одлука од НКОЈ да побара „при преговорите за примирие со Болгарија земе под внимание и вопросот за Македонија под Болгарија“.АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 1, док. 73, 229-233.

[674] Обидите на ГШ на НОВ и ПОМ и на другите штабови на македонската војска да постигнат договор со бугарските гарнизони во Македонија за нивен премин на страната на антифашистичката коалиција и за заедничко дејство против германските сили останале скоро целосно безуспешни. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 37/а, бр. 3845, бр. 5573; Д. Йончев, н.д., 174-175. Единствено, дел од Прилепскиот гарнизион прифатил заедничка соработка со единиците на НОВ и ПОМ, но и тој покажувајќи се неспособен за посериозни борби кон средината на септември 1944 година бил вратен во Бугарија.

[675] Ослободувањето на федерална Македонија. Документи, Скопје, 2005, т. III, док. 22, 47.

Македонската ослободителна војска", а повеќемина истакнати македонски дејци од илинденскиот период, кои како емигранти се наоѓале во Софија, публикувале „Апел до Македонците во Бугарија" преку весникот „Отечествен фронт"со кој давале поддршка на ОФ и на нова Југославија и новата македонска национална држава.[676] Од македонската емиграција била изготвена комплетна програма со методите и средствата со кои ќе се помага ДФМ, а активностите за популаризација и меѓународна поддршка на ДФМ продолжиле и во наредниот период.[677]

Бугарска влада, поставена во ситуација на целосна меѓународна изолација, била подготвена да прави отстапки по однос на македонското национално прашање. Таа набрзо по своето конституирање, донела решение од мобилизираните Македонци во бугарската армија да се формира посебна бригада и таа да се стави на располагање на НОВ и ПОМ.[678] ОФ преку својата пропаганда започнал да ја популаризира Македонија и македонското националноослободително движење.[679] Дури се праќале „сигнали" дека и Бугарија го прифаќа обединувањето на Македонија.[680]

Сепак, соработката не одела без проблеми. Бугарија, во своето настојување да се „прилепи" на антифашистичката коалиција преку југословенското ослободително движење, побарала нејзините војски да учествуваат во борбата против Германија на територијата на Македонија и Србија.[681] Секако, во ДФМ со незадоволство се гледало на соработката со довчерашната окупациона сила во Македонија.[682] Сепак, во втората половина на септември 1944 г. се одржале неколку

---

[676] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 32, 119-120; док. 38, 128-130. БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 428, 1120-1122.

[677] ДАРМ, фонд: Македонска емиграција во Бугарија, к. 33 бр. 2530, бр. 2536; Н. Велјановски, Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност, Скопје, 2004, 211-218.

[678] М. Апостолски, Погледи. . ., 341. М. Лалков, От надежта. . ., 103.

[679] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 38, 128-130.

[680] Бугарскиот министер за пропаганда Димо Казасов на 20 септември 1944 г. дал изјава дека „Бугарија смета дека македонскиот народ треба да има полна слобода и дека Бугарија ќе ја почитува секоја одлука донесена со слободна волја на македонскиот народ". Велика Британија и Македонија. . ., т. I, док. 7, 39.

[681] Тито, Собрани дела, т. 23, 137. Јосип Броз Тито, начелно, тоа веднаш го прифатил и го упатил ГШ на НОВ и ПОМ на преговори со новиот командант на Петта бугарска армија, генерал Кецкаров. М. Лалков, От надежда. . ., 100.; ИА КПЈ, т. VII, док. 126, 361.

[682] ГШ на НОВ и ПОМ веднаш реагирал до Тито и го информирал дека „македонскиот народ со незадоволство гледа" на соработката со бугарската окупаторска војска, а дека самата соработка не би била од корист бидејќи бугарската војска е деморализирана и неспремна за

средби помеѓу претставници на Македонија и Бугарија, но не дошло до некоја поконкретна спогодба за заедничка воена соработка. Наместо тоа, дошле до израз македонските барања од политичка природа.[683]

Затоа, македонските национални барања биле главната тема на разговорите во Софија од 25 септември 1944 г. меѓу Колишевски, Апостолски, Темпо и Бане Андреев од македонска страна и претставниците на ЦК на БКП. Била постигнат начелен договор дека македонскиот народ во Пиринскиот дел има право на самоопределување, дека од тоа право произлегуваат: и правото да формира „свои национални воени единици“ и правото во Пиринскиот дел да „создава свои националноослободителни комитети“ кои во прво време организационо би биле во рамките во ОФ на Бугарија, но и тогаш да работат за „присоединување кон својата матица“. Исто така, било договорено, слободно да се врши „пропаганда за обединување на македонскиот народ односно за присоединување на бугарскиот дел на Македонија кон својата матица“.[684] Според договорот, било прифатено Пиринскиот дел да може да се соедини со Вардарскиот дел на Македонија, но тоа не било поставено „акционо“ т. е. не било договорено тоа да се изврши веднаш..[685] Во секој случај, практичното спроведување на ставовите договорени на средбата во Софија, значеле реално чекорење кон присоединувањето на Пиринскиот дел.[686]

Во Софија, македонските раководители и Светозар Вукмановиќ–Темпо оствариле контакти со претставници на многубројната македонска емиграција, а во Пиринскиот дел на Македонија со „партиските организации и партизанските одреди“. Откако биле информирани за ставовите на македонското

---

било какви воени операции. Тито, Собрани дела, т. 23, 312. Тоа придонело и Јосип Броз Тито донекаде да ја повлече начелната и избрзана безрезервна спремност за соработка. Исто, 170.

683 На состанокот од 23 септември 1944 г. на Михаило Апостолски и Светозар Вукмановиќ–Темпо со генералот Кецкаров, дошло до потпишување на Протокол од 5 точки, од која најконкретна била онаа која барала бугарските власти да се произнесат за решенијата на АСНОМ, а за воената соработка требало да даде одобрување Јосип Броз Тито. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 37/а, бр. 5589, бр. 5659. М. Апостолски, Погледи. . ., 194.

684 Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 84, 391-392.; S. Vukmanović–Tempo, Revolucija. . ., kn. 3, 238-244.

685 Светозар Вукмановиќ–Темпо во телеграмата до југословенското раководство од 25 септември 1944 г., недвосмислено и недвојбено регистрирал дека бугарските раководители се согласиле со присоединувањето на Пиринскиот дел. Dokumenti centralnih organa. . ., kn. 20, dok. 6, 24.

686 Впрочем, од македонските претставници така и било сфаќано, па Светозар Вукмановиќ Темпо во својата прва информација до ЦК на КПМ за разговорите во Софија напишал дека „формалното присоединување ќе се изврши подоцна кога ќе реши Тито“. Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 83, 387.

националноослободително движење и на југословенското раководство во врска со македонското национално прашање, сите тие прифатиле да работат во натамошниот период врз таа основа.[687] Во насока на координирање на активностите во врска со присоединувањето на Пиринскиот дел и помагањето на НОАВМ, во Софија, на чело со Кирил Миљовски, било отворено Привремено македонско претставништво.[688]

Што се однесува до постигнувањето на договор за учество на бугарската армија во борбите против Грманците кои се повлекувале од Балканот, прашањето било решено позитивно, но под притисок на Советскиот Сојуз.[689] Набрзо, на 5 октомври 1944 г., во романскиот град Крајова била потпишана спогодба меѓу Тито и делегација на Бугарија за заедничка соработка.[690] По потпишаната спогодба во Крајова, била регулирана и оперативната соработка на единиците на НОВ и ПОМ и бугарската армија на теренот на Македонија. И покрај тоа, се случиле многубројни меѓусебни инциденти и се појавиле многу недоразбирања при престојот и дејствувањето на бугарските единици во Вардарскиот дел на Македонија.[691] Во крајна линија, сепак, останува фактот дека македонската војска и не добила некоја

[687] Темпо тоа го формулира со зборовите „сите стојат на наша линија". Извори. . ., т. I., кн. 3, док. 83, 387-388. Нешто подоцна, Киро Миљовски известил дека на конференцијата одржана во октомври 1944 г. во Горна Џумаја со активистите на ОФ од Пиринскиот дел на Македонија, скоро еднодушно била прифатена македонската национална платформа и бил изработен план за работа во правец на присоединувањето кон ДФМ. ДАРМ, фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33, бр. 2275, бр. 2533. Оттаму, тврдењето на Милчо Лалков дека по извршените консултации со Георги Чанков, обласното раководство ги отфрлило барањата на македонските претставници, е сосема неосновано. М. Лалков, От надежда. . .,117.

[688] ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 37, бр. 4846; Пред да се формира претставништвото, ГШ на НОВ и ПОМ на 27 септември 1944 г. издал полномоштво за Македонскот комитет во Софија, во кој влегувал и Кирил Миљовски, да го претставува пред бугарската влада, пред НК на ОФ и пред македонската емиграција во Бугарија. Исто, к. 33, бр. 2274.

[689] Јосип Броз Тито престојувал во Москва во периодот од 21-28 септември 1944 г. S. Nešović, Diplomatska igra. . ., 64. М. лалков, От надежда. . ., 138.

[690] Тито, Собрани дела, т. 24, 22, 19.

[691] Содејството било регулирано од страна на командантот и политичкиот комесар на ГШ на НОВ и ПОМ со претставници на Третиот украински фронт и бугарската армија. Поопширно види: М. Апостолски, Погледи. . ., 320-338. Инцидентите се случувале и покрај настојувањето на ГШ на НОВ и ПОМ тие да се избегнат, за што до штабот на 50. корпус на НОВ и ПОМ била испратена децидна наредба. ДАРМ, фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 37/а, бр. 5653, к.37, бр. 2292; фонд: Брегалничко-струмички корпус, к. 59/а, бр. 6450.

позначајна помош при ослободувањето на Вардарскиот дел на Македонија од страна на бугарската армија.[692]

Обединувањето на Македонија како програмско-политичка цел во периодот од крајот на септември и почетокот на октомври 1944 г. фигурирало и во декларативните и во акционите чекори на македонската национала држава. Преку Третиот областен комитет на КПМ, во Пиринскиот дел се испраќал најразличен пропаганден материјал.[693] Михаило Апостолски и Бане Андреев за бугарските весници дале изјави во полза на обединувањето на Македонија.[694] Македонското претставништво во Софија интензивно работело на сите полиња, а со единствена цел–да се реализира присоединувањето на Пиринскиот дел кон ДФМ.[695]

Меѓутоа, кај бугарската страна постоеле резерви во врска со присоединувањето на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија. Без јавно да го откаже договорот од 25 септември 1944 г., БКП или не направила ништо конкретно од она што го ветила, или дури презела низа чекори кои биле во спротивност на тие ветувања.[696] Од овој период БКП сè почесто ја промовирала и застапувала тезата дека обединувањето на Македонија може и треба да се реши само преку создавање на една федерација меѓу Бугарија и Југославија.[697] Таквата теза, во која обединувањето на Македонија се врзува со низа меѓународни предуслови и услови, фактички значела одложување на реализацијата на присоединувањето на Пиринскиот дел на неодредено време и била само начин да се добие во време, а да не се исполнат обврските преземени пред македонските и југословенските претставници.

---

[692] На пример, тоа го регистрирал на 8 октомври 1944 г. и британскиот офицер за врска во југоисточна Македонија кој известил дека „. . .партизаните во моментот немаат никаква активна помош од Бугарите, ниту од Русите. . . во борбата со Германците“. Британските воени мисии. . ., док. 317, 338.

[693] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 86, 398.

[694] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 39, 130-133.

[695] Особени напори се вложувале за формирање на македонска бригада „Јане Сандански“ составена од Македонци од Пиринскиот дел на Македонија, која би претставувала реална поддршка на присоединувањето. ДАРМ, фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33, бр. 2275.

[696] Исто, бр. 2281, бр. 2275.

[697] Поопширно за планираната федерација: М. Лалков, От надежда. . ., 123. Ž. Avramovski, Devet projekata ugovora o jugoslovensko-bugarskom savezu i federaciji (1944-1947), Istorija XX veka, br. 2, Beograd, 1983, 91.; М. Михајлов, Прашањето на обединувањето. . ., 187-202.

Сето тоа во ДФМ предизвикувало незадоволство.[698] ЦК на КПМ реагирал со писмо до ЦК на БКП во почетокот на октомври 1944 г., во кое потсетил на сè она што било договорено.[699] Истовремено, интензивирана била работата сред македонското население во Пиринскиот дел, со цел да се воспостави доминантно политичко влијание од македонските националноослободителни сили во тој дел на Македонија. Зачестиле и јавните изјави за обединувањето на Македонија. Пецо Трајков, како командант на бригадата „Гоце Делчев", на конференција за печатот во Софија изјавил дека „треба да се оди на Солун, како и на другите места каде сè уште има Германци", но и дека „македонскиот народ има право на обединување во неговите историски граници".[700] Увереноста дека постои присоединување на Пиринскиот дел кон ДФМ секојдневно се зголемувала и кај населението од тој дел и кај емиграцијата во Бугарија.[701]

Во врска со невистинитите тврдења на бугарската пропаганда за „ослободителната" улога на новата отечественофронтовска бугарската армија во Вардарскиот дел на Македонија, Привременото македонско претставништво во Софија, по барање на ГШ на НОВ и ПОМ, испратило и официјален протест до бугарската влада.[702] Македонската војска до максимум ги напрегнала силите за ослободување на сè уште неослободените краеви на Вардарскиот дел на Македонија.[703]

Кон крајот на октомври 1944 г., во соглсност со сфаќањето дека за ДФМ, „прашањето за присоединување" на Пиринскиот дел е „основна и главна задача", Лазар Колишевски и Светозар Вукмановиќ–Темпо му испратиле конкретни насоки за работа на Кирил Миљовски.[704] Во нивното писмо се барало да се форсираат

[698] Вториот областен комитет на КПМ во својот материјал од 10 октомври 1944 г. го регистрира и критикува „нејасниот став на денешното бугарско правителство на отечествениот фронт по прашајнето на Македонија". Извори. . ., т. I, кн. 5, док. 73, 254-267.
[699] Исто, кн. 3, док. 84, 391-392.
[700] Dokumenti centralnih organa. . ., kn. 20, dok. 24, 184-186; dok. 39, 226.
[701] ДАРМ, фонд: Македонска емиграција во Бугарија, к. 33, бр. 2543, бр. 2289
[702] Документационо одделение на ИНИ, фонд: Брегалничко-струмички корпус, к. 68, бр. 1526.
[703] Зборник докумената. . ., т. VII, кн. 4, док. 131, 261-263.
[704] Во октомври 1944 г. британскиот офицер во ГШ на НОВ и ПОМ, мајорот Дикенсон, пишувал дека Темпо и Апостолски, по враќањето од Софија, истакнале дека „Ние не живееме за ништо друго освен да ја видиме слободна МАКЕДОНИЈА обединета во рамките на нејзините историски граници". Британските воени мисии. . ., док. 292, 321.

активностите околу создавањето на македонската дивизија „Јане Сандански" во Пиринскиот дел и активностите околу претворање на „одборите на Отечествениот фронт од Горноџумајската област во одбори на обединувањето". Се одобрувало и создавањето на весникот „Пиринско ехо" преку кој ќе се засили пропагандната активност. Се барале начини за поактивно вклучување на македонската емиграција во реализација на обединувањето на двата дела од Македонија. Се барало македонските претензии и очекувања да се поставаат во една остра форма пред бугарските власти и БКП.[705] Всушност, од целото писмо очигледна е супериорната позиција на ДФМ респективно и на ДФЈ во однос на Бугарија во овој период. И уште повеќе, Пиринскиот дел на Македонија бил сметан како територија окупирана од Бугарија, а тоа значи дека третманот бил дека постои само привремена бугарска власт во тој дел од Македонија.[706]

БКП својот негативен однос кон присоединувањето на Пиринскиот дел, го официјализирала на состаноците на нејзиниот ЦК на 20 и 25 октомври 1944 г.[707] Веднаш, на Киро Миљовски и Мире Анастасов како членови на Македонското претставништво во Софија и Асен Чаракчиев како автор на резолицијата за Обласната партиска конференција што требало да се одржи во Горна Џумаја, им било укажано на ставовите на БКП со кои присоединувањето во никој случај не смеело да се поставува „акционо".[708] Затоа во резолуцијата, донесена на Обласната конференција, присоединувањето на Пиринскиот дел се ставало во сферата на агитационо дејствување за подготовки на тој чин.[709]

Наспроти таквиот однос на БКП, во ДФМ зачестиле јавните изјави во прилог на обединувањето. На митингот во Битола. на 7 ноември 1944 г., Методи Андонов–Ченто, Михаило Апостолски и Светозар Вукмановиќ–Темпо акцентот го ставиле

---

[705] Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 94, 417-420.

[706] Киро Миљовски на Димитар Ганев и Владимир Поптомов дословно им рекол дека Пиринскиот дел е територија „окупирана од Бугарите". ДАРМ, фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33, бр. 2284.

[707] БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 432, 1125-1126, док, .435, 1128-1129.

[708] ДАРМ, фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33, бр. 2284. Извори. . ., т. I, кн. 3, док. 101, 442-445. Од тој период, во разни пригоди резервиран однос, па дури и спротиставување изнесувале повеќе раководители на БКП. ДАРМ, фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33, бр. 2278

[709] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 50, 161.

токму врз прашањето на обединувањето на Македонија.[710] На Антифашистичкото собрание на Србија за обединувањето на Македонија најпрво зборувал Димитар Влахов и тоа во присуство на Јосип Броз Тито.[711] Потоа, за македонското обединување зборувал и Светозар Вукмановиќ–Темпо. Всушност, скоро целото негово обраќање се однесувало токму на тоа прашање.[712] И двајцата, помеѓу останатото, истакнале дека прашањето за обединување има поддршка од цела Југославија.

Но, Светозар Вукмановиќ–Темпо и Димитар Влахов пребрзале со донесувањето на заклучокот околу поддршката на Југославија за македонското обединување. При одржувањето на Антифашистичкото собрание на Србија, и одржаната средба меѓу југословенските и бугарските претставници, македонското национално прашање било врамено во преговорите за федерација. БКП била упатена и на директни разговори со КПМ.[713] Во секој случај, КПЈ не се откажала од присоединувањето на Пиринскиот дел, па Јосип Броз Тито неколку дена подоцна пред ЦК на КПЈ decidно изјавил дека „бугарска Македонија ќе биди приклучена", без да прецизира временски рокови.[714] Сепак, интенцијата на југословенското раководство да го користи македонското национално прашање во онаа насока која моментално најмногу одговара на чекорите преземани на планот на сопствената меѓународно-политичка активност, во овај период кога сè уште се чинело дека евентуалното обединување на Македонија е сосема реално, ги ограничувало можностите за реализирање на обединувањето на Македонија.[715]

Во таква атмосфера, меѓу 20-30 ноември 1944 г. биле водени разговорите на раководството на КПМ со Димитар Ганев, кој како претставник на БКП пристигнал во Скопје. Македонското партиско раководство, иако формално се согласило со ставот околу присоединувањето усогласен меѓу Јосип Броз Тито и претставниците

[710] „Нова Македонија" г. I, бр. 2, 14 ноември 1944, 4.
[711] АСНОМ-документи. . ., т. I, кн. 7, док. 166, 465-569.
[712] Исто, док. 24, 95-96.
[713] Исто, док. 51, 162-164. В. Ангелов, Вик в съня, материали за съпротивата на Владимир Поптомов срещу македонизацията в Пиринския край (1944-1959), София, 2005, 129.
[714] Dokumenti centralnih organa. . ., kn. 21, dok. 21, 125.
[715] Згора на тоа, во тие моменти, британската дипломатија решително се спротиставувала на било какви чекори за обединување на Македонија. Велика Британија и Македонија. . ., т. I, док. 22, 85-90.

на БКП, сепак, фактички останало на своето гледиште дека „обединувањето на Македонија не може да биде поставено во врска со никакви услови. . .“[716]

Промената на ставовите кај највисокото југословенско раководство во однос на присоединувањето на Пиринскиот дел веднаш се почувствувало во декларативните и акционите чекори на политичката сцена во Македонија, Југославија и Бугарија. Од бугарска страна веднаш се побарало Привременото македонско претставништво да дејствува во целосна согласност со бугарските власти и БКП.[717] Бугарските власти започнале да прават пречки во работата на македонските емигрантски организации, на што тие реагирале и се спротиставувале.[718] Проретчиле јавните изјави за обединувањето, а зачестиле заложбите за јужнословенска федерација. Дури и претставниците од ДФМ се воздржувале да зборуваат за присоединувањето на Пиринскиот дел.[719] Всушност, иако јавното прокламирање на барањето за присоединување на Пиринскиот дел било редуцирано, сепак, тоа не било целосно и напуштено. На Првата конференција на НОФ на Македонија на 26 ноември 1944 г., повторно се појавиле заложбите за обединување. Бане Андреев во својство на подносител на политичкиот реферат, најпрво истакнал дека македонското националноослободително движење „се бореше и се бори за правото на самоопределение и слободно обединение на сите народи“.[720]

Сето тоа покажува дека крајот на 1944 г., односно Второто заседание на АСНОМ биле дочекани во атмосфера во која од една страна биле реалните меѓународни услови кои не оделе во прилог на присоединувањето на Пиринскиот дел и воопшто на обединувањето на Македонија и од другата страна бил силниот

---

[716] Димитар Влахов најупорно ја бранел тезата дека неодложно треба да се изврши присоединувањето на Пиринскиот дел. Но, Димитар Ганев во својот извештај до ЦК на БКП посочил дека сите во ЦК на КПМ „гледаат на нештата доста тесноградо и дури секташки. . .“ На крајот, во врска со присоединувањето не била постигната спогодба, туку било решено тоа прашање повторно да се разгледува од ЦК на КПЈ и ЦК на БКП. БКП, Коминтернът и. . ., т. втори, док. 457, 1167-1169.

[717] Dokumenti centralnih organa. . ., kn. 21, dok. 20, 122.

[718] ДАРМ, фонд: Македонска емиграција во Бугарија, к. 33, бр. 2531.

[719] АСНОМ-документи, Скопје, 2004, том I, кн. 7, док. 54, 168-172; док. 55, 173-175. Но, она што македонските раководители го избегнувале, македонската емиграција во Бугарија продолжила да го истакнува на преден план. „Нова Македонија“ г. I, бр. 17, Скопје, 16 декември 1944; бр. 19, 19 декември 1944.

[720] Исто, бр. 5, 30 ноември 1944, 3.

стремеж на македонскиот народ за национално обединување. Таквата поларизирана атмосфера, наредниот период сосема природно ќе предизвикува политичка поларизација внатре во раководните политички структури на ДФМ. Поларизација, која во наредниот период сè повеќе и повеќе, ќе се продлабочува и ќе предизвикува меѓусебни политички несогласувања и разногласија.

***

*

Веќе формулираната и јавно прокламирана македонска националноослободителна платформа преку Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ овозможувала од почетокот на 1944 г. македонското националноослободително движење поинтензивно да работи за виталните на македонските национални интереси. Усвојувањето на платформата влијаела и во насока на утврдување и на основните македонски национални барања во Егејскиот дел на Македонија. Всушност, врз основа на македонската националноослободителна платформа формулирана во Вардарскиот дел, македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, внесувајќи ги специфичностите во кои се развивал македонскиот народ и неговата борба, изготвило своја националноослободителна платформа.

Македонското националноослободително движење од тој дел на Македонија пред КПГ и ЕАМ ги поставило своите национални барања и преку дејствувањето на СНОФ, започнало да работи на нивна реализација. Реакцијата на ЕАМ и КПГ била негативна во насока на ограничување на националните права на Македонците. Сепак, со поддршка на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел, раководителите од Егејскиот дел на Македонија опстојале на своите македонски национални позиции и го продолжиле организирањето на Македонците во вооружената антифашистичка борба.

Константната присутност на единиците на НОВ и ПОМ на теренот од Егејскиот дел на Македонија, за македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел значело неминовно инволвирање во проблемите сврзани со третманот од страна на соседното грчко ослободително движење на Македонците од Егејскиот дел и нивната антифашистичка борба. Всушност, движејќи се во

координанти определени од сопствениот национален интерес, интересите на југословенското ослободително движење и интересите на КПГ и ЕАМ, македонското национоалноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија настојувало да ги помага и поддржува Македонците од Егејскиот дел на Македонија во насока на добивање на национални права и македонски национални воено-политички институции, со што, во крајна линија, се создавал терен, при поволни меѓународни околности, да се пристапи кон реализирање на определбата од македонската националноослободителна платформа за обединување на Македонија.

Односите меѓу македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија со КПГ и грчкото ослободително движење под негова контрола, во ситуација на постоење на изразито негативен однос кон македонските национални права во Егејскиот дел на Македонија, непрестано биле затегнати, со голема недоверба и низа недоразбирања. Меѓусебните обвинувања во меѓупартиската комуникација во текот на првата половина на 1944 г. биле скоро вообичаена појава. Кулминационата точка на тој судир претставува прифаќањето на одделените македонски партизани од ЕЛАС во мај 1944 г. во редовите на НОВ и ПОМ. Иако во јуни 1944 г. донекаде биле надминати недоразбирањата, сепак, тоа не можело да биде долготрајно бидејќи КПГ и понатаму немала позитивен став кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија и нивната антифашистичка определба.

Македонската националноослободителна платформа највисоката точка на својата реализација ја добила преку решенијата на Првото заседание на АСНОМ од 2 август 1944 г. Со тие решенија била дефинитивно формално-правно конституирана македонската национална држава, а тоа недвојбено било еден од круцијалните заложби во македонската националноослободителна платформа. Решенијата на АСНОМ во насока на потенцирање и потврдување на македонскиот национален идентитет, на определба за влегување на македонската држава како федерална единка во авнојска Југославија, на постигнатото национално и политичко единство, на широката идејно-политичка основа на НОАВМ и на определбата за меѓунационална рамноправност, всушност, го отсликувале успехот во реализацијата и на други точки од платформата. Сепак, само декларативните заложби за

обединувањето на Македонија и македонскиот народ и за единство на македонската националноослободителна и антифашистичка борба на Македонците од сите делови на Македонија, без да има поголеми и видливи практични резултати на тој план, во крајна линија, ги правеле решенијата на АСНОМ само делумна реализација на македонското националноослободително движење.

Заради тоа, во периодот што следувал по Првото заседание на АСНОМ се пристапило кон поинтензивни активности и усилби на планот на обединувањето на македонскиот народ. Секако, и во однос на Егејскиот дел и во однос на Пиринскиот дел на Македонија, чекорите биле ограничени во рамките на реалните балкански и светски воено-политички констелации.

Македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија настојувало да изврши притисок врз ЕАМ и КПГ, пред сѐ, во насока на формирање на македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија од воен, политички и културен карактер. Со тоа, секако, се сметало дека би се создале предуслови за евентуално идно обединување. Наспроти тоа, ЕАМ и КПГ настојувале да ги ограничат националните права на Македонците и да не дозволат дејствување на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија надвор од негова контрола. Во октомври 1944 г. со одделувањето на македонските единици од ЕАЛС и нивниот премин во Вардарскиот дел на Македонија, односите толку многу се заостриле што на моменти се чинело дека ќе уследи отворена воена интервенција на единиците на НОВ и ПОМ во насока на поддршка на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија.

Отворената поддршка на раководството на ДФМ на македонското националноослободително движење од Егејскиот дел на Македонија, во периодот октомври и ноември 1944 г., предизвикала реакција на британската дипломатија до југословенското раководство со цел да се обезбеди предвоениот интегритет на Грција, односно да се обезбедат своите стратегиски интереси во поглед на Грција. Под тој притисок, југословенското раководство издало соодветни инструкции до раководството на ДФМ за избегнување на чекори на отворено мешање во „грчките

работи" и фактички, барем за овој период, го затворило прашањето за обединување на Егејскиот дел на Македонија.

Што се однесува на обединувањето на Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија во периодот меѓу Првото и Второто заседание на АСНОМ, неодминлив е впечатокот дека таквата можност била доста реална и остварлива. Поаѓајќи од таквата атмосфера во тој период, раководителите и од ДФМ и од југословенското ослободително движење вршеле силен притисок на прокомунистичката отечественофронтовска власт за присоединување на Пиринскиот кон Вардарскиот дел на Македонија.

Бугарската страна во тој период, иако не го одрекувала правото на обединување на Македонија и македонскиот народ, сепак, настојувала да го одложи присоединувањето на Пиринскиот кон Вардарскиот дел. Како формален изговор во тој контекст го користела прашањето за создавање на федерација меѓу Бугарија и Југославија во чии рамки би се случило обединувањето на двата македонски дела.

Постепено прашањето за присоединување на Пиринскиот кон Вардарскиот дел на Македонија било ставено во рамките на југословенско-бугарските односи и пошироките воено-политички констелации, со што можностите за поволна реализација од аспект на македонските национални интереси се намалувале. Но и покрај тоа, во овој период, Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и македонската емиграција во Бугарија, со поддршка на ДФМ, добиле можност отворено и силно да го манифестираат својот македонски национален индивидуалитет и да ги бараат своите национални права во сите области на општествениот и културниот живот на Бугарија. Тоа било придобивка од големо значење за афирмација на македонскиот национален идентитет воопшто.

**Заклучок:**

Гледано во еден подолг временски период, една од основните карактеристики на македонската националноослободителна борба е нејзиното продолжено траење. Од тоа произлезе и долготрајниот процес на изградба на македонската националноослободителна платформа. Без разлика на сите промени што се случиле во време на одвивањето на тој процес, без разлика на промените во структурата на македонското ослободително движење, сепак, сосема јасно може да се констатира дека постои континуитет на целите на ослободителна борба на македонскиот народ. Континуитет кој најопшто може да се лоцира во барање на политичка, економско-социјална и културна слобода со формирање на своја држава во природно географските и етнички граници на Македонија.

Значи, долготрајноста, сосема логично, произведе перманентна еволуција на заложбите и ставовите околу виталните интереси на македонскиот народ. Имено, таа во зависност од актуелните состојби кои наметнувале нови елементи во македонското национално прашање и нови методи на борба, морала константно да се менува и надополнува. И секогаш морала да остане во реалноста, односно да ги усогласи целите и начините за реализирање на македонските национални интереси со мноштвото антагонизирани интереси на големите и балканските сили во однос на Македонија. Неснаоѓањето во тие констелации можело да биде фатално за иднината на Македонија.

А, македонската националноослободителна платформа и уште повеќе нејзината практична реализација, во текот на НОАВМ се одвивале во целосно неповолни околности.

Пред сѐ, во услови на окупација и силен полициски терор. Во атмосфера на „триумф“ на големобугарската и големоалбанската идеја. Во услови на негативна поставеност на големите сили од антифашистичката коалиција кон било какви македонски национални барања. Особено западните сојузници, кои долго време не го прифаќаа ниту внатрешното преустројство на Југославија на федерални основи. Од тој аспект погледнато, и самата македонска национална држава, изградувана во текот на војната и конституирана со АСНОМ, се наоѓала под прашање.

Благодарејќи, пред сè, на изградената јасна македонска националноослободителна платформа и на изградената македонска воена сила за нејзино оживотворување, како и на недвојбеното застанување на моќното југословенско ослободително движење на федертивните принципи за изградување на новата југословенска држава, големите сили фактички биле ставени пред „свршен чин" во однос на ДФМ.

Натаму, сите граѓански политички сили на Балканот биле исклучиво антимакедонски насочени. Не го признавале македонскиот национален идентитет, и консеквентно не прифаќале конституирање на било какви варијанти за македонската државност. Сите се залагале за зачувување на предвоениот status quo на Балканот, односно за реставрација на предвоените држави.

На крајот, она што е особено значајно во контекст на изградувањето и реализирањето на македонската платформа, е фактот дека и комунистичките партии од Грција, Бугарија и Југославија немале единствено гледиште кон македонското национално прашање. И не само што имале разлики, туку за одредени сегменти имале целосно спротиставени ставови. Сите настојувале, не само да се запази територијалниот интегритет на нивните предвоени држави, туку, ако е можно, и да се добијат територијални проширувања. Македонија во тие рамки, како и во минатото, била една од територите кон која биле насочени таквите претензии. Од таквите ставови, консеквентно произлегувало и нивното спротиставување на создавањето на општомакедонска организација која вооружената антиокупаторска борба на Македонците ќе ја претвори во општомакедонска антифашистичка војна. Во крајна линија, биле против обединувањето на македонскиот народ. Површното поставување во македонската националноослободителна платформа и нерешителноста во практичните акции на македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во однос на прашањето за обединување на Македонија се должат, во голема мерка, токму на негативните ставови за македонското обединување на КПГ и БКП.

Поконкретно и поединечно погледнато, политиката и односот на КП и ослободителните движења во Југославија, Грција и Бугарија се сведува на следните констатации:

Политиката на КПЈ, односно југословенското ослободително движење кон Македонија и македонското национално прашање биле од првостепено значење за НОАВМ. Најпрво, од едноставната причина што КПМ, односно македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија делувале во нивни рамки. Притоа, мора да се има предвид дека КПЈ непрестано била типичен пример за монолитна и централистичка партија, што значи дека централизмот во решавањето и непроменливоста на решенијата на повисоките партиски форуми биле основните белези во нејзината работа. Потоа, прифаќањето на македонскиот национален идентитет како историска реалност и инкорпорирањето на тој факт во својата политичко-национална програма, како и прогласувањето на Второто заседание на АВНОЈ, на сè уште формално-правно неконституираната македонска држава, за рамноправен дел од идната нова Југославија, на КПЈ му го доделува најзначајното место од сите вонмакедонски фактори во решавањето на македонското национално прашање во текот на Втората светска војна. Но, токму тука лежи и нејзината најголема одговорност за нерешавањето на тоа прашање во целост. Всушност, најголемиот проблем се состоел во државотворната политика на ниво на Југославија, која ја направиле КПЈ непрестано да ги функционализира чекорите што ги преземала при решавањето на македонското национално прашање. Така, обединувањето на македонскиот народ во ниеден момент не станало „акционо барање“, туку само пропагандно средство за притисок, во функција на интересите на југословенското ослободително движење, односно федеративна Југославија. Таквото преголемо тактизирање со најзначајното прашање од аспект на македонските национални интереси, најверојатно претставуваше најголема причина за одолженото прифаќање на југословенската опција за државноправниот статус на Македонија.

За КПГ македонското национално прашање уште од триесеттите години на XX век беше само малцински проблем, а на моменти во прашање бил доведуван и одделниот македонски национален идентитет. БКП имала недоследен и неконзистентен став кон македонското национално прашање. Нејзината еволуција од пред војната се движела од непризнавање на македонската нација, за во триесеттите години да се прифати одделниот македонски национален идентитет и

официјално на тој став да се опстојува и во текот на војната. Но никогаш премногу тој став не се експонирал, и БКП, всушност, задржувала простор да го напушти во за неа погодни и корисни околности. Покрај тоа, поединечните негирања на македонскиот национален идентитет од некои од највисоките раководители на БКП биле редовна појава. Она што БКП никогаш не го прифатила, било формирањето на македонската национална држава. Најдобро тоа го докажала во периодот после формирањето на отечестфенофронтовската влада на Бугарија, кога се создале услови за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија. Тогаш, иако не отворено, но, сепак, се спротиставила и го закочила таквиот процес. Општитиот заклучок е дека комунистичкото движење на Балканот во однос на обединувањето на Македонија и во текот на Втората светска војна имало негативен однос. Или кажано со други зборови, се покажало дека различните национални интереси, и покрај идеологијата на пролетерски интернационализам, и тоа како се содржани во политиката на комунистичките партии од балканските земји. На некој начин, историјата се повторувала, иако наместо граѓанските субјекти во борбата за освојување на власта и воспоставување на меѓусебна балканска соработка биле комунистички субјекти.

Таквите општи неповолни услови се одразиле и на доцнењето со изработката на македонската националноослободителна платформа. Имено, предвоените теоретски разработки на македонското национално прашање и неговото интегрално решавање, во рамките на ВМРО (об.), а особено оние на Васил Ивановски–Бистришки, претставувале солидна подлога за изработување на една национална платформа. Од друга страна, немањето општомакедонска организација, оневозможувал таа подлога солидно да се познава, разработува и практично применува. Длабоката поделеност на македонското политичко и национално ткиво во предвоениот период продуцирал идејна конфузија, која негативно влијаела врз изградувањето на македонската ослободителна платформа. Всушност, предвоениот период со целата своја конфузија на организационен и идеен план, продуцирал стремежот за сопствена држава да стане доминантен идеал и барање кај македонскиот народ во тој период. Останатите национални атрибути биле ставени на заден план и најчесто воопшто не биле видливи. Сето тоа

претставувало аномалија што една македонска национална платформа не смеела да ја содржи.

Во секој случај, силите на македонското национаноослободително движење, пред сè, оние во Вардарскиот дел на Македонија кои имале пиемонтска улога, ја дочекале окупацијата на земјата без некој прецизен концепт за сопствено дејствување. Изработката на платформа соодветна на новосоздадените услови, иако била првостепена задача, не само од аспект на партиската организација, туку и од аспект на националните интереси на сиот македонски народ, сепак, била ставена во втор план. Се чини и дека премалку се имало свест за потребата од изготвување на една комплетна национална платформа. Впрочем, таква и до крајот на војната не била изготвена. Дури во првите две години, не само што не постои „дискусија“ околу обединувањето на Македонија, туку не постои ниту поставување на прашањето за статусот на Македонците во Пиринскиот и Егејскиот дел и делот под Албанија.

На одложеното формулирање на националноослободителните цели влијаеле, пред сè, преголемата концентрираност на класно-пролетерските задачи и судирот околу организационата припадност кон КПЈ или БКП. И покрај разрешувањето на тој судир во август-септември 1941 г., идејната борба околу прифаќањето на концептот за дејствување на едната или другата партија продолжила и во наредниот период. Изготвувањето на идејна и политичка ослободителна платформа, во таква ситуација, сосема природно и не можело да се направи.

Јасни биле македонскиот национален идентитет, континуитетот со Илинден и антифашистичката определба. Јасно било и дека не смее да се остане пасивен и да се прифати окупацијата. Но, сето друго–било нејасно. Владеела целосна идејна и организациона конфузија. Недостигале низа определби за клучни прашања од национално-политички карактер. Дури и кога се постигнало некакво единство со формирањето на Привремениот покраински комитет, заради загубата на поголемиот дел од неговиот кадровски состав, прашањето за изработка на платформа, иако стрикно била набележано, повторно останало да чека подобри времиња. Во целиот тој период идејните недоречености биле вообичаени во програмските документи. Особено околу прашањата сврзани со патот и рамката за остварување на државноста и обединувањето ма македонскиот народ.

Таквата положба траела сè до летото 1943 г. кога веќе било сосема јасно дека непостоењето на основна националноослободителна платформа, од една страна, претставува кочница на нагорниот развој на НОАВМ, а од друга страна, со оглед на настаните на глобалната сцена, може да биде на штета и за сите дотогашни национални придобивки. Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ ја претставува решавачката точка во изработката на македонската националноослободителна платформа. Основните нејзини постулати тука дефинитивно биле разјаснети и утврдени. Ама, сепак, не биле и писмено набележани и обнародени. Тоа се случило дури два месеци подоцна, со изготвувањето и објавувањето на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. Со тоа, во најголема мерка, завршила изработката на основна националноослободителната платформа на македонскиот народ во услови на окупација.

Секако, прифаќањето на „југословенското решение" предизвикала логична контрареакција, најексплицитно изразена во Приговорот на Манифестот на ГШ, меѓутоа, заради реалноста на усвоеното решение, таа немала некои поголеми последици врз усвоената платформа. Во натамошниот период се работело, од една страна, на широко пропагирање и усвојување на платформата од Манифестот сред македонскиот народ, а од друга страна, доизградување и усогласување на решенијата со раководството на југословенското ослободително движење.

Значи, да заклучиме. И покрај низата тешкотии, грешки, промашувања, идејни и идеолошки талкања, сепак, изградувањето на македонската националноослободителна платформа бил процес, кој со помал или поголем интензитет, континуирано и прогресивно се одвивал на општествената сцена на Македонија. Преспанскиот состанок и неговите решенија, промовирани преку Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, ја претставуваат основната националноослободителна платформа. Со свикувањето и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, таа платформата во најголем дел била реализирана.

Конституирањето на македонска национална држава на Првото заседание на АСНОМ несомнено е највисокиот дострел во македонската национална историја. Тоа е синтеза на долгогодишната борба за национална афирмација и ослободување, за создавање на своја национална држава, синтеза на сите останати долгогодишни

достигнувања на економско, политичко, интелектуално и културно поле. Македонската националноослободителна платформа во таа точка ја има својата највисока реализација. Она што не било реализирано, било обединувањето на Македонија и македонскиот народ, па затоа во наредниот период продолжиле обидите и таа, можеби најважна, но секако најкомплицирана точка од платформата, да се оживотвори.

Македонската националноослободителна платформа во НОАВМ во себе инкорпорирала неколку клучни елементи: создавање на македонска војска и водење на антифашистичка ослободителна војна; манифестирање на македонскиот национален идентитет; постигнување на политичко единство на македонскиот народ, со истовремена национална и идејна диференцијација од останатите протагонисти на македонската политичка сцена; декларирање на меѓунационална рамноправност; и изградување на македонска национална држава на целата етничка македонска територија.

Во текот на Втората светска војна изградувањето на македонска војска која ќе води успешна антифашистичка и националноослободителна војна е определба од првостепено значење за реализација на националните барања. И тоа од повеќе аспекти. Прво, слободата морала да се извојува. Без сопствена воена сила тоа е незамисливо. Второ, оживотворување на националните идеали, исто така, бараленсоздавање на сопствена македонска војска. И како материјална сила за нивна реализација, и како атрибут на националниот идентитет на народот и неговата борба. Трето, воената организација имала значајна функција во изградувањето на државно-правните институции на ослободителната војна. Освен тоа, Главниот штаб на НОВ и ПОМ долго време беше носител на националниот суверинитет и орган со најголем политички престиж и легитимитет. Четврто, функцијата на изградената македонска војска се наоѓала, не само во реализацијата на македонската националноослободителна платформа, туку и во сочувувањето на стекнатите придобивки.

Имено, и во текот на војната, на сите им било јасно дека декларациите на големите сили за праведност по завршувањето на војната, не се принципиелни. Настаните на Балканот, особено во Грција по повлекувањето на германските војски

само ги потврдиле таквите заклучоци. Решавањето на проблемите на „зелена маса" обично редовно е на штета на помалите нации и држави. Успехот на југословенското и македонското ослободително движење во текот на војната во поглед на остварување на зацртаните цели, без разлика на степенот на тоа остварување, се должел, пред сè, на изградувањето на силна политичка основа и моќна воена организација. Од тој аспект погледнато, како практична реперкусија од реализирањето на македонската националноослободителна платформа произлегло прераснувањето на вооружената антифашистичка борба во националноослободителна војна, која претставувала негација и ревизија на Версајското уредување на глобален план.

Целата НОАВМ е проткаена со силна манифестација на одделното македонско национално чувство и, недвојбено, значеше и процес на натамошна национална еманципација на македонскиот народ. Наспроти негирањата на македонскиот национален идентитет од разни антимакедонски сили, за македонското националноослободително движење воопшто не е спорна македонската национална свест. Во текот на НОАВМ само упорно се надоградувало македонското национално сознание, се настојувало да се надминат историските последици од туѓите пропаганди и упорно се изградувало македонското национално единство. Македонското националноослободително движење во текот на НОАВМ, започнувајќи како претежно комунистичко движење, постепено, со масовизирањето, пред сè, преку учеството во борбата на селското население, постепено се трансформира во претежно национално движење. Така, националните стремежи и интереси постепено добиваат централно место во македонската ослободителна платформа. Националните идеали, родољубието и патриотизмот се главната движечка сила на сите активности преземани од македонското националноослободително движење и на целата борба. Афирмацијата на националниот принцип во македонската националноослободителна платформа се појавува како неодминлив услов за да се постави барањето за самоопределување и државноправно конституирање. Затоа вооружената антифашистичка борба во Македонија, со својата масовност и револуционерни национални и социјални цели, претставува, всушност, националноослободителна војна на македонскиот народ за

остварување на своите стремежи. Оттаму, едно е сосема јасно. Формулирање на програма или платформа која не би кореспондирала со вистинските национални стремежи на македонскиот народ сигурно значело елиминација од македонската политичка сцена. Од тој аспект, македонската националноослободителна платформа својата најдобра потврда ја има во нејзиното прифаќање од најголемиот дел на македонскиот народ и успешното оживотворување на крајот на НОАВМ.

Секако, без разлика на постепеното трансформирање на националниот момент во доминанта на платформата и ослободителната војна, класните цели и комунистичката идеологија не биле избришани од македонската националноослободителна платформа. Тие само биле ставени во заден план. КПМ била и останала во текот на целата националноослободителна војна основната раководна сила. Нејзиното раководство е најзаслужно за конципирањето и формулирањето на македонската националноослободителна платформа. КПМ со своето членство ја сочинува основата на македонското националноослободително движење и во организационен и во кадровски поглед. Притоа, особено за почетниот период кога имало многу проблеми во организирањето и опстојувањето на партизанските единици, значајна е изграденоста на комунистичката организација како монолитна партиска структура, во која личните интереси биле подредени на општите интереси на движењето и револуционерната борба, а фанатизамот, аскетскиот морал, строгата општествена и лична одговорност биле главна карактеристика на секоја личност. Всушност, затоа партизанските единици, кои во текот на војната се изградувале под директно водство и контрола на КПМ, претставувале високомотивирана и високоморална воена сила. Оттаму, македонското комунистичкото движење ја има, непорекливо, најголемата заслуга за успешната македонска националноослободителна војна и за сите придобивки од неа.

Но, мора да се истакне дека македонските комунисти како раководна сила во македонското националноослободително движење во Вардарскиот дел направиле и многу грешки и промашувања. Со оглед на наивната малубројност, младост и ниско идејно и интелектуално ниво, талкањата и грешките воопшто не се за изненадување. Најголемиот пропуст при концепирањето на ослободителната платформа, се чини дека бил направен со несфаќањето на сопствената раководна и решавачка улога при

решавањето на македонското национално прашање. Оттаму, чекорите во правец на создавање на единствена македонска организација, организирање на општомакедонска ослободителна војна и поставување на прашањето за обединување не биле ниту решителни, ниту доволни. Консеквентно на ова, може да се заклучи дека во македонската националноослободителна платформа премалку место им се отстапило на овие прашања.

Постигнувањето на идејно-политичко и национално единство на македонскиот народ, било потребно за со сопствени сили да се извојува слободата, и несомнено било еден од основните елементи на македонската националноослободителна платформа. Реализацијата имала проблеми, од една страна, заради длабоката поделеност на македонското национално ткиво од долгогодишните пропаганди, а од друга страна, заради комунистичката и „пројугословенската“ основа на македонското националноослободително движење. Особено проблематично како идејна одредница за политичка работа на планот на вклучување во вооружената борба на населението, било „југословенството“. Покрај малубројниот големосрпски елемент, никој во Македонија не сакал да слушне за стара Југославија, а камоли да се бори за нејзина рестарвација. Навистина, биле потребни големи ангажирања да се разбие стравот од враќање на старото уредување и да се објасни дека борбата е за една нова Југославија. Најверојатно, во целост не се успеало и до крајот на војната. Во секој случај, и на двете полиња се работело во текот на целата војна, врз база на практично привлекување во редовите на македонското националноослободително движење на луѓето без разлика на политичко-идеолошки, социјални или верски разлики. Впечатокот е дека и на ова поле можело да се направи многу повеќе особено на планот на привлекување во НОВ и ПОМ на старите илинденски борци.

Македонската националноослободителна платформа во текот на Втората светска војна недвојбено во себе содржела барање за постигнување на меѓунационално единство врз основа на гарантирање на рамноправен статус во идната македонска држава. Во практика тоа значело вклучување на националните малцинства во вооружената борба и тоа, особено во случајот со албанското население, каде постоел висок степен на национална хомогенизација и

националистичка заслепеност, воопшто не била едноставна задача за реализирање. Сепак, и покрај огромните тешкотии за практична реализација на планот на привлекување на националните малцинства, а особено албанското, во ниеден момент не биле напуштени позициите од македонската националноослободителна платформа.

На самиот крај, да потенцираме дека Втората светска војна кај македонскиот народ ги разбуди надежите дека преку учеството во војната на страната на антифашистичката коалиција, ќе бидат реализирани сите негови национални барања. Особено она за обединувањето. Концепцијата за реализирање на обединувањето била поставена, пред сè, врз водењето активна антифашистичка вооружена војна од Македонците на целиот етногеографски простор. Пиемонтската улога на Вардарскиот дел како што се приближувал крајот на војната сè повеќе доаѓала до израз. После Првото заседание на АСНОМ, обединувањето прераснува во најприоритетна задача на целото македонско националноослободително движење. Во тие моменти се чинело дека обединувањето е сосема реално и блиско. Особено присоединувањето на Пиринскиот дел кон ДФМ. Сепак, обединувањето и покрај сите усилби до крајот на 1944 г. не било реализирано. Таквиот епилог се должел на неколку причини. Пред сè, вмешаноста на тоа прашање на мноштвото вонмакедонски фактори. Потоа и на неподготвеноста на македонското националноослободително движење за еден таков потфат.

Оттаму, само донекаде оправдан е заклучокот дека била испуштена „историската шанса“ за полно и целосно ослободување на македонскиот народ и негово конституирање во единствена обединета национална држава. Создавањето на македонската национална држава само на еден дел од географската и етничката територија на Македонија и тоа како федерална единка во новата југословенска државна заедница, претставувало делумна реализација на македонската националноослободителна платформа, но сето тоа било во согласност со објективните услови и можности во тој историски момент.

Во секој случај, поаѓајќи од историскиот континуитет, од предвоеното и военото дејствување на Македонците од сите делови на Македонија, односно македонските националноослободителни движења од Вардарскиот, Егејскиот и

Пиринскиот дел на Македонија, реализацијата на македонската националноослободителна платформа, во крајна линија, претставува резултат на националната мисла и ослободителната борба на сите Македонци. Затоа, сепак, со оглед на почетните позиции во кои се наоѓале и македонското националноослободително движење и македонскиот народ, можеме да оцениме дека и делумното реализирање на македонската националноослободителна платформа претставува огромен успех со епохални придобивки за македонското национално опстојување.

**Кратенки**:

АВНОЈ------------- Антифашистичко собрание на народното ослободување на Југославија
АНОК------------- Акционен народноослободителен комитет
БЗНС-------------- Бугарскиот земјоделски народен сојуз
БКП---------------- Бугарска комунистичка партија
БКФ---------------- Балканска комунистичка федерација
БРП (к)------------ Бугарска работничка партија (комунисти)
в.--------------------- весник
ВМРО-------------- Внатрешна македонска революционерна организација
ВМОРО----------- Внатрешна македонско-одринска революционерна организација
ВМРО(Об.)------- Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета)
ВШ------------------ Врховен штаб
г.--------------------- година
ГИНИ-------------- Гласник на Институтот за национална историја
ГШ------------------- Главен штаб
ДАРМ-------------- Државен архив на Република Македонија
ДАРМ ПО--------- Државен архив на Република Македонија-Подрачно одделение
ДФМ---------------- Демократска федерална Македонија
ЕНОФ------------- Единствен народноослободителен фронт
ЗБ------------------- Задгранично биро
Зб.------------------- Зборник
ИК------------------ Извршен комитет
КИ----------------- Комунистичка интернационала, Коминтерна
кн.------------------- книга
КП------------------ Комунистичка партија
КПА--------------- Комунистичка партија на Албанија
КПГ---------------- Комунистичка партија на Грција
КПЈ----------------- Комунистичка партија на Југославија
КПМ--------------- Комунистичка партија на Македонија
МАО--------------- Македонска антифашистичка организација

МАНАПО--------- Македонско народно движење

МЕФО------------- Македонска емигрантска федеративна организација

МК------------------ Местен комитет

МЛК---------------- Македонски литературен кружок

МНК--------------- Македонски национален комитет

МНС---------------- Македонски народен сојуз

НОВ и ПОМ------ Народноослободителна војска и партизански одреди на Македонија

НОВА-------------- Народноослободителна востаничка армија

НОВЈ--------------- Народноослободителна војска на Југославија

н. д.------------------ наведено дело

НКОЈ-------------- Национален комитет за ослободување на Југославија

НК------------------ Национални комитет

НОК---------------- Народноослободителни комитети

НОО---------------- Народноослободителни одбори

НОПОМ---------- Народноослободителни и партизански одреди на Македонија

НОФ---------------- Народноослободителен фронт

н. с.------------------ наведена статија

НФ------------------ Народен фронт

ОФ------------------ Татковинскиот фронт

ПБ------------------ Политичко биро, Политбиро

ПВШ---------------- Покраински воен штаб

ПК------------------ Покраински комитет

ПО------------------ Партизански одред

СНОФ------------- Словеномакедонски народноослободителен фронт

сп.-------------------- списание

т.--------------------- том

ТМОРО----------- Тајна македо-одринска револуционерна организација

т.н.------------------ таканаречено

ЦК------------------- Централен комитет

**Извори и литература:**

**Необјавени извори:**

*Државен архив на Република Македонија*

фонд: Брегалничко-струмички корпус, к. 59/а.

фонд: ВМРО, к. 33.

фонд: Втора оперативна зона, к. 17; к. 17/а.

фонд: Втор обласген комитет. к. 11; к. 11/а; к. 11/б; к. 12; к. 12/а.

фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 35/б; к. 36; к. 36/б; к. 37.

фонд: Македонска емиграција во Бугарија, к. 33.

фонд: Народен фронт, к. 9, и к. 9/а.

фонд: НОБ-Скопје, к. 19.

фонд: Партизански единици, од к. 39 до к. 58.

фонд: Петта оперативна зона, к. 18.

фонд: Петти обласген комитет, к. 15.

фонд: Писма на Киро Миљовски, к. 33.

фонд: ПК КПМ, к. 1; 1-а; 1/б.

фонд: Прв обласген комитет, к. 10.

фонд: Прва оперативна зона, к. 16; к. 16/а.

фонд: Месген комитет-Битола, к. 20; к. 20/а.

фонд: Месген комитет-Прилеп, к. 21.

фонд: Месген комитет-Скопје, к. 19; 19/а; 19/б.

фонд: Трета оперативна зона, к. 18.

фонд: Трет обласген комитет, к. 13.

фонд: ЦК КПМ, к. 1/б; к. 2; к. 3.

фонд: ЦК на БКП, к. 34/а.

фонд: Четврта оперативна зона, к. 18.

фонд: Четврт обласген комитет, к. 14;

-Државен архив на Република Македонија-Подрачно одделение Битола

Збирка: фотокопии од Архив Војноисторискoг института бр. 716.

фонд: Битолски Обласген Народноослободителен одбор, бр. 538, к. 1.

фонд: Месген комитет на КПМ-Битола, бр. 642, к. 1.

*Документационо одделение на ИНИ:*

-Документи:

фонд: Брегалничко-струмички корпус, к. 68.

фонд: Втора оперативна зона, к. 17.

фонд: Втор обласен комитет, к. 16.

фонд: Главен штаб на НОВ и ПОМ, к. 44.

фонд: Егејска Македонија во НОБ, к. 3; к. 18.

фонд: Странски партии-КП на Грција, к. 39.

-Сеќавања и материјали:

Сл. IV 632: Ацо Петровски, Сеќавања за неговата активност во КПЈ и Синдикатот од крајот на 1918 година.

Сл. IV 117: Биографија на Марика П. Георгиева–Междуречка.

Сл. IV 882: Благој Талески, Сеќавања за формирањето на Вториот областен комитет на КПМ-Битола-Куси белешки.

Сл. IV 523: Георгиос Кикицас, Од дејноста на ЕЛАС во Македонија 1940-1945.

СЛ. IV 501: Добривое Радосављевиќ, Сеќавања од НО борба.

Сл. IV 540: Материјали за свештенството во НОБ.

Сл. IV 1134: Наум Пејов, Костурскиот батаљон во составот на I македонска народно ослободителна бригада.

Сл. IV 511: Од дневникот на другарот Платник.

Сл. IV 504: Перо Ивановски–Тиквар, За работата на Шарло и мешањето на БРП (к)

Сл. IV 888/IV: Сеќавања на Бане А. Андреев-Ронката за периодот од пучот во Покраинскиот комитет во 1942 година до 31 декември 1944 година-заминување во Белград.

Сл. IV 1056: Сеќавања на Ристо Бајалски за неговата револуционерна активност пред војната и за време на Втората светска војна и потоа.

Сл. IV 204/I: Стефанос Сарафис, ЕЛАС, Атина, 1946.

СЛ IV 807: Страхил Бегинов, Сеќавања; Автобиографија и изјави.

Сл. IV 416/I Танасис Мицопулос, Историја на XXX бригада на ЕЛАС (спомени и настани), прв дел.

Сл. IV 613: Цветко Узуновски, Сеќавања.

Реконструкција на Окружниот комитет-Тетово, Скопје, 2 октомври 1974, Р-35-1.

Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народноослободителната борба во Тетово, одржан на 5 и 6 декември 1955 година во Тетово, Р-6-1.

Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бившата Гевгелиска околија, одржан на 24, 25 и 26 мај 1957 година во Гевгелија, Р-18-1.

Стенографски белешки од состанокот со учесниците во формирањето на партиската организација во Дебар и околијата на ден 9, 10 и 11 март 1956 година во Скопје, Р-9-1.

**Објавени извори**:

Архивите говорят, БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), София, 1998.

АСНОМ-документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, т. I, кн. 1, Скопје, 1984.

Британските воени мисии во Македонија: документи, 1942-1945, Скопје, 2000.

Велика Британија и Македонија, документи, 18 август 1944-8 мај 1945, т. I, Скопје, 1995.

Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, дел 1, 1923-1925, Скопје, 1999.

ВМРО (Обединета): документи и материјали, кн. I и кн. II, Скопје, 1991.

Билјана Поповска, Државно-правна историја на Македонија-извори-, Скопје, 2005.

Българската комунистическа партия в резолюции и решения на конференциите и пленумите на ЦК, т. III, 1924-1944, София.

Външната политика на правителството на БЗНС–ноември 1919-юни 1923, Александар Стамболийски–документално наследство, София, 1989.

Документи и материали за историята на българския народ, София, 1969.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. II, Скопје, 1981.

Документи за воената организација во Македонија 1941-1945, Покраински и Главен штаб на Македонија 1941-1943, Скопје, 2001.

Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година,т. I, т. VII, кн. 1 и 2, Скопје, 1971, 1985 и 1987.

Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, т. VII, кн. 1- 4, Београд, 1952.

Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945, Документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско (1944-1945), том I, кн. 2, Битола, 1985.

Иван Катарџиев, Македонската национално-политичка мисла меѓу двете војни, Скопје, 1991.

Извори за историју СКЈ. Документи централних органа КПЈ и НОР-а и Револуције, 1941-1945, кн. 20 и кн. 21, Београд, 1987.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945, т. I-VII Скопје, 1968-1975.

Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, том. II, книга 2, Скопје, 1983.

Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Статии од весници и списанија од периодот на народноослободителната борба 1941-1944, т. I, кн. 2, Скопје, 1952.

KPG i makedonskoto nacionalno pra{awe 1918-1974, Skopje, 1982.

Македонскиот литературен кружок-Софија 1938-1941, документи, Скопје, 1995.

Македонското прашање на страниците од „Ризоспастис" меѓу двете војни, Скопје, 1982.

„Народен глас" орган на МК на прилепската партиска организација (1941-1943), Скопје, 1990.

Ослободувањето на федерална Македонија. Документи, т. III, Скопје, 2005.

Peta zemaljska konferencija KPJ (19-23 oktobar 1940), Beograd, 1980.

Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904-1908), Скопје, 1998.

Сè за Македонија, документи, Тодор Александров 1919-1924, Скопје, 2005.

Сталин и българският комунизъм. Из секретните руски и български архиви. Протоколи, стенограми, дневници, писма, София, 2002.

Тито, Јосип Броз, Собрани дела, Скопје, т. 1-23., 1980

**Монографии**:

Андоновски Христо, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944), Скопје, 1968, 227.

Ангелов Веселин, Вик в съня, материали за съпротивата на Владимир Поптомов срещу македонизацията в Пиринския край (1944-1959), София, 2005, 267.

Ангелов Веселин, Македонската кървава коледа; Създаване и утвърждаване на Вардарска Македония като република в югославската федерация (1943-1946), София, 2003., 346.

Ангелов Веселин, Хроника на едно национално предателство, Благоевград, 1999, 302.

Ајановски Вангел –Оче, Егејски бури, Скопје, 1975, 448.

Апостолски Михајло, Од Кожуф до Богомила и Козјак, Скопје, 1959, 265.

Апостолски Михајло, Погледи врз југословенско-бугарските односи во Втората светска војна, Скопје, 1980, 430.

Апостолски Михајло, Февруарски поход, Скопје, 305.

Арсов Љупчо, Сведоштва, Скопје, 1984, 452.

Ацева Вера, Писмо до Светозар Вукмановиќ–Темпо, Скопје, 1991, 400.

Barker Elisabeth, Churchill i Eden u ratu, Globus, Zagreb, 1980, 324.

Брезоски Велимир, Комунистичка партија на Македонија 1941-1944, Скопје, 2003, 400.

Брезовски Велимир, Ослободителната војна во Македонија во 1943 (на територијата на СР Македонија), Скопје, 1971, 415.

Boffa Giuseppe, Povjest Sovjetskog saveza, kn. 2, Opatija, 1985, 565.

Василев Васил, Правителството на БЗНС, ВМРО и Българо-югославските отношения, София, 1991, 343.

Велјановски Новица, АСНОМ-државотворни димензии, Скопје, 1994, 242.

Велјановски Новица, Државно-правниот развој на Македонија, Скопје, 1992, 320.

Велјановски Новица, Македонија 1945-1991-држвност и независност, 2002, 406.

Велјановски Новица, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1941-1944, Скопје, 1996, 232.

Велјановски Новица, Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност, Скопје, 2004, 413.

Велјановски Новица, Народната власт во Македонија 1941-1944, Скопје, 1983, 371.

Vlajčić Gordana, Jugoslavenska revolucija i nacionalno pitanje (1919-1927.), Zagreb, 1987, 525.

Vlajčić Gordana, Kominterna i taktika borbe „klase protiv klase“ 1927-1934, Zagreb, 1989, 160.

Влахов Димитар, Мемоари, Скопје, 1953, 370.

Вукмановиќ Светозар–Темпо, Борба за Балканот, Скопје, 1982, 523.

Vukmanović–Tempo, Revolucija koja teče, kn. 2 i 3, Zagreb, 1982,.

Влаховиќ Вељко, Тези за македонското национално прашање, Скопје, 1977, 235.

Гошева Вера, Илинденската организација (1921-1947), Скопје, 2004, 280.

Груевски Томе, Илковски Марко, Конгресите на младината на Македонија, Скопје, 1983, 247.

Груев Стефан, Корона от тръни, царуването на Борис III 1918-1943, София, 1991, 493.

Даскалов Георги, Участта на българите в Егейска Македония 1936-1946, София, 1999, 911.

Dedijer Vladimir, Interesne sfere, Beograd, 1980, 494.

Дедијер Владимир, Југословенско-албански односи (1939-1948), Београд, 1949, 234.

Dedijer Vladimir, Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita, Rijeka , 1981, kn. 1, 679.

Димитријевски Марјан, Македонија во антифашистичката војна (1944-1945), Скопје, 1995, 336.

Димитријевски Марјан, Македонската војска (1944-1945), Скопје, 1999, 266.

Димитров В. Георги, Становище и политика на БКП по македонския въпрос, Благоевград, 1971, 68.

Drugi svetski rat. Pregled ratnih operacija, knjiga IV, Beograd, 1967, 708.

Đuretić Veselin, Vlada na bespuću, internacionalizacija jugoslovenskih protivrječnosti na poloitičkoj pozornici Drugog svetskog rata, Beograd, 1982, 314.

Златна книга–100 години ВМРО, Скопје, 1993, 275.

Зографски Данчо, Комунистичкото движење и НОБ во Македонија, Скопје, 1986, 424.

Зографски Данчо, Одбрани дела, Скопје, 1986, кн. 6, 639.

Ивановски Васил, Зошто ние Македонците сме одделна нација, Скопје, 1995, 325.

Ивановски Владо, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, Скопје, 1973, 362.

Ивановски Владо, Преспанскиот состанок на ЦК КПМ, Скопје, 1983, 19.

Ивановски Владо, Танковски Ѓорги–Лилин, Јанкуловски Кице, Хронологија на настаните во Преспа, 1912-1944, Битола, 1995, 463.

История на антифашистката борба в България, т. II, София, 1976, 487.

Историја Савеза комуниста Југославије, Београд, 1985, 483.

Јелавич Барбара, Историја на Балканот, дваесетти век, кн. 2, Скопје, 1999, 567.

Йончев Димитър, България и беломорието (октомври 1940-9 септември 1944), София, 1993, 198.

Јотевски Васил, Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонја 1944-1948 година, Скопје, 1996, 180.

Јотевски Васил, Никола Парапунов, Скопје, 2004, 119.

Kalvokorezi Piter, Vint Gaj, Totalni rat, Beograd, 1987, 778.

Картов Владо, Ангел Динев-живот и дело, Скопје, 1983, 224.

Картов Владо, Борбата на македонскиот народ за национално самоопределување (1912-1941), Скопје, 1987, 483.

Катарџиев Иван, Борба до победа, Скопје, 1983, кн. 2 и кн. 3.

Катарџиев Иван, Македонија спроти Втората светска војна, Скопје, 1999, 328.

Катарџиев Иван, Македонија сто години по Илинденското востание, Скопје, 2003, 432.

Катарџиев Иван, По врвиците на македонската историја, Скопје, 1986, 478.

Катарџиев Иван, Соседите и Македонија, Скопје, 1998, 216.

Кирјазовски Ристо, Вангел Ајановски–Оче, Скопје, 2001, 120.

Киријазовски Ристо, Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија (1941-1945), Скопје, 1987, 313.

Кирјазовски Ристо, Македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 1987, 313.

Кирјазовски Ристо, Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција, Скопје, 1998, 375.

Киријазовски Ристо, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949), Скопје, 1981, 169.

Kitanović Branko, Kurska bitka, Pula, 1985, 252.

Kitanović Branko, Moskovska bitka, Pula, 1985, 331.

Kitanović Branko, Staljingradska bitka, Pula, 1985, 295.

Китановски Боро, Првите македонски училишта во НОБ, Скопје, 1973, 135.

Киселиновски Стојан, КПГ и македонското национално прашање (1918-1940), Скопје, 1985, 183.

Kljakić Dragan, Izgubljena pobeda generala Markosa: građanski rat u Grčkoj 1946-1949 i KPJ, Beograd, 1987, 368.

Крстевски Александар–Кошка, Богоја Фотев, Скопје, 1998, 223.

Лалков Милчо, От надежда към разочарвание; Идеята за федерацията в Балканския югоизток (1944-1948), София, 1994, 304.

Lukać Dušan, Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945, kn. 3, Beograd, 1987, 870.

Мадолев Георги, Въоръжената борба в Пиринския край 1841-1944, София, 1966, 323.

Maklin Ficroj, Rat na Balkanu, Beograd, 1980, 247.

Малковски Ѓорѓи, Балистичката организација во Македонија во Втората светска војна, Скопје, 2002, 244.

Малковски Ѓорѓи, Политичките партии, организации и групи во Македонија во Втората светска војна 1941-1944 година, Скопје, 2002, 280.

Малковски Ѓорѓи, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944, Скопје, 1995, 235.

Мамуровски Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944), Скопје, 1992, 178.

Мамуровски Ташко, Квислиншки и националистички организации во Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2001, 169.

Мамуровски Ташко, Паскал Митревски и неговото време (1912-1978), Скопје, 1992, 275.

Марјановић Јован, Морача Перо, Наш народноослободилачки рат и народна револуција 1941-1945, Београд, 1958, 331.

Милосавлевски Славко, Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање 1918-1945, Скопје, 1992, 174.

Милосавлевски Славко, Социологија на македонската национална свест, Скопје, 1992, 245.

Миноски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање 1943-1946, Скопје, 2000, 398.

Миноски Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1919), Скопје, 1985, 368.

Митрев Димитар, Пиринска Македонија во борбата за национално ослободување, Скопје, 1950, 451.

Митрев Димитар, Пиринска Македонија, Скопје, 1986, 424.

Михајлов Ванчо, Македонија-Швајцарија на Балканот, Скопје, 1995, 113.

Михајлов Иван, По трнливиот пат на македонското ослободително дело, Скопје, 2001, 252.

Михайлов Иван, Спомени, II-IV.

Михајлов Миле, Военозаднинските органи во Народноослободителната војна на Македонија (1941-1945), 419.

Михајлов Миле, Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна, Скопје, 2000, 259.

Мојсов Лазар, БРП (к) и македонското национално прашање, Скопје, 1978, 284.

Mojsov Lazar, Istorijske teme, Beograd, 1979, 191-227.

Мокров Боро, Арсени Јовков-журналистика, Скопје, 1988, 194.

Nešović Slobodan, Diplomatska igra oko Jugoslavije, Zagrab, 1977, 174.

Нешовиќ Слободан, Југословенско-бугарските односи во неодамнешното минато, Скопје, 1973, 299.

Николовски Ванчо, НОВ без догми 1941-1942, Скопје, 1997, 337.

Ортаковски Владимир, Малцинствата на Балканот, Скопје, 1998, 484.

Палешутски Костадин, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919-1945, София, 1985, 361.

Панайотов Любомир, Палешутски Костадин, Мичев Добрин, Македонският въпрос и българо-югославските отношения, София, 1991, 127.

Пановска Лилјана, Теророт во егејскиот дел на Македонија 1941-1944, Скопје, 1995, 162.

Пачемска Даринка, Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета), Скопје, 1985, 216.

Пачемска Петреска Даринка, Внатрешната македонска револуционерна организација 1918-1934-хронологија, Скопје, 2004, 160.

Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање, Скопје, 1953, 119.

Petranović Branko, Balkanska federacija 1943-1948, Beograd, 1991, 206.

Petranović Branko, Političke i pravne prilike za vreme privremene vlade DFJ, Beograd, 1964, 233.

Petranović Branko, Revolucija i kontrarevolucija u Jugoslaviji (1941-1945), Beograd,1983, kn. prva, 425.

Petranović Branko, Revolucije i pokreti otpora u Evropi 1939-1945, Skopje, 1985, 487.

Plenča Dušan, Međunarodni odnosi Jugoslavije u toku drugog svetskog rata, Beograd, 1962, 425.

Пијаде Моша, Одбрани трудови, Скопје, 1987, 443.

Раковски Павле, Автобиографија или моите страдања, Скопје, 2000, 77.

Раковски Павле, КП на Грција и Македонците, Скопје, 1990, 225.

Ристовски Блаже, Историја на македонската нација, Скопје, 1999, 716.

Ристовски Блаже, Македонија и македонската нација, Скопје, 1995, 414.

Ристовски Блаже, Појави и профили од македонската литературна историја, Скопје, 1982, кн. 1, 350.

Ристовски Блаже, Сознајби за јазикот, литературата и нацијата, Скопје, 2001, 655.

Семерджиев Петър, БКП, македонският въпрос и ВМРО, София, 164.

Сматракалев Михаил, Македонскиот литературен кружок, Скопје, 1993, 282.

Сматракалев Михаил, На македонски теми, Скопје, 1999, 338.

Спасовски Александар, Скопски народно-ослободилачки партизански одред, Београд, 1971, 259.

Стои́нов Борис, Бои́ните групи, София, 1969, 209.

Стојчев Ванче, Бугарскиот окупационен систем во Македонија (1941-1944), Скопје, 1996, 352.

Strugar Vlado, Rat i revolucija naroda Jugoslavije 1941-1945, Beograd, 1962, 165.

Талески Благоја, Првата народноослободителна ударна бригада на НОВ и ПОМ од Егејска Македонија, Скопје,1984, 42.

Танковски Ѓорѓи–Лилин, Кочанковски Д. Јован, Битолско-преспански народноослободителен партизански одред „Даме Груев“ (1942-1944), Битола, 1998, 364.

Терзиоски Растислав, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија, Скопје, 1974, 424.

Тодоровски Глигор, Западна Македонија за време на окупацијата (1941-1944), Скопје, 1998, 318.

Тодоровски Зоран, ВМРО 1924-1934, 1997, 281.

Тодоровски Миле, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944, Скопје, 1972, 321.

Tomašević Jozo, Četnici u Drugom svetskom ratu 1941-1945, Zagreb, 1979, 345.

Цветковска Надежда, Политичката активност на македонска емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје, 1990, 217.

Цеков Јордан–Дане, Кумановско во НОВ 1941-1945, Куманово, 1989, 379.

Colić Mladenko, Pregled operacija na jugoslovenskom ratištu 1941-1945, Beograd, 1988, 493.

Хаџидимов Димо, Одбрани дела, Скопје 1984, кн. втора, 294.

Христов Александар, Создавање на македонската држава 1878-1978, Скопје, 1985, том 1-3.

Христов Фильо и други, Участието на България в разгрома на хитлериска Германия (септември 1944-май 1945), София, 1975, 209.

Чакарјаневски Ѓорги, Главниот штаб и државноста на Македонија, Скопје, 2001, 243.

Чепреганов Тодор, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија (1932-1945), Скопје, 2001, 210.

Чепреганов Тодор, Судирот на британските и германските интереси на Балканот 1939-1945, Скопје, 2000, 263.

Черчил Винстон, Други светски рат, Београд, т. V и VI.

Шанданов Петар, Спомени, Скопје, 2002, 311.

**Статии и прилози**:

Avramovski Živko, Devet projekata ugovora o jugoslovensko-bugarskom savezu i federaciji (1944-1947), Istorija XX veka, br. 2, Beograd, 1983, 91.

Аврамовски Живко, Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година, ГИНИ, XVI/1, Скопје, 1972, 63-96.

Ајановски Вангел–Оче, Комунистичката партија на Македонија–борец и организатор на националните интереси на македонскиот народ, Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, книга 1, 319-352.

Алексиев Александар, Развојните насоки на македонската драмска литература меѓу двете светски војни, Зборник: Македонската драма XIX и XX век, Скопје, 1990, 129-143.

Андоновски Христо, Организацијата СНОФ во Леринско, Костурско и македонскиот реонски комитет на КПГ во Воденско, ГИНИ X/2-3, Скопје, 1966, 5-12.

Андоновски Христо, Форми на окупација во Егејска Македонија во текот на Втората светска војна, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, 261-271.

Ангелов Веселин, Неизвестни писма за присъедияване на Пиринска Македония към Югославия-септември 1944, Исторически преглед XLVII/9, София, 1991, 91-96.

Апостолов Александар, Од активноста на напредните студенти на белградскиот универзитет во 1936 година, Историја XII/1-2, Скопје, 1976, 28-32.

Апостолски Михајло, Баталјонот „Мирче Ацев“ почеток на создавање војска на македонскиот народ, Зборник: Прилеп и Прилепско во НОВ 1943 година, книга прва, Скопје, 1981, 41-55.

Апостолски Михајло, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, 77-96.

Апостолски Михајло, Воените успеси на НОВ и ПОМ-фактор за одржувањето на АСНОМ, Зборник: АСНОМ во создавањето на македонската држава, Скопје, 1987, 113-122.

Апостолски Михајло, Интернационализмот на Балканот во Втората светска војна, Прилози на МАНУ, VIII/1, Скопје, 1977, 5-23

Апостолски Михајло, НОВ и Револуцијата на Југославија за правата на македонскиот народ во Југославија, Бугарија и Грција 1941-1945, Прилози на МАНУ, XVII/1, Скопје, 1986, 7-34.

Апостолски Михајло, Одлуките на АВНОЈ–реализација на целите на вековната борба на македонскиот народ, Историја XX/1, Скопје, 1984, 7-35.

Апостолски Михајло, Сеќавање на еден од првите состаноци на Покраинскиот штаб за Македонија, Зборник: Скопје во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1945, т. I, кн. 1, Скопје, 1984, 7-10.

Апостолски Михајло, Христов Александар, Терзиоски Ростислав, Положбата на окупирана Македонија во Втората светска војна (1941-1944), ГИНИ VII/1, Скопје, 1963, 5-47.

Баркер Елизабет, Британците и АСНОМ во 1944-1945, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 307-319.

Батковски Томе, Активноста на ГШ на НОВ и ПОМ во разбивањето на колаборационистичките групи во Македонија, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941-1945), Скопје, 1997, 163-177.

Благоев Спиридон, Идејните струења и разидувањата во раководството на ВМРО (Об) (1925-1931), Зборник: 70 години ВМРО(Об.) 1925-1995, Скопје, 1998, 51-59.

Брезоски Велимир, За некои дејности во врска со образувањето на антифашистичкото собрание на Македонија во 1943 година, Прилози на МАНУ VIII/2, Скопје, 1977, 5-17.

Брезоски Велимир, Организационата и политичката состојба на КПЈ во Македонија во време на основањето на КПМ, Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, кн. 1, Скопје, 1980, 529-554.

Брезовски Велимир, Состојбата и дејноста на КПЈ во Македонија во текот на 1940 година, ГИНИ XV/2, Скопје, 1972, 89-99.

Буцкова Фани, Културни врски меѓу НОД на Југославија и Грција во текот на Народноослободителната војна, „Дело 74", г. XI, бр. 5-6, Штип, 1984, 283-295.

Велјановски Новица, АВНОЈ и Македонија, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941-1945), Скопје, 1997, 227-244.

Весковиќ–Вангели Вера, Асномските начела за човекови права–фактор за меѓунационално сожителство во Македонија (1944-1994), Зборник: АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 291-302

Весковиќ–Вангели Вера, Илинденската кауза за државност–еден од факторите за општонародно востание во Народноослободителната војна на Македонија, Зборник: Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001, 147-161.

Vukmanović Svetozar–Tempo, Sječanja iz Narodnooslobodilačke borbe u Makedoniji, Zbornik: Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945, Beograd, 1987, 332-348.

Горненски Никифор, Въоръжената борба на българския народ за освобождение от хитлеристката окупация и монархо-фашистката диктатура (1941-1944), Сборник: Социалистическата революция в България, София, 1965, 152-172.

Гоцев Димитър, Из документалните записки на о.з. подпопковник Вълко Антонов Craig Янaчков за териториалното разграничение между България и Италия във Вардарска Македония 1942-1943 г., Македонски преглед, XXVII/3, София, 2004, 113-128.

Гребенаров Александар, Поверителни документи за мерките на деветнадесетомайците срещу ВМРО, Македонски преглед, XXVII/2, София, 2004, 125-148.

Димитријевски Марјан, Обидот на Ванчо Михајлов за создавање на „Независна Македонија" 1944 година, Зборник: Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001, 309-330.

Димитров Евгени, АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 179-198.

Димитров Евгени, Државно-правната определба на македонскиот народ и Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1986, 205-218.

Димитров Евгени, Придонесот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија за создавањето и организирањето на македонската држава, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941-1945), Скопје, 1997, 201-225.

Драгойчева Цола, На класови и интернационалистически позиции, сп. Септември XXX/1, София, 1979, 5-72.

Зоографски Данчо, АСНОМ во решавањето на македонското национално прашање, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 159-178.

Зоографски Данчо, Британските мисии во Вардарска Македонија во 1943 и 1944 година, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1984, 277-291.

Зоографски Данчо, Виенската спогодба Рибентроп-Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи), ГИНИ XXIV/3, Скопје, 1980, 21-56.

Зоографски Данчо, Концепции, програми и проекти за државно конституирање на Македонија, Зборник: АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 37-50.

Зоографски Данчо, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и македонското национално прашање, Историја вонреден број, Скопје, 1980, 73-116.

Ивановски Владо, Времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година, Скопје, 1973, 69-78.

Ивановски Владо, За почетокот на востанието во Македонија во 1941, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, 117-133.

Ивановски Владо, За партизанските чети на илинденци во Народноослободителната борба во Македонија, Историја VI/1, Скопје, 1970, 209-212.

Ивановски Владо, Манифестот на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија и Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, Зборник: АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје , 1995, 101-108.

Ивановски Владо, Прогони и процеси на бугарскиот окупатор во Македонија во 1941 година, Историја V/1, Скопје, 1969, 135-139.

Ивановски Владо, Терзиоски Растислав, Априлската војна и окупацијата на Македонија 1941, Историја XVII/1, Скопје, 1981, 97-118.

Инадески Митре, Рацин на Лопушник и неговата смрт, Зборник: Рацин во сеќавањата на современиците, Скопје, 1983, 106-110.

Карахасан Мустафа, АСНОМ–општествено-политичка основа на македонската државност и народностите како нејзини конститутивни компоненти, Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 270-281.

Картов Владо, За некои прашања на односот на КПЈ спрема македонското национално прашање (1919-1944), Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 321-339.

Картов Владо, Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ во улога на привремено највисоко претставничко и политичко тело на народноослободителното движење на Македонија, Зборник: АСНОМ во создавањето на македонската држава, Скопје, 1987, 123-134.

Картов Владо, Односот на БКП спрема македонското прашање во периодот од 1935-1941, Зборник: Прилози за Илинден 1979, Скопје, 1983, 465-475.

Катарџиев Иван, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија во борбата против фашизмот и за афирмација на македонскиот национален индивидуалитет, Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, кн. 2, Скопје, 1980, 749-779.

Катарџиев Иван, Обединувањето на Македонија како програмско-политичка и акциона цел на национално-револуционерното движење на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ Педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 53-69.

Катарџиев Иван, Шансите на македонскиот народ во текот на Втората светска војна да ги реализира своите историски идеали, Зборник: Благој Јанков–Мучето, живот и дело (1910-1944), Скопје, 1997, 65-73.

Кирјазовски Ристо, Врските и соработката меѓу антифашистичките движења во Битолско и Леринско-костурско 1943-1944 година, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944, Битола, 1982, кн. прва, 141-155.

Кирјазовски Ристо, Дејствата на бугарската армија во централна Егејска Македонија (1943-1944), ГИНИ 46/1, Скопје, 2002, 17-23.

Кирјазовски Ристо, Костурскиот македонски баталјон на Караорман, Зборник: Охридско-струшко во народноослободителната војна 1941-1945, Скопје, 1990, кн. втора, 181-191.

Кирјазовски Ристо, Народноослободителната војна во Грција и македонското национално прашање (1941-1945), ГИНИ XXVII/3, Скопје, 1983, 223-238.

Кирјазовски Ристо, Од извештаите на Андреас Цимас, претставник на ПЕЕА и ЕЛАС во ВШ на НОВ и ПО на Југославија, Историја XXVIII/1-2, Скопје, 1992, 147-162.

Кирјазовски Ристо, Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија, Зборник: АСНОМ–педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 257-269.

Киријазовски, Штабот на народноослободителните војски на балканските земји, Историја XXVI-XXVII/1-4, Скопје, 1992, 59-70.

Кодра Масар, Учеството на припадниците на албанската народност во проширувањето на слободните територии во Македонија, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975, 137-154.

Кузмановски Боге, Борба за победа на ставовите на КПЈ во 1941 година, Зборник: Скопје во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1945, т. I, кн. 1, Скопје, 1984, 146-177.

Куцуловска Галена, Окупацијата на Македонија и дејствувањето на Акциониот комитет (1941), Зборник: Македонија во дваесеттиот век, Скопје, 2003, 157-164.

Куцуловска Галена, Судските процеси во Македонија под бугарска окупација (1941-1944), Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, кн. 2, Скопје, 1980, 1031-1042.

Кушевски Војо, За дејноста на ВМРО на Тодор Александров и Иван Михајлов во врска со поставувањето на македонското прашање во друштвото на народите (1920-1934), Зборник: Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994, 427-443.

Лапе Љубен, Идејните основи на Привременото претставителство на бившата обединета Внатрешна Македонска Револуционерна Организација и неговата активност на Версајската мировна конференција во Париз 1919 година, Историја IX/2, Скопје, 1973, 53-96.

Лапе Љубен, Одбележувањето на Илинден меѓу двете светски војни во Македонија и сред емиграцијата, Историја XI/2, Скопје, 1973, 37-52

Лапе Љубен, Придонесот на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбраната на македонскиот национален индивидуалитет, Историја VI/2, Скопје, 1970, 50-71.

Лукач Душан, Подела Македоније према одлукама Бечке конференције априла 1941 године и њене последице на односе у осовинском блоку, Зборник: Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875-1945), Делчево, 1988, 21-32.

Милосавлевски Славко, Македонската национална свест-Манифестот на ГШМ 1943-„Приговорот“ кон Манифестот, Зборник: Кузман Јосифовски–Питу, време-живот-дело, (1915-1944), Скопје-Прилеп, 1995, 131-146.

Митровски Боро, Обидите на окупаторите и контрареволуционерните сили да го спречат создавањето на македонската државност, Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 149-169.

Михајлов Миле, За бројот на учесниците на Јануарското советување на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година, ГИНИ XVI/2, Скопје, 1972, 165-170.

Михајлов Миле, Идејата на Светозар Вукмановиќ–Темпо за создавање на Балкански штаб во 1943 година, ГИНИ XLIII/2, Скопје, 1999, 49-60.

Михајлов Миле, Погледите на Кузман Јосифовски–Питу за АСНОМ, Зборник: АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 125-137.

Михајлов Миле, Состанокот на ЦК на КПМ одржан на 4 и 5 мај 1943 година во Лопушник, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975, 79-88.

Младеновски Симо, Врските на македонските студенти во Белград со македонската емиграција во Софија во годините спроти Втората светска војна, ГИНИ 42/1, Скопје, 1998, 45-67.

Младеновски Симо, Културно-просветното друштво „Вардар" во Белград, ГИНИ 44/1, Скопје, 2000, 33-57.

Нешовић Слободан, Борба македонског народа и генерал Михајло Апостолски у страним изворима, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1984, 307-315.

Нешовић Слободан, Прво заседање АВНОЈ-а и Македонија, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ , Скопје, 1987, 85-98.

Пандевски Манол, Македонската емиграција во периодот од 1918 до 1924 г. и победата на Октомвриската револуција, Гласник на ИНИ XI/1, Скопје, 1967, 25-76.

Пачемска Даринка, Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета) и државноста на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 65-75.

Пејов Наум, Облиците на соработка меѓу НОБ на Југославија и на Грција–значаен фактор за развојот на отпорот во Егејска Македонија во текот на народноослободителните борби на Балканот, Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, книга 2, Скопје,1980, 917-929.

Пејов Наум, Ставови и практика на раководствата на КП на Грција спрема македонското национално прашање во текот на НОБ, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, 155-174.

Петреска Даринка, Методија Андонов–Ченто и манифестацијата на македонската национална свест меѓу двете светски војни, Зборник: Ченто и македонската државност, Скопје, 2004, 69-78.

Раковски Павле, За корените на злото, Историја, XIII/1, Скопје, 1977, 87-114.

Раковски Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското народноослободително движење, ГИНИ XXVI/2-3, Скопје, 1982, 243-268.

Раковски Павле, Формирање баталјон на Кајмакчалан, в. „Комунист“, Скопје, г. XXIX, бр. 738, 14 мај 1971.

Ристески Стојмир, Положбата во Дебарца по заминувањето на Првата македонско-косовска бригада, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975, 329-330.

Руси Љутфи, Одразот на политиката на НОД на Албанија во Дебарско, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975, 225-237.

Сејфула Кемал, Активностите на една партиска ќелија во 1941 во Скопје, Скопје во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1945, т. I, кн. 1, Скопје, 1984, 203-219.

Симовски Тодор, Априлската војна и окупацијата на Југославија и Грција според прегледот на Ернест Висхаупт, архивски воен советник на XII германска армија, Историја X/1, Скопје, 1974, 239-276.

Симовски Тодор, Македонското национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ, ГИНИ XIV/2-3, Скопје, 1970, 25-52.

Симовски Тодор, Некои моменти од национално-ослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, 217-241.

Соколов Лазар, Културно-просветното здружение „Вардар“ во Загреб и неговата политичка дејност, Историја VIII/2, Скопје, 1972, 120-126.

Соколов Лазар, Прилог кон македонското студентско движење во Загреб, Историја XII/1-2, Скопје, 1976, 1-27.

Сотировски Никола, АСНОМ-синтеза на националниот и државоправниот фактор во историјата на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 75-82.

Стаматовски Трајко, Македонскиот јазик во писмата на Кузман Јосифовски–Питу, Зборниик: Кузман Јосифовски–Питу, време-живот-дело, (1915-1944), Скопје, 1995, 313-320.

Стојиљковић Мирослав, Савезници и Бугарска у првој половини и лето 1944 године, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје, 1987, 329-342.

Стојчев Ванче, Некои аспекти од согледувањата на Методија Андонов–Ченто за македонската народноослободителна војска (1943-1945), Зборник: Ченто и македонската државност, Скопје, 2004, 125-138.

Стојчев Ванче, Обидите да се спречи создавањето на македонската држава по АСНОМ 1944 година, Зборник: Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001, 331-344.

Терзиоски Растислав, Бугарската православна црква во окупирана Македонија 1941-1944, ГИНИ, IX/2, Скопје, 1965, 47-73.

Терзиоски Растислав, Некои оценки на Кузман Јосифовски–Питу за колаборационистичките групи во Македонија, Зборник: Кузман Јосифовски–Питу, време-живот-дело, (1915-1944), Скопје, 1995, 301-304.

Тодоровски Зоран, Документи за политичкото расположение на населението во Пиринскиот дел на Македонија пред и за време на Втората светска војна, ГИНИ 43/1, Скопје, 1999, 93-107.

Тодоровски Миле, Иницијативниот одбор во подготовките за свикување на АСНОМ, Зборник: Развиток на државноста на македонскиот народ, Скопје, 1966, 333-352.

Тодоровски Миле, Перспективите на македонскиот народ за извојување на самоопределување, демократија и национална слобода во борбата против фашизмот за време на Втората светска војна, Зборник: Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875-1945), Делчево, 1988, 157-167.

Тодоровски Миле, Првото заседание на АСНОМ во емисиите на „Слободна Југославија“, Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 249-256.

Трајановски Александар, Црковно-народниот собор во Скопје од март 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов за возобновување на Охридската Архиепископија, Историја XXXI-XXXII/1-4, Скопје, 1995-1996, 41-60.

Требст Штефан, Наредбата на Адолф Хитлер за прогласување на независна Македонија (септември 1944), ГИНИ 46/2, Скопје, 2002, 25-37.

Узуновски Цветко, Белешки за националната и социјално-ослободителната борба на македонскиот народ, Историја XIII/1, Скопје, 1977, 19-58.

Fidanova Slavka, Albanska narodnost u Makedoniji u vreme Narodnooslobodilačkog rata i narodne revolucije Zbornik: Makedonija od ustanka do do slobode 1941-1945, Beograd, 1987, 244-247.

Фиданова Славка, Националниот момент–фактор за покренување на масите во Македонија во текот на НОБ 1941-1945, Историја VIII/2, Скопје, 1972, 11-35.

Фиданова Славка, Некои аспекти на прашањето за проширување на политичката основа на АСНОМ, Зборник: АСНОМ–педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 109-125.

Фиданова Славка, Поважни моменти од работата на КПЈ во Македонија пред одржувањето на Покраинската партиска конференција–8 септември 1940 година, Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски, Скопје, 1986, 175-188.

Христов Александар, Политичката платформа на македонската револуција за обединување на Македонија, Прилози на МАНУ XIII/1-2, Скопје, 1982, 129-136.

Христов Александар, Слободните територии како конститутивен елемент во создавањето на македонската државност во Југословенската федерација, Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година, Скопје, 1973, 61-68.

Цаца Ј. Ѓорѓи, Уставоправниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, Зборник: АСНОМ–педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје, 1995, 149-160

Цветковска Надежда, Македонската национална свест во кралска Југославија меѓу двете светски војни (1918-1941), ГИНИ, 45/2, Скопје, 2001, 7-19.

Цветковска Надежда, Мировните договори од 1913 и 1919 година и Македонија, Зборник: Македонија во дваесеттиот век, Скопје, 2003, 81-87.

Цолић Младен, Четничке војне формације Драже Михаиловића и Македонији 1942-1944, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973, 584-603.

Чакар Петар, Дваесет и пет години од трагичната смрт на Нико Нестор–„Јас не сум Бугарин“, в. „Нова Македонија“ г. XXIV, бр. 7893, Скопје, 29 септември 1968.

**Содржина:**

**Предговор**_______________________________________________1-10
**Вовед**_________________________________________________11-16
**Глава прва: Македонското национално прашање**
**меѓу двете светски војни**
1. Македонската политичка и национална
мисла меѓу двете светски војни___________________________17-30
2. Комунистичкото движење и
македонското национално прашање________________________30-38
**Глава втора: Балканот и Македонија во Втората светска војна**
1. Положбата во окупирана Македонија
а. Окупација и поделба на Македонија______________________39-40
б. Политиката на окупаторите за
денационализација и асимилација на
македонскиот народ во Вардарскиот дел
на Македонија_________________________________________40-46
в. Положбата во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија________46-47
2. Балканските ослободителни движења и
македонското национално прашање
А. Антифашистичката војна во Југославија и во
Вардарскиот дел на Македонија и
македонското национално прашање
а. Антифашистичката војна во Југославија______________________47-51
б. Комунистичката партија на Југославија и
македонското национално прашање__________________________51-59
в. Антифашистичката војна во
Вардарскиот дел на Македонија како метод за
реализирање на македонската
националноослободителна платформа
-Дилемите околу условите за водење на
вооружена борба и нејзиниот развој
до крајот на 1942 година_________________________________59-63
-Вооружената борба на македонскиот народ во 1943 година_________63-66
-Вооружната борба во 1944 година (до АСНОМ)__________________66-68

Б. Антифашистичката борба во Грција и Егејскиот дел
на Македонија и македонското национално прашање
а. Антифашистичката борба во Грција_________________________68-72
б. Комунистичката партија на Грција,
македонското национално прашање и
вооружената борба во Егејскиот дел на

Македонија 1941-1943 година________________________________73-75
в. Комунистичката партија на Грција,
македонското национално прашање и
вооружената борба во Егејскиот
дел на Македонија во 1944 година____________________________75-77
В. Антифашистичката борба во Бугарија и
Пиринскиот дел на Македонија и
македонското национално прашање
а. Антифашистичката борба во Бугарија и
Пиринскиот дел на Македонија________________________________78-82
б. БКП и македонското национално
прашање (април 1941-септември 1944)_________________________82-93

**Глава трета: Националните и идејните позиции на македонската националноослободителна платформа во Вардарскиот дел на Македонија (до Првото заседание на АСНОМ)**

1. Македонскиот национален идентитет на македонското
националноослободително движење____________________________94-109
2. Основните идејно-политички ставови на македонското
националноослободително движење ____________________________109-119
-Рамноправноста во меѓунационалните односи
како елемент од македонската
националноослободителна платформа____________________119-127
3. Националната и идејната диференцијација во македонската
националноослободителна платформа____________________________127-139

**Глава четврта: Националноослободителната платформа во Вардарскиот дел на Македонија по прашањата за создавање на македонска држава и обединување на македонскиот народ (до Првото заседание на АСНОМ)**

1. „Балканското решение“ на македонското
национално прашање во
националноослободителното движење
од Вардарскиот дел на Македонија (1941-1942 година)_____________140-153
2. Оформување на македонската
националноослободителна платформа во
Вардарскиот дел на Македонија (1943 година)
а. Прифаќање на „југословенското решение“ од
македонското националноослободително движење__________153-160

б. Македонската националноослободителна платформа за македонската државност и обединувањето на македонскиот народ ________________ 160-169
3. Спроведување на „југословенското решение“ во Вардарскиот дел на Македонија (јануари-август 1944 година) ________________ 169-182

**Глава петта: Создавање на ДФМ и прашањето за обединување на Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија во 1944 година**
1. Македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на Македонија во 1944 година (до Првото заседание на АСНОМ) ________________ 183-188
2. Македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија и македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонија во 1944 година (до Првото заседание на АСНОМ) ________________ 188-198
3. Делумно остварување на македонската националноослободителна платформа преку решенијата на Првото заседание на АСНОМ ________________ 198-211

4. Прашањето за обединување на Македонија меѓу Првото и Второто заседание на АСНОМ
а. Демократска федерална Македонија и македонското национално прашање во Егејскиот дел на Македонија ________________ 211-222
б. Прашањето за обединување на Пиринскиот со Вардарскиот дел на Македонија ________________ 222-235
**Заклучок** ________________ 236-247
**Кратенки** ________________ 248-249
**Извори и литература** ________________ 250-268
**Содржина** ________________ 269-271